

Билјана ВАНКОВСКА

# ТРАНЗИЦИСКА ПРАВДА

(електронско издание)

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет

Билјана ВАНКОВСКА

# Т Р А Н З И Ц И С К А   П Р А В Д А

(електронско издание)

Скопје, 2021

***Издавач:***
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје
www.ukim@ukim.edu.mk

***Уредник за издавачка дејност на УКИМ:***
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

***Уредник на публикацијата:***
Билјана Ванковска, Филозофски факултет

***Рецензенти***
1. Радмила Накарада
2. Рина Киркова-Танеска

***Техничка обработка***
Богдан Богданов

***Лектура на македонски јазик:***
Елка Јачева-Улчар

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

34-027.19(497.7)

ВАНКОВСКА, Билјана
Транзициска правда [Електронски извор] / Билјана Ванковска. - Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 2021

Начин на пристапување (URL):
http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=53&glavno=41. - Текст во PDF формат, содржи 301 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 07.06.2021. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 281-300

ISBN 978-9989-43-461-7

COBISS.MK-ID 54081541

*Во спомен на сите жртви од конфликтот во 2001 година*

## СОДРЖИНА

***Предговор*****...........................................................................**8

**1. КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА: ПРАВДАТА, ПРАВОТО И ТРАНЗИЦИЈАТА**.......................................................................12

1.1. Правда.......................................................................12
1.2. Правдата и политичкиот поредок..................................15
1.3. Правдата и правото......................................................20

*1.3.1. Праведноста на правото*...................................21
*1.3.2. Правда согласно со правото (правна правда)* .....24

**2.ВИДОВИ ПРАВДА**......................................................................26

2.1. Ретрибутивна правда....................................................27
2.2. Ресторативна правда.....................................................32

*2.2.1. Принципи на ресторативната правда*.................36

**3.ТРАНЗИЦИСКАТА ПАРАДИГМА, ПРАВДАТА И ПРАВОТО**........41

3.1. Транзициската правда и градењето на мирот..................45
3.2. Владеење на правото и транзициската правда................51

**4.ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ТРАНЗИЦИСКАТА ПРАВДА**................53

4.1. Потекло на терминот „транзициска правда"....................53
4.2. Различните значења на поимот транзициска правда.......60
4.3. Значењето на транзициската правда за демократијата и за мирот.......................................................................66

Содржина

4.4. Цели на транзициската правда....................................69
4.5. Основни пристапи кон транзициската правда...............71

**5.ЗА ДИСЦИПЛИНАТА НА ТРАНЗИЦИСКА ПРАВДА**................74

**6.ИСТОРИЈАТ НА ТРАНЗИЦИСКАТА ПРАВДА**..........................77

6.1. Прва фаза на транзициската правда............................77
6.2. Втора фаза на транзициската правда...........................79
6.3. Трета фаза на транзициската правда...........................83
6.4. Четврта фаза на транзициската правда.......................84

**7.СООЧУВАЊЕ СО МИНАТОТО**...............................................87

7.1. Концепциска рамка за справување со минатото...........87

7.1.1. *Правото да се знае/Право да се знаат фактите* ..91
*7.1.2. Правото на правда/Задоволување на правдата ..94*
*7.1.3. Правото на репарации/отштета*........................96
*7.1.4. Право на обезбедување услови во кои конфликтот нема да се повтори / Гаранции за неповторување на насилството*........................97

7.2. Предуслови за реализирање на концептуалната рамка за справување со минатото...............................................99

7.3. Видови вистина........................................................102

8**.МЕХАНИЗМИ НА ТРАНЗИЦИСКАТА ПРАВДА**.......................108

8.1. Модели за соочување со минатото.............................110

8.2. Процесирање на злосторствата: кривични судови и судења....112

*8.2.1. Судовите по Втората светска војна*....115
*8.2.2. Меѓународни ad hoc трибунали за воени злосторства*.... 119
*8.2.3. Меѓународен кривичен суд*....121

8.3. Утврдување на фактите....126

*8.3.1. Комисии на вистината и помирувањето*....126
*8.3.2. Амнестии*....136
*8.3.3. Амнезија*....143
*8.3.4. Документациски центри, архиви и меморијализација*....149

8.4. Обесштетување на жртвите (репарации) ....155

8.5. Помирување....164

*8.5.1. За актерите во процесот на помирување*....168
*8.5.2. Како да се прекине спиралата на насилство?* 181
*8.5.3. Извинувања и барање прошка*....187
8.5.4. *Дијалог на заедниците*....191

8.6. Институционални реформи....196

*8.6.1. Лустрација и ветинг*....197
*8.6.2. Реформа на безбедносниот сектор*....203
*8.6.3. Промена на уставот, на парламентарниот и на изборниот систем*....208
*8.6.4. Реформа на судскиот систем*....213
*8.6.5. Реформа на медиумскиот простор*....216
*8.6.6. Реформа на образовниот систем*....220

**9. ПРИЛОЗИ**......................................................................228

9.1. Рамковен договор..................................................228

9.2. Транзициона правда во Република Македонија: извештај за 2010 – 2011 година ..........................................240

9.3. Пресуда на Меѓународниот трибунал за воени злосторства за бивша Југославија (Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски) ..................................................251

9.4. Алкибијад во Сребреница........................................258

9.5. Закон за амнестија на Република Македонија (2002).264

9.6. Автентично толкување на Законот за амнестија (2011) 268

9.7. Политичка форензика...............................................271

9.8. Феноменологија на кодошот.....................................275

10.**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**...............................................281

*„Битката на човекот против моќта е битка на сеќавањето против заборавот"*

Милан Кундера, *Книга за смеата и за заборавот* (1979)

## Предговор

Работата на овој универзитетски учебник започна уште пред формално да биде воведен предметот Транзициска правда на Институтот за безбедност, одбрана и мир (како задолжителен предмет за насоката Мир и како изборен за насоката Безбедност). Всушност, целиот мој академски и практичен ангажман во сферата на мирот и на конфликтите започна со распадот на поранешна Југославија и со крвавите конфликти кои следуваа во период од десет години – сѐ до македонската епизода во 2001 година. Она што мнозина од нас сакаа да си го објаснат себеси, а потоа и на другите (обично, странските колеги и патници намерници) беше – ЗОШТО? Зошто дојде до таква насилна разврска и како, воопшто, можеа да се случат Вуковар, Сребреница, Вејце итн. – тоа беше прашање кое бараше одговор не само од преживеаните, туку и прашање кое симболички им го должиме на тие што не се со нас, но и на оние што ќе дојдат по нас.

Во екот на конфликтите низ регионот, во 1993 година, на Филозофскиот факултет беше основан Балканскиот центар за мир (благодарение на професорката Олга Мурџева-Шкариќ и со огромна помош на врвни светски авторитети од областа на мировните истражувања како Теодор Херман, Јохан Галтунг, Хакан Виберг, Јан Оберг и многу други). Тоа беше време на надеж дека Македонија ќе ја избегне судбината на другите ексјугословенски простори. Откако се соочивме со конфликтот од 2001 година, набргу се наметна прашањето – КАКО понатаму? Што треба да сториме за  болната историја да не ни се повторува? Почетните

заложби на Балканскиот центар набргу се преточија во специјалистички студии, а потоа и во организирани мировни студии на прв, втор и трет циклус на Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Интересно е што овој учебник кој сега ѝ го презентирам на јавноста, по четиригодишна работа, е прв од ваков вид не само овде, туку во целиот регион. Прашањето на транзициската правда и помирувањето, на жртвите и сторителите, на потрагата по вистината се препуштени повеќе на невладиниот сектор отколку што државата (односно, државите од регионот) сакаат да се занимаваат со овие сложени прашања. Премолчено е прифатено дека лекот лежи во заборавот, дека конфликтното минато ѝ пречи на светлата (европска) иднина. За мене како професор, интелектуалец, но и како активист во рамки на регионалната Иницијатива за РЕКОМ (иницијатива за формирање меѓудржавна Комисија за утврдување на фактите за злосторствата и тешките повреди на човековите права од 1991 до 2001 година), заборавот никогаш не бил опција. Еден од најтрогателните документарни филмови што сум ги видела во продукција на британскиот сервис Би-би-си (BBC) и посветен на Сребреница се вика „Плач од гробот". Во средбите со колегите од регионот, а особено од БиХ, секогаш сум се чувствувала дури и „виновно" што доаѓам од земја која најмалку страдаше од конфликтите (покрај Словенија, се разбира), која имаше најмалку жртви, а која не успеа дури ни да го слушне плачот од неоткриените гробови на исчезнатите од 2001 година. Не се слуша ни плачот на нивните семејства.

Оваа година се одбележуваат точно 20 години од почетокот, и како што обично се вели, крајот на војната/конфликтот од 2001 година. Прашањето на жртвите и нивната меморијализација на моменти се смета за „говор на омраза". Едноставното споменување на името „Карпалак" во еден друг контекст, пред две години, не само што ме стави на столбот на срамот во дел од јавноста, туку и кај дел од универзитетската власт. Морав да објаснувам дека транзициската правда, во најдобар случај, бара помнење на

тешката цена во човечки животи за да се оствари мотото „Никогаш повеќе". За среќа, студиската програма ја признава легитимната потреба за „лекување на минатото", што би рекол Јохан Галтунг, таткото на мировните студии. Но, заборавот и молкот не се лек, туку давање аспирин на пациент болен од тешка болест.

Учебникот се потпира врз огромната литература и искуствата од практичните проекти за транзициска правда и помирување од разни меридијани – од Латинска Америка, преку Руанда и Југославија, до Камбоџа. Последните години го отвораат прашањето на соочувањето со подалечното трауматично минато и неговите последици дури и во развиените демократии, од САД и Британија до Белгија и Франција. Се отвораат прашањата на жртвите на колонијалното владеење, расната експлоатација и дискриминација, полициската бруталност и стереотипите итн. Ние се наоѓаме заплеткани во балканскиот јазол на непомирливи национализми, во кој посупериорните соседи, членки на ЕУ, бараат ревизија не само на националната историја и на идентитетските одредници, туку и бришење на сеќавањата за жртвите од воените злосторства и злосторствата против човечноста од пред 100 или помалку години. Незавршената работа на соочувањето со историските трауми, туркањето на непријатните нешта под политичко „чергиче" и третирањето на историјата како самопослуга од која се земаат само добрите нешта, а лошите се забошотуваат, сето тоа е причина за сенката која се надвиснала над Балканот, но и над Европската Унија која тоа мирно го гледа отстрана.

Овој учебник е незавршен предизвик, и академски и човечки. Велат, без вознемирување, нема ни помирување или смирување. Работата на проблемите од постконфликтното и авторитарното минато никогаш не завршува, а ефектите од различните потфати е тешко да се објективизираат. Во една прилика ја прашав познатата ирска професорка Мери Смајт за ефектите од ресторативната правда во нејзината земја. Таа тажно констатираше: „Изборот е или да се обидеш да запалиш чкорче во

темнината и да ја осветлиш макар за миг и макар за малкумина – или да продолжиш да живееш во темнина.‟

Искрено им се заблагодарувам на рецензентките за нивната поддршка и академски дијалог. Радмила Накарада е колешка од мировните студии на Белградскиот универзитет, а Рина Киркова-Танеска е колешка од Институтот којашто во иднина веројатно ќе треба да го понесе и товарот на предавањата за транзициската правда. Посебна благодарност ѝ изразувам колешката и пријателка, Елка Јачева-Улчар за врвната лектура и емпатичното читање на трудот, што ми помогна да разберам како овој текст ќе го доживее македонската јавност. Сепак, првиот читател на овој учебник, уште кога беше ракопис, беше Богдан Богданов, кој не само што помогна во техничкото уредување на книгата, туку и преку постојаната морална и интелектуална поддршка и нашите дијалози за сите болни теми опфатени со неа. За сите пропусти, се разбира, одговорноста е само моја.

февруари 2021 година

# 1. **КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА: ПРАВДАТА**, **ПРАВОТО И ТРАНЗИЦИЈАТА**

## 1.1. Правда

Правдата спаѓа во редот на суштинските поими што претендираат да имаат универзално значење во општествените, политичките и правните теории. Прашањето што е правда е вечна преокупација на најголемите умови на човештвото, и истовремено, предмет на големи фрустрации. Секоја револуција, војна, преврат и слично биле водени во име на правдата, и затоа се смета дека ниту едно прашање не резултирало со толку крв и страдања како битката за правда.[1]

Секоја епоха ја дефинирала правдата на инаков начин, односно на прашањето му приоѓала со инакви очекувања. Токму затоа, дефинитивен одговор за тоа што, навистина, значи правдата – не постои. Во своето дело „Што е правда", Ханс Келзен резигнирано заклучува дека човекот никогаш нема да може да го најде конечниот одговор и единствено што може е да се обиде прашањето да го формулира на што подобар начин.[2] Многу автори се согласуваат околу тезата дека прашањето на правдата треба и може да се дебатира на рационален начин, колку и да е тоа субјективно.[3]

Модерната социјална психологија и антропологија утврдиле дека правдата е една од најсветите и најприсутните теми коишто го определуваат однесувањето на поединците и групите во општеството. Антрополошки е потврден фактот дека човекот реагира сензитивно на проблемите на (не)правдата, односно дека

---

[1] Perelman C. (1980) *Justice, Law, and Argument: Essays on Moral and Legal Reasoning* Dordrecht: D. Reidel Publishing Company, стр. 1.
[2] Kelzen H. (1998) *Šta je pravda?*. Beograd: Filip Višnjić, стр. 9.
[3] Weinberger O. (1991) *Law, Institution and Legal Politics.* Dordrecht: Kluwer Academic Publishers, стр. 247.

поседува чувство за правда. Но, принципите и идеалите на правдата не се засновани само врз биологијата на човекот, туку се и општествено и културно детерминирани. На сфаќањето на правдата влијаат општествените околности. Правдата претставува суштинска мерка за човечкото дејствување, за човечката интеракција и за заедничкиот (општествениот) живот на човекот.[4] Келзен смета дека потрагата по правдата е првенствено прашање што се однесува на видот на општествениот поредок, а дури потоа прашање поврзано со човековата доблест. Но, токму поредокот е клучниот фактор кој го детерминира разбирањето на правдата во општеството и тоа најчесто преку образованието и културата. Така, се случува и неправедните работи и односи да се прифаќаат како праведни (како што се, на пример, експлоатацијата, нееднаквоста меѓу богатите и сиромашните во општеството, расната сегрегација, милитаризацијата, и сл.). Најчесто, еден човек се смета за праведен доколку неговото однесување соодветствува на она што како праведно го дефинирал општествениот поредок во даден миг. Но, низ историјата има бројни примери на поединци и групи кои настојувале да воспостават различен, поправеден општествен поредок, дури и по цена на сопствениот живот. Оттука, врската меѓу поредокот и поединецот е дијалектичка: првиот влијае врз поединците, но и поединците имаат капацитет да го менуваат поредокот согласно со своите визии и сфаќања за тоа што е (не)праведно.

За праведен може да се смета оној поредок којшто го регулира животот на членовите на заедницата на начин што им гарантира индивидуална безбедност, благосостојба и услови за потрага по лична среќа, но истовремено обезбедува и услови за заеднички просперитет (напредок на јавното добро и на заедницата како таква). Имајќи предвид дека ниту еден поредок не

---

[4] Večera M. (2012) "Law as a form of justice". *Advances in Economics, Risk Management, Political and Law Science*, достапно на: http://www.wseas.us/e-library/conferences/2012/Zlin/EPRI/EPRI-23.pdf

е во состојба да ја гарантира индивидуалната среќа, која е инхерентно субјективна категорија, филозофите правдата ја поврзуваат со политички и со правен поредок коишто ќе ги штитат интересите на *најголемиот број членови на заедницата*, односно суштинските вредности врз кои е втемелена заедницата. Келзен смета дека *правдата е друго име за општествена среќа*, којашто не е субјективна категорија, туку е категорија дефинирана и во објективна и во колективна смисла. Таа подразбира задоволување на одредени колективни потреби, коишто законодавецот ги издвојува како вредни за да бидат гарантирани. Но, проблемот отсекогаш настанувал во моментот на утврдување на централните вредности и на легитимните интереси околу кои треба да се обединат поединците и групите, поради постоењето на спротивставени и конкурентни интереси и/или на различни вредносни системи. Тоа е случај кога задоволувањето на еден интерес или една вредност истовремено значи загрозување или ограничување на нечиј друг интерес/вредност. Проблемот е уште поголем ако се знае дека вредностите и интересите не се секогаш рационална категорија, туку се предодредени, меѓу другото, и со нерационални и емотивни елементи. Правдата станува сложен предизвик кога ќе се јави конфликт на интереси меѓу членовите на општеството, бидејќи секој поредок почива врз утврдени приоритети, а вредностите се хиерархиски подредени. Во стварноста, правдата е можен, но не и нужен супстрат на секоја човечка заедница. Всушност, правдата и неправдата се во дијалектички однос или како што вели Хераклит: „Името на правдата не би им било познато на луѓето кога не би постоела неправдата".

Во секојдневниот говор, зборовите „праведно" и „правда" често се поврзуваат со правото, но правдата е многу посложен поим. Затоа, не зборуваме само за правда во правосудството, туку и за морална правда, социјална правда, економска правда, правда на заедницата, божја правда итн. Со други зборови, постои плуралитет на видови правда во општеството, односно мноштво

различни начини за оценување на правичноста. Со други зборови, едно исто однесување или институција можат да се оценуваат различно, зависно од контекстот. На пример, она што е праведно од позиција на моралот или правото, може да се перципира како многу неправедно од позиција на социјалната правда. Сепак, во модерното општество на правдата најмногу се гледа како на прашање тесно поврзано со правото и со моралот, па дури и исклучиво како нешто што е тесно поврзано со правиот поредок. Со други зборови, на правото сè повеќе се гледа како на најзначајна форма на правдата.

## 1.2. Правдата и политичкиот поредок

Едно од највлијателните размислувања за правдата се оние на Џон Ролс. Неговата највлијателна книга „Теорија на правдата" е објавена во 1971 година, откога Ролсовата теорија има силно влијание и врз  денешните општествени движења и академски кругови. Нејзина централна точна е прашањето на воспоставување на праведно општество врз темелите на „правдата како правичност" (justice as fairness).

Почетната теориска премиса на Ролс гласи: правдата е примарна доблест на општествените институции, онака како што во системот на размислувањето вистината го има централното место.[5] Како примарен субјект на правдата, тој ја определува основата на структурата на општеството. Таа ги опфаќа збирот на основните институции на политичкиот поредок (законодавната, извршната и судската власт, на пример) од една страна, и правилата кои ја регулираат распределбата на ползата од општествената соработка (односно, пазарот и сопственичкиот систем). Општествената структура, како поле на примена на

[5] Rawls J.  (1973). *A Theory of Justice*. Cambridge, Mass.: Harvard University Press, стр. 3.

принципот на правдата, најдиректно влијае врз правниот и врз политичкиот статус на поединците. Принципите на правдата кои се однесуваат на структурата на општеството треба да бидат предмет на општа согласност. Поставена на ваков начин, Ролсовата теорија на правдата не е ништо друго, туку верзија на теоријата на општествен договор. Но, за разлика од теоријата на Џон Лок, во која смислата на општествениот договор е формирањето на политичката заедница преку согласноста на поединците со цел таа да им ги гарантира природните права, Ролсовиот договор подразбира плус и согласност во врска со одреден збир морални принципи кои се однесуваат на општествената структура.

Теоријата на правдата како правичност се потпира врз два принципа на правдата, формулирани на следниов начин:

Прво, секој поединец треба да има еднакво право на најшироката шема на еднакви фундаментални слободи, којашто е спојлива со сличната шема за слобода за другите.

Второ, социјалните и економските нееднаквости треба да бидат уредени на таков начин што истовремено: а) е разумно да се очекува дека ќе бидат од полза за сите, и б) се поврзани со позициите и со службите кои се отворени за сите.

Првиот принцип се однесува на либералните слободи и идеи. Замислата е дека секој поседува еднакви фундаментални слободи, вклучувајќи ги тука и политичката слобода, слободата за политичка партиципација, верските слободи, слободата на говорот и собирањето, како и слободите поврзани со владеењето на правото (заштитата на духовниот и на телесниот интегритет на човекот). Овој принцип има примарно значење и може да се нарече *принцип на слободата*.

Вториот принцип е посложен и се состои од два дела. Првиот се однесува на *еднаквите можности*, односно на тезата дека општествената положба стекната со раѓањето не смее да ја детерминира целата судбина на еден човек. Поконкретно, ако имате двајца еднакво мотивирани и способни луѓе, нивните изгледи за успешен живот не смеат да се разликуваат поради

нивното различно социјално потекло. Животните изгледи не треба да зависат од класното и семејното потекло, соседството во кое некој растел, и сл. – туку само од способностите кои ги поседува личноста и нејзината мотивација. Ова се нарекува *правична еднаквост на можностите*. За да се постигне ова, нужно е еднаквоста на луѓето да се обезбеди на стартната позиција на нивниот живот, а тоа подразбира, на пример, правичен систем на оданочување и дистрибуција на буџетските средства во областа на здравството и на образованието.

За да го објасниме вториот дел од овој принцип, треба да се навратиме на еднаквите човекови права (првиот принцип) и на правичната еднаквост на можностите, за да дојдеме до она што Ролс го нарекува *принцип на разлика*. Овој принцип тргнува од фактот дека живееме во општество во кое сме родени еднакви и сме еднакви како граѓани, но во него постојат и одредени економски нееднаквости кои, според Ролс, се дозволени. Прашањето кое тој го поставува е: какви можат да бидат тие нееднаквости и во кој степен смеат да се јавуваат? Идејата на нееднаквоста да функционира на начин кој ќе го помага општото добро. Но, како да се постигне тоа?

Според Ролс, може да се толерираат нееднаквости само доколку работат во полза на оние што се на дното на општествената социјална скала. На пример, некој заработува повеќе од другиот, и тоа го мотивира да создава, презема ризици, да прави иновации – односно да презема нешта кои без таквата мотивација не би ги правел. На тој начин, заработувајќи за себе, тој ја зголемува и вкупната општествена добивка која, според Ролс, треба правично да се распределува за да се намалат социјалните разлики и да се подобри квалитетот на животот на маргинализираните. На овој начин, всушност, Ролс го зема квалитетот на животот на оние на дното на општествената скала како стандард со кој ја мериме правдата во дадено општество.

Фундаменталниот придонес на Ролс во политичката филозофија се состои во две работи. Првата се состои во неговата

теза дека е можно да постои разумна расправа за фундаменталните прашања на правдата, моралот и политичките принципи. Втората работа е тврдењето дека дилемата „слобода или еднаквост" претставува лажен избор, бидејќи и двете вредности се исклучително важни за демократската политика. Прашање е само како тие да се помират, односно да се постигне баланс во вид на правда како правичност. Ролсовата теорија на правдата почива врз фундаментите на политичкиот либерализам, и се однесува на плурални општества во кои постои одреден степен сиромаштија и отсуствува чист алтруизам. За Ролс, праведно е она општество во кое основните слободи и права им се еднакво загарантирани на сите, така што секој поединец може да трага по сопствената „доктрина" или сфаќање на доброто, кога станува збор за приватната сфера. Но, во јавната сфера, тој претпоставува „преклопувачки консензус", т.е. синтеза на различните и неретко конфликтни погледи на моралноста, која е вградена во базичната структура на општеството, во институциите. Оттука, политичкиот либерализам се дефинира строго неутрално во поглед на политиката. Ваквата процедурална и технократска концепција на политиката е предуслов за отворено општество во кое постојат толеранција и конзистентност. За Ролс, неутралноста е единствената опција поради „фактичката состојба на плуралност" во општеството. На совеста на поединците им е оставено сами да се справуваат со противречностите, а несогласувањето и конфликтот се инхерентни за политичкиот дискурс и практика. За либералите, културната различност не е закана, туку предност (под услов дека човековите права и слободи се загарантирани и постојат слободни институции, конфликтните доктрини ќе имаат простор да се изразат и опстанат). Инсистирањето на трајно и општо прифатено сфаќање на една религија, морал или филозофска доктрина може да се реализира само во автократски систем на владеење.

Ролсовата теорија е предмет на сериозни критики од претставниците на комунитаризмот, кои ставаат акцент на силната

поврзаност меѓу поединецот и заедницата. Оваа филозофија се заснова врз тезата дека општествениот идентитет на поединецот, па и неговата личност, се во голема мера детерминирани од односите во заедницата. Претставниците на овој правец, првенствено Мајкл Сандел и Чарлс Тејлор, ја критикуваат Ролсовата теорија поради одбивањето да го земе предвид сложениот комплекс на општествени односи во кој живеат поединците, односно дека ја игнорира длабоката социјална/општествена всаденост на поединците. Тие не егзистираат како генерички индивидуи, туку како претставници на различни национални, регионални, општествени и/или политички заедници. Индивидуалниот идентитет е делумно конструиран под влијание на доминантната култура и општествените околности, па затоа не е можно да се зборува за права и за интереси во нивната апстрактна форма издвоено од општествениот контекст. Според Сандел и Тејлор, целосното издвојување на политиката од „сеопфатните доктрини‟ (припадности на етнички групи, религии, и сл. во терминологијата на Ролс) не е можно, а во мултикултурните општества беневолентната неутралност може да ја прикрие тивката доминација на една група врз друга. Други автори, како Кимлика, го доведуваат во прашање степенот на примена на теоријата на Ролс во конкретните сфери на правдата, како што се малцинските права, воените интервенции и глобалната сиромаштија.

Некои автори се обидуваат Ролсовата теорија на правдата да ја доведат во корелација со транзициската правда. Но, клучната критичка забелешка за овој обид се однесува на прашањето колку е соодветна оваа либерална парадигма за чувствителните и специфични услови коишто владеат во општества кои тукушто минале низ авторитарно владеење или внатрешен конфликт. Ако се тргне од тезата на Фукујама дека либералната демократија е „крајот на историјата‟, тогаш таа треба да го претставува телосот, целта и смислата на секоја политичка транзиција. Но, дали и како е возможно да се изгради либерално општество со примена на

„неутрализација" на политиката по масовни злосторства? Дали студената, рационална и процедурална концепција може да помогне во градењето на новите општествени структури? Либералниот концепт на градење на мирот израснува на идеалот на демократскиот мир, односно врз идејата дека градењето стабилни демократии низ светот ќе доведе до „вечен мир", бидејќи демократиите не војуваат меѓу себе.

Но, случувањата по Арапската пролет (како само еден пример од мноштвото) го докажуваат спротивното: луѓето не стануваат либерални демократи преку ноќ! Механизмите на транзициската правда се дизајнирани токму со цел да ја обезбедат „транзицијата" на постконфликтните држави во функционални демократии. Со други зборови, транзициската правда претставува примена на концептот на правда заради постигнување политичка промена, а таа вклучува не само правни одговори на репресијата од минатото, туку и ресторативни, административни и социоекономски мерки, за кои е потребно многу време за да ги дадат првите резултати и да доведат до функционална демократија.

## 1.3 **Правдата и правото**

Правото и правдата се поими кои несомнено многу често се доведуваат не само во тесна врска, туку дури и (погрешно) се сметаат за синоними. Како што веќе видовме, правдата е повеќеслоен концепт со многу значења. Но, таа отсекогаш била суштинска тема на правната филозофија и теорија, а претставува и релевантна тема за правната практика. За да се дојде до одговор за нивната поврзаност, најчесто се тргнува од прашањето: што лежи во суштината на правото? Дали е тоа идејата на правдата или идејата на моќта? Имајќи предвид дека државата, односно нејзините институции се оние што пропишуваат што е право а што неправо, и што и како се санкционира, многу мислители трагаат по

вистинскиот одговор за тоа кои се вистинските мотиви и цели вградени во позитивниот (важечкиот) правен поредок. Марксистичката теза е дека правото не е ништо друго, туку волјата на владејачката класа преточена во закон. Сепак, доминира сфаќањето дека без идејата оти правото извира и се потпира врз правдата, тоа не би имало ни легитимитет ниту би било ефикасно во модерното демократско општество. Најчесто се вели дека правото се базира врз одредена (посебна) концепција на правдата.

Проблемот на правдата во правото може да се разгледува низ две димензии, односно како: 1) праведност на правото, и 2) правда согласно со правото. Првата димензија се занимава со прашањето дали правните норми се правични/праведни, т.е. дали се, барем, приближни до (недостижниот) идеал на правдата. Во корисноста на правото и правниот поредок никој не се сомнева, бидејќи без држава нема право, а без право нема поредок, особено демократски. На дилемата дали правната норма е праведна сама по себе, Перелман дава одговор дека не постојат универзални и трајни критериуми за утврдување на праведноста на правните норми, односно дека прашањето за (не)праведноста на правото е едно од најконтроверзните проблеми.[6]

### *1.3.1. Праведноста на правото*

Во демократските општества постои автономна сфера во која поединците и групите се слободни да се однесуваат согласно со сопствениот морал и вредности, но кога е во прашање јавниот поредок и заедницата, за сите важат исти стандарди. Правото е она што ги обврзува сите, и тоа под закана од санкција. Во доменот на она што го регулира државата, поединците и групите мораат да ги почитуваат правните норми, независно од тоа дали им се допаѓаат или не. Но, она што го разликува демократското од

[6] Perelman, исто, стр. 44.

недемократското општество е одговорноста кон граѓаните: доколку некое законско решение се смета за лошо или за неправедно во очите на пошироката заедница, а во поново време и ако е спротивно на некои меѓународно утврдени стандарди, власта пристапува кон нивна институционална проверка и/или измена.

Становиштето дека идејата на правдата е нужно вградена во правото може да се елаборира низ три пристапи кон правичноста на законите:

1) Правичноста на правото се заснова врз моралот – е првата теза. Таа смета дека правото се темели на моралната теорија (на пример, дека кривичното право се темели на претпоставката дека правдата е одговор/одмазда за стореното зло). Со други зборови, правичноста на правото е поврзана со моралните вредности и императиви. Овој концепт на правото гледа како на морална позиција, односно правото го врзува директно со моралот. Но, мнозини правниците и социолозите сметаат дека правото и моралот им припаѓаат на две одделни сфери од животот.

2) Правдата на правото е концепт кој произлегува од природното право – смета вториот пристап. Во филозофијата на природното право централно место зазема токму правдата. Идејата на правдата, како највисокиот принцип на правото, се одразува во јасноста или во дисторзијата на позитивните, односно важечките закони и претставува мерка за нивната праведност. Како принцип на правото, правдата ги хармонизира спротивставените интереси и барања во општествениот живот. Мотото на т.н. јуснатурализам гласи *Lex iniusta non est lex* – неправедниот закон не е закон. Почнувајќи од Св. Августин, преку Тома Аквински сè до Мартин Лутер Кинг, овој слоган бил употребуван во битката за човековите права (на пример, за осуда на расната сегрегација и дискриминација во САД) и како повик за ненасилен отпор кон неправедните закони.

3) Правдата е исто што и позитивното/важечкото право. Оваа позиција е типична за правниот позитивизам, односно

правниот нормативизам. За ова становиште важи Хобсовата теза дека правото е создадено од суверенот, и од оние што имаат овластувања за тоа. Оттука, правото се однесува на секого подеднакво и никој не може да каже дека тоа е неправедно. За правниот позитивизам најважна е задолжителноста на правото, па сѐ додека тоа се почитува, постои праведност. За ова стојалиште е карактеристично што ја отфрла поврзаноста на правото и моралот, односно врската меѓу позитивното право и природното право. Според Келзен, оценувањето дали правото е праведно влегува во сферата на ирационалните идеали, а строго земено во стварноста, „праведноста" е само друг назив за она што е легално и легитимно.

Така, доаѓаме до формулирањето на трите можни пристапи кон прашањето за правичноста на правото: моралната теорија, теоријата на природното право и правниот позитивизам. Меѓутоа, анализата на правичноста на позитивното право (односно, на законите) низ призма на она што се нарекува *de lege ferenda* (т.е. правото како што треба да биде за разлика од правото како што е, или *de lege lata*) посочува на три ситуации на неправда вградена во позитивно-правните норми: прво, когаправната норма е неправедна од позиција на секторите на правдата кои се надвор од правната сфера (социјална, морална, историска итн.); второ, кога правната норма е неправедна од позиција на принципите на природното право; трето, кога правната норма е неправедна од позиција на правниот поредок (на пример, таа е во спротивност со уставот или со друг закон, има ретроактивно дејство, донесена е во погрешна процедура или од погрешен орган итн.).

Какви се последиците од неправедноста на правните норми врз нивната практична примена? Одговорот е дека не постојат непосредни правни ефекти, односно таквите норми се применуваат сѐ додека се во сила. Со други зборови, правните акти важат сѐ додека не бидат сменети од надлежен орган и во соодветна процедура (на пример, со одлука на уставен суд или промена во законодавна постапка). Сепак, најсериозната последица е

влевањето недоверба во однос на правичноста на правниот систем кај дел од граѓаните. Едно од најважните прашања гласи: дали е подобро (т.е. поправедно) властите стриктно да ги применуваат правните акти дури и кога се евидентно неправедни или треба да ги применуваат арбитрарно, според свое наоѓање, односно неконзистентно?[7] Ролс смета дека нужноста од постоење на поредок претпоставува конзистентна примена на правните норми без оглед на нивниот квалитет. Според него, поредокот е значаен по себе, тој им помага на луѓето да ги планираат рационално своите постапки и да знаат што може да очекуваат од институциите задолжени за спроведувањето на правото (правна сигурност).

### *1.3.2. Правда согласно со правото (правна правда)*

Прашањето на правна правда е во центарот на теоријата и филозофијата на правото. За правните позитивисти, само овој вид на правда има значење. Таа се дефинира како правда изречена/извршена врз основа на важечкото право и согласно со правниот поредок. Почетната премиса на ова сфаќање е постоењето на позитивно/важечко право кое ги обврзува на почитување сите поединци и институции.

Сепак, малку поширокото гледање на проблемот налага на правната правда да не се гледа исклучиво како на процес на примена на правото од страна на властите и/или процес на донесување одлуки засновани врз важечките прописи. Правната правда се однесува на правните дејствија и на правниот статус на субјектите на правото. Човекот ги искусува и решава своите проблеми преку своето чувство на правда. Правото му помага да ги одбере соодветните средства за да ги постигне саканите цели.

---

[7] Sadurski W. (1985). *Giving Desert Its Due: Social Justice and Legal Theory*, Dordrecht: D. Reidel Publishing Company, стр. 19.

Врз основа на правото, односно постојната правна култура и свест, поединецот рационално го одмерува своето поведение.

Прашањето на правичната примена на правото се состои од неколку формални претпоставки на ваквата правда.Тие се однесуваат главно на фундаменталниот правен принцип на *еднаквост пред законот*. Во врска со проблемот на правната еднаквост уште Џон Стјуарт Мил направил јасно разграничување меѓу: а) еднаквоста пред законот и судот, во која се нагласува формалната еднаквост на правните субјекти во рамките на конкретен правен поредок и еднаква правна заштита на нивните права; и б) еднаквоста во правото, односно принцип на недискриминација (на пример, според вера, социјална положба, пол итн.), која претставува не формална, туку материјална правда. Принципите на формалната правда се само празна школка ако не обезбедуваат еднаков третман на сите субјекти. Уште од Платон и Аристотел важи тезата дека еднаквоста лежи во срцето на правдата. Според Аристотел, неправдата се појавува секогаш кога еднаквите се третираат нееднакво, и кога нееднаквите се третираат еднакво.

Според позитивистите, принципите на формалната правда се оружје против неправдата, па оттука тие се и основа на правото. Според нив, правда претставува само коректната примена на законот, како спротивност на арбитрарноста. Формалната правда го наоѓа својот израз во процедуралната правда, особено во судските постапки. Овие аспекти на формалната правда се од суштинско значење при заштитата на човековите права. Тука спаѓаат, првенствено, правото на фер судење, правото на пристап до судот и правото на правна и судска заштита (член 6 од Европската конвенција за човековите права).

Овие процедурални и демократски поставки може да се сметаат како нешто што произлегува од сфаќањето на правдата, барем низ призма на споделување на еднакви права и одговорности меѓу граѓаните, а врз основа на правила кои се формулирани низ демократска постапка.

## 2. **ВИДОВИ ПРАВДА**

Од мноштвото теориски пристапи и класификации на правдата, овде ги издвојуваме и елаборираме само оние што се во функција на подобро разбирање на транзициската правда и нејзините механизми. Оттука правиме осврт само врз концептот на ретрибутивна правда и на концептот на ресторативна правда. Некои автори се залагаат за вклучување и на концептите на корективна/репаративна правда, граѓанска правда и социоекономска правда. Графички, разликите меѓу ретрибутивната (казнена) правда и ресторативната се прикажани на сликата подолу:



## 2.1. Ретрибутивна правда

Таму каде што постои организирано општество, постојат правила на однесување кои се, повеќе или помалку, задолжителни за членовите на заедницата. А таму каде што има правила и норми на однесување, постојат и нивни прекршители и барања да се одговори соодветно на таквите повреди. Ова се случува на микрониво на меѓучовечки комуникации, во и меѓу семејствата, групите, во односите на подредените и надредените во работните средини итн. Но, за нас е уште поважно тоа што до тешки повреди на правните норми доаѓа и на мезо- и на макрониво, односно во интергрупните релации, меѓу припадниците на различни општествени групи и ентитети. Не смее да се заборави дека и самата држава може да се јави како систематски прекршител на правилата, и особено на човековите слободи и права гарантирани со устав и закон.

Ретрибутивната правда е теорија на правдата која се заснова врз уверувањето дека казнувањето е морално прифатлив одговор на криминалот и злоделата, и дека обезбедува задоволување и психолошка полза за жртвата, за сторителот и за општеството, но само доколку е пропорционално на извршеното злодело. Генералното мото на оваа теорија гласи „правдата е извршена кога сторителот на злоделото е доволно казнет."

Ретрибутивната правда се спроведува преку казненоправниот систем, кој понекогаш се нарекува „западен модел" на казнена правда. Овој систем, во основа, претставува ретрибутивен систем на т.н. институционализирана одмазда.[1] Тој се базира врз принципите на објективност и доследност, со тоа што непристрасен судија или порота го разгледува секој одделен случај врз основа на достапните докази и го применува правото во практиката. Криминалот се смета за домен за кој е одговорна државата, па така улогата на засегнатите страни (сторителот и

---

[1] Price M. (2001). "Personalizing Crime", *Dispute Resolution Magazine*, 7(1).

жртвата) е ограничена во поглед на: изнесувањето на нивното гледање на настаните, изразувањето на чувствата, добивањето на одговори на прашањата кои се клучни за нив, како и во поглед на можноста да се понуди извинување или простување.[2]

Модерниот казненоправен систем има две цели: *генерална превенција* и *специјална превенција*. Со други зборови, кога прекршителите на правните норми/акти се казнуваат, тоа е порака до целото општество дека криминалот не се исплатува и дека системот не дозволува неказнивост за извршени казнени дела. Специјалната превенција е насочена кон самиот извршител, кој низ процесот на казнување треба да се рехабилитира и ресоцијализира, за да може да се врати во нормалните текови на животот и да не ги повтори истите грешки.

Прашањата поврзани со видот и со степенот на казнувањето, како и со неговите ефекти, биле преокупација на бројни мислители низ историјата, и тоа не само од правната област, туку и од филозофијата, социологијата, криминологијата, психологијата, економијата итн. Ретрибутивната правда се однесува на соодветна казна за поединци или за групи кои ги прекршиле правилата, законите или другите норми.

Под *казна* се подразбира дејство кое ги исполнува следниве четири услови:

а) казната мора да е поврзана со прекршување на правото;

б) казната мора да му биде изречена на она лице што го прекршило правото;

в) казната врз сторителот мора да е наметната/извршена од надлежен орган во рамките на правниот систем; и

г) казната мора да вклучува некаква загуба за оној кому му е изречена.[3]

---

[2] Wenzel M. et al. (2008). "Retributive and Restorative Justice", *Law Hum. Behav.*, 32(5), стр. 377.

[3] Brooks T. (2012). *Punishment*. NY: Routledge.

Вака сфатена, казната е нужно поврзана со прашањето за тоа *што е криминализирано* во општеството:

– *Правниот морализам* е едно од доминантните стојалишта по ова прашање. Според него, криминализацијата на одредени дејства се должи на нивната неморалност, па така се смета дека кривичните дела претставуваат морално недозволени дејства. Според некои застапници на ова мислење, кривичното право не ги создава злоделата; тоа само го криминализира она што веќе било сметано за злодело. Напротив, казненото право декларира како јавно злодело – злодело што ја засега целата политичка заедница – нешто што веќе постоело и било сфаќано како такво во општеството. Критиките на ваквото размислување се однесуваат на сфаќањето на тоа што точно опфаќа неморалноста која треба да се криминализира, и кој е тој што определува што е морално, а што не. На пример, лажењето е неморален чин, но не значи дека секогаш е и кривично дело. Од друга страна, за многу нешта е тешко да се постигне единствен морален стандард или консензус (на пример, за абортусот). Затоа, клучното прашање не е дали е нешто морално или не, туку дали неморалното однесување е доволно тешко дело за да треба да се криминализира, односно казнува.

Теоријата прави разлика меѓу *mala in se* и *mala prohibita* криминал/злодело. Во првата категорија (*mala in se*) спаѓаат оние злодела кои без разлика дали се криминализирани со закон или не, генерално се сметаат како зло, како нешто погрешно, неприфатливо и неморално (убиство, силување, грабеж итн.). Тие претпоставуваат нанесување штета/повреда на некој друг. *Mala prohibita*се злодела кои се сметаат за погрешни и недозволиви затоа што се јавни недела санкционирани со закон. (На пример, сообраќајните прекршоци или наркоманијата.) Накусо, криминалните дела се незаконски, но не секогаш нужно и неморални. Тие не се забранети врз основа на моралот, туку врз основа на потребата да се заштити општото добро како што е дефинирано во законите.

– Второто доминантно стојалиште за криминализацијата на одредени дејствија и однесувања се нарекува *принцип на штета*, и потекнува од размислувањата на Џон Стјуарт Мил. Според него, заштитата од повреда или штета е единствена основа за, индивидуално или колективно, мешање во слободата на дејствување на другите. Единствената цел поради која може правично да се остварува власта врз секој член на една цивилизирана заедница, наспроти неговата волја, е превенирањето да им се нанесе штета на другите. Со други зборови, државата не смее да интервенира во слободната сфера на поединецот со оправдување дека тоа е за негово физичко или морално добро. Според овој принцип, криминализацијата е оправдана кога станува збор за дејствија кои претставуваат нанесување јасна повреда на правата на другите, односно „целта на кривичното право е превенција на повредата/штетата" нанесена врз други, но не и врз самите себеси. Таму каде што нема жртви, односно жртва е само сторителот на штетното дејство, не (треба да) се криминализираат.

Размислувањата за тоа дали, како и зошто да се казнат прекршителите имаат долга историја, но дебатата се одвивала во рамките на две спротивставени доктрини: деонотолошка и консеквенцијализам.[4] *Деонтологијата* е етичка теорија која смета дека разликувањето на доброто и злото се врши врз основа на веќе воспоставени морални правила. Заснована на учењето на Кант кој верувал дека етичките дејствија ги следат универзалните морални норми, деонтологијата се повикува на етиката на должноста или обврската, барајќи од секого да постапува согласно со моралот, со правото и со она што е праведно да се прави, без оглед на последиците (*fiat justitia ruat caelum,* „нека биде правда, па таман и небото да се урне"). Според оваа доктрина, правдата мора да се изврши/спроведе, без оглед на последиците. Во нејзиниот центар лежат етиката и казната за нејзиното кршење

[4] Brooks T., *исто*.

(ретрибутивизам), односно за кршењето на правилата следува казна за сторителот со цел да се воспостави правдата.[5] Самиот термин *деонтологија* е изведен од старогрчкиот *deon* (што значи должност) и *logos* (наука). Правдата бара луѓето да го добијат она што го заслужуваат, па затоа пропорционалното казнување на сторителите го одржува моралниот поредок кој бил нарушен со правењето на злоделото.

*Консеквенцијализмот*, заснован врз ставовите на Џереми Бентам, ја одмерува етичноста/праведноста според ползата која ја носи едно постапување/дејствување. За морална се смета секоја постапка која, без оглед на мотивите, резултира со пожелна последица, односно со најголема можна среќа за најголем број луѓе. Според оваа доктрина, казната би била етичка во степен во кој таа носи полза за општеството, особено во насока на превенирање на криминалот во иднина, наспроти товарот што казнувањето му ги наметнува на сторителот и на општеството што го извршува. Со други зборови, казната е оправдана ако како нејзина последица настанува и генерална и специјална превенција. Консеквенцијализмот се критикува поради тоа што е не само тешко, туку понекогаш и невозможно, однапред да се знае последицата на некое дејство. Освен тоа, во одредени ситуации, тој води до проблематични акции, дури и ако последиците се добри. На пример, дали е морално и праведно доколку економистите докажат дека светската економија ќе доживее процут и најголемиот број луѓе станат посреќни доколку само 5 отсто од популацијата се користи како робовска сила? Иако, ваквата постапка се вклопува во утилитаризмот на ова стојалиште, сепак денес тоа е неприфатлива опција за мнозинството. Со други зборови, консеквенцијализмот, спроведен доследно, би довел до ситуација во која „целта ги оправдува средствата", што е денес неприфатливо од позиција на меѓународното право на човекови

[5] Cottingham J. (1979). „Varieties of retribution", *Philosophical Quarterly*, 29(116).

права (но, од друга страна е дел на легитимацијата на меѓународниот интервенционизам кој своите противправни постапки ги оправдува со повисоко добро за поголем број луѓе).

## 2.2. Ресторативна правда

Наједноставно кажано, ресторативната правда е критички одговор на ретрибутивната правда, односно одговор на кривично-правното постапување. Ваквиот пристап кон справувањето со казнивите дела денес се смета за најголем напредок во однос на осовременувањето на казненоправните системи.

Историски гледано, корените на ресторативната правда можат да се откријат далеку во минатото, бидејќи ги има во традициите на секое општество, почнувајќи од античките цивилизации, па до денес. Механизмите на ресторативната правда (компензација, посредување, надомест на штета, помирување итн.), главно, биле користени за разрешување конфликти и воспоставување на мир во заедницата.[6]

Во поново време, концептот доживува процут во 70-тите години на минатиот век, и тоа како реакција на сознанието дека класичниот (ретрибутивен) кривичноправен систем не ги дава посакуваните резултати, ниту ја намалува стапката на криминалитет. Истражувањата од оваа област покажуваат дека класичната казнена правда остава длабока трага, нанесува штета без да ја охрабри позитивната преобразба кај сторителите; обратно, таа води до, речиси, сигурно повторување на кривичните дела. Исто така, таа не е во полза ниту на жртвите. Тие се секундарно виктимизирани низ судскиот процес, односно системот им ја одзема моќта којашто веќе им била одземена од сторителот

[6] Johnstone, G. (ed.) (2003). *A Restorative Justice Reader – texts, sources, context.* Devon: Willan Publisher.

при извршувањето на делото[7], а нивната улога во судскиот процес е минимална. Развојот на ресторативниот пристап кон правдата е мотивиран, меѓу другото, и со поактивно вклучување на жртвата во постојниот кривичноправен систем и со похумано однесување кон сторителот, но и со давање проактивна позиција и на жртвите и на заедницата во процесот на рехабилитација на сторителот на делото.[8]

Овој концепт се темели врз базичната премиса дека изрекувањето казни нужно не претставува решавање на конфликтот меѓу жртвата и сторителот, поточно дека кај обете страни останува чувството дека се посматрачи во сопствениот случај пред судот. Овој релативно нов концепт се смета за прогресивна алтернатива на класичното казнување, а во насока на остварување на правдата. Ресторативната правда во својот фокус ги става интересите на жртвата и на пошироката заедница. Таа ја редефинира примарната цел на ретрибутивната правда (казната) во смисла на повторно воспоставување на мирот, „лекување" на повредите и штетите, репарации, но и поттикнување емпатија кај сторителот и кај пошироката јавност.

За развојот на овој концепт огромно влијание извршува делото „Конфликтите како сопственост" на норвешкиот криминолог Нилс Кристи, кој поставува нови основи на општественото реагирање на криминалитетот. Суштината на овој пристап се состои во следниве поставки: 1) кривичното дело, во суштина, претставува конфликт, а конфликтот е сопственост на оние што се, директно или индиректно, вклучени во него (сторителот, жртвата и заедницата); 2) оние што се сопственици на конфликтот треба да бидат тие што ќе го решат, а не професионалните правници, кои во класичниот кривичноправен

[7] Zehr, H. (1990). *Changing Lenses: A New Focus for Crime and Justice.* Scottsdale, Pennsylvania, Waterloo, Ontario: Herald Press.
[8] Weitekamp, E.G.M. (2000) "Research on victim-off ender mediation: findings and needs for the future, стр. 103-104. Во: *Victim-offender mediation in Europe: Making restorative justice work*, Leuven: Leuven University Press.

систем го „крадат" конфликтот од засегнатите страни.[9] Ваквото справување со казнивите дела води до поголемо вклучување на сите заинтересирани и засегнати страни во решавањето на проблемот што настанал со извршувањето на делото, до подобар пристап до правдата, до депрофесионализација, децентрализација и намалување на стигматизацијата и на примената на принудата. Како што може да се види, согласно со овој пристап, кривичното дело/злоделото се сфаќа пошироко, односно не само како повреда на правните норми. Со други зборови,повредата на правната норма е од второстепено значење. Генералната цел е *помирувањето* на засегнатите страни и *поправање на штетата*, а не самото казнување на сторителот. Конечно, казненоправниот систем не смее да им припаѓа исклучиво на правосудните органи, кои се по правило насочени само кон минатото (кон она што се случило), а не кон иднината (она што треба да се случи). Во филозофијата на ресторативната правда лежи идејата за помирување без одмазда, па дури и со помош на оние што учествувале во конфликтите или во другите масовни повреди на човековите права во стариот режим.[10]

Поимот ресторативна правда за првпат е употребен од Алберт Енглаш во 1977 година.[11] Тој разликува три вида кривичноправни системи:

а) ретрибутивна правда која се заснова врз системот на казнување;

б) дистрибутивна правда, која се заснова врз терапевтски третман на сторителите; и

---

[9] Nils Ch. (1977). "Conflicts as property", *The British Journal of Criminology*, 14(1), стр. 4.

[10] Consedine J. (1995). *Restorative justice: healing the effects of crime.* Ploughshares Publications; 2nd revised edition.

[11] Van Ness D.W. and Strong, K.H. (2002). *Restoring Justice*. Cincinnati, OH: Anderson Publishing Co.

в) ресторативна правда, чија основа е реституцијата, односно надоместувањето или поправањето на штетата настаната со кривичното дело.

До денес не постои општоприфатена дефиниција за ресторативната правда. Тешкотиите во нејзиното дефинирање се должат на тоа што таа историски опфаќала различни практики, мерки и програми, меѓу кои спаѓаат интервенирање во различните фази на кривичната постапка, отстапување од неа, паралелна примена на ретрибутивни и реститутивни мерки итн. Освен тоа, таа наоѓа примена и во сферата на кривичноправното реагирање на криминалното однесување на поединци, како и во случаи на масовни повреди на човековите права.[12] Некои автори сметаат дека ресторативната правда е само ново име за стари практики познати во историјата.

Генерално, во научната литература доминираат две становишта во поглед на поимањето на ресторативната правда: прво, таа се смета како алтернатива за класичниот кривичноправен систем, и второ, на неа се гледа како на процес, исход или на збир од принципи кои треба да доведат до правда за жртвите и за општеството. Критиката за првото становиште е дека е исклучиво, т.е. дека ако се прифати, тогаш би се поткопал системот кој почива на ретрибуција (казнување), што е не само невозможно, туку е и штетно. Во контекст на второто становиште, исто така, постојат многу слабости и неконзистентности, па потрагата по алтернатива на казнувањето може лесно да заврши во премалку правда, што е неправда.

*Декларацијата на ОН за основните принципи на примена на програмите на ресторативната правда во кривичните случаи* од 2000 година под програми на ресторативна правда ги подразбира сите програми базирани на ресторативниот процес кои се стремат

---

[12] Daly, K. (2003). "Restorative Justice: the Real Story". In: McLaughlin, E., Fergusson, R., Hughes, G., Westmarland, L. (eds.) *Restorative Justice Critical Issues.* London, Thousand Oaks, New Delhi: Sage Publications, стр. 196.

кон остварување на ресторативни цели. Под *ресторативни цели* се подразбира *постигнување договор* како резултат од ресторативен процес, вклучувајќи надомест на штета, општествено корисна работа или други програми осмислени така да обезбедат некаква компензација за жртвите и за заедницата, но и *реинтеграција на жртвата и сторителот* во нормалниот живот на заедницата. За да се извлече најголема полза од овој пристап кон правдата нужно е да се вложат напори кон остварување на ресторативните цели преку ресторативниот процес, без отфрлање на можноста да се реализира ресторативен исход и преку кривична постапка.[13]

Во извештајот на Генералниот секретар на ОН од 2004 година се дефинира транзициската правда и се вели дека таа опфаќа „цела низа процеси и механизми поврзани со напорите на општеството да се соочи и справи со наследството на злоупотреби од пошироки размери, а со цел да се обезбеди отчетност, да ѝ се служи на правдата и да се постигне помирување. Во нив спаѓаат и судски и вонсудски механизми, со различни нивоа на меѓународно инволвирање (или без него), како судење на поединци, репарации, барање на вистината, институционални реформи, ветинг и отпуштања или нивна комбинација."[14]

### *2.2.1. Принципи на ресторативната правда*

И покрај тешкотиите да се дојде до општоприфатена дефиниција, голем број автори се сложуваат околу четири основни принципи врз кои почива ресторативната правда:

---

[13] Ćopić S. (2007). „Pojam i osnovni principi restorativne pravde". TEMIDA, стр. 30-31, достапно на: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/1450-6637/2007/1450-66370701025C.pdf .

[14] United Nations (2004). *The Rule of Law and Transitional Justice in Conflict and Post Conflict Societies*, достапно на http://daccessdds.un.org/doc/UNDOC/GEN/N04/395/29/PDF/N0439529.pdf.

• *Принципот на персонализам* се однесува на сфаќањето на кривичното дело првенствено како повреда на луѓето и на меѓучовечките односи. Новата парадигма или визија која ја носи со себе концептот на ресторативна правда носи и смена на „објективот", т.е. на призмата на гледање.[15] Тоа значи и инаков поглед на кривичното дело, кое првенствено претставува повреда на луѓето, а дури потоа и на некоја законска норма. Тоа е суштината на принципот на персонализам, кој подразбира дека извршувањето на кривичното дело како последица има повреди врз непосредните жртви, но и на индиректните (членовите на семејството, пријателите, соработниците и сл.), како и на заедницата во поширока смисла на зборот. Идејата на правдата е во поправањето и хармонизацијата на нарушените меѓучовечки односи во заедницата, а до кои дошло поради кривичното дело/кривичните дела. Поради тоа, кривичното дело ја раѓа потребата од поправање или од надомест на штетите. Ова претпоставува утврдување на поимот поправање/надоместување на повредите/штетите, но и на тоа кој е носител на одговорноста за делото.

• *Принципот на поправање на штетата* настаната со кривичното дело во себе, опфаќа преземање одговорност и извршување одредени обврски. Карактеристично е што во рамките на ресторативната правда, одговорноста не се утврдува, туку од сторителот се бара да ја признае вината. Прифаќањето на одговорноста значи и признание дека сторителот е свесен за тоа што го сторил и не ја негира својата одговорност и вина за последиците од делото, но значи и прифаќање на одговорноста за поправање на нанесената штета/повреда. Прифаќањето на

---

[15] Peters, T. and Aertsen I. (2000). "Towards 'Restorative Justice': Victimization, Victim Support and Trends in Criminal Justice", во: *Crime and Criminal Justice in Europe*, #45, Strasbourg: Council of Europe.

одговорноста подразбира обврска штетата да се поправи што е можно повеќе (по пат на извинување, реален или симболичен надомест на штета, работа во полза на жртвата или на заедницата и сл.). Освен тоа, кривичното дело создава обврски и за заедницата која е должна да ѝ даде поддршка на жртвата, да води сметка за благосостојбата на сите членови на заедницата и да направи напори во насока на реинтегрирање на сторителите во локалните заедници.

• *Принципот на учество* е израз на настојувањето преку ресторативната правда, во решавањето на ситуацијата настаната со извршување на кривичното дело да се вклучат сите засегнати и/или заинтересирани страни. Ресторативниот процес е инклузивен, односно ги зголемува можностите за собирање податоци, за утврдување факти, за создавање форуми за дијалог и меѓусебно разбирање меѓу жртвите и сторителите. Преку учеството во овој процес, жртвата добива одредена сатисфакција со тоа што се смета за исклучително важна во давањето, ама и во примањето важни информации, сведоштва, поддршка и сочувство. На крајот од процесот, жртвата треба да добие вреднување и компензација. Од друга страна, процесот не ги запоставува ни сторителите. Преку признанието се поттикнуваат рехабилитацијата и закрепнувањето, а се нудат и начини за реинтеграција наместо изолација. И членовите на заедницата можат активно да се вклучат во процесот, што повратно влијае врз кохезијата на заедницата и врз дејствувањето во насока на превенција на идни повреди од таков или од сличен вид.

• *Принципот на реинтеграција* се однесува на односот кон сторителите, кои наместо отфрлање и стигматизација, се предмет на напори за нивно враќање назад и активно вклучување во животот на заедницата. Со тоа се намалува ризикот од повторното

вршење кривични дела. Процесот на реинтеграција подеднакво се однесува и на жртвата, која неретко е, исто така, стигматизирана и маргинализирана во својата средина. Ресторативната правда настојува да извлече најмногу ефекти од процесот на закрепнување од траумата предизвикана поради виктимизацијата, како и од враќањето во нормален живот. Во овој контекст, посебен акцент се става врз службите и програмите за давање поддршка на жртвите и на сторителите. За успех на ресторативната правда е нужно да дојде до трансформација на улогата и на значењето на заедницата и на државните структури, односно до преструктуирање на правосудниот систем. Ван Нес и Стринг сметаат дека во процесот на остварувањето на правдата, улогата на државата е одржување на редот и поредокот, додека улогата на заедницата (општеството) е во насока на воспоставување праведен мир.[16]

Илустративно, разликите меѓу ретрибутивната и ресторативната правда се прикажани во Табела 1.

---

[16] Van Ness and Strong, *исто*, стр. 42–43.

## Табела 1: Разлики меѓу ретрибутивната и ресторативната правда

| Ретрибутивна правда | Реститутивна правда |
|---|---|
| Казнивите дела се поведенија против властите и правниот поредок; тие се повреди на правните норми или на политиките. | Казнивите дела се чинови против жртвите и заедницата, т.е. дела кои ги повредуваат луѓето и ја нарушуваат довербата. |
| Сторителот е одговорен пред властите за своето поведение. | Сторителот е одговорен пред жртвата и пред заедницата. |
| Отчетноста треба да е соодветна со страдањето. Ако сторителите бидат доведени во ситуација да страдаат, тоа значи дека правдата е задоволена. | Отчетноста е преземање одговорност за своето однесување и за поправање на повредите настанати од таквото однесување. Успехот се мери со степенот на остварување на репарацијата. |
| Жртвите не се во фокусот на судската постапка. | Жртвите и заедницата се директно вклучени и играат клучна улога во процесот на одговор на повредите. |
| Сторителите се дефинирани според делото. Жртвата е дефинирана според материјалната и психичката загуба. | Сторителите се дефинирани според нивната способност да преземат одговорност за своите акции и да го сменат своето однесување. Жртвите се дефинирани според загубата и способноста да учествуваат во процесот на поправање на штетите и во залечувањето на повредите. |
| Лошото поведение и делото се резултат од индивидуалниот избор со индивидуална одговорност | Лошото поведение и делото имаат индивидуална, ама и социјална димензија. Тие се резултат од личен избор, ама и од условите кои довеле до таквото однесување. |

## 3. Транзициската парадигма, правдата и правото

Парадигмата на транзиција кон демократија е суштинска за разбирање на поимот транзициска правда. Оттука потребата од подетално елаборирање на овој поим, но во специфичен контекст, различен од вообичаениот.

Политичките промени, т.е. преминот од еден тип на режим во друг, не се никаква новина во историска смисла. Тие биле/се редовен елемент на човековата историја. Доволно е да се фрли поглед врз периодот кој започнува со крајот на Втората светска војна, за да се забележи сета шареноликост и динамика на политички промени, почнувајќи од револуции, деколонизација, ослободителни борби и стекнување независност, трансфери на власта, реставрации, модернизации и сл. Сите тие, всушност, подразбирале различни нешта, поточно премини (од капитализам во социјализам; од воена диктатура во цивилна власт и/или обратно; од авторитарен и/или социјалистички во либерален/капиталистички систем итн.).

Но, интересно е што единствено на транзицијата кон (либерална) демократија ѝ е дадено значење на фундаментална парадигма. Таа е основата на која се воспоставува идејата за транзициска правда и тоа во конкретен политички и историски миг, во 80-тите години на 20-тиот век. Како причини и предуслови што го овозможуваат тоа се наведуваат следниве:

1) *Пожелноста на демократија* (од западен, либерален тип) *како клучна и примарна вредност* за мнозинството граѓани во земјите кои минуваат низ т.н. „трет бран на демократизација", а која ги засенува сите други потреби на општеството.

2) *Промената на гледањето на концептот на транзиција од средство за социоекономска трансформација во средство за правно-институционална реформа во земјите кои „свртеле нов лист", со фокус на човековите права*. Промените на режимите од 60-те години на 20 век во западната научна и политичка јавност биле објаснувани преку теоријата на демократизација во тесна

врска со теоријата на модернизација. Оваа доминантна теориска рамка се базирала на претпоставката дека транзициите не се ништо друго, освен почеток на долг процес на социоекономски и политички трансформации, како и процес на создавање на нови навики и политичка култура, структурни и други претпоставки за воспоставување на демократски (либерален) поредок. Токму затоа, во академската и во политичката сфера, во тоа време, не се зборува за „транзиција кон демократија", туку за социоекономска модернизација како предуслов за долгиот еволутивен процес на политичка трансформација. Така, Ростов смета дека социоекономскиот развој е предуслов за појава на општество способно да одржува демократски институции.[1] Всушност, најголемата разлика во новото сфаќање на транзицијата (од 80-те години наваму) се состои во идејата дека демократија може да се воспостави без оглед на социоекономските услови, односно во покуса временска секвенца, со помош на релативно брзи правни и институционални реформи, наместо да се чека на резултатите од модернизацијата.

3) Третата причина за инсистирањето на транзициската парадигма се состои во *рехабилитацијата на поимот „транзиција"*. Имено, во периодот на Студената војна, поимот транзиција бил доминантен во марксистичката и социјалистичката мисла и практика, како основа на историскиот материјализам со кој се објаснувал преминот од една епоха во друга, а особено како ознака за преодниот период меѓу социјализмот и комунизмот. Во марксистичката теорија, транзицијата се сфаќа како процес на фундаментална трансформација одоздола нагоре, т.е. од економската и социјалната основа кон политичката и културната сфера, најчесто предводен од (работничката) авангарда. Но, од 80-те години, со триумфот на либералната демократија, настапува пресврт: терминот се рециклира и се сфаќа како политичка

[1] Rostow W. W. (1990). *The Stages of Economic Growth: A Non-Communist Manifesto*, 3rd edition, Cambridge: Cambridge University Press.

реформа, а не како општествена трансформација. Оттука следува и заклучокот дека транзицијата од авторитарен режим (социјализам или друг режим) е можна и се одвива, главно, на правно и институционално ниво – со донесување нов либерален устав, воспоставување институции на претставничка плурална демократија и создавање правни услови за пазарно стопанство со правна трансформација на сопственоста на средствата за производство (капиталот) со приватизација. На Западот се напуштаат т.н. големи теории и големи дебати за трансформација на општествата, и фокусот се става врз т.н. секторски пристап и врз промената на јавните политики, како резултат од дејствувањето на политичките елити. Накусо, теориите на социоекономска еволуција се заменети со технократски пристап на политички инженеринг (или стејтбилдинг).

4) *Глобалната криза на радикалната левица* во 70-тите години доведува до напуштање на левата идеологија (класната борба) и свртување кон моралната рамка на човековите права. Дисидентите од Источниот блок, како и сите движења кои бараат поправање на грешките од минатото, настанати под влијание на социјалистичката практика, добиваат огромна јавна поддршка. Одбраната на индивидуалните права станува прибежиште за разочараните левичари кои се соочуваат со фактите за поединечнитеи/или масовните облици на кршење на човековите права во социјалистичките системи. За падот на левицата во Латинска Америка придонесуваат неколку настани, како што се: убиството на Че Гевара во Боливија, разочарувањето од Кубанската револуција, убиството на чилеанскиот претседател Аљенде од хунтата на генералот Пиноче и масовните злосторства кои следуваат, поразот на урбаната герила итн. Во наредниот период, борбата против воените хунти на овој континент се фокусира врз масовните повреди на човековите права, што во втор

план го става прашањето на социјалистичката алтернатива.[2] Нешто слично се случува и во африканските земји, каде што дотогаш левата идеја се фокусирала, речиси, исклучиво на прашањата на социјалната неправда и економските последици од колонијализмот, а сега се свртува кон страдањата и кон повредите на човековите права. Прашањето на последиците од колонизацијата не стана легитимно прашање на агендата на транзициската правда, најмногу поради тоа што големите (западни) сили не сакаат да бидат предмет на опсервација и да отворат процес на соочување со злосторствата од времето на колонизацијата и борбата за ослободување на колонизираните народи.[3] Сепак, глобалните тенденции водат до свртување кон борбата за човековите права и до редефинирање на левата идеологија, односно до раст на популарноста на социјалдемократската идеја (т.е. напуштање на идејата за класна револуција). Истовремено, влијанието на меѓународните невладини организации за заштита на човековите права (како Amnesty International, Human Rights Watch итн.) и на хуманитарните организации (како Доктори без граници, кои заговараат заштита на правата на жртвите од војните и конфликтите) доживува огромен раст низ светот.

Во контекст на транзициската правда, нужно е да се постави прашањето за која/каква транзиција станува збор, дури и кога временскиот период е дефиниран, барем, во поглед на промоцијата на транзициската правда (во 80-тите и 90-тите години на 20 век). Станува збор за периодот на Студената војна, кога светот е поделен на два воено-политички блока, но тоа не значи дека во секој блок не се случувале драматични политички пресврти и дека не се вршени масовни злосторства. Меѓутоа, сите случаи подеднакво не го свртуваат вниманието на меѓународната

---

[2] Munck R. (1990). "Farewell to Socialism? A Comment on Recent Debates". *Latin American Perspectives*, 17(2).

[3] Sartre J.-P. (1968). "On Genocide". In: Duffett J. (ed.) *Against the Crime of Silence: of the International War Crimes Tribunal.* NY: Bertrand Russell Peace Foundation.

јавност (на пример, злосторствата во Алжир извршени од страна на француската војска се сосема запоставени).

Ретроспективата покажува дека транзициската правда како проблем се појавува најнапред во однос на транзицијата од воена во цивилна власт, главно, во Латинска Америка. Во тој период Африка не е од централно значење, бидејќи соочувањето со минатото од колонизацијата е непријатно прашање за големите сили. Транзициската правда ќе стане лајтмотив на овој континент дури по падот на апартхејдот во Јужна Африка, со воспоставувањето на најславната комисија на вистината и помирувањето, како и по завршувањето на конфликтот во Руанда, по што следува формирање на Меѓународен трибунал за злосторствата извршени во тој конфликт.

Падот на социјализмот создава нов бран на транзиции кон либерална демократија, што отвора нов досега најширок фронт за поставување на прашањето на транзициската правда во однос на бившиот социјалистички режим, и тоа во Европа. Распадот на СФР Југославија, односно окончувањето на внатрешните (главно, етнички) конфликти повторно го наметнува прашањето на транзициската правда, најнапред преку воспоставувањето на Меѓународниот кривичен трибунал за воени злосторства, а потоа и преку другите механизми на транзициската правда.

## 3.**1. Транзициската правда и градењето на мирот**

Како што беше кажано, полето на транзициска правда е создадено врз основа на препознаеноста потреба да се адресираа наследството од насилството и распространетите повреди на човековите права пред и во време на политичка транзиција. Ова е време кога истовремено се стимулира воспоставување нов демократски/либерален поредок, но се втемелува и мировната агенда во постконфликтниот период. Ваквиот двоен пристап се

потпира врз сфаќањето дека мир не може да има без (либерална) демократија. Тој создава впечаток на сеопфатност во менаџирањето на општествата кои излегле од насилен режим и/или конфликт. Но, историски гледано, доминантната либерална парадигма на транзициска правда е поставена прилично тесно: таа се фокусира врз облиците на физичкото насилство и врз неговите последици, вклучително и врз повредите на физичкиот интегритет, како и врз граѓанските и политичките права во поширока смисла на зборот, но ги запоставува прашањата на економското насилство и економската (не)правда,[4] односно на структурното насилство. Доколку и се осврнува врз економските прашања, транзициската правда на нив гледа само како на контекст кој е корисен за подобро разбирање на физичкото насилство, а не како на можен извор на насилство.

Концептот на постконфликтно градење на мирот (post-conflict peacebuilding) опфаќа широк спектар активности и програми кои се реализираат во општества што минале низ насилни конфликти.[5] Тој концепт за првпат беше дефиниран во 1992 година во *Агендата за мир* на тогашниот Генерален секретар на ОН, Бутрос Бутрос Гали. Според него, станува збор за „акција насочена кон идентификација и поддршка на структурите кои ќе настојуваат да го јакнат и да го зацврстат мирот со цел да се избегне повторното враќање назад кон конфликтот".[6] Подоцна, со проширувањето на Агендата, основната идеја е проширена и нејзината суштинска цел е дефинирана како „создавање на

---

[4] Sharp N. D. (2012). "Addressing Economic Violence in Times of Transition: Toward a Positive-Peace Paradigm for Transitional Justice", *Fordham International Law Journal*, 35(3).

[5] United Nations (2008). *UN Peacekeeping Operations: Principles and Guidelines,* достапно на: http://pbpu.unlb.org/pbps/library/Capstone._Doctrine ENG.pdf.

[6] UN Secretary-General, *An Agenda for Peace: Preventive Diplomacy, Peacemaking and Peace-Keeping: Rep. of the Secretary-General*, 21, U.N. Doc. A/47/277-S/24111 (June 17, 1992), достапно на: http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN1N92/259/61/PDF/N9225961.pdfOpenElemenr.

структури за институционализација на мирот", со што се нагласуваат две работи: прво, ОН нагласува дека градењето на мирот е многу повеќе од просто елиминирање на вооружениот конфликт, односно дека подразбира создавање на позитивен мир, сфатен како елиминација на фундаменталните причини кои довеле до насилниот конфликт, со што се отстрануваат и мотивите за употреба на насилство од инволвираните страни. Втората работа, која се надоврзува на првата, е заклучокот дека постапките што се користат за да се изгради мир по воен конфликт, можат да бидат подеднакво корисни и да се употребат и за превенција на насилството пред да се случи. Со други зборови, превенцијата на конфликтот е само друго име за градење на мир.

Терминот (постконфликтно) градење на мирот е доста широк па и флексибилен. Оттука, во рамките на бројните организации под закрила на ОН или надвор од неа, тој се користи за да ги врами и да ги организира сите активности поврзани со: развојот, безбедноста, управувањето и правосудните реформи.[7] Терминот градење на мирот најопшто сфатен подразбира надворешни интервенции дизајнирани за спречување да избие вооружен конфликт или за спречување на обновување на насилството. Анализата покажува дека во циркулација се не само различни имиња користени од одделните меѓународни организации, или употреба на ист термин (градење на мирот) со различно значење и импликации, туку постојат разлики и во однос на концептуализацијата и операционализацијата на програмите опфатени со оваа идеја. На пример, термините превенција на конфликти и градење на мир УНДП ги користи како синоними, додека европските организации и институции го избегнуваат терминот градење на мирот, па наместо тоа зборуваат за цивилен кризен менаџмент. Понатаму, додека некои програми се фокусираат на обезбедување на стабилноста и безбедноста во

[7] Barnett M. et al.(2007) "Peacebuilding: What is in a Name?", *Global Governance*, 35(52).

раната фаза на имплементација на мировните договори, други поголем акцент ставаат на изградбата на цивилното општество, поттикнување на развојот, демократијата и владеењето на правото. На ваквата состојба првенствено влијаат мандатите и интересите на организациите и актерите вклучени во надворешните интервенции во насока на градење на мирот.

Денес, постконфликтното градење на мирот најчесто се поврзува со следниве активности: разоружување на завојуваните страни, помош за реинтеграција на бившите борци, деминирање и уништување на оружјето, повторно градење на безбедносниот и правосудниот сектор, репатријација и населување на бегалците, разни форми на асистенција за градење на демократија, вклучувајќи и мониторинг на избори итн. Барнет и неговите соработници,[8] од мноштвото програми и активности, прават класификација во вид на секторски категории: 1) безбедносен и воен сектор; 2) социјален, економски, развоен и хуманитарен сектор; 3) политички и дипломатски сектор; и 4) сектор на правда и помирување. Содржината на овој четврт сектор, кој е најрелевантен за транзициската правда, е прикажана на Табелата 2 подолу.

Односот меѓу градењето на мирот и транзициската правда никогаш не бил едноставен. Двете иницијативи ги споделуваат географските и временските координати, бидејќи се релевантни во ист простор и во ист период, односно по завршувањето на одреден конфликт. За тоа зборуваат и мандатите на операциите на ООН, кои за своја задача ги имаат остварувањето на целите на двете агенди. Меѓутоа, долго време на градењето на мирот и транзициската правда се гледаше како на нешта кои се некомпатибилни и кои се во одредена тензија. Теоретичарите и практичарите долго време водеа дебата позната под името „мир наспроти правда", но во последно време пристапот се менува, па транзициската правда се третира како значајна компонента на

[8] Исто, стр. 45.

поширокиот процес на градење на мирот. Според доктрината на ООН, „правдата, мирот и демократијата не се цели кои меѓусебно се исклучуваат, туку се императиви кои заемно се поткрепуваат".[9]

**Табела 2: Содржина на секторот на правда и помирување во рамките на постконфликтното градење на мирот**

| | |
|---|---|
| Дијалог на лидерите | Создавање можности и канали за дијалог меѓу лидерите на групите |
| Дијалог во заедницата | Создавање можности и канали за дијалог меѓу членовите на антагонизираните групи во заедницата |
| Градење мостови | Јакнење и поттикнување меѓуетничка доверба, толеранција и доверба во државните институции |
| Вистина и помирување | Воспоставување комисии и/или други начини за истражување на скорешното насилно минато, со користењена сознанијата како основа за помирување |

Меѓутоа, досегашното искуство покажува дека стратегиите на градење на мирот најчесто се градат „одозгора надолу". Со други зборови, тие се потпираат врз елитите и врз нивното меѓусебно договарање и пазарење, во насока на потпомагање на политичката транзиција. Партиципативниот пристап на градење демократија, „одоздола нагоре", се одложува на неопределено

[9] *Report of the Secretary General: The Role of Law and Transitional Justice in Conflict and Post-Conflict Societies*, исто.

време. Ова им дава повластена улога на државните и на меѓународните фактори, за сметка на учеството на локалните актери. Притоа, универзалните „терапии" имаат првенство пред она што го наложуваат специфичните локални искуства и потреби. Со други зборови, технократскиот легализам ја потиснува суштината на транзициската правда.

Иако вклучувањето на парадигмата за градење на мирот создава впечаток за проширување на модалитетите на транзициската правда, во стварноста таа станува само уште една задача од „постконфликтната листа", задача која треба да се штиклира, како и многуте други. Така, таа е сместена заедно со иницијативите за реформа на безбедносниот сектор, со програмите за демобилизација, за разоружување и реинтеграција на бившите борци, за јакнење на владеењето на правото – сите заедно значајни за транзицијата кон либерална пазарна демократија.

Критичките забелешки на сметка на сегашното поврзување на парадигмите на демократска транзиција и на постконфликтно градење на мирот не се насочени кон раскинување на нивната синергија. Напротив, транзициската правда треба да го олесни воспоставувањето позитивен мир, паралелно со демократските реформи, но транзициската правда мора да се демократизира и да ги плурализира своите пристапи. Тоа значи, критичко обмислување на она што е „мејнстрим" во транзициската правда, како и отвореност кон партиципаторните пристапи и вклучувањето на локалните заедници, врз основа на вкоренетите локални вредности и традиции.

Некои автори ја нагласуваат и потребата од холистички (сеопфатен) пристап, кој би ја вклучил и економската правда. Одлуките и аранжманите кои се однесуваат на природата на постконфликтниот поредок, владеењето на правото и демократијата имаат директно влијание врз дистрибуцијата на политичката, економската, социјалната и на културната моќ во општеството. Тоа значи дека настојувањата за затскривање на политичката компонента на градењето на мирот и на

транзициската правда, и нивното претставување како неутрални и аполитички технологии, може да биде контрапродуктивно.

## 3.2. **Владеење на правото и транзициската правда**

Интересот за транзициската правда добива толкав размер низ светот, што се чини дека сите прашања поврзани со правдата стануваат и прашања на транзициската правда, односно со правдата која доаѓа отпосле (*ex post*) и која гледа во минатото. Преминот кон новиот милениум на глобален план донесе чувство на т.н. метатранзиција, односно ја поттикна потребата од расчистување на старите и скриени неправди, како и забрзување на прашањата на задоцнетата транзициска правда. Оттука, зачестија повиците за јавни извинувања, репарации, меморијализации, како и другите облици на справување со конфликтното и трауматично минато.

Транзицијата претпоставува точка на раскин со стариот режим и на почеток на новиот. Многу често овој период е обележан со целосен колапс на владеењето на правото, за што сведочат масовни злосторства и тешки повреди на човековите права од страна на стариот режим, кои дотогаш биле скриени од очите на јавноста. Транзициската правда, меѓу другото, има цел да помогне одново да се воспостави правниот систем, но сега и да се изгради довербата во институциите кои ќе треба да ги адресираат старите злодела, но и да обезбедуваат нов поправичен поредок кој нема да дозволи повторување на слични ситуации во иднина. Жртвите на авторитарниот режим или на вооружениот конфликт бараат правда против оние што биле сторители на тешки повреди на нивните права, односно против носителите на функции во стариот режим (лидерите, судиите, полицајците и војниците, бирократите итн.), но и на нивните соработници (верски- и бизнис-лидери, новинари, па дури и обични граѓани). Имајќи предвид дека новиот режим не може да функционира во вакуум или да почне од

нула, секогаш се поставува прашањето дали и колку може да им се верува на старите институции и на носителите на функции, дали овие треба да се казнат и како да се дојде до соодветен начин на нивна смена. Раскинот со стариот систем би требало да значи и раскин со старото право и дотогашниот правосуден систем, па затоа се поставува прашањето за воспоставување нови односи засновани врз принципот на владеењето на правото.

Поборниците на транзициската правда се залагаат за нови и за хибридни институционални и општествени форми на задоволување на правдата во име на жртвите, но еден дел од научните кругови го доведува во прашање сфаќањето на транзицијата како исклучителен настан во политичкиот живот, тврдејќи дека и во периодот на транзиција аспирациите на новите власти и на општеството треба да се движат во рамките на општата теорија на владеењето на правото.

Транзициската правда е феномен поврзан со исклучителни, вонредни политички околности кога државата била инволвирана во вршење тешки повреди на човековите права, а остварувањето на правдата претпоставува смена на режимот (носителите на функции). Транзициската правда претпоставува нелинеарен пристап кон времето, што се рефлектира на преземените правни средства, кои се во вид на задоцнети граѓански парници. На меѓународен план, тоа го овозможува Конвенцијата на ООН за незастарување на воените злосторства и на злосторствата против човечноста.

Во светлина на глобализацијата и суверенитетот, во транзициската правда се наметнува едно фундаментално нормативно прашање: дали и во кој степен одговорот на нанесените неправди во поранешниот период треба да биде во рацете на државата во која се случиле неправдите? Токму поради тоа, како решение се наметнуваат меѓународните механизми за гарантирање на правото и правдата.

# 4. ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ТРАНЗИЦИСКАТА ПРАВДА

## 4.1. Потекло на терминот „транзициска правда"

Поимот транзициска правда е релативно нов, и во академска и во практична смисла. Всушност, во различни историски епохи, најнапред се појавуваат практичните/емпириски елементи на она што подоцна ќе се опфати под еден збирен назив и ќе се дефинира како „транзициска правда". Според некои автори, тие елементи можат да се најдат многу далеку во историјата, односно секогаш кога доаѓало до радикален раскин со еден режим (систем на владеење) и воспоставување на нов, кој требало да се справи со последиците од претходното владеење. Како такви се наведуваат примери од времето на античка Грција, до Француската револуцијаи подоцна.[1]

Џон Елстер, на пример, застапува т.н. анахрон пристап, па на транзициската правда гледа како на безвремен конструкт, чии варијации можат да се следат низ историјата. Но, критичарите укажуваат дека значењето на мерките преземани низ историјата суштински се разликувале, бидејќи актерите што ги преземале, имале сосема различни идеи и мотиви, кои нужно не се совпаѓаат со она што денес се подразбира како транзициска правда.

За да се одговори на прашањето колку треба да се трага назад во историјата по транзициската правда, некои автори велат дека одговорот треба да се бара во потеклото на самиот термин „транзициска правда", бидејќи зборовите опишуваат, но при чинот на опишување на појавите, тие истовремено и ги оценуваат и им даваат вредносна димензија. На пример, кога во либерално-демократски контекст се зборува за „демократија" или за „диктатура", за злосторства и за правда, истовремено се создава и

---

[1] Elster J. (2004). *Closing the Books: Transitional Justice in Historical Perspective*. Cambridge: Cambridge University Press; Bass G. J. (2000). *Stay the Hand of Vengeance: The Politics of War Crimes Tribunals*. Princeton: Princeton University Press.

легитимациска основа за оправдување на мерките на транзициската правда кои се преземаат за етаблирање на демократскиот модел.

Се смета дека терминот „транзициска правда" влегува во широка употреба во 90-тите години на 20 век. Но, иако спорадично и со различни значења, тој се среќава и нешто порано.[2] На пример, во периодот по Втората светска војна, тој се употребувал како ознака за *привремена* судска инстанца, а како пример се наведува една книга од 1948 година во која под транзициска правда се мисли на привремената судска администрација во времето на американската окупација на Ново Мексико. Во истиот период, изразот се среќавал и како ознака за привремена легислатива и организација по смената на еден режим. Изразот „транзициска правда" е чест во расправите за марксистичкото поимање на преминот од капитализам кон комунизам (социјализам), каде што фразата се однесувала на привремените институции во сите сфери (вклучително и во правосудната). Филозофот Милтон Фиск во 1989 година пишува за „државна концепција за транзициската правда". Интересно е што дебатата за транзицијата за која пишува Фиск се одвива паралелно со онаа за транзицијата од социјализам кон либерализам, но со различна семантичка смисла: кај Фиск, таа има значење на општествено-редистрибутивен проект, додека во вториот случај акцентот е ставен врз политичките реформи во периодот по напуштањето на авторитарните режими (вклучувајќи го и социјализмот).

Аргентинскиот социолог Хуан Коради го употребува изразот „транзициска правда" во една книга посветена на државниот терор во Латинска Америка, разбирајќи ја како „специфичен и интензивен вид на политичка правда: арбитрарното судење на претходниот режим." Според неговото сфаќање, таа е истовремено и повеќе и помалку од обичната правда. Таа е повеќе од обичната

---

[2] Види повеќе: Israel L. and Mouralis G. (eds.) (2014). *Dealing with Wars and Dictatorships: Legal Concepts and Categories in Action*. The Hague: Asser Press.

правда, бидејќи нејзината цел го надминува едноставното уредување на човечките односи: таа настојува да достигне морална и политичка регенерација. Таа е и помалку од редовната правда, бидејќи е предмет на сериозни нерегуларности, претставува политичка формула за формална елиминација на жртвените јагниња, оптоварена е со проблематични одлуки и пресуди донесени од моменталните носители на власта, а во врска со квалитетите и со политиките на нивните претходници, и претставува конститутивен акт на новиот режим.[3]

Иако модерните корени на транзициската правда се врзуваат за новиот модел на кривична правда, т.е. со Нирнбершкиот модел на кривична одговорност за воени злосторства и злосторства против човечноста, воспоставен веднаш по завршувањето на Втората светска војна, сепак терминот целосно се етаблира многу подоцна. Низ годините, најнапред се надминати тесните рамки на кривично-правниот модел, а како доказ за тоа, бројни автори укажуваат дека „револуцијата на одговорноста‟ или „каскадата на правдата‟, всушност, започнала во 70-тите години на 20 век во Латинска Америка, каде што се основаат бројни комисии на вистината, а потоа по принцип на домино ефект, механизмите на транзициската правда се пренесуваат во Источна Европа и во Африка.

Систематската употреба на терминот „транзициска правда‟ е поврзана со една серија значајни конференции одржани кон крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години на 20 век. Врз нив се формулира интелектуалната рамка за расправата околу проблемите на правдата во време на транзиција/преминот од авторитарни и/или конфликтни општества. Во редот на најважните конференции од овој период се вбројуваат следниве: „Злосторства сторени од државите: казнување или аболиција‟ (1988 година, во

---

[3] Corradi E. J. (1992), „Toward Societies without Fear‟. In: Corradi E. J., Weiss Fagen P. and Garretón M. A. (eds.), *Fear at the Edge: State Terror and Resistance in Latin America.* Oakland: University of California Press, стр. 267.

организација на Аспен институтот), „Правдата во времиња на транзиција" (1992 година во Салцбург, во организација на Фондацијата Повелба 77 од Њујорк) и „Справување со минатото" (во 1994 година, во организација на Институтот за демократија во Јужна Африка). Учесници се истакнати активисти за човекови права, јавни интелектуалци, филозофи, правници, научни работници и новинари, а главните теми се однесуваат на мерките соодветни за вакви историски моменти, како кривично гонење, кажување на вистината, реституција или репарации, реформи на државниот апарат, а сè со цел да се обезбеди правда за жртвите на стариот режим и за да се олесни транзицијата. Оригиналната замисла, очигледно, била поврзана со фразата за „правда во времиња на транзиција", иако некои од нив во текот на своите излагања го употребуваат и изразот „транзициска правда". Постојат дури и мислења дека кованицата „транзициска правда" е заслуга на еден новинар кој известувал од Салцбуршката конференција од 1992 година. Учесниците на таа конференција, меѓу кои и Рути Тејтел (која тврди дека токму таа е автор на изразот), подоцна го елаборираат и го етаблираат изразот во практичната и во академската сфера.

Појавата и прифаќањето на поимот транзициска правда, затоа, само по себе се смета за обид да се даде одговор на новите историски и политички предизвици, но претставува и средство за оправдување на практиките насочени кон одговарање на овие нови историски задачи. Како спонзори на ваквите конференции се јавуваат моќни и богати фондации. Всушност, на тој начин, Западот фактички се поставува како морален арбитер над победените авторитарни системи (социјалистичките), но и над оние земји во коишто нивната интервенционистичка политика инсталирала воени хунти и диктаторски режими.

Се смета дека како академски поим, тој за првпат е употребен од Тејтел во 1992 година. Во наредниот период таа објавува бројни научни трудови од оваа област, вклучително и книгата „Транзициска правда" (во 2000 година), која според

множина претставува фундаментално дело за оваа проблематика. Како исклучително значаен придонес во полето се издвојува и една друга публикација под наслов „Транзициска правда: Како новите демократии се справуваат со бившите режими".[4] За уредувачот на таа книга, Нил Криц, се вели дека подготвил канон на транзициската правда и го антиципирал значењето кое ова поле ќе го добие во наредните години.[5] Поднасловот на книгата упатува на заклучок дека транзициската правда е нешто што новите демократии го преземаат во врска со последиците од авторитарното владеење на бившиот режим. Транзициската правда се однесува на направениот избор на мерки и на квалитетот на изречената правда кога новите лидери ги заменуваат оние што се сметаат за одговорни за кривични дела.

Во почетокот од употребата на изразот „транзициска правда", има обиди атрибутот „транзициска" да се омаловажи и да се сведе на грешка во синтаксата. Постоеле и предлози за усвојување на називот постконфликтна правда, како посоодветен. Александар Борејн, еден од архитектите на јужноафриканската Комисија на вистината и помирувањето, го дава следениов одговор на ваквите предлози:

> „Некои значајни научници го отфрлаат терминот, преферирајќи да зборуваат за постконфликтна правда. Но, постконфликтната правда не ги адресира комплексноста и процесите на политичките транзиции... Други ја дефинираат транзициската правда како продолжение на редовниот кривично-правен систем кој се потпира исклучиво врз правните средства за исправање на неправдите. Ваквиот пристап не води сметка за ограничувањата на правото, особено во случаи на масовни злосторства, како што се

[4] Kritz J. N. (ed.). (1995). *Transitional Justice: How Emerging Democracies Reckon with Former Regimes*. Washington D.C.: USIP.

[5] Paige A. (2009). "How Transitions Reshaped Human Rights: A Conceptual History of Transitional Justice", *Human Rights Quarterly*, 31(2), стр. 331.

> геноцидот, етничкото чистење и злосторствата против човечноста. Во обидите да се соочиме со ваквиот вид злосторства, не само што нашиот морален дискурс го достигнува својот лимит, туку и ја нагласува несоодветноста на редовните мерки кои вообичаено се применуваат во полето на кривичната правда.“[6]

Уште во раната фаза, оксфордскиот историчар Тимоти Гартон Еш го критикува изразот „транзициска правда“ како претесен за да ја опфати сета суштина на мерките коишто треба да ги преземат младите демократии за да се справат со наследството од стариот режим. Тој предлага употреба на германската терминологија од времето на денацификацијата и на германското соочување и справување со минатото и со последиците од нацизмот. Преводот на германската терминологија, според Еш, соодветствува на содржината на следниве изрази: „конфронтирање со минатото“, „соочување со минатото“, „справување со минатото“, „помирување со тешкотиите од минатото“ и сл.[7] Според него, најквалификувани за оваа задача се историчарите, затоа што станува збор за сензитивна работа особено кога се отвораат досиејата на тајните служби, кога се деконструираат државните политики засновани врз следењето на приватниот живот, врз лаги и клевети, што само по себе може и по вторпат да ги повреди жртвите на старите авторитарни или тоталитарни режими. Тој укажува и на тоа дека зборот вистина е голем и подложен на злоупотреба, па затоа треба да се внимава, па наместо за вистина да се зборува за факти:

---

[6] Boraine L. A. (2004) *Address onTransitional Justice as an Emerging Field* 2 (March 11), достапно на http://www.idrc.ca/uploads/user-S/10829975041revised-boraine-ottawa-2004.pdf.

[7] Ash, G. T. (1998). "The Truth about Dictatorship", *NY Review of Books*, 19 February.

> „Доказите треба внимателно да се одмеруваат. Текстот мора да се смести во историскиот контекст во којшто бил создаден. Неговото толкување има потреба и од интелектуална дистанца, но и од есенцијално имагинативното сочувство со сите кои биле инволвирани, па и со оние кои вршеле репресија.“[8]

Укажувањата на Еш се темелат врз германските искуства на водење поширока општествена дебата не само за последиците од Холокаустот, туку и за причините кои довеле до него, за разликувањето на прашањето за вината (на сторителите) од одговорноста на општеството кое не го спречило, ниту се обидело да го спречи Холокаустот.

Имајќи го предвид сево ова, во овој учебник, поимот „транзициска правда“ ќе се користи во најширока можна смисла, со цел да ги опфати сите правни и неправни (или поточно, вонправни) мерки на справување со последиците од авторитарно или конфликтно минато, вклучувајќи ги и општествените активности во насока на соочување со минатото и заздравување преку лекување на траумите и извлекување поуки за иднината. Елементот на правдата мора да се сфати во поширока смисла. Така, правдата во овој контекст, и согласно со Извештајот на Генералниот секретар на ОН, претставува:

> „...идеал на одговорност и правичност во заштитата на правата, како и превенција и казнување на злоделата. Правдата претпоставува грижа за правата на обвинетите, за интересите на жртвите и за благосостојбата на целото општество. Таа е концепт кој е вкоренет во сите национални култури и традиции, и иако нејзиното администрирање обично претпоставува формални судски механизми, подеднакво се значајни и традиционалните механизми за решавање спорови“.

[8] Исто, стр. 40.

Тејтел смета дека правдата во контекст на транзициската правда оди подалеку од ретрибутивната, кривичната правда. Се претпоставува, всушност, дека кривичната правда не е можно целосно да се спроведе, па затоа се опфаќа и ресторативната правда која настојува да ја обнови или дури и да ја реконструира заедницата (во смисла на „креативна" правда).[9] Конечно, транзициската правда е *правда на исклучокот*, која има цел да ги промени конфликтот и постконфликтната ситуација „од една веќе многу лоша во нешто подобра состојба".

На крај, значајно е да се нагласи и следново: покрај терминот „транзициска правда", како синоними неретко се употребуваат и изразите „справување/соочување со минатото" и „помирување". Меѓу нив постои силна концепциска врска, а и механизмите кои се врзуваат за остварувањето на нивните цели понекогаш е невозможно ни да се одделат ни да се разграничат. Таков е, впрочем, и пристапот во оваа книга.

## 4.2. Различните значења на поимот транзициска правда

Поимот транзициска правда бил промовиран и одомаќинет во 90-те години на 20-от век, но оттогаш до денес неговата употреба укажува на различните значења кои му се даваат. Оттука, не е чудно што транзициската правда е предмет на повеќе различни дефиниции. Увидот во опсегот и начинот на употреба упатува на најмалку три значења на терминот транзициска правда:

1) Имајќи предвид дека тој е создаден најнапред во активистичките кругови и во сферата на цивилното општество, не е ни чудно што најчесто под транзициска правда се подразбира ***поле на практично дејствување*** во насока на имплементација на различните механизми за справување со авторитарното или конфликтното минато. Според Хосе Залакует, претседателот на

[9] Cassin, B. (2006). "Removing the perpetuity of hatred": On South Africa as a model example. *International Review of the Red Cross*, 88(862), стр. 238.

чилеанската Комисија на вистината и помирувањето, справувањето со транзициските политички состојби претставува *нова област од практиката на човековите права*, која поставува сложени етички, правни и практични прашања. Артур смета дека под транзициска правда се подразбира *меѓународна мрежа на поединци и институции*, чија внатрешна кохерентност се одржува како резултат од заедничките концепти, практични цели и конкретни основи на легитимитет во дејствувањето. Со други зборови, полето на транзициската правда подразбира збир на интеракции меѓу активистите, правниците и правните теоретичари, креаторите на политиките, новинарите и политиколозите кои се занимаваат со човековите права и со транзицијата кон демократијата.[10]

Причините поради кои зборува Артур за „поле на транзициска правда" се следниве:

а) јасно препознатливо и издвоено поле од она од кое е произлезено, а тоа е полето на човековите права;

б) тоа опфаќа збир на актери кои имаат заеднички цели и кои се свртени едни кон други во своето практично дејствување; в) врз неговата основа е изграден збир на институции заради остварување на зададените цели; и

г) тоа разви сопствени критериуми за оценка и самолегитимација.

2) Генерално, и особено на глобален план, транзициската правда претставува ***збирен назив за различните компаративни искуства во процесот на примена на механизмите на правдата*** во време на политички транзиции. Триша Олсен, Ли Пејн и Ендру Реитер под транзициска правда го подразбираат *збирот на процеси* осмислени како одговор на масовните прекршувања на човековите права, до кои дошло како резултат од политички немири, државна репресија или насилен

---

[10] Paige, *исто,* стр. 324.

конфликт.[11] Меѓународниот центар за транзициска правда ја дефинира транзициската правда како *збир од судски и вонсудски мерки* кои се имплементирани од и во различни држави, а со цел да се исправат неправдите од минатото, а кои се однесуваат на масовното кршење на човековите права. Овие мерки вклучуваат кривичен прогон и судења, комисии на вистината, програми за репарација и различни институционални реформи.[12]

Во 2004 година, своја дефиниција даде и Генералниот секретар на ООН: *транзициската правда е збир на целиот сплет на процеси и механизми поврзани со обидите на едно општество да се соочи со наследството на злоупотреби и злодела од минатото, а со цел да се гарантира отчетност, да ѝ се служи на правдата и да се постигне помирување*. Тој се заложи за холистички стратегии, кои во себе ќе опфатат ставање акцент на кривичниот прогон на поединци, репарации, утврдување на вистината, институционални реформи, забрана за вршење дејност и отпуштањата, или соодветна комбинација на овие пристапи, но во рамките на меѓународните стандарди и обврски.[13] Ваквиот широк пристап кон транзициската правда, меѓу другото, настојува не само да се најдат начини да се залечат раните и траумите, туку и внимателно да се утврдат корените на конфликтите и на причините за тешките повреди на човековите права (вклучувајќи ги и социоекономските, личните и политичките права). Луиз Арбур, високиот комесар за човекови права на ООН, во 2006 година укажа дека

> „транзициската правда мора да е насочена кон асистирање на трансформацијата на репресираните општества во слободни, преку адресирање на неправдите од минатото преку мерки

---

[11] Olsen D. T., Payne A. L. and Reiter G. A. (2010), *Transitional Justice in Balance: Comparing Processes, Weighing Efficacy*, Washington D.C.: USIP Press Books.
[12] *International Center of Transitional Justice*, "What is Transitional Justice?", достапно на: https://www.ictj.org/about/transitional-justice
[13] Report of the Secretary-General to the Security Council on the rule of law and transitional justice in conflict andpost-conflict societies (S/2004/616, paras. 8 and 26).

> кои ќе обезбедат правична иднина. Таа мора да се справи не само со злосторствата и со злоупотребите кои настанале во текот на конфликтот, туку и со повредите на човековите права кои постоеле пред избивањето на конфликтот, а кои го предизвикале или придонесле тој да избувне."[14]

3) Во академската заедница, под транзициска правда се подразбира една релативно млада, но ***посебна научна дисциплина*** којашто се занимава со истражување на компаративните искуства, со добрите и лошите практики, но и со теориските размисли за односот на правото, правдата, злосторствата, транзицијата, сеќавањата, историските наративи и сл. Тејтел ја дефинира транзициската правда како концепција на правдата поврзана за периоди на политички промени,[15] односно транзиции, кои науката ги смета за временски интервали што траат од крајот на еден политички режим до консолидирањето на новиот (т.е. до воведувањето на демократијата).[16]

Сред интензивните напори за етаблирање на оваа научна дисциплина на универзитетите и истражувачките центри, кои се занимаваат со прашањата на мирот и конфликтите, но и со некои други прашања, некои автори го доведуваат во прашање статусот на ова академско поле. Така, Кристина Бел укажува дека транзициската правда се претставува како етаблирано поле на научна работа поврзано со практичните искуства во справувањето со повредите на човековите права од минатото во општествата во транзиција, но ја проблематизира оваа теза укажувајќи на неколку

---

[14] Arbour L. (2006), „Economic and social justice for societies in transition", *Second Annual Transitional Justice Lecture* hostedby the New York University School of Law Center for Human Rights and Global Justice and by the International Center for Transitional Justice (New York, 25 October).

[15] Teitel G. R. (2003), „Genealogy of Transitional Justice", *Harvard Human Rights Journal*, 16(69).

[16] O'Donnell G. and Schmitter C. Ph. (1986). *Transitions from Authoritarian Rule: Tentative Conclusions about Uncertain Democracies.* Baltimore: Johns Hopkins University Press.

поенти.[17] Најнапред, таа е скептична во врска со исклучителната брзина со која се промовираше оваа проблематика како одделно поле на научно истражување (од 2000 година до денес), за разлика од многу други кои морале да поминат низ подолги периоди на самодокажување. Таа нуди аргументи низ кои докажува дека интердисциплинарноста на ова поле/дисциплина е само начин да се прикрие еклективистичката природа и политичката намера која стои зад овој механизам на меѓународен стејтбилдинг.

Транзициската правда се обидува да создаде интегративна платформа за различните активности, субјекти и механизми кои се инволвирани во практичните акции свртени кон соочување со минатото, при што доаѓа до проблематична поделба меѓу развиените и неразвиените земји. Оние што ја застапуваат тезата дека транзициската правда е посебно научно поле тврдат дека таа претставува „сфера на знаење, интерес и дејност, чија целовитост е гарантирана со јасните столбови на нејзиниот легитимитет кои од неа прават дисциплина".[18] Овој збир на знаење има свој бекграунд во образованието, тренингот, процедурите, постапките и содржините. Но, таа е, сè уште, во потрага по единствен пристап на она што досега го работеа различните дисциплини, без да водат дијалог меѓу себе.

Денес, научната дејност поврзана со транзициската правда е не само во пораст, туку и се одвива во рамките на цела низа научни дисциплини, како антропологија, културни студии, мировни студии, етика, историја, филозофија, политички науки, психологија, социологија и теологија, меѓу другите. Сепак, влијанието на правната наука и натаму е од големо значење, посебно во однос на прашањата што се однесуваат на: меѓународното хуманитарно право, меѓународното кривично

---

[17] Bell C. (2009), "Transitional Justice, Interdisciplinarity and the State of the 'Field' or 'Non-Field' ", *International Journal of Transitional Justice*, 3(1).
[18] Editorial Note (2007), *International Journal of Transitional Justice,* 1(1), стр. 1–5.

право, меѓународното право за човекови права и сл. Но, најновите тенденции водат кон социоправна анализа на следниов сет прашања: како треба да се сфати концептот на транзициска правда во однос на улогата на владеењето на правото во текот на конфликтот?; потребата од институционална реформа и соочување со минатото; кога и како општествата или посредниците ги одбираат најсоодветните механизми?; кои се предностите на пристапите „од горе кон долу" и „од долу кон горе" во дизајнирањето на транзициската правда?; и, кои се предностите на локалните наспроти националните и/или меѓународните пристапи и процеси?

Во својата критика на концептот за „полето на транзициската правда", Бел ги застапува следниве позиции:

а) Транзициската правда не претставува кохерентно поле, туку е повеќе наметка/заеднички назив со цел да ги рационализира различните пазарења во однос на минатото како единствен потфат, и тоа на начин кој ги затскрива различните вредносни, морални и политички импликации од пазарењето;

б) Транзициската правда не е поле на практично дејствување и поле на истражување кои треба да се обединат во насока на кохерентен развој. Наместо тоа, таа е кохерентна само во смисла на спојувањето на практиката и интердисциплинарната правна анализа;

в) Барањата за интердисциплинарност не се романтичен и неутрален повик за надминување на ограничувањата поставени од различните дисциплини, туку дел од легитимирањето на дискурсот за транзициската правда како поле и обид за деколонизирање на полето од правото, а во полза на неправните дисциплини.[19]

[19] Bell, исто, стр. 6.

## 4.3. Значењето на транзициската правда за демократијата и за мирот

Уште од почетокот на неговата промоција, концептот на транзициска правда се засновува врз уверувањето дека тешкото наследство од времето кога биле сторени тешки повреди на човековите права не смее да се запостави. Имено, справувањето со тој дел од минатото на општеството е нужно, бидејќи, во спротивно, не само што страдањата на жртвите и преживеаните ќе се продлабочуваат, а траумите ќе се пренесуваат од генерација во генерација, туку таквиот однос спрема минатото ќе ги спречи транзициските општества да научат како да тргнат кон помирување, кон траен мир, демократија и владеење на правото. На извесен начин, транзициската правда станува средство за превенција на идни насилни конфликти, односно, како што вели Јохан Галтунг, тоа е постапка на „лекување на минатото", што е спротивно од ревизијата/фабрикувањето на минатото.

Искуствата и знаењата стекнати од полето на транзициска правда треба да претставуваат заеднички одговор на еден единствен проблем, кој гласи: како да се адресираат повредите на човековите права во минатото во контекст на промената на политичкиот поредок (политичка транзиција)? На пример, во 1989 година, зборувајќи за жртвите на тортурата, Лоренс Вешлер оваа дилема ја изразува на следниов начин: „Постоеше еден момент кој очајнички бараше да биде адресиран –- подеднакво очајнички и од општеството во кое се вршела тортура и од жртвите на таа тортура. Прашањата кои треба да се одговорат се: Кој беше таму? Кој врескаше? Кој, дури и сега, ќе се осмели да ги слушне? Кој ќе биде одговорен за стореното? Кој ќе биде тој што ќе го постави прашањето на нивната одговорност?".[20] Проблемот произлегува од фактот што токму во времето кога се бара одговорност за

[20] Weschler L. (1990), *A Miracle. A Universe: Settling Accounts with Torturers*. Chicago: University of Chicago Press.

репресијата и тортурата, политичките околности се деликатни и опасни.

Ваквото гледање ја позиционира транзициската правда како неутрална сила со високо морална цел. Тоа го покажува литературата од ова поле, која ги опишува и ги разгледува пристапите кон транзициската правда и нивната поврзаност со моралните принципи преку кои транзициската правда се „справува" со минатото, како што се: вистината, правдата, помирувањето, сеќавањата и одговорноста.

Сите механизми на транзициската правда (комисии на вистината, судови, меморијали или програми за репарации на жртвите) вообичаено се повикуваат на моралниот и правниот резон за да го оправдаат своето постоење. Генерално, тие така и се разбираат од страна на поширократа јавност. Дебатите за тоа каква треба да биде транзициската правда, аргументите кои се однесуваат на она што е можно да се постигне во практична смисла, а што е морално доблесно и правно дозволено, фрлаат сенка врз дејствувањето на политиката во заднината на целиот процес. На тој начин се затскрива суштината на политичкиот проект поради кој е оригинално и создадена транзициската правда, а тоа е воспоставување нов тип држава (стејтбилдинг). Оттука, транзициската правда истовремено претставува *одговор на злоупотребата на власта на стариот режим, но и начин за легитимирање на новата власт*. Авторитетот на транзициската правда произлегува од меѓународните норми и од т.н. меѓународна заедница. Парадоксот лежи во фактот што транзициската правда како концепт е реакција и одговор на глобалниот бран на политички транзиции, а сепак максимално се настојува разбирањето на транзициската правда да биде деполитизирано, односно оддалечено од политиката, и покрај неговата длабоко политичка суштина и цел.

Во меѓувреме, од првото појавување на терминот до денес, транзициската правда стана глобална индустрија. Јелена Суботиќ ја објаснува низ призмата на социолозите институционалисти, како

„организациско поле" сочинето од организации, кои во вид на некаков агрегат сочинуваат една препознатлива област на институционализираниот живот со набавувачи, корисници на производите, регулаторни агенции и други организации кои нудат слични производи или услуги.[21] Оваа индустрија, меѓу другите, е предводена и од Меѓународниот центар за транзициска правда (МЦТП) со десетици канцеларии низ светот и со проекти во преку 30 земји. Сфатена како поле на практично дејствување, таа најмногу се прошири преку промовирање на комисиите на вистината и помирувањето и другите механизми, додека како поле на знаење, таа се развива преку компаративна анализа на случаите во кои се применети практиките на транзициската правда. Авторитетот на МЦТП и на другите меѓународни актери ангажирани на полето на транзициската правда се должи на нивната техничка експертиза и на (самообезбедениот) морален императив да се најдат соодветни одговори на сторените злосторства.

Според Тејтел, транзицијата се смета за завршена во моментот кога „либералната демократија од западен тип" е конечно воспоставена. Оттука може да се заклучи дека, иако јазикот на транзициската правда требаше да послужи за неутрализација (затскривање) на вредностите на либералната демократија, сепак нејзината крајна цел се наоѓа токму во таа политичка транзиција. Имајќи го предвид политичкиот контекст во кој транзициската правда доживеа процут, станува јасно дека е составен дел на процесот на демократизација во периодот по Студената војна.

Според еден од прирачниците за проектите од оваа област се вели дека клучните елементи на процесот на воспоставување транзициска правда се следниве:

---

[21] Subotić J. (2010). *Otimanje pravde. Suočavanje s prošlošću na Balkanu.* Beograd: Beogradski centar za ljudska prava, стр. 40.

- Повторно враќање на правдата и владеењето на правото, особено за жртвите на насилството;
- Потрага и откривање на вистината/фактите (truth-seeking); и
- Развивање нови општествени односи и врски.

Бел, меѓутоа, констатира дека транзициската правда е доста амбивалентна во своите пристапи и суштина, бидејќи настојува да воспостави баланс помеѓу три концепции:

1) транзициската правда како постојана битка против неказнивоста, што е тема која непрестајно извира од дискурсот на човековите права;
2) збир на техники за разрешување (и превенција) на конфликтите; и
3) средство на меѓународната интервенција (меѓународен стејтбилдинг) по завршувањето на масовните злосторства.

Прифаќањето на процесот на транзициска правда од страна на новиот режим претставува и важен елемент на нивното меѓународно легитимирање и прифаќање во рамките на меѓународната заедница. Тоа е сигналот кој се испраќа дека тоа општество сериозно се подготвува за остварување и почитување на демократијата и на човековите права.

## 4.4. **Цели на транзициската правда**

Идејата на транзициската правда се заснова врз потребата од утврдување на одговорноста и обезбедување одредена сатисфакција на оние што биле жртви на злоделата од минатото. Почетната точка е признавањето на дигнитетот на жртвите како граѓани и како човечки суштества. Оттука, транзициската правда се зафаќа со најтешките прашања поврзани со правото и со

политиката. Со самиот факт дека жртвите и нивниот дигнитет се централната точка на дебата се испраќа јасен сигнал за тоа кој е патот кој води напред, кон возобновување на разурнатата заедница, во која обичните граѓани ќе бидат безбедни, односно заштитени од злоупотребите на властите и ќе бидат ефективно заштитени од различните видови насилство од недржавните актери.

Масовните злосторства и системските злоупотреби оставаат зад себе уништени општества, а наследството од минатото – доколку не биде адресирано – создава услови земјата и натаму да биде слаба и подложна на нов бран насилство. Во таквите земји политичките и правните институции се слаби, нестабилни, политизирани и без доверба од страна на јавноста, особено по извршените злосторства кои тие институции не ги спречиле или дури и ги поттикнувале и ги извршувале. Потрагата по легитимни одговори на масовните повреди, во вакви неповолни околности и социјална ранливост, е токму она што ја дефинира и ја разликува транзициската правда од генералната промоција и заштита на човековите права.

Според Меѓународниот центар за транзициска правда, целите на транзициската правда се разликуваат во зависност од контекстот. Но, како генерални цели, стандардни за сите ситуации, се наведуваат следниве:[22]

1) Признавање на дигнитетот на поединците;
2) Признавање на страдањата од злосторствата; и
3) Спречување да се повторат повредите и насилствата.

Комплементарни цели, покрај горенаведените, се:

1) Воспоставување на отчетни институции и враќање на довербата кон институциите;

---

[22] Види повеќе на: https://www.ictj.org/about/transitional-justice

2) Обезбедување пристап до правдата за најранливите веднаш по завршувањето на насилствата;

3) Обезбедување жените и припадниците на маргинализираните групи да имаат ефективна улога во потрагата по праведно општество;

4) Владеење на правото;

5) Олеснување на мировниот процес и поттикнување на трајни решенија за конфликтите;

6) Воспоставување основа за адресирање на подлабоките причинители на конфликтот и на дискриминацијата; и

7) Помирување.

## 4.5. Основни пристапи кон транзициската правда

Низ годините, откако пошироко се афирмира идејата за адресирање на неправдите и на страдањата од минатото (пред транзицијата кон нов режим), државите развиле различни пристапи кон реализација на целите на транзициската правда. Меѓу нив, најважни се следниве (кои ќе бидат подетално разработени подолу во оваа книга):

– *Кривично гонење и судење на сторителите и одговорните* за масовните злосторства и повреди на човековите права во стариот режим. Станува збор за кривични истраги и судски постапки спрема виновниците. Но, обвинителите неретко акцентот го ставаат врз оние што биле на врвот на пирамидата на моќта, на т.н. „големи риби‟, кои биле наредбодавци и кои го одржувале неправедниот систем заснован врз системско кршење на човековите права и насилството врз членови на општеството.

– *Комисии на вистината и помирувањето*. Ова се специјално формирани тела чија примарна задача е истражувањето на фактите за клучните периоди во кои се случувале злоупотребите,

вклучително и за тоа кои биле жртвите и сторителите, како и околностите под кои доаѓало до системски и масовни повреди на човековите права. Најчесто вакви тела воспоставуваат државите, па комисиите добиваат статус на официјални државни тела, кои во текот на својата работа даваат препораки за тоа како може да се залечат страдањата и штетите настанати како последица од злоупотребите, а со цел да се превенира повторен бран на такви случувања и нови страдања.

– *Репарации*: ова се иницијативи поддржани од државата кои помагаат да се залечат материјалните и моралните штети до кои дошло поради злоделата од минатото. Вообичаено, тие претставуваат комбинација на материјални и морални надоместоци за жртвите, кои можат да вклучат некаква финансиска компензација и службено извинување.

– *Родовата правда* се состои во збир на напори насочени кон отстранување на неказнивоста за сексуално или за родово засновано насилство, како и мерки за обезбедување на еднаков пристап до правдата за жените чии права биле повредувани во претходниот режим.

– *Реформата на безбедносниот систем* опфаќа напори кон трансформација на војската, на полицијата, судството и на другите слични институции, кои од инструменти на репресија и корупција треба да станат јавен сервис и инструменти за заштита на интегритетот на поединците.

– *Меморијализацијата* опфаќа изградба на музеи и меморијали кои имаат цел зачувување на јавната меморија за жртвите и за подигнување на моралната совест и свест за злоделата од минатото, за да се изгради брана од нивно евентуално повторување.

Наведените мерки и иницијативи се оние што се општоприфатени како основа за напорите за остварување на транзициската правда, но листата не е затворена. Голем број општества развивале сопствени методи и мерки, во согласност со локалните околности и потреби, некогаш комбинирајќи ги мерките од дадената листа, некогаш менувајќи ги и потпирајќи се врз сопствените традиции.

## 5. ЗА ДИСЦИПЛИНАТА НА ТРАНЗИЦИСКА ПРАВДА

Полето на транзициската правда, како што веќе видовме, во современата смисла на зборот, се појавува најнапред на меѓународно, а дури потоа на национално ниво. Оттука, неговата епистемолошка основа е по дефиниција компаративна, заснована врз споредбените искуства и на нивната типологизација, односно врз евалуацијата на нивната практична примена во одделните општества кои излегле од авторитарен или конфликтен период.

Како што веќе беше кажано, на академското и научноистражувачко детерминирање на транзициската правда му претходеа серија настани организирани од невладини организации и фондации, претежно од развиените западни демократии. Листата на учесници на овие конференции покажува не само сличност во поглед на нивните компетенции и професионални профили, туку дури и персонално совпаѓање – појавување на исти значајни личности на секоја од нив. И во содржинска смисла, конференциите се структурирани на сличен начин – со фокус на одделните мерки, како кривичен прогон, кажување на вистината, реституција или репарација, реформа на државните институции со цел обезбедување правда за жртвите и потпомагање на транзицијата во новиот систем. Конференциите, всушност, ги детерминираат клучните дилеми низ компаративна призма, а со тоа и (идните) истражувачки прашања на посебната академска дисциплина – транзициска правда.

Полето на транзициската правда, создадено на ваков начин, со текот на времето се стекнува со посебна физиономија, која се огледува во следниве карактеристики:

1) издвојување од полето на човековите права, од кое оригинално израснува;

2) создавање на збир на субјекти/актери со заеднички цели, упатени едни кон други во своето дејствување;

3) појава и обмислување на посебни институции за реализација на поставените цели; и

4) дефинирање на посебни критериуми за проценување и за самолегитимирање.

Исто така, за ова поле може да се каже дека добива главно компаративен карактер, во смисла дека е насочено кон развивање типологизации на искуствата и стекнатото знаење во систематизиран склоп на сознанија, кои ќе послужат за анализа на сегашноста и проекции за иднината.

Транзициската правда доживува исклучително брза експанзија, почнувајќи од иницијалната фаза набргу се консолидира во посебно поле на знаење и на практични искуства, на што по само една деценија доаѓа до создавање на значителна теориска литература и расправа. Ова поле на научно истражување и анализирање е исполнето со тензии, кои ги откриваат суштинските дилеми меѓу идеите на мирот и правдата, меѓународното и локалното, ретрибуцијата и реституцијата, правото и политиката. Научното поле израснува на понекогаш спротивставените дебати и дисциплини, а како практично поле настојува да ги примени единствените наративи врз серијата локални искуства, и обратно.

Кристина Бел ги доведува во прашање овие контрадикции и тврди дека транзициската правда опфаќа три одделни проекти:

1) борба против неказнивоста која е вкоренета во дискурсот на човековите права;

2) збир на техники за разрешување конфликти кои се однесуваат на креирањето на уставот; и

3) меѓународен стејтбилдинг (интервенција) по завршувањето на фазата на масовни злосторства.

Истражувањето на транзициската правда, односно на прашањата зошто, како и со каква цел треба да дојде до

справување со авторитарното или конфликтното минато, е можно само низ интердисциплинарен пристап и со примена на различни методолошки постапки. Централните прашања/концепти на кои се фокусира оваа дисциплина се следниве:

– ***Транзиција***: како треба да се разбере поимот „транзиција"? Кога започнува, а кога завршува? Како различните видови транзиција влијаат врз пристапите при справувањето со минатото?

– ***Злосторства и повреди на човековите права***: колкав бил обемот и каков бил видот на извршени злодела? Кои се меѓународните регулативи што ги уредуваат обврските на државите како одговор на ваквите дела?

– ***Улогата на правото***: каква е врската меѓу транзициската правда и владеењето на правото? Во кој степен се разликува владеењето на правото во текот на транзицијата од правото во демократиите?

– ***Исправање на неправдите од минатото***: какви мерки можат да се преземат за да се поправат неправдите (на пример, репарации, редистрибуција на земјиштето, ослободување на затворениците, разоружување, демобилизација и реинтеграција на бившите борци)?

– ***Справување со минатото***: во каков облик, активности и влијание можат да се појават институциите воспоставени за да ги утврдат вистината, одговорноста и репарациите?

– ***Актери***: каква улога и функции вршат националните и меѓународните субјекти во моделирањето на облиците на транзициска правда?

# 6. **ИСТОРИЈАТ НА ТРАНЗИЦИСКАТА ПРАВДА**

Корените на транзициската правда можат да се најдат далеку во историјата. Историската анализа покажува дека постои тесна врска меѓу видот на правда кој се настојува да се оствари и актуелните политички услови. Со други зборови, опсегот на поимот транзициска правда се менувал со текот на времето, што значи дека под транзициска правда во различни периоди се подразбирале различни нешта.

Тејтел зборува за три модерни фази во нејзиниот развој, особено на практично ниво.[1] Иако елементи на транзициска правда можат да се најдат и во периодот по Првата светска војна, па и претходно, сепак се смета дека првата фаза започнува веднаш по завршувањето на Втората светска војна, со воспоставувањето на првите меѓународни судови за воени злосторства. Студената војна му става крај на овој феномен. Втората фаза започнува со т.н. трет бран на демократизација, кој започнува во средината на 70-тите години на 20 век, опфаќајќи преку 60 земји од Европа, Латинска Америка, Азија и Африка. Третата фаза настапува кон крајот на 20 век, кога транзициската правда почнува да се смета за дел од решавањето на конфликтите.

## 6**.1. Прва фаза на транзициската правда**

Зачетоците на транзициската правда можат да се пронајдат во периодот меѓу двете светски војни, кога како централно се наметнува прашањето за тоа што е праведна војна во рамките на меѓународното право и како да се казнат делата кои значат кршење на принципите наметнати со овој концепт. Во овој контекст, уште поконкретно, се поставуваат и прашањата дали и во кој степен треба да се казни Германија за агресијата од Првата

[1] Teitel, исто.

светска војна, и во каква форма – во вид на меѓународни или национални санкции, колективни или индивидуални. Првата фаза на транзициската правда, сепак, започнува по Втората светска војна, кога централно место добиваат меѓународните судења пред Нирнбершкиот трибунал, а кои се врзуваат за општите рамки на меѓународното право. Поучени од лошите искуства на национални судски процеси во Германија и репарациите изречени по Првата светска војна, овој пат се прави исчекор во две насоки. Прво, наместо национални судења, се воспоставува меѓународен трибунал, а второ, во однос на репарациите и санкциите за државата (кои се сметале за еден од факторите кои придонесле за појавата на нацизмот), сега се оди кон поинаков пристап – на меѓународна интервенција (наречена градење нација, nationbuilding), но и на индивидуализација на вината.

Целта на транзициската правда во овој период е остварување на отчетност за сторените злодела, а најголема иновација е употребата на меѓународното кривично право и негова примена директно на поединци, со заобиколување на принципот на државен суверенитет и немешање во внатрешните работи. Но, голем број автори се согласуваат дека дополнителна цел на овие судски процеси е и оправдување и легитимирање на воените операции на Сојузниците, што како цел ќе се појави одново во третата фаза со нагласување на меѓународната правда пред националната.

Транзициската правда во овој период, сепак, претставува релативно краткотрајна, иако влијателна, појава овозможена со уникатните политички околности во повоениот период (особено лишувањето на Германија од државниот суверенитет). Таа е условена од меѓудржавната соработка (на победниците во војната), па затоа почетокот на Студената војна и блоковската поделба на светот значи и замирање на прашањето за транзициска правда.

Сепак, уникатното искуство од судењата за воени злосторства внесува сериозна промена на меѓународното право на

човекови права и остава длабока трага во меѓународното право, кое почнува да ја санкционира меѓународната одговорност за воени злодела (како Конвенцијата за геноцидот, на пример, но и многу други). Со основањето на трајниот Меѓународен кривичен суд, ова искуство се институционализира на глобален план. Влијанието на новото сфаќање на меѓународната правда и заштитата на човековите права стануваат елемент и на многу национални устави и законодавства.

## 6.2. Втора фаза на транзициската правда

Втората фаза, поврзана со отворањето на процесот на демократизација во повеќе региони на светот, почнувајќи од смената на воените хунти во Латинска Америка, па сè до колапсот на социјализмот и фрагментацијата на бившите социјалистички федерации. Овој процес обично се нарекува „трет бран на транзиција" кон либерална демократија.

Веднаш по смената на режимите во 80-тите години, новите власти го поставуваат прашањето за применливоста и опортуноста на моделот на транзициска правда од првата фаза. Сепак, во овој период не се применуваат принципите на меѓународната правда, туку се заговараат национални судења на бившите политички лидери и диктатори. Заедно со тоа се преземаат мерки на модернизација и зајакнување на владеењето на правото, како и на зацврстување на националната кохезија, и тоа зависно од политичките и од другите специфики на засегнатите земји.

Сепак, наследството од првата фаза придонесува меѓународноправните норми да се користат за креирање перцепција на континуитет и на почитување на владеењето на правото дефинирано како универзална норма и стандард во чии рамки се отвора прашањето за транзициската правда. Во првата фаза политиката на правдата се засноваше врз легитимноста на казнувањето за тешките повреди на човековите права, во втората фаза доаѓа до извесна тензија во обидот да се избалансира

пристапот на казнување со оној на амнестија, зависно од националните околности и политичката транзиција. Ваквите обиди очигледно отстапуваат од идеалното разбирање на принципот на владеење на правото, и водат кон негова попрагматична примена. Оттука и транзициските политики и одлуки се поврзани со такво разбирање на правдата кое е далеку од непристрасно. Во секој одделен случај вонредните политички околности влијаат врз определувањето на тоа што е фер и праведно во дадениот миг. Оттука, во оваа фаза се појавуваат различни концепции на правдата, зависно од транзицискиот контекст, од карактерот на бившиот режим, од општествените околности и сл. Остварувањето на правдата (транзициското владеење на правото) зависи од размерот на злоделата и од тоа дали тие биле системски и поддржани од државата.

Меѓутоа, обидот за наметнување на принципот на одговорност врз основа на кривичното право неретко е соочен со сериозни дилеми, како прашањето на ретроактивното дејство на новото право (нешто што е недозволиво, односно забрането во модерните правни системи), брзо менување на постојното законодавство, степенот на компромитираност на судството и неговата евентуална смена итн. Тоа е и причината зошто во многу земји се избегнува кривичната правда, а наместо тоа се промовираат методи за утврдување на фактите/вистината и соочување со минатото.

Всушност, може да се каже дека во втората фаза се преминува од *ретрибутивна кон реститутивна правда*. Овој концепт е посеопфатен од спротивставувањето и барањето одговорност од претставниците на стариот режим, бидејќи се однесува на залечување на раните и траумите на целото општество, грижата за одржување на мирот и помирувањето – нешто што не било тангирано во првата фаза на транзициската правда. За втората фаза е карактеристично тоа што меѓународниот контекст и правда се ставаат во втор план, а акцентот се става врз внатрешниот, контекстуалниот аспект во кој се бара правдата,

особено ефектите врз општеството. Освен тоа, се прифаќа компромисно спроведување на принципот на владеење на правото, како и хибридно законодавство.

Ресторативната правда го има за цел справувањето со минатото на таков начин што се деконструира постојниот историски наратив и се откриваат фактите за злоупотребите од минатиот систем. Се верува дека тоа е најдобриот начин да се превенира иден конфликт и да се гарантира мирен развој во општеството. Со други зборови, *вистината има примат пред правдата*. Институционалниот израз на оваа парадигма се наоѓа во комисиите на вистината наместо во класичните кривичносудски постапки. Станува збор за посебно тело, најчесто воспоставено од државата, кое има  цел истражување, документирање и известување за повредите на човековите права и жртвите во земјата во даден историски период.

Комисиите се сметаат за покарактеристични за Латинска Америка, иако веројатно најславната е онаа од Јужна Африка воспоставена по завршувањето на апартхејдот. Обратно, во источноевропските земји интересот за креирање на службена историја за дејствувањето на бившиот режим е многу помал, а наместо тоа акцентот се става на обезбедување на пристап до тајните досиеја на лицата кои биле следени од тајните служби. Потрагата по правда и признание за страдањата во време на претходниот режим добива карактер на приватна работа.

Дури и кога се спонзорирани и гарантирани од државата, комисиите на вистината се примарно механизми преку кои жртвите се стекнуваат со признание за страдањето и наоѓаат начин да го надминат минатото со помош на бројни општествени субјекти. Наместо првичната цел која се состоеше во воспоставување на владеење на правото преку правна одговорност на сторителите на воени злосторства и тешки повреди на човековите права, во втората фаза главната цел е одржувањето на мирот во едно општество кое страдало, дури и по цена на трампа меѓу правдата и мирот (во полза на одржливиот мир). Модалитетите на

транзициската правда доживуваат и извесен степен на приватизација, т.е. стануваат приватна работа за која поединците можат да бараат лична сатисфакција и обесштетување. Транзициската правда остварена преку комисиите на вистината станува облик на дијалог меѓу жртвите и сторителите на злоделата.

Реториката на човековите права и меѓународното право останува релевантна и во втората фаза, но сега се сместува во конкретен општествен и ресторативен контекст. Како централно прашање се наметнува правото на жртвите, но и на поширокатa општествена заедница, да ја знаат вистината (правото да се знае). Оттука, во полза на откривање на вистината (фактите), а со цел да се дојде до помирување и простување за неправдите од минатото, се жртвува принципот на правда и санкционирање на сторителите. За да се постигне ова беше нужно да се излезе од дискурсот на правото, а да се внесат и елементи од теологијата, етиката, психологијата итн.

За разлика од првата фаза кога проблемот на транзициската правда беше дефиниран наспроти амнестијата (односно, амнестијата се сметаше за ретка и исклучителна појава во контекст на владеењето на правото), за втората фаза е карактеристично поширокото прифаќање на амнестијата за полесно да се дојде до помирување (реконцилијација).

Понатаму, наместо задачата да им се довери на државните (судските) органи, во втората фаза се инсистира на учество на поширок круг субјекти со морален авторитет во цивилното општество (цркви, невладини организации, активисти за човекови права и сл.), а кои учествуваат во алтернативни форми на решавање на конфликтите.

## 6.3. Трета фаза на транзициската правда

Од крајот на 20 век започнува најновата фаза на транзициска правда, во која таа од исклучок се претвора во правило, односно нова парадигма за владеење на правото во, речиси, сите земји кои излегле од авторитарно владеење, политичко, етничко или друго масовно насилство. Или како што вели Тејтел, новиот милениум се одликува со експанзија и нормализација на транзициската правда. Она што во почетокот беше невообичаена појава во исклучителни политички околности, сега како да станува составен дел на секојдневието. Тоа секојдневие го карактеризира (необјавена) војна во време на мир (глобална војна против тероризмот), слаби или распаднати држави, внатрешни конфликти и сл. Така, многу аналитичари се согласуваат дека глобалното ширење и порастот на очекувањата од транзициската правда се дел на фасцинантна тенденција која започнува од крајот на Студената војна. Клучен елемент на оваа тенденција е процутот на „индустријата" на меѓународното кривично право, почнувајќи од ad hoc трибуналите за Руанда (ICTR) и за поранешна Југославија (ICTY) во средината на 90-тите години, како и воспоставувањето хибридни трибунали во Камбоџа (ECCC) и Сиера Леоне (SCSL). Така, прашањето веќе не гласи дали треба да се бара правда, туку *како* и *кога* треба да се стори тоа.

Во третата фаза на транзициската правда доаѓа до враќање на корените од првата фаза, што кулминира со конституирањето на постојаниот Меѓународен кривичен суд (МКС). Тој го симболизира втемелувањето на Нирнбершкиот модел на транзициска правда преку формирање траен меѓународен трибунал кој ќе ги гони и суди сторителите на воени злосторства, геноцид и злосторства против човечноста, на регуларна основа и во рамките на меѓународното право. Но, ваквата институционализација на транзициската правда донесе амбивалентни резултати, бидејќи покажа дека дури и кога се во прашање кривичноправните механизми, превладуваат

политизацијата и компромисите кои се прават со принципот на владеењето на правото.

Враќањето кон меѓународното хуманитарно право значи преиспитување на односот меѓу поединецот и државата, како основа по која меѓународната заедница може да бара да осуди политика на дискриминација и прогон, како и да бара одговорност за однесувањето на режимот. Транзициската правда, сфатена на овој начин, претпоставува и легитимација на меѓународниот интервенционизам во суверените држави, доколку се утврди масовно кршење на човековите права (како што беше случај со НАТО интервенцијата во СР Југославија во 1999 година).

Меѓутоа, нормализацијата на транзициската правда значи и проширување на важењето на некои норми на меѓународното воено право во мирновремени услови. Под претекст на „преемптивна самоодбрана", по настаните од 11 Септември 2001 година, се прифати состојба на континуирана (и необјавена) војна против тероризмот. Сево ова зборува за влијанието на глобализацијата во насока на напуштање на теоријата на државата во насока на интернационализација на правдата. Меѓутоа, третата фаза на транзициската правда се потпира врз: флексибилно разбирање на владеењето на правото, пошироки политички дискрециски права, политизација при повикувањето на правдата, воведување на процедури кои отстапуваат од стандардните, како и врз отстапување од важечкото право, а сето тоа образложено со хуманитарни причини.

### 6.4. **Четврта фаза на транзициската правда**

Поместувањето на транзициската правда во центарот на меѓународното внимание, сепак не донесе радикални промени во нејзината суштина. Критичарите посочуваат дека формалното прифаќање на транзициската правда од страна на ОН се однесува

само на граѓанските и на политичките права, но не ги опфаќа социјалните и економските права. Во центарот на вниманието е, сѐ уште, државата, а не поединците и заедницата. Притоа, доминираат меѓународните правила и стандарди пред културните норми и локалните практики специфични за конкретните општествени контексти.

Поради тоа, т.н. четврта генерација на транзициската правда се карактеризира со напори во насока на промоција на оние аспекти кои досега беа на маргините на помирувањето и градењето на мирот. Станува збор за потребата од водење сметка за темелната политика на ангажманот во полето на транзициската правда, потребата од балансирање на вклученоста на локалните и на меѓународните субјекти, поголем акцент на економската правда – и сето тоа, паралелно со она што беше карактеристично за претходните генерации (особено дебатите за правдата на победникот и улогата на амнестиите).

Свртувањето кон прашањата кои беа на маргините на научниот и на практичниот интерес, претставено преку четвртата генерација, означува почеток на нова фаза на созревање. Имено, тоа ја претставува храброста за свртување кон некои сопствени грешки и предрасуди за полето на транзициската правда, кои во минатото беа прифатени како нормални и како „мејнстрим" начин на размислување наметнато однадвор. Главните предизвици денес се преиспитувањето на причините поради кои некои аспекти и механизми на транзициската правда беа привилегирани и доминантни за сметка на други, односно зошто и како транзициската правда стана политички проект. Еманципирањето на транзициската правда од политичката агенда би било значаен чекор кон поизбалансиран и холистички пристап по прашањето на правдата во транзиција, што би бил истовремено демократски пристап не само поради посакуваните цели, туку и поради начинот и средствата за нивно остварување.

Накусо, четвртата генерација во својот фокус ја става отворената и (само)критична дискусија за клучните аспекти на

транзициската правда, особено нејзината наводна неутрална и техничка страна. Овие напори не се секогаш експлицитни, но можат да се насетат во растечката полемика меѓу научните работници и практичари и носители на одлуки околу балансот меѓу локалните и меѓународните напори. Прашањето за тоа дали постои соодветен баланс меѓу „локалците" и странците се однесува на конкретниот влог, инпутот, „сопственоста" врз прашањето, и авторитетот и моќта во поглед на механизмите за транзициската правда. Покрај тоа, преиспитувањето на причините за досегашното запоставување на прашањата на економската правда е уште еден начин за демаскирањето на политичката страна на полето на транзициската правда. Ваквиот пристап, во крајна инстанца, ја доведува во прашање улогата на транзициската правда за либералниот меѓународен модел на градење на мирот, односно на втемеленоста на транзициската правда во идејата за политичка транзиција кон западниот модел на либерална демократија.

Сево ова упатува на едно централно прашање за кое се бара одговор: дали иницијативите за транзициска правда се (и треба да бидат) поттикнати и водени однадвор (externally driven), и планирани и имплементирани по принципот „од горе кон долу" или се потребни радикални промени заради постигнување на саканите цели.

# 7. СООЧУВАЊЕ СО МИНАТОТО

## 7.1. Концепциска рамка за справување со минатото

Во теоријата и практиката неретко како синоними се користат термините справување или соочување со минатото. Станува збор за релативно нов концепт кој за првпат почна да се користи во Германија по завршувањето на Втората светска војна, како опис на заедничките цели кои ѝ беа зададени на државата од новите власти и од победничките сојузнички сили во насока на надминување на нацистичкото минато. Сепак, кулминацијата на процесот настанува дури за време на протестите од 1968-та година кога младите генерации го поставуваат прашањето „Тато, каде беше ти и што правеше во Втората светска војна?". Се смета дека Германија е еден од најуспешните примери за тоа како општеството се соочило со своето темно (нацистичко) минато и Холокаустот, низ сложен процес на денацификација.

Справувањето со минатото, конфликтно или авторитарно, е сложен зафат кој со децении, од 70-тите години на минатиот век, станува задача на многу општества низ светот. Неговата успешност зависи од сеопфатноста и од поставеноста на некои општи принципи. Тргнувајќи од принципите утврдени од Комисијата за човекови права на ООН од 1997 година и Обновениот сет на принципи за заштита и унапредување на човековите права преку акција за борба против неказнивоста (2005)[1], позната и како Џоинет/Оренлихтерови принципи, направен е обид за дефинирање на една општа концепциска рамка, која ќе гарантира холистички пристап кон справувањето со минатото. Швајцарската организација Свиспис (Swisspeace)[2] ги утврдува четирите столбови врз кои почива оваа концепција со издвојување на следниве права:

---

[1] Достапно на: https://undocs.org/E/CN.4/2005/102/Add.1

[2] Swisspeace (2016), *A Conceptual Framework for Dealing with the Past*, Bern.

- Право да се знае/Право да се знаат фактите;
- Право на правда/Задоволување на правдата;
- Право на репарации/Право на отштета; и
- Право на обезбедување услови за неповторување на конфликтот/Гаранција за неповторување на злоделата од минатото.

Секое од овие четири права во себе вклучува три клучни аспекти:

1) индивидуално право на страната на жртвата и на нејзиното семејство;
2) колективно право за дел од општеството; и
3) обврска на државата да го гарантира остварувањето на овие права.

За овој пристап значајно е што фокусот е ставен врз жртвите и врз сторителите, како и врз нивната трансформација во граѓани со еднакви права во заедничката политичка заедница. Илустративно, овој пристап е прикажан на дијаграмот подолу. Дијаграмот ги прикажува четирите главни области и механизмите на холистичкиот пристап, и тоа го чини на начин што покажува дека сите области влијаат заемно и зависат едни од други. Понатаму, од него се гледа дека на справувањето со минатото треба да се гледа како на долготраен процес, чија цел е воспоставување на култура на одговорност и отчетност, владеење на правото и помирување.

Во продолжение само накусо ќе ги објасниме основните елементи на визуелно претставената концепциска рамка.

Најцентралниот и најмал круг ја илустрира перспективата на соочувањето со минатото која е фокусирана врз жртвата и сторителот. Жртвите се лица кои индивидуално или колективно претрпеле штета и биле повредени со чинење или нечинење,

односно со дела кои претставуваат тешки повреди на човековите права. Иако правото ги има дефинирано воените злосторства, злосторствата против човечноста и геноцидот, до денес нема една дефиниција за тоа што претставува сторител. Квалификацијата најчесто зависи од дефинициите во домашното законодавство. Сепак, може да се каже дека она што овој потфат го има за цел е адресирање на потребите на жртвите и на одговорноста на сторителите.

Поширокиот централен круг ги опфаќа четирите принципи врз кои почива концепциската рамка и ја рефлектира динамиката на односите меѓу жртвата и сторителот. Механизмите и постапките што ги адресираат потребите на жртвите се во горниот дел од кругот, додека во долниот се оние што се однесуваат на отчетноста и на одговорноста на сторителите. Конкретните активности низ кои се реализираат принципите се наведени за секој принцип одделно, што е само појдовна основа, но не претпоставува секогаш и секаде реализирање на сите наведени можности.

Притоа, меѓу нив можат да се воспостават вкрстени врски зависно од потребите. На пример, зачувувањето на архивите е подеднакво важна работа и за правото да се знае и за правото на правда. Истото важи и за заштитата на сведоците, која е значајна за судските процеси, но и отвора можност за откривање на местото на почивање на исчезнатите.

Наредниот круг ја претставува најитната долгорочна цел на јакнењето на владеењето на правото преку борба против неказнивоста. Секој значаен напредок во некоја од четирите области, како што е основање на комисија на вистината во врска со правото да се знае или успешното спроведување на реформите во безбедносниот сектор во врска со гаранцијата за неповторување, не само што ќе овозможат сатисфакција и ќе ја обезбедат одговорноста, туку и ќе послужат за јакнење на јавната доверба во државните институции.




Надворешниот круг е дефиниран со параметрите на помирувањето и неповторувањето на системските повреди од минатото. Ова е навистина најдолгорочна цел, за која не е доволно ни самото соочување со минатото, но е нужен предуслов. Мерењето на ефектите во овој контекст е најтешко, бидејќи станува збор за постепен процес на трансформација на конфликтот. Соочувањето со минатото создава услови за примена на други методи за адресирање на длабоките причини и корени на

конфликтот. Дури и ако длабоките корени на конфликтот останат подолго време, сепак механизмите на справување со минатото помагаат да се создадат демократски норми на толеранција и разбирање. Се смета дека трансформативната димензија се гледа и во трансформацијата на општествените и политичките идентитети. Ако на почетокот на процесот е доминантна улогата на жртвата и на сторителот, тоа со тек на времето треба да се промени во насока на креирање на нивни граѓански идентитети. Искуството на жртва или сторител ќе остане во нивните лични животи и биографии, но тоа нема да биде дел од нивните политички идентитети. Идејата е создавање нов идентитет на граѓани со права и должности, а врз основа на нов општествен договор во постконфликтното или во поставторитарното општество.

### 7.1.1. *Правото да се знае/Право да се знаат фактите*

- Право на жртвите и на општеството во целина да ја знаат вистината
- Обврска на државата да ја зачува меморијата на случувањата

Правото да се знае почива врз тезата за исклучителното значење на индивидуалното и колективно знаење на причините, искуствата и наследството од тешките повреди на човековите права. Стекнувањето на вакво сеопфатно знаење е сложена задача, затоа што го надминува голото откривање на фактите и дека тоа бара искористување на разновидни механизми кои треба да ги задоволат потребите на поединците и на општествата во конструирањето на сознанијата и вистината за минатото. Притоа, важно е да се зачуваат спомените, да се обезбеди постојната документација, а историските читанки да не станат предмет на ревизионизам на историјата. Подолу во книгата ќе се осврнеме на

различното сфаќање на вистината, што е од суштинско значење и за правото да се знае (кој да знае, што да знае, зошто да знае). Овде накусо ќе ги изложиме начините низ кои (може да) се реализира правото да се знае.

– Откривање на судбината на исчезнатите лица: Потрагата по исчезнатите лица е еден од најургентните приоритети за семејствата на жртвите. Без оглед дали се трага по лица кои се, сѐ уште, живи или по нивните посмртни останки, ова е една од првите мерки што треба да се преземат во рамките на справувањето со минатото. Овде влегуваат разни акции, меѓу кои и трагањето по местата на заточеништво, ексхумации на поединечни или масовни гробници и разни други форензички зафати кои би ја разјасниле судбината на саканите лица за семејствата на жртвите. Фактичката потврда за нечија погибија го означува, всушност, почетокот на долгиот процес на тагување и оплакување. Истовремено, пронаоѓањето на исчезнатите и откривањето на нивните судбини е еден од начините низ кои се остварува правото да се знае сета вистина и сите факти за конфликтот или авторитарниот режим. За значењето на овој процес зборува и основањето на Меѓународната комисија за исчезнати лица (International Commission on Missing Persons, ICMP) во 1996 година. Нејзината цел е да ја олесни соработката меѓу властите во лоцирањето и идентификувањето на исчезнатите од воените судири во поранешна Југославија. Таа помогна во користењето на ДНК-анализите при идентификацијата на големиот број исчезнати, но придонесе и за воспоставување соодветни начини за меморијализација и изразување почит за исчезнатите и за починатите. Прашањето на исчезнатите во Македонија по конфликтот од 2001 година остана отворено и 20 години по завршувањето на непријателствата.

– Комисии на вистината и помирувањето: Во изминатите три-четири децении беа формирани бројни комисии на вистината и помирувањето во различни делови на светот. За разлика од судењата за сторени злосторства кои го ставаат акцентот врз казнувањето на сторителите, овие комисии трагаат по вистината, односно по нејзиното признавање од страна на сторителите и на тој начин нуди одредена јавна сатисфакција кај сите жртви. Резултатите од овие комисии се различни, па дури и во однос на најпознатата – јужноафриканската. Во најголем број случаи, тие завршуваат со објавување на финални извештаи за нивната работа и со овозможување јавен увид и пристап до насобраната документација за идните генерации.

– Истражни панели: Практиката на користење на меѓународни истражни панели/комисии е во пораст поради тоа што ООН посегаат по ова средство во ситуации кога државите не се способни или не се подготвени да ја спроведат истрагата самите. Така, на пример, во 2009 година една комисија за утврдување на фактите (a fact-finding commission) предводена од судијата Ричард Голдстон ги истражуваше настаните во појасот Газа (Палестина), додека во 2010 година генералниот секретар на ОН воспостави Панел на експерти за отчетност во Шри Ланка; во 2011 Советот за човекови права воспостави независна меѓународна комисија за да ги истражи наводите за повреди на човековите права во Сирија.

– Архиви: Обезбедување на јавен пристап до архивите се смета за суштествено за откривање на вистината. Неслучајно, при секои насилни акти, преврати, револуции и конфликти, архивите се во голема опасност да бидат уништени во обид да се забошоти вистината. Поради тоа, некои од современите мерки за заштита на податоците

собрани во архивите опфаќаат нивна дигитализација и обезбедување достапност до јавноста преку електронски платформи.

### *7.1.2.Правото на правда/Задоволување на правдата*

- Право на жртвите за правичен надоместок/лек;
- Обврска на државата да истражи, да гони и да казни соодветно.

Правото на правда ја подразбира должноста на државата да ја утврди одговорноста на оние што се одговорни за тешките повреди на човековите права. Во таа смисла, меѓународното право неслучајно пропишува дека е забранета генерална амнестија за дела како тортура, геноцид, воени злосторства и злосторства против човечноста. Со други зборови, овие дела не застаруваат, па дури и ако државата во даден момент не ги процесира, тие ќе станат предмет на судска правда во друг момент. Фер судењата се сметаат за примарен механизам за обезбедување легитимна и правно заснована одговорност, со што се елиминира културата на неказнивост и на жртвите им се гарантира дека злоделата кои им се нанесени ќе бидат признаени и потврдени пред лицето на правдата. Типот на судења низ кои ќе биде реализирано правото на правда треба да соодветствува на можностите и потребите на секое општество кое минува низ процесот на соочување со минатото.

<u>– Меѓународни трибунали</u>: Како што веќе беше кажано, по крајот на Студената војна беа формирани два ad hoc трибунали (за Југославија и за Руанда), а во 2002 година влезе во сила и Статутот на Меѓународниот кривичен суд

како траен механизам за судење на тешки дела против човечноста.

– Хибридни/мешовити трибунали: Ваквите трибунали се основаат во засегнатата земја, а нивниот кадар се регрутира од странски и од домашни правни експерти. Најпознати се Специјалниот суд за Сиера Леоне (од 2002 година)[3], Вонредниот совет на Судот на Камбоџа (познат како Трибунал за Црвените Кмери, од 2003 година)[4] и Одделот за воени злосторства на Судот во Босна и Херцеговина (од 2005 година)[5].

– Национални судења: Бројот на земји кои конзистентно и принципиелно ги процесирале злосторствата утврдени со меѓународното право пред своите национални судови е многу мал. Најчестата причина за тоа е во фактот што лицата одговорни за злоделата остануваат на позиции на моќ и по завршувањето на конфликтите. Другата причина е во стравот дека мирот во општеството е, сè уште, кревок и дека може да дојде до обновување на насилствата во случај на отворање судски случаи. Во многу од овие земји доминира и културата на неказнивост, која доведува до ист резултат. Таму каде што евентуално и ќе се отворат вакви судски процеси, потребна е меѓународна правна и друга помош особено околу заштитата на сведоците и на мониторингот на судењата кои мораат да бидат фер дури и во случаи на прогон за тешки злосторства.

---

[3] Повеќе на: http://www.rscsl.org/.
[4] Повеќе на: https://www.eccc.gov.kh/en/node/39457.
[5] Повеќе на: Human Rights Watch, *Looking for Justice. The War Crimes Chamber in Bosnia and Herzegovina*, февруари 2007, достапно на: https://www.hrw.org/report/2006/02/07/looking-justice/war-crimes-chamber-bosnia-and-herzegovina.

### *7.1.3. Правото на репарации/отштета*

– Право на индивидуалните жртви или на нивните наследници на репарација;
– Обврска на државата да обезбеди соодветна сатисфакција.

Правото на репарации се однесува на можностите на жртвите да им се гарантираат реституција, компензација или рехабилитација. Тоа се чинови со кои се признаваат штетата и страдањето што им е нанесено, се промовира дигнитетот на жртвата и се дава поддршка на процесот на градењето капацитети на постконфликтното општество.

– Реституција на имот и надомест на претрпената штета: Реституцијата значи враќање во претходна состојба или враќање на неправно одземен имот за време на конфликтот. Таму каде што е невозможно враќањето на имотот, на жртвите може да им се понуди финансиска компензација, односно да им се надоместат сите загуби, вклучително и судските трошоци. Како пример може да се истакне Комисијата на ОН за компензација (the UnitedNation Compensation Commission, UNCC) чиј мандат се однесуваше на причинетите штети за време на ирачката инвазија на Кувајт.
– Индивидуални и колективни репарации: Индивидуалните репарации можат да имаат различни форми, како, на пример, рехабилитација – т.е. обезбедување медицинска или психолошка помош, образование или помош за отпочнување бизнис. Во случаите каде што бројот на жртви е многу голем, посоодветни се колективните репарации. На пример,

Меѓународната организација за миграции (International Organization for Migration, IOM) во 2009 година воспостави програма за репарација на жртвите, во согласност со нивните категории или специфични потреби. Една од нив опфаќа помош за жртвите од сексуално насилство и образование за децата. Во други случаи може да бидат опфатени други ранливи групи како: внатрешно раселени лица, сирачиња, лица со посебни потреби и сл.

– Симболички репарации: За жртвите и нивните семејства од исклучителна важност е јавно да се признаат нивните страдања, за што зборуваат големиот број на музеи, споменици и меморијали низ светот. На пример, во Чиле е отворен „Музејот на сеќавањето" кој потсетува на страдањата од времето на воениот режим на генералот Пиноче. Во Аргентина постои проект (Memoria Abierta)[6] на електронски достапна база на документи, фотографии и други докази

*7.1.4. Право на обезбедување услови во кои конфликтот нема да се повтори/ Гаранции за неповторување на насилството*

– Право на заштита од натамошни повреди и на жртвите и на општеството во целина;

– Обврска на државата да обезбеди добро владеење и владеење на правото.

---

[6]Станува збор за координирана акција на неколку организации за човекови права, чија цел е подигнување на јавната свест и знаењето за државниот тероризам заради јакнење на демократската култура. Проектот ја прави достапна сета документација која се однесува на воената диктатура во Аргентина, а во функција на истражувања и едукација на идните генерации. Види повеќе на: http://www.memoriaabierta.org.ar/eng/index.php .

Клучната цел на секој проект за справување со минатото е содржан во девизата „да не се повтори" ( ,,Nuncamás!", „Never again!"). За да не дојде до повторување на насилството и на тешките повреди на човековите права од минатото потребно е да се воспостават демократски структури, цивилен надзор над безбедносните сили, функционален судски систем и владеење на правото. Станува збор за сложен, долготраен и скап процес, кој ги опфаќа следниве мерки:

– Разоружување, демобилизација и реинтеграција на бившите борци/учесниците на конфликтот, но и реорганизација на вооружените сили на државата, кои за време на насилствата станале прекумерно големи.

– Избори и уставни реформи: По завршувањето на внатрешниот судир или падот на авторитарниот режим на дневен ред доаѓаат бројни предизвици, меѓу кои и прашањата за тајмингот и за организирањето слободни и фер избори. Покрај тоа, неретко е потребно да дојде и до уставна реформа, а сето тоа со цел да се конституира легитимна и легална власт. Во овој контекст, акцент се става врз јакнење на капацитетите за парламентарна контрола врз извршната власт, ограничување на моќта на претседателот и воспоставување механизми за демократска контрола врз безбедносниот сектор.

– Реформа на безбедносниот сектор: имајќи предвид дека најголемиот број жртви и тешки повреди на човековите права настануваат под ударот на безбедносните структури, превенцијата на идно насилство нужно мора да тргне од реформата на стариот безбедносен сектор, а особено војската и полицијата.

Станува збор за сложени и постепени промени кои бараат време, едукација, тренинзи, реорганизација итн.

– Реформа на правниот систем: само функционален правен систем може да доведе до превенција на идни систематски повреди на човековите права, па затоа овие реформи се сметаат за суштествен предуслов за неповторување на насилствата.

– Лустрација и ветинг: за да се консолидираат демократските институции, нужно е на лицата што биле одговорни за повредите на човековите права од минатото да им се оневозможи пристапот до политичките и до јавните функции, а тие што биле инволвирани да се отстранат од функциите. На тој начин, ќе се врати довербата во институциите меѓу граѓаните.

## 7.2. Предуслови за реализирање на концептуалната рамка за справување со минатото

Справувањето со минатото е процес кој се одвива во исклучително сложени услови и се однесува на многу сензитивни прашања, па затоа прашањето на контекстот има примарно значење секогаш кога се планираат вакви потфати по постконфликтните или поставторитарните системи. Намерата може да биде добра, во насока на обезбедување мирна иднина, но во даден контекст, ако не се преземат вистинските чекори, ефектите можат да бидат обратни. Поради тоа, се препорачува пристап кој ќе биде сензитивен на спецификите на конфликтот и средината. Тоа значи дека внимателната анализа и познавање на сите аспекти на конфликтот се примарни за планирањето на мерките.

Секој конфликт/општество има сопствена историја, култура, традиции, сложени релации на разните идентитетски групи (верски, јазички итн.). Познавањето на конкретниот контекст ќе избегне наметнување решенија однадвор, ами ќе обезбеди јакнење на постојните локални структури и механизми. Ова е важно за процесот да се стекне со потребниот легитимитет и да се потпира врз внатрешните фактори на неговата одржливост, т.е. да не се доживее како нешто туѓо и донесено однадвор.

Процесот на справување со минатото треба да настојува да ги вклучи како активни учесници сите засегнати страни, а првенствено тие што биле најпогодени од насилството, како и тие што биле предмет на маргинализација и дискриминација. Преку процесот треба да се изградат нови мостови на комуникација меѓу поделените и непријателски настроени групи, политичките и верските лидери, активистите на цивилното општество, интелектуалците и членовите на академската заедница, новинарите, културните работници и сл. Тоа е многу тешка работа додека раните од насилството и недовербата се, сѐ уште, свежи и болни.

Концептуалната рамка којашто ја претставивме овде, а инспирирана од швајцарската организација Свиспис (Swisspeace), е само еден можен пристап. Тоа е идеал-типски модел, алатка која може да се приспособува кон различните контексти. На почеток, таа може да послужи за прецизно мапирање на состојбата на теренот, односно на она што постои или не постои, на прашањата за кои постои свест и за тие што се запоставени, за актерите на кои процесот може да се потпре и на оние што дополнително треба да се мобилизираат. Идејата е низ еден сложен сплет на активности и мерки кои се движат околу жртвите и сторителите, а сепак се однесуваат на целата заедница, да се возобноват старите или да се воспостават нови врски, синергии и можности.

Покрај познавањето на контекстот, од првостепено значење е и препознавањето на актерите кои треба да го реализираат процесот на справување со минатото за сопственото општество и

јавно добро. Успешноста на процесот зависи од неговата инклузивност, т.е. од подеднаквото вклучување на сите засегнати страни без дискриминација, и без поделби на „добри" и „лоши", на „победници" или „поразени". Затоа, процесот може да се реализира само доколку се убедат да се придружат властите, политичките струи и партии, различните организации на цивилното општество, здруженијата на жртвите од сите страни, здруженијата на ветераните/учесниците на конфликтот итн. Но, најчесто во прво време е особено важно и учеството и помошта од меѓународните организации, како и други држави кои можат да се јават како донатори кои финансиски и на друг начин ќе го помогнат процесот на транзиција кон мирно и демократско општество. Во рамките на процесот треба да се овозможи да се чуе сечиј глас и да се земе како легитимна секоја перспектива за тоа што се случило. Бидејќи станува збор за долготраен процес (со неизвесен исход) од самиот почеток е јасно дека актерите ќе се менуваат и персонално и институционално. Оттука, процесот мора да биде инклузивен, динамичен, постепен, флексибилен и рефлексивен.

Секој дел од процесот на справување со минатото претставува само еден дел од поширок зафат со поголема цел, односно претставува само еден сегмент од збирот на интеракции и постепени трансформации на општеството. Дури и ако се изберат најсоодветните механизми за справување со минатото, успехот не е загарантиран, а можни се и спротивни ефекти од посакуваните. Битно е да се води сметка дека овие механизми сами по себе нема да можат да доведат до трансформација на конфликтот. Концептуалната рамка илустративно ја покажува поврзаноста на секое од четирите права, кои само во единство можат да дадат резултат. Во текот на долгорочниот процес на справување со минатото, до трансформација мора да дојде и кај жртвите и кај сторителите, кои заедно треба да се реинтегрираат и да станат граѓани со сопствена улога во демократското и мирољубиво општество. Всушност, тоа е основната подлога врз која може да

дојде до следниот чекор по трансформацијата на конфликтот: до помирување.

Кога се зборува за соочувањето со минатото, било во постконфликтните или во поставторитарните општества, најпрво треба да се утврди што се подразбира со тоа, бидејќи разни општества различно го дефинирале тоа. Уште побитно тие имаат различни искуства како се соочувале со минатото, т.е. употребиле различни модели за соочување со минатото. Но, и покрај честопати огромните разлики на тие модели и светски искуства тие тргнуваат од една заедничка премиса во дефинирањето на соочувањето со минатото, дефинирајќи го, на еден или друг начин, како учење да се живее/справи/надвладее со сеќавањата на него и со последиците и тоа во сегашноста.

### 7.3. Видови вистина

Соочувањето со минатото претпоставува соочување со вистината (за тоа минато). Целта на ваквите потфати е да ѝ се погледне на вистината за минатото во очи, односно да се продре зад понекогаш романтизираната или дури фабрикувана и измислена сторија за настаните, кои биле тесно поврзани со тешки повреди на човековите права и за појавата и последиците од насилството. Истовремено, членовите на општествената заедница научуваат да живеат со минатото (бидејќи не можат да го изменат), но и да извлечат поуки за иднината за минатите искуства да не се повторат. Тоа претпоставува и демистификација и деглорификација на минатото. Како што со право вели Мајкл Игнатиеф, целта е, низ внимателното собирање на сознанија и сведоштва за конфликтот да се редуцира бројот на лагите кои циркулираат во јавниот живот, што создава почва за одржување на траумата и семето на идното насилство. Во конфликти во кои нема очигледен победник, односно таму каде што до прекин на

непријателствата дошло со помош на меѓународен притисок или медијација (значи, со компромис), во општеството истовремено можат да циркулираат повеќе приказни, односно верзии за настаните, а секоја од нив да упатува на различни неправди, на различни жртви и да обвинува различни сторители на неправди или воени злосторства и да глорифицира различни херои. Во практичната неможност и непожелност да се исконструира една заеднички прифатлива сторија, оние што се директно инволвирани во процесот на имплементација на мировниот процес го запоставуваат фактот дека граѓаните имаат право да знаат што се случувало, затоа што никој нема монопол над вистината. Обидот за создавање на една вистина нужно би довел до забошотување на некои факти, при што може да дојде и до маргинализација и непризнавање на вистинските страдања низ кои минале дел од луѓето во општеството.

Првата пречка за ваквиот процес е погрешното сфаќање дека постои само една, единствена „вистинска вистина". Ако за тоа што е минато, нема дилема, тогаш одговорот за тоа што е вистина е малку покомплексен. Како и за многу други работи, можат да постојат различни призми на гледање на истата суштина, а кои истовремено можат да бидат легитимни и признаени како такви. Затоа логично е да се постави прашањето – за чија вистина ќе говориме, па дури и за чие минато?

Досега, се чини, највредното дефинирање на вистината потекнува од славната Комисија на вистината и помирувањето на Јужна Африка, чии членови утврдиле постоење на четири вида вистини:[7]

• **Фактичката или форензичката вистина** – претставува збир на материјални и проверливи факти, информации од

[7] Извадокот од Извештајот на вистината и помирувањето во кој се дефинираат четирите видови вистина е достапен на: https://mylearning.nps.gov/wp-content/uploads/2016/07/Excerpt-from-TRC-Report-Four-Truths.pdf. Целиот Извештај е достапен на: https://www.justice.gov.za/trc/report/.

објективен карактер, а кои се однесуваат на еден конфликт (што се случило, кому, кога, како). За овие факти се смета дека можат да бидат собрани низ научни методи и низ непристрасни процедури. Во овој контекст, една слика за вистината на конфликтот би ја сочинувале податоците за загинатите, повредените, исчезнатите и слично. Истото се однесува и на податоците за материјалните разурнувања. Овие податоци, јавно дистрибуирани, оневозможуваат ширење на атмосфера на одрекување, ширење лаги или создавање на лажно алиби за дејствувањето на организации или групи (особено кога овие настојуваат да ја одречат вистината за систематско кршење на човековите права или да ја префрлаат вината на некои исклучоци). Станува збор за сложен, но не толку противречен, процес на собирање на делчиња за објективните случувања, кои можат да послужат било за реконструкција на настаните, за кривичната правда, за архивски и музејски експонати и слично. Меѓутоа, како што покажуваат некои извонредни проекти реализирани во други делови на светот самото собирање, систематизирање и документирање на настаните зборува само по себе. Таквите податоци, без морализирање или наметнување на некакви заклучоци, можат да укажат на цената на чинење на конфликтот. Така, сите оние што учествувале или биле афектирани од конфликтот само за себе ќе можат да заклучат по која цена се извојувани некои промени, и дали е тоа исплатливо за во иднина. Некои постапки на собирање материјални факти се болни сами по себе, како, на пример, ископувањето на масовни гробници, утврдување на идентитетот на жртвите преку ДНК-анализа, или правењето на база на податоци за загинатите, со нивните основни генералии (возраст, потекло, социјален и брачен статус и сл.). Идентификацијата на инволвираните страни, пак, дава реална рамка и за евентуалниот процес на помирување: само тогаш може да се знае со кој треба да настане помирување – или кому треба да се прости (што е личен чин).

- **Личната или наративната вистина** е, во основа, субјективна, бидејќи понекогаш тешко може да се верификува низ форензични методи. Тоа не ја намалува нејзината вредност во споредба со објективната вистина, затоа што конфликтите не се апстрактни големи приказни за случувањата во општеството, туку се трауматични случувања кои се прекршуваат низ илјадници индивидуални судбини. Големите слики претендираат да зборуваат за судбините на државите или за колективитетите, што создава впечаток дека малите, лични судбини и приказни се неважни или дури и прифатлива цена за општествената промена. Според Дезмонд Туту, кој беше на чело на Јужноафриканската комисија (1996 – 2003), инсистирањето на можноста да се чуе сечија (лична) вистина, може на еден ист настан да сврти различна светлина - кога настанот е раскажан низ сведоштвата на непосредната жртва (или нејзините најблиски), на извршителот на делото (односно вооружените протагонисти), но и низ призма на оние што биле пасивни посматрачи на случувањата. Доколку на ваквите сведоштва не им се даде официјален канал за јавна артикулација, тие наоѓаат други алтернативни форми; во најлош случај, завршуваат како семејна традиција, се пренесуваат од колено на колено, со што траумата, болката и омразата се шират, со нужно додавање на елементи на лажност во секое наредно колено.

- **Социјална вистина** е онаа која се генерира преку општествените интеракции, дискусии и дебати за случувањата поврзани со конфликтот. Таа уште се нарекува вистина на дијалогот или вистина низ дијалог, која се формира низ човечките интеракции, но во кој целото општество е вклучено во потрагата по причините за општествените услови кои создаваат конфликти, односно жртви и извршители. Таа овозможува да се откријат мотивите на оние што, на еден или на друг начин, биле инволвирани во насилните акции, што е од извонредна важност за

постконфликтните стратегии за градење на мирот и превенција на идни насилства.

• **Ресторативна вистина** уште се нарекува и вистина која лекува. Оваа вистина ги сместува фактите (од форензичката вистина) во контекст на човечките односи – меѓу граѓаните, или меѓу граѓаните и државата. Тоа е вистина која се воспоставува поради залекување на раните и постигнување на репарација, колку што е тоа можно и таму каде што е тоа можно. Значи одејќи чекор плус во однос на она што се случило, оваа вистина треба да ги покаже патиштата за репарација на штетите од минатото, повторно како чин на превенција за евентуални идни злодела и злоупотреби. Самиот чин на јавно споделување на вистината има моќ да им го врати дигнитетот на жртвите и претставува доказ дека личната болка е јавно признаена, и е искажан должен респект. Правото да се знае вистината е основа за правото на ефективен лек за болката. Значи, не станува збор за вистина, туку за различни аспекти и функции на самото дознавање и кажување на вистината (truth-seeking, truth-telling). Сосема разбирливо, разни делови на општеството имаат различни верзии за тоа што се случило и зошто, што било праведно, а што не, кој е примарен виновник (кој прв почна). Овде како актери или учесници на процесот се јавуваат и индивидуи и колективитети, а следствено и целта се детерминира на двете нивоа. Но иницијалната дилема не е лесна, бидејќи треба да се одговори на прашањето дали задоволувањето на правдата за сторените злодела и повреди на човековите права (т.е. ретрибутивна правда) е доволно силен мотив да се потисне барањето за национално обединување и помирување по актите на насилство сторено во рамките на една држава (реститутивна правда). Истражувачите на мирот и конфликтите се единствени кога укажуваат дека правните механизми и казнувањето имаат мал или никаков ефект врз обезбедувањето на општествени основи за траен мир и помирување.

Накусо, фактичката или форензичката вистина се заснова врз правната и научната идеја за презентирање верификувани докази добиени по пат на непристрасна и објективна постапка. Втората, лична или наративна вистина, се потпира на кулминацијата на субјективните стории на поединците со цел да се обезбеди повеќеслоен збир на искуства. Третата, социјална вистина или вистина преку дијалог, е онаа што се открива за време на дискусијата околу фактите на колективно ниво во заедницата. Четвртата, ресторативната вистина или вистината која лекува, е вистината која утврдените факти ги става во контекст, во обид да доведе до признание за индивидуалните искуства и страдања. Ваквото разбирање на вистината низ димензии кои делумно се совпаѓаат, а делумно се разидуваат, е предмет и на бројни критики. Тие, главно, се темелат врз сфаќањата дека „вистината и правдата чинат едно цело а не водат до разидување и фрагментација на две стварности кои постојат една покрај друга".[8]

---

[8] На пример, Ramose M.B. (2007). "The philosophy of the truth and reconciliation commission of South Africa", достапно на www.unam.na/centres/hrdc/ docs/truth and reconciliation.doc. Цитирано според Taylor D. (2007), "The 'truth the whole truth nothing but the truth': truth, community and narrative in African procedural law", *Comparative and International Law Journal of Southern Africa*, 40(2).

## 8. МЕХАНИЗМИ НА ТРАНЗИЦИСКАТА ПРАВДА

Во историската практика, како доминантен механизам на транзициска правда се издвојува правосудната постапка (судењата) за извршени злосторства или тешки и масовни повреди на човековите права во рамките на стариот режим. Но, денес зборуваме за широка лепеза на механизми и постапки, како и за нивна комбинација, зависно од потребите и од можностите во општество кое е оптоварено со наследството од минатото. Тука, покрај судењата, спаѓаат: вистината и комисиите на помирувањето, репарациите за жртвите, амнестијата, меморијализацијата, лустрацијата и многу други иницијативи.

Секоја транзиција е различна, односно секое минато со кое треба да се справи новото општество претставува различен предизвик. Оттука, и барањата и методите на транзициската правда (треба да) се разликуваат. На пример, различен предизвик претставува излегувањето и лечењето на раните по напуштањето на екстремно насилни и репресивни режими (како нацистичка Германија или апартхејдот во Јужна Африка) од некои други, помалку насилни. Покрај тоа, разлики има и во начинот на кој се повлекол стариот режим. Во случаи кога режимот се потпирал врз тајни служби и бил затворен за своето дејствување, можно е комисии на вистината и/или лустрацијата да се поадекватни од класичните репарации за жртвите. Тука треба да се води сметка и за ресурсите со кои располага новата власт, ургентноста на другите прашања, степенот во кој владее реваншизам или во кој старата власт покажува моќ да се закани и да се врати на водечката позиција итн.

И покрај евидентната диверзификација на пристапите и механизмите на транзициската правда, сепак до пред неколку години постоеја мислења дека е таа предоминантно под влијание

на легализмот.[1] Тој се дефинира како процес кој ја одделува правната анализа од политиката и од другите дисциплини на општествените науки. Главниот постулат е дека правниците негуваат длабока недоверба кон сѐ што не е врзано со правните аргументи и процедури, односно кон она што заговара водење сметка за експедитивноста во делењето на правдата, јавниот интерес, општественото добро, сметајќи дека ваквите концепти се опасни и можат да послужат како основа за арбитрарни акции. Критичарите на овој пристап, кога станува збор за транзициската правда, сметаат дека тој не само што е премногу застапен, туку и дека меѓународните донатори првенствено финансиски ја поддржуваат „експлозијата во промоцијата на владеењето на правото" во кривично-правните системи во транзиција.[2] Некои автори сметаат дека меѓународната кривична правда е сѐ повеќе „неформално анектирана" од меѓународните правници.[3]

Како што веќе видовме и од прегледот на историскиот развој на концептот на транзициска правда, легалистичкиот приод е оној што најдолго време доминирал во полето. Тој се смета за особено погоден за транзициските контексти. Тезата дека владеењето на правото се однесува на вредностите и на практиките поврзани со правдата, објективноста, правната сигурност, еднаквоста, универзалноста и рационалноста е особено користена во времиња на длабоки социјални и политички транзиции. Токму таквите општества страдале поради отсуство на владеењето на правото или од неговата деформација, па затоа појавата на нови устави, различни форми на гонење на сторителите на кривичните дела од бившиот режим, како и механизмите за откривање на вистината, се нужно поврзани со

[1] McEvoy K. (2007), "Beyond Legalism: Towards a Thicker Understanding of Transitional Justice". *Journal of Law and Society*, 34(4).

[2] Brooks R. (2003), "The New Imperialism: Violence, Norms, and the 'Rule Of Law' ". *Michigan Law Review*, 101(7).

[3] Roberts P. and McMillan N. (2003). "For Criminology in International Criminal Justice". *Journal of International Criminal Justice*, 1(2).

правниот дискурс. Правото го означува значајниот практичен и симболички прекин со минатото, односно претставува напор за јавно демонстрирање на новите основи на легитимитетот и отчетноста на новиот систем.

Меѓутоа, кривичното право се соочува со сериозни дилеми во време кога треба да се справи со системски и масовни злодела, проткаени низ повеќе сфери во општеството. Во таков контекст, по завршувањето на злосторствата и масовното кршење на човековите права, вообичаеното разбирање на индивидуалната кривична одговорност најчесто е тешко применливо, поради што се поттикнуваат нови и алтернативни правни форми.

## 8.1. **Модели за соочување со минатото**

Различните општества, кои решиле да тргнат по тој пат, применувале повеќе стратегии за справување и соочување со минатото. Оттука, во теориска и методолошка смисла зборуваме повеќе за модели, како основа за размисла и инспирација, отколку како за готови решенија. Најважното кај сите овие модели е нивниот стремеж да ја пренесат пораката дека е невозможно да се игнорира вистината и дека таа, на еден или на друг начин, ќе најде пат да се појави на површината.

Без оглед на бројноста на жртвите од одреден конфликт/војна или диктаторски режим, битно е да се признае дека насилството навистина се случило и дека довело до жртви и страдања. Но, тоа не е доволно, туку е само почетна основа за сето она што следува. Вистината без правда не е вистина, туку значи само признавање и прифаќање на тоа што се случило. Познатиот чилеански истражувач на оваа поле и драматург, Ариел Дорфман, по 17 години прогонство од Чиле, во поговорот на својата книга „Смртта и девицата" го поставува круцијалното прашање со очигледен (но истовремено и комплициран) одговор: „Како е можно тие што мачеле и тие што биле мачени да имаат

соживот во истата земја? Како да ја излечиш земјата што била трауматизирана со репресија ако стравот да се зборува гласно, сè уште, е присутен насекаде? И како да се дојде до вистината кога лагата станала навика?"

Целта на овие модели, многу често, не е објаснување на причините што довеле до војна/конфликт, т.е. да се најде вистината за корените и текот на насилството. Тоа дури, како што покажуваат искуствата, може никогаш и да не се дознае или, пак, до тоа да дојде по многу децении, не само поради конспиративната спирала, туку и поради повеќекратната интерпретација на вистината за тоа што точно се случило. Моделите даваат насоки како да се дојде до соочување со минатото и да се направи чекор во насока на трансформација на конфликтот и кон помирување и евентуално простување. Обелоденувањето на фактите придонесува за елиминирање на шпекулациите, лагите и манипулациите кои самите можат да станат извор на нов бран насилство.

Но, секогаш се наметнува прашањето: како да се стигне до точката каде што веќе не сме доминирани од минатото? Постојат само ограничен број на опции, а тие се сведуваат на следниве:

- Казнена правда;
- Откривање на фактите/кажување на вистината;
- Обесштетување на жртвите;
- Реконцилијација (помирување);
- Институционални реформи;
- Комбинација на горespоменатите опции, или останување застанати/ блокирани во минатото.

Кога се анализираат целите на најголем дел од светските модели за соочување со минатото може да се идентификуваат три универзални нивоа на акција и интервенција:

• Утврдување на вистината во врска со насилното кршење на човековите права;

• Репарација како начин за признавање на престапите/прекршоците направени од страна на државата и пребарување за натамошно помирување и/или простување;

• Превенција, за да се учи од минатото и градење на општество што ги почитува човековите права.

Анализите на резултатите од работата на разните модели и тврдењата на експертите на оваа поле водат кон констатацијата дека ниту еден од моделите не се покажал целосно успешен во која било земја од светот, ниту се покажал како универзален.

## 8.2. **Процесирање на злосторствата: кривични судови и судења**

Кривичниот прогон и судењата за лидерите и поддржувачите на бившиот политички или воен режим, а по смената на власта или по завршувањето на војната, имаат длабоки историски корени. За судења на тираните сведочи Аристотел во своите дела, а познати се и судењата на Шарл I и на Луј XVI. Вистинската ера на кривичен прогон, како механизам на транзициската правда, започнува со Нирнбершкиот и Токискиот суд за воени злосторства по завршувањето на Втората светска војна. Постои и одреден број внатрешни судски процеси по промената на режимот, како на пример судењата против членовите на грчката и на аргентинската хунта. Историски гледано, идејата на кривичен прогон на претставниците на претходниот режим од страна на новиот се темели врз концептот на казнување на тиранијата која извира од предавството на националните интереси и вредности, како и на губитниците во

неправедна војна. Од Нирнберг до денес, судењата се оправдуваат како потреба на разликување на праведно од неправедно насилство, односно како осуда на политичкото насилство од минатото во период на транзиција.

Судењата на политичките раководства треба да послужат за да се прикаже значењето на (претходната) државна неправда. Според современата теорија, казнувањето во време на транзиција има потенцијал да помогне во конструирањето на новиот демократски поредок.[4] Судењата за сторените злосторства во минатото претставуваат демаркациска линија која го разделува стариот од новиот режим, но се и средство за делегитимирање на стариот систем и легитимирање на новиот. Мајкл Валцер смета дека „револуциите мораат да расчистат со стариот режим, односно мораат да најдат некаков ритуал и процес преку кој идеологијата којашто тој ја претставувал ... може да биде јавно отфрлена."[5] Според него, јавната егзекуција на владетелот Луј XVI на гилотина претставувала апсолутно решителен чин на раскинување со митовите на стариот режим и основачки чин на новиот. Судењето и егзекуцијата на кралот покажала дека тој не е над правото.

Кривичната правда нуди правен легализам кој помага да се премостат периодите на длабоко нарушено владеење на правото. Преку судењата се изразува осуда на насилството од минатото и се легитимира владеењето на правото како основа за идната демократија. Ова е консеквенцијалистички пристап кон начинот на постигнување на правдата како нешто што има идна цел, воспоставување на владеење на правото и на демократија. Освен тоа, судењата ја афирмираат либералната идеја за приматот на индивидуалните права и должности.[6] Меѓутоа, токму ваквиот пристап е во извесна колизија со вообичаеното разбирање на

---

[4] Orentlicher F. D. (1991) "Settling Accounts: The Duty to Prosecute Human Rights Violations of a Prior Regime". *Yale Law Journal* 100(8).

[5] Walzer M. (ed.). (1992) *Regicide and Revolution: Speeches at the Trial of Louis XVI.* New York: Columbia University Press, стр. 88.

[6] Teitel, исто, стр. 30.

принципот на владеење на правото, политизацијата на правото во време на промена, внесување нови вредносни принципи со ретроактивно дејство итн. За да имаат судењата кредибилитет, тие треба да се реализираат со целосно почитување на процесните норми кои важат во демократиите во нормални околности, како што е транспарентно и фер судење. Доколку не се почитуваат овие принципи во изрекувањето на правдата, се ризикува бумеранг ефект со кој би се испратила порака за политичка правда и нефер судење, па сторителите би се претвориле во жртви (на новиот режим). Наместо раскрстување со стариот режим, на овој начин само би се посеало семе на раздор и конфликти во периодот кој следува.

Кривичното гонење на извршителите и одговорните за масовните повреди на човековите права и за тешки кривични дела согласно со меѓународното право (злосторства против човечноста, воени злосторства, геноцид) претставува облик на санкционирање на индивидуалните прекршители на правото низ кривична судска постапка. Покренувањето на овие постапки е мотивирано од казнување на сторителите, но и од испраќање генерална порака до сите дека ваквите дела нема да останат неказнети, а појавите толерирани. Оваа порака се зајакнува со воведувањето на меѓународните судови и јакнењето на меѓународното право, бидејќи земјите кои излегуваат од тежок период реално немаат шанси брзо да се консолидираат и да процесираат фер судења.

Меѓутоа, практиката неретко доведува до случаи во кои доаѓа до воздржување од казнување на злосторствата согласно со меѓународното право со цел воспоставување на внатрешен мир и да се обезбедат услови за национално помирување на земји кои минале низ внатрешен конфликт. Со други зборови, кривичната правда е можна само кога во одредена мера може да се направи разликување меѓу победници и губитници, односно на жртви и агресори (добри и лоши учесници). Во сложените внатрешни судири тоа е тешко, ако не и невозможно да се направи, па се прибегнува кон други средства за нормализација на состојбите и

воспоставување некаков (макар, негативен) мир и обнова на заедницата.

### *8.2.1. Судовите по Втората светска војна*

Трибуналите воспоставени по крајот на Втората светска војна (Нирнберг и Токио), како што веќе рековме, претставуваат пресвртница во дотогашната историја на меѓународните односи, особено по воени судири. Нивното значење и разбирање на причините за нивното воспоставување бараат да се направи чекор назад, т.е. да се осветлуваат историскиот и политички контекст, како и да се направи преглед на транзициската правда по завршувањето на Првата светска војна. Имено, победничките нации воспоставуваат посебна комисија во 1919 година, која препорачува кривичен прогон на државјаните од непријателските држави, вклучително и лидерите, за дела против „законите и обичаите на војување или законите на човечноста". Договорите од Севр (меѓу сојузниците и Турција) и Версајскиот договор (меѓу сојузниците и Германија) предвидуваат судења на воените злосторници од поразените земји, вклучувајќи го и кајзерот Вилхелм II, и тоа пред меѓународни трибунали. Но, до тоа никогаш не доаѓа. Кајзерот добива прибежиште во Холандија, а само неколкумина германски официјални лица се изнесени пред германскиот Врховен суд. За турските обвинети лица настапува генерална амнестија согласно со договорот од Лозана. Така, не се успева во обезбедување казнивост на одговорните за агресијата. Постои и уверување дека неуспехот да се осудат одговорните за војната е една од причините кои водат до отпочнување на Втората светска војна. На Германија ѝ се наметнува чувство на колективна вина за војната, без да се направи индивидуализација на вината кај водечките и најодговорните личности.

Врз основа на научените лекции од Првата светска војна, новините кои ги внесува Нирнбершкиот процес се во следново:

– клучен механизам за остварување на повоената правда се кривичните судења;

– клучното злодело за кое се отвораат судските случаи е агресијата и масовните злосторства врз цивилите (Холокаустот, првенствено);

– наместо кај националните судови, изрекувањето на правдата е сега во рацете на Сојузниците – јурисдикцијата за воените злосторства веќе не е национална, туку меѓународна;

– наместо покажување со прст кон државите кои ја предизвикаа војната и утврдување колективна/национална вина, целта е индивидуализација на вината.

Тоа е обид победниците (Сојузниците) да ја преземат улогата на меѓународна заедница која има намера да не толерира неказнивост за тешки дела против мирот и човечноста. Роберт Џексон, главниот обвинител во Нирнберг, ќе каже: „Тоа што четири големи нации, задоволни од победата и погодени од повредите, се воздржуваат од одмазда и доброволно ги изнесуваат нивните заробени непријатели пред лицето на правдата е една од најзначајните облици на респект што моќта некогаш му ја искажала на разумот." Уште пред самиот крај на војната во преговорите меѓу победниците имало и предлози за одмазднички акции и масовно егзекутирање на непријателските офицери, но победува опцијата за кривична правда. Со Декларацијата за германските злосторства во окупираната Европа (од 1 ноември 1943 година), потпишана од Рузвелт, Черчил и Сталин, јавно се предупредува дека по победата врз нацистите, Сојузниците „ќе ги гонат до крајот на светот ... за правдата да биде извршена."

Правната основа за судењата е утврдена во Лондонската повелба од 8 август 1945 година, чии потписници се четирите т.н. Големи сили (САД, Велика Британија, Русија и Франција, која последна добива место во овој круг). Таа е ограничена на судења за казнување на најголемите воени злосторници од европските земји-членки на Оската.

За место на судењата е избран Нирнберг поради две причини: логистичка/техничка (Палатата на правдата во овој град не само што останала неоштетена од бомбардирањата на Сојузниците, туку била доволно пространа и имала затворско одделение во својот состав), и второ – овој град се сметал за родното место на нацистичката партија, која таму ги држела своите годишни пропагандни собири, а Рајхстагот (парламентот) таму ја одржува седницата на која се носат т.н. Нирнбершки закони.[7] Пред судот во Нирнберг биле изнесени околу 200 германски воени злосторници, додека на други 1600 лица им се суди во рамките на класичните канали на военото правосудство. Секоја од државите основачи обезбедила по еден судија и еден заменик, како и свој обвинител, додека како бранители служеле германски адвокати.

Меѓународниот воен трибунал започнува со работа во ноември 1945 година. Обвинителството поднесува обвиненија против 24 клучни воени фигури и седум организации, за следните кривични дела: а) учество во заедничко планирање или заговор за остварување на злосторство против мирот; б) планирање, иницирање и започнување на војни на агресија и други дела против мирот; в) вршење на воени злосторства и г) злосторства против човечноста.

---

[7] Нирнбершките закони, со кои расизмот и антисемитизмот стануваат правен фундамент на нацистичка Германија, биле донесени на 15 септември 1935 година: едниот е Законот за заштита на германската крв и германската чест, а вториот бил Законот за државјанство. Со првиот закон, меѓу другото, се забрануваат брачни и вонбрачни врски меѓу Евреи и Германци, како и вработување на Германките под 45-годишна возраст во еврејските поседи и домови. Според вториот закон, право на државјанство имале само оние со германска или со сродна крв, додека на останатите им се одзема статусот на државјани и сите граѓански права. Дополнително е усвоена правна дефиниција за тоа кој е Евреин, а Законот е дополнително проширен за да ги вклучи и Ромите и лицата од црната раса. Ромите се дефинирани како „непријатели на расно засноватана држава", т.е. се изедначени со Евреите.

Покрај ова, спроведени се судења на пониски нацистички претставници и лекарите кои изведувале експерименти во логорите. Овој трибунал ќе послужи како модел за Меѓународниот воен трибунал за Далечниот Исток, пред кој се изведени јапонските официјални лица на кои им се суди за злосторства против мирот и злосторства против човечноста. Според него ќе биде организирано и судењето на Ајхман во Израел, а подоцна Нирнбершкиот трибунал ќе послужи и како модел за Хашкиот трибунал за злосторствата извршени во бивша Југославија во 90-тите, како и за Трибуналот во Аруша за лицата одговорни за геноцидот во Руанда.

Нирнбершките судења имале огромно влијание врз развојот на меѓународното казнено право. Заклучоците на трибуналот ќе послужат како основа за повеќе значајни конвенции, како Универзалната декларација за човековите права (1948), Конвенцијата за превенција и казнување на геноцидот (1948), Женевските конвенции (од 1949 и Дополнителните протоколи од 1977 година) итн.

И покрај големото значење на овие судења, од историска перспектива станува јасно дека стварноста на Нирнбершките процеси отстапила од мандатот кој бил оригинално замислен. Нивното наследство се движи меѓу некритичка глорификација и поприземната реалност. Освен фактот дека Нирнберг и Токио остануваат само историски случајности, а не трајна одлика на повоениот меѓународноправен поредок, нивниот најголем хендикеп е во следново[8]:

– Тие биле пример на „правдата на победникот" врз победениот. Наместо вистински меѓународни трибунали, во кои би

[8] Cassette J. (2004). "Towards justice in the wake of conflicts? The evolution of war crimes tribunals". In: *Documentation, Truth, Accountability: Creating Conditions for Dealing with the Past in the Former Yugoslavia* (reading material), Humanitarian Law Center, Belgrade.

партиципирале повеќе држави, тие стануваат „трибунали на победниците" и тоа на најмоќните.

– Тие немале надлежност да ги судат сторителите на воени злосторства кои припаѓале на сојузничките држави/сили. Ова е особено видливо во Токискиот трибунал, во смисла на лицемерието на прогонот само на јапонските лидери, но не и на извршителите на најголемите злосторства врз цивилите (атомските бомби врз Хирошима и Нагасаки);

– Судењата се проследени со сериозни правни нерегуларности, иако бил направен напор да се обезбеди привид на фер судска постапка.

На пример, фундаментален принцип на кривичното право е дека нема кривично дело без закон и нема казна без таа да е предвидена со закон (*nullen crimen sine lege*). Во времето на воспоставување на двата трибунала не постоела правна регулатива за криминализација на делото водење агресивна војна. Освен тоа, концептот на „злосторства против човечноста" бил, речиси, непознат и неразработен. Иако во тоа време војната е ставена вон закон (со одредбите на Повелбата на Лигата на народите и Брајан-Келоговиот пакт од 1928 година, но само за земјите потписнички), а постојат и одредени конвенции за правилата на војување, не може да стане збор за правна основа за кривичен прогон, судења и изрекувања казни на индивидуи. Дотогаш, единствени субјекти на меѓународното право се државите, но не и поединците. Статутите на Нирнбершкиот и Токискиот трибунал се, всушност, првите меѓународни инструменти за кривичен прогон од ваков вид. Најголема иновација е вклучувањето на злосторства против човечноста.

### *8.2.2. Меѓународни ad hoc трибунали за воени злосторства*

Студената војна започнува, речиси, веднаш по завршување на судењата за нацистичките и јапонските воени злосторници.

Разговорите за воспоставување меѓународен кривичен суд од 1951 година се суспендирани. Некогашните сојузници стануваат непријатели, а војуваат преку „посредници" во трети земји (war by proxy). Прашањата на масовните кршења на човековите права и на злосторствата против човечноста, во рамките на колонијализмот или на апартхејдот, се толерираат заради обезбедување на студениот мир, и затоа што државите одбиваат некаков меѓународен авторитет да арбитрира за постапувањето на нивните лидери или воени заповедници.

Потребата од адресирање на кривичната правда во внатрешните конфликти со огромен број цивилни жртви, па и геноцид, станува повторно актуелно по завршувањето на Студената војна, односно со избивањето на војните во бивша Југославија и Руанда. Така, половина век по Нирнберг повторно се посега по механизмите на ретрибутивната правда преку создавање на привремени (ad hoc) трибунали. Овој пат како основач на трибуналите се јавуваат ОН, односно Советот за безбедност на ОН, кој со свои резолуции ги формира најнапред Меѓународниот кривичен трибунал за воени злосторства во бивша Југославија (МКТЈ) во 1993 година со седиште во Хаг, а наредната година и Меѓународниот кривичен трибунал за воените злосторства во Руанда (1994) со седиште во Аруша, Танзанија.

Значи, за првпат привремени трибунали за воени злосторства поврзани/произлезени од одделни конфликти не се воспоставени со договор или со повелба потпишана од држави, туку со задолжителни резолуции на Советот за безбедност. Со други зборови, ова се трибунали воспоставени со колективна одлука донесена во рамките на една (универзална) меѓународна организација, па со тоа тие на некој начин добиваат својство на први вистински меѓународни трибунали.

Советот за безбедност ја црпи својата надлежност од Главата VII од Повелбата на ООН, односно како механизам на наметнување на мирот (во смисла на член 42 од Повелбата). Ако Нирнберг и Токио беа одговор на моралниот императив „да не се

повтори никогаш повеќе", овие два трибунали се сметаат првенствено за дел на една стратегија за градење на мирот. Иако не може да се одрече дека и во овие случаи постои морален императив (поради шокот од масовноста и грозоморноста на извршените злосторства), односно барања правда и казна/ретрибуција, сепак се смета дека правдата не е сама по себе цел, туку е повеќе во функција на промоција на мирот во содејство со правдата. Во времето на нивното воспоставување војната во бивша Југославија е во својот зенит, па трибуналот требаше да биде јасна порака до завојуваните страни дека меѓународната заедница ќе реагира и ќе казнува, односно да ги принуди на мировни преговори и запирање на непријателствата. Во случајот на Руанда, пак, се очекуваше прогонот на одговорните за планирањето и извршувањето на геноцидот од 1994 година да влијае врз спречувањето на изблик на нов бран насилства. Поради ваквите околности на теренот, овие трибунали се сметаат за дел од напорите за творење на мирот (peacemaking) и за градење на мирот (peacebuilding).

Надлежноста на двата трибунала е доста ограничена, односно поврзана само со одредени злосторства. МКТЈ имаше јурисдикција врз сите „сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право сторени на територијата на бивша Југославија од 1991 година" – што вклучува геноцид, злосторства против човечноста и воени злосторства. Трибуналот за Руанда се занимаваше со истите дела на територијата на Руанда во периодот од 1 јануари до 31 декември 1994 година. Нивниот карактер на ad hoc трибунали се должи на овие ограничувања, но и на фактот што нивната работа беше во рацете на органот кој ги основашеа кој одлучуваше и за ресурсите за нивната работа.

### *8.2.3. Меѓународен кривичен суд (МКС)*

Римскиот статут, односно Статутот на меѓународниот кривичен суд, беше усвоен во јули 1998 година. Со тоа, по

неколкудецениски дебати, се создадоа условите за воспоставување траен меѓународен суд. Тој почна со работа на 1 јули 2002 година дури откако 60 држави го ратификуваа Статутот, и со тоа му се придружија на Судот. Неговото седиште се наоѓа во Хаг. Судот е воспоставен за дела сторени од неговото формирање, односно нема можност да дејствува ретроактивно и да гони за злосторства сторени пред да биде формално основан. Притоа, неговата надлежност не е глобална во вистинската смисла на зборот, туку се однесува само на државите-потписнички и за нивната подготвеност за соработка особено кога станува збор за осомничени/обвинети кои се наоѓаат на нивната територија, но не се нивни државјани.

САД не само што не го ратификуваа Статутот, туку и почнаа акција на потпишување билатерални договори со одделни земјипотписнички, со кои обезбедија дека американските државјани или лицата кои работат за американски институции нема да бидат екстрадирани и предадени на јурисдикцијата на МКС, туку ќе им бидат испорачани на САД. Македонија е една од државите што потпишаа таков договор со САД, иако земјата е потписничка на Римскиот статут, односно за нејзините државјани важат одредбите на овој акт.

На официјалната интернет-страница на МКС, пишува дека идејата на Судот е учество во глобалните напори за ставање крај на неказнивоста, преку механизмите на меѓународната кривична правда, така што ќе се бара одговорност за сторените злосторства и ќе дејствува превентивно.[9] За првпат во историјата, МКС функционира како трајна меѓународна институција со ингеренции кривично да гони и да суди поединци за делата на геноцид, кривични дела против човечноста и воени злосторства, како и за делото агресија, извршени од државите потписнички на Статутот или од нивни државјани. Овие дела се дефинирани со Римскиот

[9] Види повеќе на: https://www.icc-cpi.int/about.

статут, а дефинициите потоа прифатени и инкорпорирани во законодавствата на државите потписнички.

– *Геноцидот* е дефиниран во Конвенцијата за спречување и казнување на злосторството за геноцид од 1948 година. Членот 2 од Конвенцијата го дефинира геноцидот како кое било од следниве дела извршени со намера во целост или делумно да се уништи некоја национална, етничка, расна или верска група, како:

(а) убивање на припадници на групата;
(б) нанесување тешки телесни или душевни повреди на припадниците од групата;
(в) намерно наметнување животни услови на групата со цел да се доведе до нејзино потполно или делумно физичко уништување;
(г) воведување мерки кои имаат за цел да се спречи раѓање на деца во групата;
(д) префрлување деца од една во друга група.

– *Злосторствата против човечноста* се дела чија суштина е во широко распространетото и систематско напаѓање на цивилното население, вклучувајќи убиства, елиминација, поробување, депортација, тортура, силување и друг вид сексуално насилство, прогон и присилно исчезнување.

- *Воените злосторства* се дела кои претставуваат тешки повреди на Женевските конвенции од 1949 година и Протоколите од 1977 година, како што се негирање на правата на воениот персонал и заробениците со убиства, тортура, страдања, како и напади врз цивилното население со грабежи,

труење, силување и други видови сексуално насилство, изгладнување и други слични злодела.

- *Злосторствата на агресија* ги опфаќаат делата кои претставуваат закана од употреба на сила од една на друга држава, како и другите дејствија на државите со кои се крши Повелбата на ОН.

Постапката пред судот може да се покрене на три начини: од страна на држава-потписничка, од Советот за безбедност на ОН или по барање на обвинителството кое собрало докази од различни извори. Притоа, значајно ограничување на надлежноста на МКС е тоа што тој може да постапува само во случаи кога државата во која се извршени злосторствата одбива да ги гони сторителите или самата не е способна да го стори тоа. Оттука, МКС не е замена за националното правосудство, туку дополнение во случај на потреба, па затоа главен принцип на дејствување на МКС е принципот на комплементарност. Согласно со Статутот, државите потписнички имаат обврска да соработуваат со судот, вклучително и при апсење на обвинетите. За разлика од обврската за соработка со поранешните трибунали за Југославија и Руанда каде што станувaше збор за обврска наметната од Советот за безбедност на ОН, овде станува збор за обврска која произлегува од склучен договор, односно е лимитирана на договорните страни на МКС и не може да се спроведе по сила на Повелбата на ОН или по барање на Советот за безбедност. Накусо, слабоста на судот лежи во фактот што не располага со средства за принуда и зависи, во крајна линија, од политичката волја на засегнатите држави.

Во изминатиот, речиси, дведецениски период на своето постоење, резултатите на Судот се далеку од очекувањата. Службени истраги се отворени во: Уганда, Демократската Република Конго, Централната Африканска Република, Судан (Дарфур), Либија, Брегот на Слоновата Коска, Кенија, Мали и Грузија. Против поединци како Моамер Гадафи од Либија, бившите

претседатели на Кенија и Брегот на Слоновата Коска, Лорент Г'багбо и Ухуру Кенијата, како и против злогласниот лидер на паравоена организација од Уганда, Џозеф Кони – судот покрена обвиненија. Но, Гадафи беше убиен на грозоморен начин од толпите, додека бившите претседатели на двете држави беа ослободени од судот, а Кони не излезе пред судот и се смета дека е загинат во борбите. Претседателот на Судан е обвинет уште од 2006 година, но не е достапен за судот.

Иако за МКС може да се каже дека е голем чекор напред кон остварување на меѓународната правда, сепак резултатите се повеќе од скромни. Додека, од една страна, правниците, сѐ уште, водат сериозни дискусии околу дефинициите на кривичните дела во Статутот, за влијанието на судската практика на трибуналите за Југославија и Руанда, за слободата на судското уверување итн., дотогаш САД и Русија првично го потпишаа Римскиот статут, па потоа ги повлекоа потписите, а Кина, Индија, Индонезија и Пакистан, воопшто, не го ни потпишаа. Така, работата на МКС е однапред редуцирана драматично, поради стравот на најмоќните сили дека ќе бидат одговорни пред правото за своите политики и потфати.[10] Засега изгледа дека МКС е формиран за слабите и несредени држави од т.н. Трет свет. Всушност, досегашните обвиненија се однесуваат исклучиво на лица кои доаѓаат од Африка. Но, и во тие случаи кривичниот прогон не доведе до стабилизација и до смирување на состојбите на теренот на длабоко поделените и разурнати општества.

Идејата на МКС е да ја промовира не само правдата, туку и мирот. Теоретичарите и практичарите го критикуваат дека сѐ досега успеал ниту во едното, ниту во другото. Како што забележува Гегу, тој се соочува со

---

[10] Lundström M. (2017). "The International Criminal Court and Its Shortcomings", *Uttryck Magazine*, 25 March.

„големи структурални и политички тешкотии: располага со ограничени ресурси, се соочува со институционални рестрикции, тој е манипулиран од страна на државите и е предмет на критика поради наводна селективност во делењето на правдата. Сепак, МКС би можел значајно да придонесе кон унапредувањето на правдата и мирот, и да има големо влијание врз превенцијата на злосторствата, поради тоа што неговиот прогон е реална закана за високите функционери кои вршат сериозни злосторства."[11]

## 8.3. **Утврдување на фактите**

### *8.3.1. Комисии на вистината и помирувањето*

Комисиите на вистината и помирувањето се популарен механизам за справување со минатото, кој се лоцира некаде меѓу кривичниот прогон за сторените злосторства и тешките повреди на човековите права и тоталната амнезија/заборав за стореното зло. Искуствата од судското процесирање на злосторствата покажаа не само слабости, туку и неможност да се опфатат сите инволвирани во масовните случаи на насилства и тешки повреди на човековите права. Комисиите за вистината се инструменти/модели основани заради истражување на фактите и соочување со вистината за сторените злосторства под одреден режим. Тие се механизам кој го обезбедува правото да се знае. Но, самиот потфат на откривање на вистината (truth-seeking) бара одреден баланс во однос на постапките за кривично гонење на сторителите на масовни злодела. Предноста на комисиите е во тоа што обезбедува платформа за откривање факти и комуникација во врска со многу лични судбини, односно жртвите ги става во својот фокус наместо

[11] Gegout C. (2013). "The International Criminal Court: limits, potential and conditions for the promotion of justice and peace", *Third World Quarterly*, 34(5), стр. 800.

сторителите (што е работа на кривичниот прогон). Оттука, некои сметаат дека комисиите на вистината и помирувањето се погодни за разурнати општества каде што се сторени голем број злодела во текот на диктатура или при внатрешен вооружен конфликт, но дека транзициската правда може да се оствари само ако се комбинирани со кривичен прогон на најодговорните за случувањата во минатото.[12]

Комисиите се механизам на ресторативна правда, па како такви тие повеќе настојуваат да постигнат одреден степен на помирување меѓу членовите на општеството кои биле на различни страни отколку да ја утврдат одговорноста или да бараат казнување за оние што биле сторители. Со други зборови, на сторителите може да им се даде амнестија во замена за јавното признание за стореното и за вината. Според Дезмонд Туту (јужноафриканскиот нобеловец за мир и претседател на Јужноафриканската комисија), секој мора да ја признае одговорноста за делото за кое бара амнестија. Општата цел е постигнување на национално единство и национално помирување низ една специфична форма која значи дека ќе се прости ама нема да се заборави – за да не се повтори никогаш.

Во ретки случаи, постојат и комисии кои се залагаат за репаративна правда, односно вложуваат напори за отштета на жртвите и давање конкретна помош да ги залечат раните од минатото. Понекаде станува збор за материјални или за симболички репарации, службени извинувања, комеморации и споменици во знак на одбележување на страдањата од минатото итн. Комисијата за еднаквост и помирување на Мароко е пример за фокусирање на репарациите.

Степенот на овластувањата, правниот капацитет, моралната прифатеност и поддршка од страна на жртвите, големината на нивниот буџет и бројот на ангажираните лица во нивната работа

---

[12] Archibugi D. and Pease A. (2018). *Crime and Global Justice: The Dynamics of International Punishment.* London: Polity Press.

се факторите кои го детерминираат изгледот, но и успехот на овие комисии. Тие засега варираат многу од случај до случај. Опсегот на ингеренциите на комисиите на вистината зависи од волјата на новата влада која го заменила стариот авторитарен режим, како и од прифаќањето и поддршката од страна на општеството во целина. Во најголем број случаи, како претседавач на комисијата се поставува некоја исклучителна морална фигура (личност) којашто е призната како борец за правда, со меѓународен углед и којашто дала активен удел во обзнанувањето на прекршувањата на човековите права во минатото. Во изминатите децении, во разни земји од светот се формирани бројни комисии на вистината (од кои некои го носат името „комисија на вистината и помирувањето"), а најпознати се оние од Јужна Африка и од Чиле.

Од досегашната практика на различните комисии за вистината (понекогаш и под сосема различни имиња), се издвојуваат следниве заеднички одлики на ваквите комисии:[13]

1. Се фокусираат исклучиво врз минатото, поточно врз блиското минато;

2. Ги истражуваат обрасците/моделите на кршење на човековите права, а не поединечните случаи;

3. Тие се привремени тела кои својата работа мора да ја завршат во разумен рок (најчесто се споменува период од три години);

4. Ги формираат, ги регулираат и ги овластуваат државите;

5. Тие се занимаваат со политички мотивираните злосторства и најтешките повреди на човековите права;

---

[13] Hayner P. *Unspeakable Truths: Transitional Justice and the Challenge of Truth Commissions.* London: Routledge, 2010.

6. Се фокусираат врз злосторства чија последица се огромен број жртви;

7. Нивната функција е првенствено истражна, а не судска;

8. Се фокусираат првенствено врз жртвите;

9. Ги истражуваат првенствено фактите, но можат или треба да ги утврдат и причините поради кои дошло до насилството и до злосторствата;

10. Комисиите се основаат таму каде што се случиле злосторствата;

11. Работата ја завршуваат со финален извештај во кој се наоѓаат утврдените факти за минатото и се даваат препораки за иднината.

Првата Комисија за вистината е основана во Уганда во 1974 година, а оттогаш се основани преку 40-тина слични тела низ светот. Најпознатите ги вбројуваат следниве: Националната комисија за исчезнатите во Аргентина (Conadep) од 1983 – 1984 година, Комисијата за вистината и помирувањето во Чиле (Ретигова комисија) од 1990 – 1991 година, Комисијата за вистината во Ел Салвадор од 1992 – 1993 година, Комисијата за вистината и помирувањето во Јужна Африка од 1995 – 1998/2004 година, Комисијата за расветлување на историјата во Гватемала од 1997 –1999 година, Комисијата на вистината и помирувањето во Сиера Леоне од 2000 – 2004 година и Комисијата за вистината и помирувањето во Перу од 2001 – 2003.

Нивниот број постојано расте следејќи ги мировните процеси по завршувањето на акутната фаза на конфликтите, но и поради потребата и демократските општества да се соочат со своето грдо и тешко ама дамнешно минато. Интересен е примерот

на Канада која воспоставува Комисија на вистината во 2008 година, која сѐ до нејзиното затворање и објавувањето на нејзиниот финален извештај во 2015 година, работи на собирање сведоштва за насилната асимилација и културен геноцид што бил систематски вршен врз децата на домородното население (т.н. Првите нации, Метисите и Инуитите). Имено, во периодот од 1879 – 1996 година, стотици илјади деца биле намерно одвојувани од семејствата и сместувани во интернати каде што биле асимилирани и религиски и културно, со цел да се „интегрираат" во канадската нација. Канадскиот министер за јавни работи од 1883 година го објаснил тоа на следниов начин: „За да ги образуваме децата соодветно, мораме да ги одделиме од нивните семејства. Некои ќе речат дека е ова тешко, но ако сакаме да ги цивилизираме, ова мораме да го сториме."

Комисијата била воспоставена со цел да ја признае неправдата и да ги документира историјата и трајните последици врз припадниците на домородните нации, со јавно обзнанување на неправдите кои им биле нанесувани, односно откривање на тој дел од канадската историја кој бил чуван во темнина со децении. По основањето на Комисијата, тогашниот премиер Харпер јавно се извинил за улогата на минатите влади во управувањето со интернатите за децата на домородните нации, а во 2017 година и премиерот Трудо изрази јавно извинување за сите жртви. Финалниот извештај на Комисијата е објавен во 2015 година, а во него се сумирани и предлози за повеќе акции кои треба да се реализираат во иднина во насока на помирување меѓу Канаѓаните и припадниците на домородните народи. Извештајот кој се состои од неколку томови носи наслов „Тие дојдоа по децата" и е јавно достапен на интернет.[14] Сета документација собрана во текот на работата на Комисијата е сместена во Националниот центар за

---

[14] Види: *They Came for the Children: Canada, aboriginal peoples, and the residential schools*, достапно на: http://publications.gc.ca/collections/collection_2012/cvrc-trcc/IR4-4-2012-eng.pdf .

вистината и помирувањето, на Универзитетот Манитоба. Иако вреден и редок пример на соочување со минатото и откривање на неговите темни страни, критичарите сметаат дека прашањето на културниот геноцид врз домородното население преку училишниот систем бил само една мала страница од колонијалната историја на Канада, и дека властите никогаш не го признале тоа. Други, пак, тврдат дека трагите на колонијализмот и дискриминацијата се присутни и денес, и дека приказната не е завршена со Комисијата и нејзината работа.[15]

Сличен проект од понов датум е започнат и во Австралија во однос на тешките неправди извршени врз Абориџините и врз другите припадници на домородното население, со акцент повеќе врз „кажувањето на вистината" (truth-telling). Процесот е на почеток, но во јули 2020 година, владата на провинцијата Викторија станува прватa во Австралија која се обврзува да формира Комисија на вистината и правдата со цел „официјално да ги признае историските злодела и тековните неправди".

Масовните протести во САД, Велика Британија, но и во други западни земји од 2020 година, со пароли како „Црните животи се важни" и симболичкото уривање на споменици на историски личности познати по расистички ставови или по злодела од колонијалното минато, покажаа дека соочувањето со минатото е процес кој може да се одвива стихијно или организирано. Засега, комисиите на вистината и помирувањето се механизми карактеристични за земјите со авторитарно минато (од Латинска Америка, главно) и за земјите кои излегле од тешки внатрешни конфликти. Сепак, оние што се занимаваат со прашањето на транзициската правда, се чини, ваквите обиди за соочување со историските неправди од некои подалечни периоди не ги сместуваат во листата на механизми на транзициска правда,[16] но

---

[15] Coulthard G. (2014). *Red Skin, White Masks: Rejecting the Colonial Politics of Recognition.* Minneapolis: University of Minnesota Press.

[16] Toma M. (2008). „Komisije za istinu – iskustva drugih zemalja", достапно на: http://www.hraction.org/wp-content/uploads/komisije_za_istinu-iskustva_drugih.pdf .

практиката ги демантира, бидејќи и она што се смета за дамнешно минато има реални ефекти во денешнината и не може и не смее да се забошоти.

Искуствата и реалните ефекти од ваквите комисии се контроверзни, а за некои дури и неприфатливи во поглед на правната одговорност за сторените злодела. Комисиите во многу случаи се поставуваат над законите и над правосудниот систем, односно го имаат правото да ослободат од кривична одговорност, а за возврат ја добива вистината, признанието, па дури и овозможува лична катарза и на жртвите и на сторителите. Доаѓа до вистинско соочување и со фактите и со личностите, што може да биде основен предуслов за идно помирување и за создавање на проверена историја за настаните. Всушност, со финализирањето на својата работа во вид на завршни извештаи со огромен број сведоштва и други докази, овие комисии се противтежа за обидите на државите да го одречат извршувањето злосторства во минатото, а фактот дека се формирани од државните власти им дава и соодветен авторитет.

Врз нивното работење и успех најмногу влијаат следниве фактори:

- начинот на организирање;
- начинот на избор на членовите на комисијата;
- големината на буџетот со кој располагаат;
- дали и како се координираат со другите организации кои се во можност да обезбедат продлабочени и сеопфатни информации (обично организации за заштита на човекови права или здруженија на жртвите и сл.);
- видот на овластувања со кои располагаат во однос на лицата што ги сослушуваат;
- времетраењето на мандатот, и др.

На пример, во голем број случаи комисиите биле формирани по одлука на шефот на државата (претседателот), некогаш самостојно, а некогаш во консултација со главните политички сили

во земјата. Во некои случаи, комисиите се основани со закон донесен во парламентот. Во однос на селекцијата на членовите, исто така, има различни искуства, но генерално се водело сметка за високиот личен авторитет на лицата. Така, со аргентинската комисија претседавал почитуваниот писател Ернесто Сабато, а член на чилеанската комисија бил Хозе Залакет, еден од најугледните правници во земјата. Селекцијата понекогаш ја вршеле државните претставници самостојно, а во други, тоа било правено во консултација со организациите за заштита на човековите права, што на телото му обезбедило поширок јавен легитимитет.

Што се однесува до нивната внатрешна организација, некои комисии биле малобројни и со мал помошен (административен) кадар, додека други почнале како помали тела, но поради обемот на работата морале да се зголемат. Комисијата во Јужна Африка била најсложена во својата организација. Нејзината работа била организирана во три одбори: Одбор за кршење на човековите права (документирање на изјавите на жртвите, сведоците и сослушување), Одбор за обесштетување, репарации и рехабилитација и Одбор за амнестија. Последниот бил и најсложен и најделикатен бидејќи се занимавал со најконтроверзниот сегмент – давање амнестии за сторителите.

Начинот на работа на секоја комисија е пропишан со нејзиниот мандат определен при формалното основање (основачкиот акт, статутот за работа). Мандатот обично ги содржи дефинициите на надлежноста и на учесниците, а може да биде даден во потесна и ригидна форма или во поширока и нејасна. Двете решенија можат да доведат до сериозни проблеми и до несогласувања, па и до неприфаќања на дејноста на Комисијата. Претесниот мандат може да доведе до исклучување на цели категории жртви кои ќе ги остави без никаква сатисфакција или репарации, додека прероширокиот мандат остава простор за злоупотреби и за арбитрарно толкување на целите што треба да се постигнат. Присила Хајнер, со право, укажува дека комисиите за

вистината, речиси, никогаш не се пријатни, ниту добро финансирани, ниту, пак, се политички едноставни тела со кои добро се управува и во кои сѐ тече мазно.

Едно од најсложените прашања во работата на комисиите отсекогаш бил односот и постапувањето со сторителите. Комисијата е по дефиниција вонсудско тело за утврдување на вистината, а не суд кој почитува процесни правила на правично судење. Понатаму, големи дилеми постоеле и околу тоа дали комисијата треба да ги направи достапни имињата на сторителите за јавноста, бидејќи едната страна сметала дека тоа е нужно за нивно посрамување и давање пример за другите, втората страна се повикувала на презумпцијата на невиност. Прашањето е решавано низ практиката, ad hoc, од случај до случај, зависно од мандатот. Некои комисии (во Салвадор, Чад, Јужна Африка) имале такво овластување и го искористиле. Други комисии имале експлицитна забрана за објавување на имињата (Гватемала). Таму каде што прашањето не било регулирано и комисиите можеле сами да одлучат, се појавувале различни проблеми, вклучително и безбедносни (закани по живот за членовите на комисиите или за сторителите). Во некои случаи, списоците (божем случајно) протекле во јавноста (Аргентина). Списокот на чилеанската комисија не бил направен јавен, но бил користен во текот на судските истраги. Најоригинално решение имала комисијата на Јужна Африка каде што, согласно со овластувањата во мандатот да доделува амнестија во замена за вистината и за признавањето на одговорноста, секој сторител имал рок во кој можел да аплицира за аболиција. Од околу 7000 апликанти, по строгата постапка, ослободени од одговорност биле околу 1200 лица. Барателите биле сослушувани на јавни претреси, пред ТВ камери кои ги пренесувале случувањата низ земјата.

*Генералните цели* на ваквите комисии во најголем број случаи се слични:

• враќање на дигнитетот на жртвите и нивните граѓански и човекови права;

• повторно воспоставување на моралниот поредок;

• откривање на фактите, нивно евидентирање и документирање, како и соопштување на јавноста за сите наоди;

• креирање култура на човекови права и почит за владеење на правото;

• превенција срамното и болно минато да не се повтори.

Иако целите изгледаат разумни и остварливи, тешкотиите во нивната имплементација понекогаш ги прави недостижни и нереални.

Специфичен момент во работата на овие комисии е очекувањето дека низ сведочењето на жртвите и нивните мачители, кои ќе го признаат делото и ќе се покаат, може да дојде до катарза и до простување. Но, ова е многу деликатно прашање, поради што мора да се води сметка за разликата меѓу индивидуалното и националното/политичко ниво на кое се постигнуваат одредени ефекти.[17] Во вториот случај, низ својата работа и таквите трогателни соочувања на жртвите и сторителите, може да се создаде клима на сеопшта морална осуда на злоделата, индивидуализација на вината, ама донекаде и хуманизација на учесниците на воениот конфликт (кои обично се прикажуваат како нелуѓе од спротивната страна). Но, простувањето е длабоко личен чин кој зависи од личноста на жртвата и од нејзината подготвеност да прости или не. Алекс Борејн, заменик-претседателот на Јужноафриканската комисија, споделува реакција на една жена на сведочењето на убиецот на нејзиниот сопруг:

[17] *Reconciliation After Violent Conflict. A Handbook.* (2003). Stockholm: IDEA, стр. 122.

> „Откако за првпат дозна како бил убиен нејзиниот сопруг, ја прашаа дали би можела да му прости на човекот што го сторил тоа. Зборувајќи полека на еден од локалните јазици, нејзината порака дојде до нас преку преведувачите: „Ниту една влада не може да прости." Пауза. „Ниту една комисија не може да прости." Пауза. „Само јас можам да простам." Пауза. „А јас не сум подготвена да простам."[18]

### *8.3.2. Амнестии*

Амнестијата или помилувањето на непријателот е практика со длабоки корени во историјата на војувањето или на внатрешните превратиi. Спротивната опција била сурово казнување, најчесто и без судење. Но, во последните децении амнестијата станува актуелно и дискутабилно прашање во контекстот на транзициската правда. Имено, тргнувајќи од фактот дека во суштината на транзициската правда е борбата против културата на неказнивост за кршењето на човековите права, амнестијата се чини како нејзина спротивност. Од друга страна, истражувачите на мирот и конфликтите сметаат дека прекинот на непријателствата и крвопролевањето бараат трампа меѓу мирот и правдата.

Зборот амнестија има потекло од старогрчкиот (ἀμνηστία amnestia) што значи 'заборав, помин'. Една од дефинициите на овој правен институт гласи: „Помилување дадено од власта на група или на категорија луѓе, најчесто поради политички кривични дела; чин на суверената власт која дава службена прошка за луѓе кои се предмет на прогон за дела за кои, сè уште, не се осудени."[19]

---

[18] Цитирано според: Gutmann A. and Thomson D. (2000). „The Moral Foundations of Truth Commissions". In: Rotberg I. R. and Thomson D. (eds.). *Truth v. Justice. The Morality of Truth Commissions*. Princeton: Princeton University Press, стр. 31.
[19] Gardner A. B. (ed.). (2009). *Blacks Law Dictionary* (9th ed.). St. Paul, MN: West, стр. 99.

Слична дефиниција дава и Џон Дугарт, според кој „амнестијата претставува вонредна правна мерка чија примарна функција е отстранување на можноста од кривична одговорност и евентуалните последици од неа за одредени поединци или категории лица во поглед на дефинирани видови кривични дела без оглед дали лицата биле судени за нив или не."[20]

Притоа, мора да се води сметка дека чинот на помилување (или аболиција) е индивидуален чин најчесто даден од суверенот (монархот или претседателот на републиката) за конкретен број лица кои издржуваат казна или се во фаза на истрага или судење. Амнестијата е многу повеќе од тоа, односно се уредува со општ правен акт (закон) кој важи за неограничен број лица кои ги исполнуваат законските услови, при што им се обезбедува бришење на секое правно сеќавање за делото. Клучно кај амнестијата е што законите со кои се уредува најчесто се фокусираат на ослободување од прогон за кривични дела кои на еден или на друг начин имаат политичка природа. Дефинирањето на ваквите дела може да биде предмет на контроверзии, зависно од нивното дефинирање. Според досегашните искуства на примена на амнестијата се издвојуваат три димензии на дефинирањето на овие дела: а) субјективната димензија – мотивот на сторителот; б) објективната димензија – контекстот, природата и намерата со која е сторено делото; и в) прашањето на пропорционалност: дали целта на делото ја оправдува неговата тежина?[21]

Земјите кои тукушто излегле од период на внатрешен конфликт или диктатура се соочуваат со огромен број повреди на човековите права, од најразличен вид. Зависно од политичките околности во периодот непосредно по окончувањето на насилствата или теророт, некои држави посегнуваат по амнестијата како комплементарен/дополнителен механизам кој

[20] Dugard J. (1999). „Dealing with Crimes of a Past Regime. Is Amnesty Still an Option?", *Leiden Journal of International Law,* 12(4), стр. 592.
[21] *Reconciliation after Violent Conflict,* исто, стр. 111.

може да ги надополни останатите механизми за остварување на транзициска правда. Но, доколку тоа не е случај или ако не се почитуваат меѓународно-правните стандарди кои важат за тешките злосторства, амнестијата може да се злоупотреби така што не само што ќе обезбеди неказнивост за сторителите, туку и дополнително ќе ги виктимизира жртвите кои ќе останат без чувство дека правдата ќе превладее. Конечниот резултат е јакнење на културата и практиката на неказнивост, која најверојатно уште претходно била еден од причинителите на длабоките неправди и конфликти во општеството.

Земјите кои се одлучуваат за широка амнестија ја сметаат за „брзо решение" (quick fix) на состојбите по завршувањето на конфликтот или репресијата. Застапниците на овој механизам, како предности на амнестијата, ги наведуваат следниве аргументи:

1) Гарантирањето заштита на сторителите од кривичен прогон, што придонесува учесниците на конфликтот побргу да го спуштат оружјето и да престанат со насилствата, односно да се вратат во мирновремени околности и да се реинтегрираат во општеството, без страв од одмазда или со желба за продолжување на борбите.
2) Амнестијата е еден од најреалистичните облици на транзициска правда. Таа не го преоптоварува судскиот систем, така што на судовите им останува да се фокусираат само врз најтешките злосторства за кои меѓународното право гарантира незастарување и прогон во неопределено долг рок.
3) Ова е релативно евтин механизам кој не бара дополнителни финансиски средства во земја која и онака е економски слаба и истоштена.
4) Четврто, судењето на буквално секој учесник кој сторил кривично дело во дадениот период е

технички невозможна задача, особено во случаи на масовни судири и насилства.

5) Постои голема веројатност дека процесирањето на сите случаи би довело до селективна правда и нефер и неправични судења поради притисоците врз судот и неговите слаби капацитети.

Амнестиите се јавуваат во различни облици кои зависат од:

а) *Начинот на кој е донесена одлуката за амнестирање на сторителите (т.е. унилатерална или одлука донесена по пат на преговори).* Во контекст на првиот начин, познати се случаи на самоамнестирање и случаи на преговори меѓу страните во конфликт пред да дојде до прекин на насилствата. Самоамнестирањето е познато од серија случаи од Латинска Америка во 80-тите години на 20-от век, каде што властите во заминување ги аболицирале најголемиот број нивни припадници и високи воени лица. Тоа беше случај пред изборите во Аргентина од 1983 година, кога воената хунта донесе Закон за национална пацификација, со што додели амнестија за сите политички и други кривични дела извршени од страна на нејзините соработници и официјални лица. Слично, години пред почетокот на демократската транзиција во Чиле, во 1978 година владата на Пиноче унилатерално ги ослободи од прогон сите што биле инволвирани во делата сторени за време на вонредната состојба (1973 – 1978 година). Договорените амнестии стануваат правило од 90-тите години на минатиот век. Станува збор за реципрочна амнестија на сторителите на двете страни во конфликт. Таков случај постоеше по окончувањето на апартхејдот во Јужна Африка, и тоа за двете страни. Мировниот договор (т.н. Мадридски мировен договор) од 1996 година меѓу властите на Гватемала и герилската организација (URNG) предвидува слично решение. Тука се вбројуваат и договорот за прекин на огнот во Ангола (2002 година), кој предвиде донесување закон за амнестија, како и

македонскиот случај на имплементација на Рамковниот договор со донесување Закон за амнестија во 2002 година.

б) *Опфатот на лицата и делата за кои ќе се воведе амнестија*. Современата практика покажува дека тоталните амнестии се реткост. Во најголемиот број случаи, амнестијата е ограничена или поточно условена од исполнување на некои критериуми, како:

– амнестија откако сторителот ќе ги соопшти сите факти за злосторствата, како во случајот на Јужна Африка;

– амнестија ограничена само на одредени групи сторители (на пример, деца војници);

– амнестија за дела извршени во ограничен и детерминиран временски период; и

– амнестија врз основа на закон кој експлицитно ги исклучува од опфатот делата кои потпаѓаат под меѓународното jus cogens право (воени злосторства, злосторства против човечноста, геноцид и агресија).

Анализата на практиката покажува широк дијапазон на решенија содржани во законската регулатива на различни земји: од безусловни амнестии до такви кои предвидуваат малку услови или други кои предвидуваат цела низа мерки. Конечно, има и закони кои не ги регулираат условите, но тоа го препуштаат на подзаконските акти. Како што покажува графичкиот приказ подолу, добиен врз основа на споредба на 278 случаи, најголемиот број мерки потпаѓа под финансиски и симболички облици на репарации.[22]

Законодавството кое се однесува на амнестиите обично се оспорува и се смета за контроверзно, особено кога делата сторени од политички побуди се дефинираат премногу општо, а и периодот

---

[22]Преземено од Mallinder L. (2009). "Exploring the Practice of States in Introducing Amnesties". In: Ambos K., Large J. and Wierda M. (eds). *Building a Future on Peace and Justice*. Berlin: Springer, стр. 160.

во кој се сторени не е јасно прецизиран. Тоа беше случај со македонскиот Закон за амнестија (од 2002 година), кој на крајот беше и укинат по пат на автентично толкување од страна на Собранието во 2011 година. Така, дури и сторителите на тешки дела за кои постојат меѓународни стандарди беа ослободени од прогон. За да амнестијата, како крајна нужда, даде позитивни резултати се смета дека мора да се задоволат некои услови, како: широка јавна дебата пред донесувањето на законот, обезбедување на средствата за откривање на фактите (truth seeking) и репарации за жртвите, како и строго почитување на меѓународните обврски што ги презела државата во рамките на разните конвенции и договори за човековите права.




**Услови за давање амнестија**

Всушност, анализата на досегашната практика покажува дека амнестијата како одделен механизам, без содејство со други соодветни механизми на транзициска правда, речиси и да не постои или се смета за неприфатлива. Најчесто, амнестијата е тесно поврзана со постоење на комисија за вистината и помирувањето. Во нејзината студија на 15 случаи, Присила Хајнер утврдува дека откако Комисијата ќе го поднесе својот финален

извештај, случаите на кривичен прогон кон сторители чиј идентитет е познат и чие дело е добро документирано, се вистинска реткост. Таа укажува дека иако само во мал број случаи, земјите по објавувањето на извештајот посегнале по закони за амнестија кои експлицитно забрануваат судења на сторителите, во најголемиот број случаи и без законска регулатива на дело биле de facto амнестии, затоа што мерки на кривичен прогон, воопшто, и не биле преземени.[23]На овој заклучок, Дугарт заклучува дека широките и безусловни амнестии, кои не се придружени со комисии на вистината, се неприфатливи. Изборот е меѓу кривичен прогон или амнестија во рамките на комисија за вистината.[24]

Идејата на транзициската правда, меѓу другото, е и борбата против културата и практиката на неказнивост за кршење на законот. Гледано низ оваа призма, ослободувањето од прогон на лицата кои организирале и/или извршиле тешки повреди на човековите права во време на внатрешен конфликт или државна репресија, е исклучително контроверзна постапка, чиј успех може да биде дискутабилен на среден или на долг рок.

Оценката за успешноста на дадена амнестија по насилен конфликт или репресија зависи од многу фактори:

Прво, најважно е да се утврди дали амнестијата била дадена на сторители кои извршиле исклучително тешки злодела.

Второ, прашањето за тоа кој ја дал амнестијата и кому зборува многу за правичноста на мерката.

Трето, многу е важно да се утврди дали амнестијата помогнала, на еден или на друг начин, во поттикнување на актерите директно или индиректно да го помогнат унапредувањето на правдата со зајакнување на помирувањето меѓу членовите на

---

[23]Hayner P., "Fifteen Truth Commissions – 1974-1994: A Comparative Study", *Human Rights Quarterly*, vol. 16, no. 600, 1994.

[24] Dugard, исто, стр. 1005.

општеството, репарациите, откривањето на фактите или кривичните судења за тешките злодела.

Четврто, во духот на ресторативната правда, во процесот на доделување амнестија треба да се вклучат гласовите на жртвите и на погодените заедници.

Петто, амнестијата не смее да доведе до делегитимирање на правосудниот систем, да го поткопа принципот на владеење на правото и да ја зајакне културата на неказнивост.

Како главни одлики на амнестијата која не е придружена со комисија на вистината или друг начин на утврдување на фактите може да се истакнат следниве:

1) Амнестијата во принцип ги елиминира, како расправата за случувањата од блиското насилно минато, така и докажувањето на вината во конкретните случаи на извршени кривични дела.

2) Со тоа што се амнестираат сите учесници во дејствијата поврзани со конфликтот без претходно да се утврди нивната вина, всушност, се брише разликата меѓу нив.

3) Како резултат од ова, кај жртвите секогаш останува чувството на неправда дека се ускратени, барем, во препознавањето на сторителите, ако не и во нивното казнување.

4) Не се идентификуваат проблемите и изворите на конфликти и во основа не се дава основа за решавање, превенирање или спречување на идни конфликти.

### *8.3.3. Амнезија*

Амнезијата (заборавот) не се вбројува во посакуваните методи на справување со конфликтното минато, бидејќи идејата на овој процес се состои во обратното: да не се заборави, но евентуално да се прости или да се помири со лошите времиња од минатото. Но, премолчено и неофицијално многу општества (и

особено, нивните власти) најмногу го прифаќаат заборавот во однос на темните петна од нивната постара или поскорешна историја. Всушност, речиси и да нема современа демократска нација која низ вековите или децениите не посегнала по историски ревизионизам и разубавување на своето минато, преку креирање селективна историја и политика на сеќавање која кај младите генерации создава позитивни наративи и национална гордост. Заборавот како општествен феномен, всушност, може да биде и природна последица поради протекот на време низ кое сведоците, жртвите и сторителите не се веќе меѓу живите, документацијата и архивите се уништени или моделирани итн. Конечно, дури и во општества кои официјално се обврзуваат (најчесто пред т.н. меѓународна заедница) дека ќе поттикнат процес на справување со минатото и помирување, властите едно зборуваат, а друго прават (или најчесно, не прават). На индивидуално и на психолошко ниво, прашањето на заборавот или навраќањето на преживеаните трауми е посебно прашање со кое се занимаваат други дисциплини.

Во теоријата и компаративните истражувања посебно се издвојува случајот на Шпанија, која со трагичните последици од Граѓанската војна од 1936 – 1939 година, по смртта на диктаторот, генерал Франко, во 1975 година, решава да го закопа болното минато и да се сврти кон градење подобро општество. Овде само накусо се осврнуваме на овој пристап, кој навидум е најлесниот одговор за дилемата дали е потребно соочување со трауматичното минато и дали амнезијата споена со амнестија може да гарантира трајно помирување и мир.

Некои автори укажуваат дека аргументите кои заговараат несоочување со вистината се навидум многу посериозни од спротивните. Имено, се смета дека самите жртви понекогаш посакуваат да ги заборават траумите, затоа што живеењето со спомените на нив е неподносливо. Исто така, може да се каже дека за младите генерации, кои не биле сведок на случувањата, би можело да биде подобро да чекорат напред без бремето на

историјата на нивните татковци и мајки, баби и дедовци. Отворањето на прашањето што се случило и зошто, се вели понекогаш, може да ги наруши мировните иницијативи и да го разгори огнот на нетрпеливост и желба за одмазда. Конечно, нема гаранција дека обидот за барање на вистината и соочување со минатото нема да биде манипулирано и дури лажирано.

Шпанската граѓанска војна започнува со нападот на бунтовниците и војската на чело со Франциско Франко во 1936 година. Војната се интернационализира со вмешување и на странски сили, но и на поединци. Франко е поддржан од Италија на Мусолини и од Хитлерова Германија, додека легитимната влада е поддржана (барем декларативно) од СССР. На страната на Републиката се бореле и голем број доброволци од други земји (Интернационални бригади), а меѓу нив биле Џорџ Орвел, Ернест Хемингвеј, Андре Малро и други. Во тригодишната војна загинале од 500 000 до 1 000 000 луѓе, од кои мнозина во масовни егзекуции и репресалии врз цивилното население. По победата, бунтовниците на Франко воведуваат монархистичка диктатура. Тој поредок легитимитетот систематски го црпи токму од наследството од Граѓанската војна. Во секоја прилика Франко изјавува: „Не ја освоивме власта и режимот што го имаме на лицемерен начин со некакво гласање. Победивме со бајонети и со крвта на нашите најдобри луѓе.“[25]

Една од клучните одлики на транзицијата од авторитарен режим кон демократија во Шпанија е договорот меѓу победниците и губитниците на Граѓанската војна да го остават минатото зад себе и да ја заборават трауматичната историја на поделба на шпанскиот народ која резултираше со постоење на „две Шпании“. По четиридецениска диктатура, Шпанија тргнува во демократска транзиција со донесување нов демократски устав во 70-тите години на минатиот век врз основа на политичкиот аранжман

---

[25] Цитирано според Rigby A. (2000), "Amnesty and Amnesia in Spain", *Peace Review*, 12(1).

познат како *Пакт на заборавот* (*Pacto del olvido*), кој требало да обезбеди транзиција без кривичен прогон на сторителите на тешки повреди на човековите права за време на Граѓанската војна и диктатурата. Целта била минатото да остане закопано, за Шпанија да може да тргне напред. Имајќи ги предвид последиците и од Граѓанската војна и од диктатурата, оваа транзиција долго време се смета за уникатна и успешна – и сосема различна не само од патот кој го минаа постнацистичка Германија и постфашистичка Италија, туку и од транзицијата низ која минуваа земјите од Источна и од Југоисточна Европа по крајот на социјализмот.

По завршувањето на ерата на Франко, политичките елити ја споделуваат загриженоста и уверувањето дека не смее да се повторат грешките од минатото и дека транзицијата не треба да се претвори во уште еден фрустрирачки обид во постигнување мир меѓу шпанскиот народ.[26] Парадоксално, но страшните последици од Граѓанската војна не само што не станале пречка за создавање широк политички консензус, туку дури се „нужен поттик" за преговорите меѓу различните политички и општествени сектори вклучени во преговорите.[27] Политиката на преговори и пакт за национално помирување и денес има силни поддржувачи. Најголемиот број шпански граѓани сметаат дека заемната амнестија била нужна, и во метафорична смисла (непреземање мерки на одмазда за случувањата од Граѓанската војна и диктатурата) и во реална смисла со неколкуте декрети со кои се прогласува службена амнестија. Така, по смртта на Франко, владата на Адолфо Суарез го издава првиот декрет за амнестија во јули 1976 година, а финалната и неограничена амнестија за сите кривични дела со политичка заднина е донесена со закон на првиот демократски парламент во октомври 1977 година.

---

[26] Seoane S. S. (2004), "Spain during the Transition from Dictatorship to Democracy", *Contemporary European History*, 13(3).
[27] Aguilar P. (2002). *Memory and Amnesia. The Role of the Spanish Civil War in the Transition to Democracy*. NY: Berghahn Books.

Но, критичарите сметаат дека процесот на амнестија, всушност, се претворил во политика на амнезија (заборав) наметнат од победниците врз губитниците на Граѓанската војна. Тие сметаат дека е потребна нова „политика на сеќавање" за да се врати дигнитетот на поразените. По деценискaта трансформација и консолидација на демократијата во Шпанија мали се шансите за будење на духовите од минатото и евентуално враќање на желбата за одмазда. Но, првите години на транзицијата се одвивале под сенката на реална закана од реставрација на диктатурата со воен преврат. Но, останува фактот дека миролубивата транзиција е дело на договор на елитите, односно политички резултат воспоставен „одозгора надолу".

Надминувањето на манихејската претстава на историјата за победата на Доброто над Злото, негувана за време на диктатурата, претпоставувало молк за случувањата во јавноста за да не се наруши кревкиот процес. Овој пакт на молк, според анализите на шпанските научни истражувачи, почивал не толку врз заборавот колку врз опсесивното сеќавање за крвавата братоубиствена војна коешто требало да влијае врз промоцијата на умереноста и разбирањето меѓу различните политички сили. Притоа, се верува дека дел од успехот на овој случај лежи во фактот што до консензусот е дојдено однатре, без мешање и наложување од страна на надворешни сили. Меѓутоа, некои автори укажуваат дека не смее да се запостави и влијанието на желбата за зачленување во тогашната Европска заедница (денешната ЕУ). Во земјата со страшни последици од диктатурата и теророт, на ЕЗ се гледа како на единствен спас за политичка промена и социјална благосостојба.

Денешните состојби во Шпанија, особено во однос на незалечените рани во одделните делови кои бараат автономија или дури и независност (како Баскија и Каталонија), но и судирите по социјална и класна основа, покажуваат дека земјата е далеку од стабилна демократија без сериозни внатрешни предизвици. Од друга страна, постојат и формални обиди за отворање на тоа

болно поглавје од историјата во која се извршени злосторства против човечноста кои не застаруваат според меѓународното право. Пактот на заборавот беше доведен во прашање од владата на Хозе Луис Запатеро во 2004 година, кога беше донесен Законот за историско сеќавање. Меѓу другото, тој ја оспори легитимноста на законите донесени за време на Франко, како и на судењата од тоа време. По сила на законот, започна процес на отстранување на симболите на франкоизмот од јавните објекти и простори. Лево ориентираните сили сметаат дека законот не прави доволно радикални мерки за раскинување со фашистичкото минато, додека за десничарите тој е облик на одмазда. По смената на власта во 2011 година, законот не беше поништен, но практично престана да се применува. Во 2010 година настана јавна бура откако судијата Балтазар Гарсон го оспори Пактот на заборавот сметајќи дека не е можна амнестија на лица кои извршиле злосторства против човечноста, кои според меѓународното право не застаруваат. Семејствата на егзекутираните и исчезнатите барале правда за своите сакани. Но, Врховниот суд на Шпанија ги отфрли тврдењата на судијата Гарсон и го обвини за злоупотреба на службената позиција. Подоцна тој е ослободен од обвиненијата, но процесот на соочување со фашистичкото минато и натаму ја бранува јавноста.[28]

Поранешна Југославија може да се посочи како пример на земја која по Втората светска војна, која во добар дел на нејзината територија имаше и карактер на граѓанска и меѓуетничка војна, се обиде да креира специјална „политика на сеќавање" во духот на братството и единството. Во таа поедноставена верзија на

---

[28] Poggioli S. (2010). "In Spain, A Crusading Judge Opens Old Wounds",*NPR*, 4 August, достапно на https://www.npr.org/templates/story/story.php?storyId=128929694. Слично, види: Palmer W. A. (2018), "The Battle over the Memory of the Spanish Civil War", *Smithsonian Magazine*, July/August, достапно на: https://www.smithsonianmag.com/history/battle-memory-spanish-civil-war-180969338/ .

историјата се користи истиот манихејски пристап на поделба на „добрите" и „лошите" кај сите народиконституенти на федерацијата, глорификација на партизанската борба и одрекување на сите злосторства сторени во консолидацијата на социјалистичкиот режим. Иако навидум успешна приказна во неколку генерации, на крајот станува јасно дека еден од главните проблеми лежи во неможноста да се спречи создавање на паралелна неофицијална (главно семејна) историја, која низ годините може да се митологизира и искористи за подоцнежен бран на етнополитичка или друга мобилизација на групите едни против други. И во Уганда по извесен првичен успех на амнезијата, неколку години по конфликтот, земјата минува низ формирање на две комисии на вистината. Политичката логика може да биде и добронамерна, но извршителите минуваат неказнети, а жртвите непризнаени. Таквото минато е лош темел за демократско и мирно општество.

### *8.3.4. Документациски центри, архиви и меморијализација*

Примената на механизмите и на ретрибутивната и на ресторативната правда, меѓу другото, обезбедува документи и доказен материјал за нештата што се случувале во проблематичното минато што го обременува општеството коешто излегло од авторитарен режим или насилен конфликт. Особено по завршувањето на судењата за воените злосторства или за злосторствата против човечноста, како и по завршувањето на работата на комисиите за вистината и помирувањето, службените архиви стануваат дел на посебни документациски центри. Тие се основаат за таа намена, да го зачуваат историскиот материјал за идните генерации и да се оневозможи извртување на фактите со текот на времето или со промената на односот на моќта и власта во општеството. Некои од нив се сместуваат или институционално се поврзуваат со научноистражувачките центри и/или

универзитетите, и нивните оддели за проучување не само на историјата, туку и на мирот и на конфликтите.

Меморијализацијата е нешто поинаков пристап кон минатото, но и тука се диференцираат два различни пристапа.[29] Ова особено го потенцираа одоздола барањата на бројните општествени и протестни движења во развиените земји во последните години. Според првиот предлог на Џејсон Хил, поединците имаат право да заборават од каде потекнуваат за да можат да конструираат нов идентитет, независен од минатото, а соодветен на сегашноста. Станува збор за ставање акцент врз слободата на личноста да изгради и да култивира идентитет кој е различен од оној на родителите или од непосредната сфера во која била социјализирана. Вториот предлог е на Елазар Баркан, кој смета дека нациите/државите мораат да се извинат и да понудат компензации за историските неправди, како услов за помирување и за покајување, односно за траен мир. Двата предлога се навидум непомирливи. Меѓутоа, суштината на дебатата може да се сведе и на тоа како се памети минатото, како се толкува. На пример, фактот за ропството на Афроамериканците не е спорен, бидејќи за тоа постојат докази во вид на законски акти, документи, статистики итн. Но, незадоволството се однесува на толкувањето на историјата и на фактите, најчесто на селективен начин, и од страна на оние што ја поседуваат моќта да го детерминираат јавниот и официјалниот наратив за тоа што се случило во минатото.

Многу автори забележуваат дека последните децении станаа време на сеќавања, и од дамнешното и од скорешното минато, па така за само една деценија од крајот на 90-тите години на 20 век до 2007 година, биле изградени повеќе меморијални музеи отколку во изминатите 100 години.[30] Местата на сеќавање како

---

[29] Hill J. (2000). *Becoming a Cosmopolitan: What it Means to Be a Human in the New Millennium.* Lanham, MD: Rowman & Littlefeeld; Barkan E. (2000). *The Guilt of Nations: Restitution and Negotiating Historical Injustices.* New York: Norton.

[30] Jenkins, T. (2005). "Victims remembered", *Museums Journal,* 105 (5), стр 22;

концентрациониот логор Аушвиц-Биркенау, куполата на атомската бомба во Хирошима или зградата на затворот на Робен Ајланд (каде лежел Нелсон Мендела) се само некои од оние што беа забележани во Листата на светското наследство на крајот на 90-тите години. Логан и Ривс забележуваат дека доаѓа до верижна реакција на глобален план, па веднаш по воспоставувањето на еден меморијален музеј, другите чувствуваат потреба да го следат истиот пример така што ќе дадат верификација на сопственото страдање во историјата, што пак потоа се трансформира во појава на т.н. мрачен туризам.[31]

Станува збор за теориски и практичен зафат низ кој се преобмислува и се реконцептуелизира сфаќањето на поимот „историско наследство". Традиционално, под овој поим се сфаќаше „сето она што е добро и значајно од минатото"[32] (притоа изразено низ посебен вид на монументалност, грандиозност, естетика и постоење општествен консензус), но сега акцентот е многу поширок бидејќи наследството се однесува на сето она што е значајно од минатото. Со тоа се признава дека историското наследство се состои не само од она со што се гордееме, туку и она од што се срамиме, а неговата вредност не е само историски информативна, туку и морално поучна за она што сакаме да го избегнеме во иднина. Во тој контекст, во теоријата се креираат поими како „тешко наследство",[33] „дисонантно наследство"[34],

Williams, P. (2007) *Memorial museums: the global rush to commemorate atrocities.* Oxford: Berg., стр. 9.

[31] Logan, W. & Reeves, K. (2009). "Introduction: remembering places of pain and shame". In: Logan, W. & Reeves, K. (eds.). *Places of pain and shame: dealing with 'difficult' heritage.* London: Routledge.

[32] Smith, L. (2006) *Uses of heritage.* Abingdon: Routledge, стр. 29.

[33] Logan, W. & Reeves, K., исто.

[34] Tunbridge, J. & Ashworth, G. (1996). *Dissonant heritage: the management of the past as a resource in conflict.* Chichester: John Wiley & Sons.

„наследство кое боли"[35] или трауматично наследство[36]. Без оглед кој термин ќе се избере, се смета дека ваквото грдо и тешко минато може да ни помогне да сфатиме кои сме, а траумата може да биде значаен конститутивен елемент на групниот идентитет исто како и големите културни достигања.[37]

Во контекст на транзициската правда и потрагата по вистината/фактите, некои автори ја поставуваат на глава базичната мотивација за меморијализацијата: наместо да се тргне од тезата дека не смее да се заборави, меморијалите, всушност, можат да послужат како терапевтски чин на сеќавање кој притоа го олеснува заборавот.[38] Други додаваат дека ваквиот пристап во најмала рака помага во компартментализацијата (одделувањето) на сеќавањето во едно издвоено и институционализирано време и место кое не упаѓа и не му го попречува текот на секојдневниот живот.[39] Во контекст на тешкото наследство од Холокаустот, Џејмс Јанг ова го објаснува на следниов начин:

> ... наместо да ја отелотворува меморијата, споменикот ја поместува целосно, заменувајќи ја мемориската работа на заедницата во сопствена материјална форма... веројатно, колку што меморијата наоѓа починка во својата екстериоризирана форма, толку помалку е таа искусена

---

[35] Uzzell, D. & Ballantyne, R. (2008). "Heritage that hurts: interpretation in a postmodern world". In: Fairclough, G., Harrison, R., Schofield, J. & Jameson, J. (eds.). *The heritage reader.* Abingdon: Routledge.

[36] Morrow E. (2012). *How (Not) to Remember. War Crimes, Memorialisation and Reconciliation in Bosnia-Herzegovina*, doctoral dissertation. University of York.

[37] Auerbach, Y. (2004). "The role of forgiveness in reconciliation". In: Bar-Siman-Tov, Y. (ed.). *From conflict resolution to reconciliation.* Oxford: Oxford University Press, стр. 155; Misztal, B. (2004). "The sacralization of memory", *European Journal of Social Theory*, 7(1), стр. 68.

[38] Winter, J. (1995). *Sites of memory, sites of mourning: the Great War in European Cultural History.* Cambridge: Cambridge University Press, стр. 115; Rowlands, M. (1999). "Remembering to forget: sublimation as sacrifice in war memorials". In: Forty, A. & Küchler, S. (eds.). *The art of forgetting.* Oxford: Berg., стр. 131.

[39] Williams, *исто,* стр. 114.

> внатре во поединците... Бидејќи, кога еднаш сме ѝ определиле форма на споменик/монумент на меморијата, во одреден степен сме се оттргнале од обврската да паметиме. Поткрепувајќи ја работата на паметењето, спомениците можат да ги ослободат гледачите од нивниот мемориски товар... мемориската операција останува самостојна и одвоена од секојдневието. Под илузијата дека нашите мемориски зданија ќе бидат секогаш тука да нè потсетуваат, ние се ослободуваме од нив и им се навраќаме само кога ќе посакаме... Всушност, иницијалниот импулс да се запаметат настаните како Холокаустот може да извира од спротивната и еднаква желба да се заборават.[40]

Според некои автори, постојат три модели за соочување со трауматичното минато: правни, економски и културни. Меморијализацијата е дел на последниот модел, како дел на практики на сеќавање, презентација и комеморација, кои ја вклучуваат и уметноста, спомениците и музеите.[41] Тука спаѓаат и образованието и јавните церемонии и настани. Трауматичните места и симболи на страдање можат да им помогнат на жртвите во нивната рехабилитација и во процесот на „сеќавање за да се заборави" или лекувачка вистина (healing truth), бидејќи на тој начин добиваат јавно признание за нивните страдања. Но, местата и начините на меморијализација можат да придонесат и за меѓугрупно помирување, за што од огромно значење ќе бидат содржината, природата на презентацијата, локацијата и публиката за која е наменет меморијалот. Идејата е ваквите места да создадат дискурзивен простор (простор за разговор за тешките теми од минатото) и така да го олеснат дијалогот кој постепено би водел кон помирување. Тие имаат вредност и да го истакнат

---

[40] Young, J. (1993). *The texture of memory: holocaust memorials and meaning*. New Haven: Yale University Press, стр. 5.

[41] Petritsch, W. & Džihić, V. (2010)."Confronting conflicting memories in [South East] Europe: an introduction". In: Petritsch, W. & Džihić, V. (eds.). *Conflict and Memory: Bridging Past and Future in (South East) Europe.* Baden-Baden: Nomos, стр. 18.

несогласувањето меѓу групите во врска со причините за конфликтот или верзијата на текот на настаните, но најважно е што тие создаваат „општествен простор... локус, место каде што луѓето и нештата се собираат заедно."[42]

Елизабет Јелин го поставува суштинското прашање: за кои сеќавања зборуваме?[43] Понатаму, таа укажува дека првата работа што треба да се има на ум е субјектот кој памети и заборава. Дали субјектот е секогаш поединецот или е можно да зборуваме за колективна меморија? Ова е тема на која општествените науки посветиле многу време и труд во обид да дојдат до одговор на прашањето коешто е само уште една манифестација на вечната тензија и дилема за односот меѓу поединецот и општеството. Второто важно прашање, според неа, се однесува на содржината на она што се памети и она што е заборавено, а што секогаш се однесува на непосредни животни искуства. Минатото коешто е запомнето и заборавено се активира во сегашноста и се однесува на очекувањата за иднината. И кога се во рамките на динамиката на индивидуалните, интерперсоналните или генералните и макросоцијални процеси, одредени сеќавања се активираат во особени моменти или контексти: во некои, доминира тишината и заборавот превладува; во други се случува обратното. На свој начин, Марта Минов зборува за тешкиот избор меѓу „премногу сеќавања и премногу заборав" кои ги подразбираат различните механизми на транзициската правда. Но, она што е значајно е дека општествата кои одлучиле да тргнат по патот на транзициската правда споделуваат иста карактеристика: одбиваат да ја прифатат тезата на непреземање никакви мерки по завршувањето на масовното насилство.[44]

---

[42] Lederach, J. (1997). *Building peace: sustainable reconciliation in divided societies.* Washington: United States Institute of Peace Press, стр. 29.

[43]Jelin E. (2003). *State Repression and the Labors of Memory*. Minneapolis, University of Minnesota Press, стр. 8–9.

[44] Minow M. (1998). *Between Vengeance and Forgiveness: Facing History after Genocide and Mass Violence*. Boston: Beacon Press, стр. 4.

Проблемот со меморијализацијата на минатото, како, всушност, и целиот процес на транзициска правда и соочување со минатото, е во неговата деликатност. Голема е веројатноста, доколку во постконфликтното општество нема генерален консензус и желба за помирување, меморијализацијата да земе облик на културно насилство. Со други зборови, музеите и споменициите да станат извор на триумф и глорификација на борбата и употребата на насилство заради праведни цели (во интерпретацијата на клучните актери). Ова е особено случај кога учесниците на настаните од минатото заземаат значајни позиции на моќ во сегашноста. Така, на поширокиот простор на бивша Југославија, вклучително и Македонија, како печурки никнуваат споменици и меморијали, кои зборуваат само за верзијата на настаните на едната страна. Таквите споменици најчесто се градат и без соодветни законски основи, „на диво" и на места кои се значајни само за едната страна од конфликтот. Спомен-обележјата на „другата страна", а кои случајно се наоѓаат на територијата на „противникот", бидуваат скверанавени и уништувани. Таквите примери зборуваат најдобро за, сѐ уште, незавршениот конфликт, барем, во главите на припадниците на групите, и за тоа дека политичките елити кои наводно се помириле/смириле, и понатаму црпат легитимитет и популарност од својата борба, а не од делата во мирновремениот период.

## 8.4. Обесштетување на жртвите (репарации)

Програмите за репарации заземаат посебно место во транзицијата од конфликт/диктатура кон демократија, гледно низ призма на жртвите. Како што укажува Пабло де Греиф, за некои жртви репарациите се најопипливата и најконкретна манифестација на напорите на државата да ги залечи раните и страдањата низ кои минале. Дури и кога е целосна и задоволителна (од аспект на бројот на опфатени сторители и

резултатите од судењата), кривичната правда, сепак, претставува само „битка‟ против сторителите, но не и напор во полза на жртвите. И другите мерки на транзициската правда не се многу поразлични: од кажувањето на вистината жртвите добиваат чувство на окончување откако ќе ја дознаат судбината на своите сакани, и некаква сатисфакција од службеното признавање на нивните страдања. Но, доколку отсуствува некаква конкретна и видлива манифестација на вистината, тоа на крајот може да се сведе на празен гест и евтина реторика. Дури и институционалните реформи се од една страна долгорочен процес на постепени промени, кои само индиректно се однесуваат на жртвите. Во таа смисла, само репарациите се тие што на релативно кус рок, нудат нешто повеќе за жртвите и за преживеаните.[45]

Значењето на обесштетувањето на жртвите во постконфликтниот период е огромно, бидејќи претставува конкретен знак дека државата се заложила дека ќе го почитува владеењето на правото и ќе ги гарантира човековите права на граѓаните без дискриминација. Ова добива посебна тежина во случаите кога токму државата (под претходниот режим) била одговорна за тортурата или за другите масовни и тешки повреди на човековите права, што е принцип потврден и од меѓународното право. На тој начин, новата власт покажува и дека е подготвена да обезбеди нов вид на политички (граѓански) идентитет за сите членови на заедницата. Признавањето на страдањата на жртвите и напорите тие да се залечат е знак на нивно признавање како еднакви, како човечки суштества со дигнитет. Обновувањето на самодовербата и психолошкото здравје и достоинство се од суштинско значење, па затоа бараат материјални и нематеријални репарации. Иако жртвите можат да имаат различен однос/психолошки став кон обесштетувањето, сепак репарациите

[45] De Greiff P. (2006). *The Handbook of Reparations*. Oxford: Oxford University Press, стр. 2.

им ја потврдуваат улогата на жртва на овие лица во рамките на процесот на транзициска правда. Тие се мост меѓу минатото и иднината, бидејќи ги комбинираат целите на залечување на раните и обезбедување средства за нова позиција во иднината.[46] Во практиката, особено во неконсолидираните општества во кои, сè уште, не е воспоставена нормализација на односите, репарациите се неретко и прашање на компромис меѓу барањата на оние што биле приврзани за стариот режим и кои бараат да им бидат простени злосторствата (под закана од нов бран насилство) и императивот да не се заборават страдањата на жртвите. Репарациите нужно во себе вклучуваат елемент на санкционирање (официјално) признавање на сторената неправда и одавање респект на правата на жртвите, па се и инструмент за постигнување некаков баланс и компромис во општеството. Барањата за отштета најчесто извираат од: 1) Моралните императиви и длабокото чувство дека правдата треба да биде извршена и дека штетата мора да се поправи; и 2) од претпоставките вградени во меѓународното и националното право.

Под поимот репарации во овој контекст подразбираме поим, кој во себе вклучува широк спектар на мерки преземени во насока на исправање на грешките од минатото, коишто можат, но не мора да се квалификуваат како кршење на човековите права и/или како кривични дела. Со други зборови, поимот репарации не се сведува на значењето на концептот кој важи за државната повоена одговорност согласно со меѓународното право. Концептот на репарации е динамичен и еволуира зависно од потребите и околностите во конкретните случаи во кои се применува. Но, низ практиката се издиференцирале следниве форми како највообичаени:

– ***Реституција***: Традиционално, во меѓународното право, под реституција се подразбира повторно

[46]*Reconciliation after Violent Conflict*, исто.

воспоставување на ситуацијата каква што била пред да се стори казнивото или неправедното дело (враќање во претходна состојба, restitutio in integrum). Станува збор за напор  повторно да се воспостави ситуацијата која постоела пред да настане злоделото или жртвата да се компензира согласно штетата што ѝ била нанесена. Притоа, ова бил доминантниот и најпосакуваниот облик на репарација, така што дури и двата термина се сметале за синоними. И денес реституцијата останува значаен дел на репарациите затоа што се однесува на посед на нешта од суштинско значење, како што е враќање на сопственост, враќање на слободата, државјанството или други слични права, враќање во местото на живеалиште или на работното место. Иако оваа мерка се смета за општоприфатена, сепак, не постои консензус околу критериумот според кој треба да се постапи во ситуации на огромен број случаи. Но, практиката покажува дека целосна реституција е невозможна во случаи на масовни злосторства, поради што понекогаш на ваквите мерки се гледа како на неправични (нефер) или како на забошотување и лага.

***– Компензација (надомест на штета)*** претставува исплата во парични средства како признание за стореното злодело и како надоместок за нанесените штети и загуби. Тука може да се направи разлика меѓу номинални отштети (мал износ на пари како симболично признавање на повредените права), парични отштети (најприближна финансиска противвредност за претрпената штета), морални отштети (која се однесува на нематеријална штета, страв, понижување, ментални последици или повреди на достоинството) и казнени отштети (со цел казнување или одвраќање да се повтори делото, а не да се надомести претрпената загуба).

– ***Рехабилитацијата*** се дефинира како ресторација/обнова на физичкото и/или психолошкото здравје на жртвата. Вклучувањето на рехабилитацијата во една целосна програма на репарации подразбира вклученост на државата во обезбедување медицинска или психолошка грижа, како и придонес на нејзините правни и социјални институции. На пример, покривањето на трошоците за медицинска и слична помош може да се смета како вид на компензација.

– Под ***задоволување (сатисфакција во правна смисла)*** се подразбираат оние правни средства чија цел не е надоместување на поединечни загуби или штети. Главни видови задоволување можат да бидат: а) потврдување на фактите и откривање на вистината; б) извинување; в) санкции за сторителите на злоделата; и г) комеморации и изразување респект за жртвите.

При креирањето на конкретните програми и мерките, мора да се води сметка за разликувањето меѓу различните видови мерки за репарации, како следниве:

• <u>Индивидуално право на репарација и политики на репарација</u>: Некои видови репарации имаат правна основа во националното или во меѓународното право на човекови права, додека други се повеќе политички мерки и зависат од политичката волја и приоритетите дефинирани низ процесот на креирање политики. На пример, правото на компензација за жртвите на тортура е индивидуално право загарантирано во најголемиот број домашни законодавства. Покрај тоа, откако ќе се исцрпат сите домашни правни средства, незадоволната жртва ги има на располагање меѓународните тела, како, на пример, Европскиот суд за човекови права, кои можат да ѝ наложат на државата да ја

плати отштетата во случаите во кои судот ќе утврди дека навистина била сторена повреда на човековите права. Но, поединец не може да се повикува на свое субјективно право во случај на некои други мерки, како што се реформата на судството или комеморација на жртвите на тортурата. За тоа се потребни други предуслови и соодветни политики поддржани од носителите на одлуките во државата. Меѓутоа, меѓу индивидуалните права и политиките на репарација постои заемна поврзаност, за што зборува случајот на Аргентина. Имено, откако повредите на жртвите се утврдени пред Интерамериканската комисија за човекови права, доаѓа до прифаќање на иницијативите за воспоставување национална политика на репарации, која, меѓу другото, го вклучила и издавањето сертификати за насилните исчезнувања, по што семејствата на овие лица можеле да ги остварат своите права на наследување на имотот на исчезнатите.[47]

- Индивидуални и колективни мерки на репарации: без оглед на правната и/или на политичката основа на обесштетувањето, мерките можат да бидат индивидуални или колективни. Вообичаено е ваквите програми да треба да се справат со огромен број жртви на бившиот режим или со внатрешниот судир. Тоа ги прави индивидуалните репарации, речиси, невозможни и нецелосни, па затоа колективните се сметаат за средства за подобрување на состојбата и залечување на неправдите од долгорочната репресија. Идеалното решение би била комбинацијата на двата вида мерки, како на пример, обезбедување широк пристап до здравствена помош, образование, вработување на дискриминираните и ранливи групи и сл.

[47] За работата и влијанието на Интерамериканската комисија за човекови права во случаите на Аргентина, Чиле и Уругвај, види во: Wasco M. (2007), "Why regional mechanisms are under utilized by southern cone Human Rights victims", *Boletín mexicano de derecho comparado*, 40(119), достапно на: http://www.scielo.org.mx/scielo.php?script=sci_arttext&pid=S0041-86332007000200009.

Најголемиот проблем во вакви случаи може да биде слабата финансиска и друга логистика во земја која веќе се наоѓа во многу тешка состојба.

• Финансиски и нефинансиски мерки: Се смета дека еден правичен пакет на мерки за обесштетување треба да ги комбинира финансиските со нефинансиските облици на репарација. Материјалните репарации може да имаат форма на надомест на штета, т.е. да се состојат во исплати во готови пари или други пакети со кои би се обезбедило образование, лечење, домување и сл. Парите никогаш не можат да ги надоместат загубените животи на саканите лица, тие можат да им помогнат на семејствата да преживеат и претставуваат еден вид официјално извинување.[48] Симболичките репарации можат да вклучат службени извинувања, именување на јавни места или објекти, воведување денови на комеморација, изградба на музеи и паркови посветени на сеќавањето на жртвите. Понатаму, во нематеријалните облици на обесштетување спаѓаат и: враќањето на државјанството на лицата кои биле прогонети и на кои тоа им било одземено, бришење од кривичната евиденција на бившиот режим, издавање потврди за смртта на исчезнатите, организирање ексхумации на жртвите и нивно погребување со почит и во согласност со волјата на семејствата итн.

• Комеморативни и реформски мерки: Во поново време се јавува бран од барања за одредени репарации кои се однесуваат на неправди сторени во некој подамнешен период (како, на пример, од времето на Холокаустот или трговијата со робови преку Атлантикот). Американскиот историчар Џон Торпеј, во овој контекст, разликува два вида отштетни барања.[49] Прво,

[48] Ambos K., Large J. and Wierda M. (eds), *исто*, стр. 212; Hayner P. *Unspeakable truths: confronting state terror and atrocity*, исто.
[49] Torpey J. (2001). "Making Whole What Has Been Smashed: Reflections on Reparations", *Journal of Modern History*, 73(2).

комеморативни проекти кои го свртуваат вниманието на јавноста кон варваризмот и понижувањето во период на дамнешна репресија. Тие се свртени кон минатото, и се засновани врз перцепцијата (внатрешната, која владее меѓу жртвите, и надворешната која е создадена во пошироката јавност) за статусот на жртва. Притоа, тие не се засноваат врз тврдења за некаква економска штета поради историската неправда. Вториот вид барања извираат од континуираната економска дискриминација и неправда која е резултат од неправедниот систем и третман од минатото. Таквите барања гледаат кон иднината и претставуваат тактички инструменти кои се користат во рамките на поголеми проекти на општествена трансформација која би ја подобрила положбата на припадниците на дискриминираните групи.

При одлучувањето за видот и за обемот на обесштетувањето на жртвите многу е важно да се избегне впечатокот дека станува збор за начин на кој државата се обидува да се искупи за својата одговорност и да ги „купи" и да ги замолчи жртвите. Токму поради тоа, како што нагласува Де Греиф, процесот мора да е отворен, инклузивен и партиципативен.[50] На сликата подолу е прикажан моделот применет во Колумбија, врз основа на комбинација на меѓународните стандарди и локалните услови. Од одговорите на испитаниците околу нивните очекувања (прикажани на десната страна) е евидентно значењето на репарациите, а потоа и на другите механизми на транзициската правда.

Во 2005 година Генералното собрание на ОН ја донесува Резолуцијата 60/147, односно документот насловен како Основните принципи и упатства за правото на правен лек и надомест на штета за жртвите на тешките повреди на меѓународното право за човекови права и сериозните повреди на меѓународното хуманитарно право. Со други зборови, ова е правната основа врз која се регулираат правата на жртвите на злосторствата според меѓународното право. Целта на Резолуцијата е да им помогне на

[50] De Greiff, исто.

жртвите и на нивните претставници да остварат помош за закрепнување и да ги охрабри државите да ги имплементираат јавните политики насочени кон обесштетување на жртвите.




Во овој акт се дефинира поимот „жртва" со надеж дека таа ќе биде прифатена во рамките на различните програми за репарации.[51] Имено, жртви се лицата кои индивидуално или колективно доживеале штети, вклучувајќи физички или ментални повреди, емоционално страдање, економски загуби или суштинско

[51] A/RES/60/147, 21 March 2006, стр. 5.

ограничување на нивните фундаментални права, и тоа преку чинење или нечинење кое претставува тешка повреда на меѓународното право на човекови права или сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право. Кога е тоа можно, а во согласност со домашното право, терминот „жртва" ги вклучува и членовите на најблиското семејство или лица кои се издржувани од непосредната жртва, како и лицата кои преживеале повреди додека интервенирале во насока на помагање на жртвите во време на напад или заради спречување на нивната виктимизација. Лицето ќе се смета за жртва без оглед на тоа дали сторителот на повредата е идентификуван, фатен, обвинет или осуден и без оглед на семејните врски меѓу сторителот и жртвата.

Сите мерки на репарации содржат одреден елемент на одвраќање, т.е. влијаат да не се повторат делата. Гаранциите за неповторување на насилствата се наменски и исклучиво превентивни (влијаат за во иднина): имено, тие се однесуваат на структурни реформи кои се однесуваат на независноста на судството, цивилната контрола врз војската и безбедносните структури, заштитата на оние што ги бранат човековите права (адвокати и/или активисти) и сл.

## 8.5. Помирување

Помирувањето (реконцилијацијата) е сложен поим и концепт за кој до денес не постои единствена дефиниција ни во науката ни во практиката. Како што забележуваат некои автори, овој концепт е многу помалку користен во општествените науки кои се занимаваат со конфликтите меѓу групите и нациите. Причината за тоа ја наоѓаат во религискиот и спиритуалниот призвук што го имаат концептите како „помирување"/„смирување", „простување" или „заздравување/лекување". Затоа некои кругови, сепак, ги преферираат неутралните концепти како што е разрешување на конфликтите (conflict resolution) или

трансформација на конфликтите. Во основата на ваквата терминологија лежи доминантното уверување дека конфликтите се должат на несогласувањата околу поделбата на посакуваните, а недоволни ресурси, и дека нивниот крај е детерминиран од способноста на страните во судирот да се договорат околу формулата за нивната распределба (т.е. односите на моќ во постигнувањето на формулата).

Афирмацијата на поимот помирување се должи на длабоките политички промени до кои доаѓа во Јужна Африка во 1994 година, по што беше воспоставена и најславната Комисија на вистината и помирувањето, која послужи како пример за многу други конфликти низ светот. Сепак, како главен фактор за широкото прифаќање на концептот на помирување се смета промената во видот на војувањето и конфликтите до кои дојде по завршувањето на Студената војна: во текот на една деценија дојде до зголемување на бројот, интензитетот и смртноста (особено меѓу цивилната популација) на внатрешните конфликти со длабоки општествени корени и тоа меѓу етничките или другите идентитетски групи во рамките на една држава.

Некои во помирувањето гледаат како на конечна цел на процесот на постконфликтно заздравување на општеството, додека други акцентот го ставаат врз процесот/патот до постигнувањето на целта (која е понекогаш, можеби, и многу далечна, па и неостварлива). Сепак, се чини дека преовладува вториот пристап, барем во активистичките и истражувачките кругови. Проблемот не е само во сложеноста на процесот и состојбата која се посакува, туку во фактот што за лицата кои се директно засегнати помирувањето може да значи различни нешта и од него да се очекуваат различни цели. На пример, во општество кое минало низ тежок внатрешен вооружен судир, може дури и да станува збор за различни политички визии за општеството „по помирувањето“. На пример, барањата за ретрибуција (казнување на сторителите за злоделата во минатото) се засноваат врз тврдењето дека без правда нема помирување (или „нема правда,

нема мир" како што обично гласи слоганот кој се користи низ светот). Сличен став има и Агенцијата за бегалци на ОН (UNHCR), која е вклучена во развивање на механизми за градење на доверба и мирен соживот. Според ставот на агенцијата, помирувањето е процес кој се одвива внатре меѓу заедниците и во рамките на одделните заедници, а кој бара долгорочна визија. Но, одговорноста за тешките повреди на човековите права и на хуманитарното право е суштински елемент во разрешувањето на конфликтите и средство за надминување на јазот меѓу поделените заедници.[52]

Меѓутоа, малкумина признаваат дека откривањето на вистината (а со тоа и остварувањето на правдата, особено ретрибутивната) не оди рака под рака со помирувањето. Во таа смисла, Жарко Пуховски, професор по филозофија и активист во полето на транзициската правда во рамките на регионалниот проект РЕКОМ[53], опоменува на следново:

> Ценам дека станува збор за сериозен проблем, односно за психолошки разбирлива но политички нереална и опасна претпоставка дека соочувањето со злосторствата може да се реализира во некаков вид хармонија. Дали вистината оди заедно со помирувањето, со нормализацијата, дали вистината може да биде наша, добра, убава, паметна... Вистината е – сега зборувам како професор по филозофија – само вистина. Кога се занимаваме со нејзиното откривање, не знаеме дали таа ќе биде на наша страна или не. Откривањето на вистината за воените злосторства ќе унесреќи илјадници луѓе. И воените злосторници се луѓе, како и членовите на нивните семејства. Мнозина ќе се посрамотат, и села и градови, ќе се посрамотат и региони и партии – но тоа мора да се стори. Ми се чини дека

---

[52] UNHCR, "Rule of Law and Transitional Justice", достапно на: https://www.unhcr.org/rule-law-transitional-justice.html.

[53] Повеќе за регионалната Иницијатива за утврдување на фактите за настаните од 1991 – 2001 година на територијата на поранешна Југославија, види на следниов линк: https://www.recom.link/ .

соодветен поимски пат се вистината и вознемиреноста, а не вистината и помирувањето. Вистината секогаш ги вознемирува луѓето.“ [54]

Анализирајќи ги целите на помирувањето, Крокер сугерира дека сфаќањата се движат од минималистичките концепции за тоа дека целта е запирање на насилството и воспоставување „обична коегзистенција“ меѓу страните во судир, до посложени концепции според кои бившите непријатели „не само што треба да живеат во ненасилство, туку и да се почитуваат заемно како сограѓани.“ Ова би подразбирало охрабрување на поединците да се ангажираат во процесот на „простување и давање милост“ како што се комисиите на вистината или иницијативите за правда на заедниците.[55] Прифаќањето на подлабоката концепција за помирувањето би значело дека до него може да дојде на различни општествени нивоа. Дели и Саркин ги диференцираат следниве нивоа:

1) лично;
2) меѓучовечко (интерперсонално);
3) комунално (во заедницата);
4) национално; и
5) меѓународно.[56]

Според нив, одлуката за тоа на кое ниво треба да му се даде приоритет зависи од природата на повредите на човековите права или од одлуката да се тргне „одозгора надолу“, т.е. од судењата за тешките злосторства кон пристапите во заедниците (grassroot

---

[54] Интервју со Жарко Пуховски за белградскиот неделник „Време“, „Pomirenje bez istine“, 17 јуни 2001, достапно на: https://www.vreme.com/cms/view.php?id=257758 .

[55] Crocker D.A. (1999). “Reckoning with past wrongs: a normative framework”, *Ethics Int Aff*, 13(43), стр. 43.

[56] Daly E. and Sarkin J. (2007) *Reconciliation in divided societies: finding common ground*. Philadelphia: University of Pennsylvania Press, стр. 41–42

ниво). Некои автори прават разлика меѓу „политичко помирување" и „општествено помирување". Првото се остварува со договор и компромис меѓу елитите, додека второто може и никогаш да не биде целосно остварено.[57]

Концептуализирајќи ја крајната цел на помирувањето, Дели и Саркин сметаат дека иако станува збор за континуиран процес, целта на политиките на помирување е достигнување на точката „кога политиките на нацијата се нормализираат, се изведуваат на осмислен и мироЉубив начин, а доминантните прашања не се транзициските." Според нив, ова не значи дека секој со секого ќе стане пријател, но значи дека земјата функционира со прифатливо ниско ниво на поделби затоа што населението е генерално посветено кон мирно решавање на споровите.[58]

Помирувањето е сеопфатен процес, кој, всушност, во себе ги вклучува различните механизми на транзициската правда и соочувањето со минатото, односно ги вклучува императивите како што се потрагата по вистината, правдата, простувањето, заздравувањето итн.

### *8.5.1. За актерите во процесот на помирување*

Како што веќе беше кажано, во наједноставна смисла на зборот, помирувањето подразбира живеење (без насилство) покрај бившите непријатели, без нужно тие да се сакаат или да им се простат злоделата, или да се заборави минатото. Акцентот се става врз повторно воспоставување на соживот, односно нормализација на меѓусебните односи, за потоа да се развие и соработка на различни нивоа. Со други зборови, тоа е нужниот предуслов за, воопшто, да може да се зборува за политичка

---

[57] Mamdani, M. (1996). "Reconciliation without Justice", *Southern African Review of Books*, 45.
[58] Исто, стр. 254.

заедница/држава. За тоа е потребно да постои свест и прифаќање на фактот дека е подобро да се живее заедно, и покрај сè, отколку да се живее одделно.[59] Кажано поинаку, интергрупното помирување би се дефинирало како процес кој води кон стабилно окончување на конфликтот и кој е предодреден од промените во природата на непријателските односи и потребите, емоциите и сфаќањата поврзани со конфликтот на секоја од страните во конфликтот.[60]

Сложеноста на врските меѓу различните актери и општеството во целина, во текот на долгиот и тежок процес на помирување, може поедноставено да се прикаже како на сликата подолу.




[59] *Reconciliation after Violent Conflict. A Handbook,* исто, стр. 12.
[60] Nadler A., Malloy E. T. and Fisher D. J. (eds.). (2008) *The social psychology of intergroup reconciliation*. Oxford: Oxford University Press, стр. 4.

Во продолжение ќе биде елабориран статусот и карактеристиките на трите суштински актери, кои се издиференцирале и за време на конфликтот/режимот и кои по неговото завршување треба да воспостават врски и комуникации.

- ЖРТВИ: Жртвите се во центарот на сите димензии на процесот на помирување, односно на транзициската правда. Надминувањето на траумите низ кои минало општеството зависи од соочувањето со злоделата, кои зад себе оставиле не само голем број, туку и различни видови жртви, како и од програмите за санирање на нивната положба и воспоставување на општествен поредок кој нема да дозволи создавање нови жртви во иднина. Бидејќи статусот на жртва има многу лица, се смета за неопходно по завршувањето на насилството да се отвори јавна дебата низ која ќе се идентификуваат начините на страдање и видовите жртви ќе добијат соодветна помош. Базичната класификација на жртвите се врши врз основа на следниве дистинкции:

а) Поединечни и колективни жртви: индивидуалноста на жртвата е, се разбира, примарен принцип, но по масовни и брутални насилства (како геноцид или граѓански војни) може да се зборува и за колективни жртви. Во вториот случај суштинско е тоа дека жртвите биле селектирани, т.е. насилството вршено намерно врз припадници на одредени групи (етнички, верски, расни и сл.). На тој начин се виктимизирал дел од општеството, за што треба да се води сметка во програмите на транзициската правда. Меѓутоа, при ова диференцирање треба да се води сметка за уште еден аспект во постконфликтното третирање на жртвите. Како што забележува Пуховски, поединечните и непосредните жртви кои го загубиле животот не можат да зборуваат за себе, ниту да доживеат каква било сатисфакција. Она што е тука важно е што во нивно име обично се појавуваат и повикани и неповикани застапници, разни политички опции и национални/етнички институции итн. Тоа е моментот кога доаѓа до политизирање и морализирање врз судбините на илјадници поединци кои

настрадале. Со други зборови, жртвите, речиси, по правило стануваат критериум по кој се мери не само болката на преживеаните, туку и односот на целата заедница спрема своето и туѓото минато и сегашност.[61] Пуховски, со право укажува и на второстепената виктимизација на жртвите кога (наводно) во нивно име им се суди на сторителите, а не во име на праведноста:

> Голем број (неизбежни) недоразбирања настануваат затоа што жртвите се секогаш поединечни, дури и кога илјадници ќе бидат убиени симултано; секој од загинатите остава своја трага, секој од трауматизираните на свој начин ја доживува (и евентуално ја преживува) траумата. Секоја жртва сведочи за поединечен пораз. Таа станала жртва затоа што во решавачкиот момент била послаба (или, на послабата страна). Таа не била подобра или полоша, туку „само" послаба. Кога војната ќе заврши, жртвите се истовремено битен елемент и клучна тешкотија на секоја колективистичка идеологија во нашите услови, особено националистичките. Бидејќи, жртвите се истовремено оние што „паднаа за татковината", но и оние што потсетуваат на бројните индивидуални порази. Во таа смисла, на нив не сака да се потсетува ниту страната која ја добила војната (бидејќи тие ја релативизираат победата), ниту онаа што ја изгубила (бидејќи тие го прават поразот уште потежок). Затоа, идеологиите живеат од колективизирањето на жртвите, од виктимизирањето на (сопствениот) колектив, па оттука потребата од преувеличување на бројот на загинатите, силуваните, повредените. Поединците стануваат само статистички материјал. Но, во нивно име се сака да им се суди на сторителите, што е битно погрешно.

б) Непосредни или посредни жртви. Непосредни жртви се оние што ги искусиле директните ефекти на насилството. Тие може да се меѓу убиените, физички или психички измачуваните,

---

[61] Puhovski Ž. (2007) "Zadovoljstvo žrtve?", *Večernji list*, достапно на: https://www.vecernji.hr/vijesti/zadovoljstvo-zrtve-828976.

заточените, дискриминираните и сл. Посредните жртви се оние што се поврзани со непосредните, поради чие страдање и самите доживеале болка и траума од различен вид. Дефиницијата за тоа колку широко може да се оди во идентификувањето на посредните врски е растеглива, почнувајќи од најблиското семејство, соседите, пријателите и сл.

в) Жртви од првата или од втората генерација: Жртвите од првата генерација се, всушност, непосредните жртви, оние што биле виктимизирани за време на нивните животи. Меѓутоа, последиците од систематското страдање на една генерација понекогаш се пренесува и на наредните, кои иако непосредно не учествувале во настаните, ги чувствуваат последиците на тоа што се случило, и дури и да се однесуваат како жртви, манифестирајќи болка и гнев за сторените неправди на нивните предци. Траумата може да биде наследна, да се пренесува од колено на колено, свесно или несвесно, а на тој начин и да се одразува врз општествените односи.

Во поглед на карактеристиките на жртвите, неретко се издвојуваат жените (жртвите на родово-заснованото насилство, а особено сексуално насилство за време на конфликтите) и децата, кои понекогаш се и меѓу бившите борци, деца војници, или стануваат деца бегалци.

Статусот на жртва често зависи од социополитичките фактори, од правната регулатива и од културните особености на општеството. Исто така, значајна е и *самоперцепцијата* на лицето: дали е свесно за својата виктимизација, дали сака да има статус на жртва или го одрекува тоа и не сака да биде гледано како жртва. Постојат ситуации и на *ревиктимизација* (повторно виктимизирање), во ситуации кога непосредната причина за страдањето исчезнала но средината одбива да го признае, кога очекувањата за репарации се изневерени, кога се јавува општествена стигматизација и исклучување (на пример, на

силуваните жени) и сл. До *самовиктимизација* доаѓа во специфична ситуација кога сторителите на злоделата тврдат дека се жртви. За случувањата, тие вината ја наоѓаат во идеолошката индоктринација од времето кога нивната група била жртва, го обвинуваат системот кој ги натерал да ги извршат делата итн. Така, во контекст на конфликтот од Северна Ирска, Мери Смајт вели:

> „Статусот на жртва се сведува на тоа дека жртвата заслужува сочувство, поддршка, надворешна помош. Жртвите, по дефиниција, се ранливи и секое насилство извршено од нивна страна може да се толкува како последица од нивната виктимизација. Стекнувањето статус на жртва станува институционализиран начин да се избегне вината, срамот или одговорноста."[62]

Во длабоките внатрешни и продолжени конфликти улогите на жртви и сторители се менуваат наизменично на колективен план, но и на индивидуален план, така што понекогаш е невозможно да се повлече јасна линија кој е жртва, а кој насилник. Примери за тоа се конфликтите во Северна Ирска, Колумбија, БиХ, Бурунди, Руанда, Палестина/Израел, Шри Ланка итн. Имајќи ги предвид „предностите" што ги носи статусот на жртва, не изненадува што во ваквите конфликти се појавува и феноменот на „компетитивна жртва" кај двете страни на конфликтот.[63] Поентата е во тоа што секоја страна од конфликтот настојува по секоја цена да го убеди својот дел од општеството, ривалите, а особено меѓународните фактори дека тие се жртвите.

---

[62] Smyth M. (2001). "Putting the past in its place: Issues of victimhood and reconciliation in Northern Ireland's peace process". In: Biggar N. (ed). *Burying the Past: Making Peace and Doing Justice after Civil Conflict.* Georgetown University Press: Washington, DC, стр. 126.

[63] Noor M., R.J. Brown and G. Prentice (2008). "Precursors and mediators of intergroup reconciliation in Northern Ireland: A new model", *British Journal of Social Psychology*, 47(3).

Страната што ќе успее, може да смета на меѓународна поддршка и на финансиска помош, особено кога на нештата се гледа низ црно-бела призма.

– <u>СТОРИТЕЛИ/ИЗВРШИТЕЛИ НА ДЕЛАТА</u>: Зависно од контекстот, во рамките на авторитарниот режим или во времето на конфликтот, се појавуваат различни видови сторители на (различни) злодела, од непосредни извршители до даватели на наредби и инспиратори. Меѓу нив има мажи и жени, државни и недржавни актери, домашни лица или странци, поединци или групи/организации итн. Во идеална ситуација, низ процесот на помирување треба да минат сите, а со очекување дека ќе биде сослушана и нивната страна на приказната, но и дека ќе дојде до покајување, грижа на совест или промена. Меѓутоа, дури и во ситуации кога не станува збор за општество во кое не дошло до масовни кршења на човековите права, сепак практиката покажува дека дел од овие лица никогаш не се опфатени со механизмите на транзициската правда (и во делот на ретрибутивната и на ресторативната димензија).

Иако фокусот е ставен врз жртвите, сторителите не смеат да бидат отфрлени од процесот на нормализација на општеството. Доаѓањето до одговори на прашањата „зошто" и „како" осветлува дел од трауматичното минато, но може да послужи и за пронаоѓање начини за градење општество во кое ќе се превенира повторно да дојде до такви злодела. Притоа, многу е важно да се размислува и за нивната реинтеграција во цивилниот мирновремениот живот, имајќи предвид дека сите сторители не ќе бидат предмет на кривичен прогон, а доколку и бидат, по отслужувањето на казната тие ќе се вратат во општеството.

Сторителите можат да се класифицираат според неколку критериуми:

а) <u>Примарни или индиректни сторители</u>: примарни се оние сторители за кои е утврдена вина за сторено кривично дело

низ казнена постапка на соодветен орган, односно домашен или меѓународен суд/трибунал. Досега токму овие лица ја преокупираа јавноста и интересот на политичарите, активистите, невладините организации, итн. Индиректните сторители носат вина од политичка и/или од морална природа. Нивните дела се извршени на еден од следниве начини: а) со стекнување на непосредни или посредни придобивки поради злоделата извршени од други, б) со пасивност додека биле сведоци на повредите на човековите права на другите, или в) со ненамерна штетна акција која нанесла штета или страдање. Особено во автократските режими кои се базирале врз терор, дискриминација и длабоки нееднаквости, но и во текот на граѓанските војни, постојат и многу тивки добитници на бенефиции (како на пример, заземање на напуштените домови и земјиште од раселените или прогонети лица). Тие, навистина, не ги извалкале рацете со убиства или со физичко насилство, но профитирале од неправдите сторени врз невини лица. И тие придобивки се проблем по уривањето на режимот или по завршувањето на војната, бидејќи жртвите не само што имаат право на поврат на загубите, туку и право на укинување на сите дискриминаторски политики и закони. Зависно од тоа дали фокусот е врз непосредните сторители или и врз посредните, се стекнува различна слика за тоа што се случувало и со кои последици треба да се справува постконфликтното општество. Сведоците и посматрачите се сметаат за посебен вид на индиректни сторители, бидејќи на нив може да се гледа како на лица кои со својата неактивност и пасивност пред злосторствата станале соучесници. Во оваа група има најголем број такви кои ги знаат фактите, знаат што се случува, но избираат да останат тивки. Тие носат морална одговорност, иако не и вина.

б) <u>Индивидуални и колективни сторители</u>: Со механизмите на кривичната правда општеството се справува со виновниците, со поединците кај кои е утврдено постоење на кривична одговорност, односно вина за сторено злосторство. Се смета дека комисиите на

вистината и помирувањето се повеќе насочени кон прашањето на колективната одговорност. Преку нивните активности може да се утврди како во време на трауматичното минато се однесувале различните професионални групи, верски заедници, медиуми, бизниси итн. Овде станува збор најчесто за категории кои би се дефинирале како профитери или како пасивни посматрачи и тивки соучесници во вршењето на злосторствата на режимот.

Всушност, овде станува збор за едно од најфундаменталните прашања на соочувањето со минатото: за разликувањето меѓу вина и одговорност, и за индивидуална или колективна вина/одговорност. Оваа тема своевремено, веднаш по крајот на нацистичкиот режим во Германија, ја отвора професорот по филозофија Карл Јасперс, од Хајделбершкиот универзитет со предавања, објавени во книга (во оригинал *Die Schuldfrage*, од 1946 година) „Дали е виновен германскиот народ?"[64] Тој сметал дека признанието на националната вина е предуслов за моралната и за политичката преродба на Германија: секој што учествувал во подготовката или во извршувањето на воените злосторства и злосторствата против човечноста носел вина. Оние што ги толерирале случувањата за да не станат и самите жртви на нацизмот ги сметал за политички одговорни. Оттука, според него, сите што го преживеале тој период носеле иста одговорност и споделувале колективна вина. Затоа, ќе напише: „Не излеговме на улиците кога нашите еврејски пријатели беа одведени; не вриснавме сè додека не бевме сосема уништени... Ние сме виновни што сме живи."[65]Тој разликувал четири категории вина за злосторствата: кривична вина (за сторените дела); политичка вина (за политичката согласност со нацистичкиот режим); морална вина (како личен став меѓу луѓето) и метафизичка вина (универзално споделена одговорност на тие што одлучиле да останат живи наместо да умрат протестирајќи против нацистичките злосторства).

---

[64] Jaspers K. (2017). *The Question of German Guilt*. Fordham University Press.
[65] Исто, стр. 66.

Но, дури и ваквите драматични повици на Јасперс не предизвикале поголемо внимание кај неговите современици. До процесот на денацификација ќе дојде дури по 20 години. Дури и многу подоцна ќе се јават автори како Даниел Голдхаген со вознемирувачки тврдења дека, всушност, обичните Германци доста лесно и со живост станале егзекутори на Евреите.[66] Ова предизвикува бурна дебата околу тврдењата за постоење колективна вина, т.е. дека цел народ може да се обвини за злосторство, односно да се именува како злосторнички или геноциден. Оваа дебата продолжи и за време на конфликтите на територијата на поранешна Југославија и по нивното завршување. Всушност, тврдењето дека целиот германски народ бил злосторнички иронично би соодветствувал со тврдењата на антисемитската (антиеврејската) пропаганда од времето на нацизмот дека Евреите носат колективна вина за смртта на Исус.

Во контекстот на транзициската правда, денес се смета дека осудата претставува антиинтелектуализам, па затоа треба да се бара објаснување за „историјата на пасивноста, индиферентноста и несензибилноста" кон жртвите.[67]

<u>ПОСМАТРАЧИ: </u>Проблемот со оваа категорија луѓе е во тоа што тие најчесто го сочинуваат т.н. тивко мнозинство во време на авторитарни или на тоталитарни режими. Хилберг ги опишува посматрачите како лица кои не се инволвирани во смисла дека не сакале да ги повредат жртвите но не сакале ни самите да бидат повредени од сторителите на злосторствата.[68] И оттука е

---

[66] Goldhagen D. J. (1996). *Hitler's Willing Executioners: Ordinary Germans and the Holocaust.* London: Abacus, стр. 395.

[67] Marrus M. (2005).*The Holocaust in History.* Hanover, NH: University Press of New England, 1987, цитирано според O'Donnell T., „Executioners, bystanders and victims: collective guilt, the legacy of denazification and the birth of twentieth-century transitional justice". *Legal Studies*, 25(4).

[68] Hilberg R. (1992). *Perpetrators, Victims, Bystanders: The Jewish Catastrophe 1933-1945.* London: Harper Perennial, стр. xi.

тешкотијата за разбирање на нивната позиција со цел општеството да се промени во насока на неприфаќање и отпор кон евентуални идни слични тенденции. Во овој контекст е добро да се води сметка и за два други факта: прво, како посматрачи (во времето на нацизмот, особено) се појавиле и држави, меѓународни организации и личности како Папата; во слична позиција беше и холандскиот контингент на мировници при геноцидот во Сребреница; второ, во сите овие времиња и на разни места имало и луѓе кои одбивале да му се покорат на режимот, жртвувајќи ги своите животи. Еден од таквите примери е од времето на конфликтот во Руанда кога неколку ученички одбиваат да кажат дали им припаѓаат на Тутсите или на Хутите, и иако можеле да се спасат, сепак, останале со своите соученички и биле колективно егзекутирани.

Процесот на помирување е исклучително тежок затоа што бара не само соочување со фактите и со трауматичното минато, туку и со митот дека, по дефиниција, „сите мртви се невини, сите убијци се монструми, а политичкиот контекст бил или луд или не постоел."[69]

КОЛЕКТИВНО ЗЛОСТОРСТВО И РЕЖИМСКО ЗЛОСТОРСТВО

Во контекст на прашањето за тоа како било можно да дојде до масовни кршења на човековите права и каква била улогата на пошироката јавност, на населението во општеството во кое се случувало тоа, Ненад Димитријевиќ нуди разликување меѓу колективното злосторство и режимското злосторство.[70] Колективното злосторство претставува чин извршен од страна на значителен број припадници на една група во име на сите нејзини членови, а против поединците коишто се идентификувани како

---

[69] Gourevitch P. (2000). *We Wish to Inform You that Tomorrow We Will be Killed with Our Families: Stories from Rwanda.* London: Picador, стр. 186

[70] Dimitrijević N. (2006). „Moralna odgovornost za kolektivni zločin". *Peščanik*, достапно на: https://pescanik.net/moralna-odgovornost-za-kolektivni-zlocin/ .

предмет на напад по основа на припадноста кон друга група.[71] Тоа се разликува од „режимското злосторство" (злосторството на државата). Во првиот случај согласноста на поданиците е од клучно значење, бидејќи тој систем не е резултат од системска, режимска репресија, туку од интеграција на поданиците во системот. Според Димитријевиќ, во овој случај постои висок степен на идеолошка и практична согласност меѓу режимот и поданиците во она што е злосторнички потфат. Затоа, злосторствата се нарекуваат колективни. Како примери тој ги наведува нацистичка Германија и Србија под Милошевиќ. Вториот тип на режим не поседува имплицитна согласност од популацијата, па се потпира врз насилство и репресија врз поданиците. Тука се претпоставува дека постои ефективна диференцијација меѓу јавниот апарат на режимот кој врши насилства и врз другите но и врз „своите". Како пример се посочува СССР за времето на Сталин.

Колективното злосторство се смета за посебен вид на масовно злосторство кое ги има следниве одлики: 1) злосторството се одвива низ координирано дејствување на голем број поединци и институции во насока на постигнување на заедничка цел; 2) делото се оправдува идеолошки со повикување на доброто на групата во чие име се извршува; 3) злосторството е идеолошки, правно и политички институционализирано и „нормализирано": политичките одлуки, правните норми и системот на вредности се обликувани на начин кој дозволува, оправдува и врши рутинско нанесување зло врз оние што произволно се наречени непријатели; и 4) мнозинството поданици го поддржуваат актуелниот режим, неговата идеологија и дејствување, вклучувајќи ги и убиствата.[72]

Според оваа класификација, прашањето за моралната одговорност на населението во вториот случај, на режимски

---

[71] Radzik L. (2001). „Collective Responsibility and Duties to Respond". *Social Theory and Practice*, 27(3), стр. 456.
[72] Dimitrijevic N. (2011). *Duty to Respond: Mass Crime, Denial, and Collective Responsibility.* Budapest: CEU.

злосторства, не се поставува затоа што се смета дека вредносниот систем и институциите на режимот не се прифатени од страна на поданиците како сопствени. На самиот режим му е доволна привидната лојалност и послушност, а и идејата за „непријателот" е изведена од идеолошки конструкции, така што секој член може да биде потенцијална жртва на режимот. Оттука заклучокот дека во комунистичкиот режим било невозможно да се зборува за колективно злосторство.

Колективното злосторство не може да биде сторено од поединец ниту од случајна група, ниту од колективитет составен од простиот збир на неговите припадници. Овде се претпоставува постоење на колективна намера да се извршат одреден број дела, колективна свест за природата на таквите дела, организиран напор во реализацијата на намерата. Накусо, станува збор за постоење дела кои се свесно избрани заради постигнување одредена цел, како и свест за последиците од реализацијата на таквиот план. Според Димитријевиќ, конструкцијата на колективното злосторство минува низ три фази кои го сочинуваат имплицитниот договор меѓу системот и поданиците. Првата фаза на подготовка се потпира врз идеолошко промислување (пропаганда во насока на создавање „органски колективитет" во кој индивидуалниот идентитет ќе се претопи во заедничкиот) и правна и политичка институционализација (нормирање на односите, определување на тоа што е добро или лошо, како и форми на соучество во злосторството). Втората фаза ја чини злосторничкото однесување во кое постои „поделба на трудот", при што од сите се очекува слепо покорување на операцијата како и прифаќање на свеста дека сѐ што се презема е политички оправдано и морално исправно. Третата фаза се состои од заедничко учество во прифаќањето на последиците на колективното злосторство. Додека постои системот што го реализира, сите носители и поданици се однесуваат како да, воопшто, и не може да стане збор за некаква одговорност и дека злосторство не постои. Иако станува збор за

институционализирана лага, сепак Димитријевиќ смета дека нема основа да се верува дека поданиците не биле свесни за вистинскиот карактер на извршените злодела.

Ваквата анализа и диференцијација има ограничувања во смисла дека е тешко применлива во услови на длабоки (продолжени) конфликти чии резултати се масовни злосторства сторени од две или од повеќе групи/колективитети. Споредбата на режимот под Милошевиќ со оној на нацистичка Германија, кај дел од српската интелектуална и академска јавност, ја наметна и тезата за потреба од денацификација на српското општество, што остана малцинска идеја без поширока потпора ниту во општеството, ниту кај меѓународните фактори, кои инсистираат на ставање на прашањата на транзициската правда во поширок регионален контекст на распаднатата југословенска федерација.

### *8.5.2. Како да се прекине спиралата на насилство?*

Односите помеѓу жртвите, сторителите и посматрачите се исклучително сложени, и детерминирани од бројни психолошки, контекстуални, социјални, културни, политички и други фактори. Токму затоа процесот на помирување некогаш е на работ на невозможна мисија, или бара трпение и континуирана работа со секоја група одделно, но и заедно. Двата клучни проблема се ситуацијата кога по завршувањето на насилството, жртвите стануваат сторители или кога сторителите (и посматрачите) избираат да ја негираат својата вина и да живеат во одрекување дека биле сторени злодела. Тоа се начини низ кои насилниот конфликт се перпетуира и општеството не успева да излезе од спиралата на насилството.

Во првиот случај, кога жртвите на масовно и страшно насилство, стануваат сторители и виктимизатори, се утврдени неколку начини низ кои се рационализираат неморалните дела. Статусот на жртва во некои ситуации се толкува како

дозвола/лиценца за извршување неморални и незаконски дела, засновано врз следниве уверувања: 1) свет кој дозволил вакви работи да ни се случат нам нема право да биде морален судија за она што го правиме ние; 2) кога траумата била дозволена да се случи, тогаш сите морални конвенции веќе престанале да важат, и групата (на жртвите) веќе не е обврзана на нив; 3) на групата на жртвите ѝ е дозволено да преземе сè што е во нејзина моќ за да спречи да се повтори слична траума; и 4) што и да стори групата, тоа не е ни споредливо со она што ни беше сторено нам. Како резултат од ваквите оправдувања може да се случат чинови кои во други околности таа иста група би ги оценила како неморални и незаконски, но сега се сметаат за праведни и вредни за заштита на групата од нови закани, без оглед дали тие се стварни или имагинарни.[73] Постојат бројни примери на меѓуетнички конфликти во кои страните што страдале продолжуваат да вршат насилство врз другите со намера да „му одржат лекција" на ривалот и да ги спречат во иднина да вршат терор врз нив.[74]

Практиката и истражувањата покажуваат дека во текот на внатрешните конфликти, а и по нивното завршување, доаѓа до посебен вид на секундарна или изведена идентификација со жртвите од својата група, од страна на нејзини припадници кои дури и не доживеале траума или насилство, а чувствуваат потреба да им се одмаздат на членовите на другата група, иако тие не им сториле никакво зло. Станува збор за психолошки и за социјално детерминирани конструкции кои доведуваат до идентификација на членовите на групата, хомогенизација на нивната перцепција за настаните (од сегашноста или од минатото) и за противникот.

---

[73] Bar-Tal D., Chernyak-Hai L., Schori N. and Gundar A. (2009). "A sense of selfperceived collective victimhood in intractable conflicts", *International Review of Red Cross*, 91(874), стр. 255, достапно на: https://www.corteidh.or.cr/tablas/r23447.pdf.

[74] Petersen R.G. (2002).*Understanding Ethnic Violence: Fear, Hatred, and Resentment in Twentieth-Century EasternEurope.* Cambridge: Cambridge University Press.

Така, до „изведена ретрибуција/одмазда" може да дојде на начин што насилството ќе се изврши врз „другите" само затоа што припаѓаат на непријателската група, и без оглед што самите не се сторители на никакво злодело.

Во однос на сторителите и нивното одбивање да ја прифатат вината и вистината за тоа што се случувало, искуствата на комисиите на вистината покажуваат дека негацијата најчесто се изразува преку тезата „ние сме херои, а не злосторници" или „и тие (другите) вршеа злосторства". Некои сторители сметаат дека си ја вршеле должноста и биле овластени да го сторат тоа затоа што „почитувале наредби". За случувањата од конфликтите во бивша Југославија, Мајкл Игнатиеф ги истакнува стратегиите на релативизација на злосторствата на следниот начин: „Човекот ги прифаќа фактите, но тврди дека непријателот бил подеднакво виновен или дека тој што го обвинува, исто така, треба да е обвинет или дека таквите „ексцеси" се за жал нужни во време на војна. Да се релативизира значи да се оствари двојна позиција: да се признаат фактите но да се одрече целосната одговорност за нив."[75] Тој, со право, укажува дека агресорите имаат сопствен начин да се бранат од вистината, ама истото важи и за жртвите. Луѓето кои веруваат дека биле жртви на агресија се длабоко неспособни да поверуваат дека и нивната страна извршила злосторства. Митот на невиност и жртва се моќна пречка за соочување со непријатните факти.

На пример, реакциите во српското општество по донесувањето на пресудата за Сребреница во Хашкиот трибунал за бивша Југославија се чувство на олеснување на јавноста дека државата не била осудена за геноцидот (кој е утврден), туку „само" за неспречување и за неказнување на делото. Бандовиќ ги објаснува реакциите на следниов начин: „Велат, воопшто, не се убиени осум илјади муслимани во Сребреница. Потоа се тврди дека се убиени триста, или илјада или две, но има и тези дека жртви,

---

[75] Ignatieff M. (1996). "Articles of faith". *Index on Censorship*. 25(5).

воопшто, и немало. На овој начин, геноцидот се сведува на прашањето на квантитет.“[76]

Ралф Ѓордано, германскиот писател и борец против фашизмот, смета дека мотивацијата за ставот „и другите чинеа злосторства“ не се должи на чувството на сомилост со сите жртви, туку дека станува збор за пребивање на долговите, за компензација: „Жртвите стануваат голи предмети на пресметка во личната потреба за ослободување од вина; тие се декласираат во добредојдени збирови во некаква бездушна аритметика на мртвите. Таа потреба од растоварување оди до тотална нехуманост. Масакрите сторени некаде на друго место веќе не застрашуваат, тие тешат.“

Еден од примерите за начинот на кој се доживува вината на „нашата страна“, се и реакциите на хрватската јавност во однос на цивилните жртви во операцијата „Олуја“. Пуховски објаснува дека механизмот на одрекување е токму во тврдењето дека како жртва на агресија, Хрватска не може да носи одговорност за воени злосторства, односно дека армијата која се бранела не можела да се смета за виновна. Во врска со „ексцесите“ кои се нужни во време на војна, како пример може да се посочи тврдењето на генералот на ОНА, Гѕим Острени во врска со масакрот кај Вејце од 2001, но и целата аргументација за целосната амнестија на борците од 2001 година. Од досегашното искуство на планот на ретрибутивната правда, а во контекст на сторителите во постјугословенските конфликти, може да се констатира дека дури и во случаите кога одредени лица биле осудени и ја отслужиле затворската казна, по враќањето во своите земји се пречекани како маченици и (неправедно осудени) херои, па дури и добиваат високи политички позиции.

Перцепциите и емоциите околу тоа што се случило, меѓу учесниците на конфликтите, а особено меѓу жртвите и

---

[76] Бандовић И. (2007). „Друга кривица или какав је терет бити Србин“. *Политика*, 6 март.

сторителите, се разликуваат во неверојатни размери. Германскиот филозоф Рој Баумејстер тоа го нарекува – јазот на магнитудата: сторителите редовно настојуваат да го намалат значењето на своите дела и нивните последици, додека жртвите инсистираат на тежината и длабочината на своите страдања. Доколку овој јаз остане ист или се продлабочи, перспективите за мирен живот се многу слаби.

По завршувањето на насилството, секогаш се поставува прашањето за приоритетите: дали е тоа мирот (или поточно, примирјето) или правдата; жртвите или сторителите? Веќе зборувавме за механизмите на ресторативната правда кои се насочени кон жртвите, а потоа и кон заедницата. Во овој контекст неретко се зборува за задоволување на потребите на жртвата (или, правна/политичка/материјална или друга сатисфакција на жртвата). Починатите не можат да посведочат за никаква сатисфакција или правда, но тие се важни за преживеаните членови на семејствата. Она што најмалку може да се стори е нивното вадење од анонимноста на статистиката.

Тежината на конфликтите и режимските тортури се мерат со бројки, со статистика, што е добро за добивање генерална слика и салдо на настаните, но кога ќе почнат личните идентитети на жртвите да се совпаѓаат со статистиката, односно кога убиените стануваат неличности, туку бројки и проценти, тоа е нивна втора симболичка смрт. Затоа, по завршувањето на насилството една од задачите на новото општество е да направи нивна персонализација, како на убиените така и на исчезнатите. Со таа задача најчесто се зафаќаат невладините иницијативи и организации, затоа што државните власти или не се способни или се незаинтересирани за тоа.

Гледано од страна на учесниците/борците, работите стојат поинаку. Една од мерките што се преземаат уште при склучувањето на мировен договор е пакетот познат како *„разоружување, демобилизација и реинтеграција (во цивилниот живот)*" *(РДР)*. ООН го дефинираат РДР како процес кој

придонесува за безбедноста и за стабилноста во контекстот на постконфликтното закрепнување  така што го одзема оружјето од рацете на борците, ги отстранува од војничките организациски структури и им помага да се реинтегрираат во општеството во социјална и во економска смисла, со што  им се обезбедува цивилна живејачка.[77] Притоа, мора да се има предвид една важна работа:  сите борци/активни учесници во граѓански судир не извршиле воени злосторства или злосторства против човечноста! Тоа е она што транзициската правда треба да го диференцира и да го појасни, за  во иднина дури и тие што употребиле оружје да не бидат стигматизирани и исклучени од заедницата како чудовишта.

Во контекст на механизмите на транзициската правда, овие мерки се и значајни и контроверзни, особено ако од аспект на жртвите се стекне впечатокот дека оние што војувале сега се наградуваат. Практиката покажува дека проектите поврзани со помирувањето се далеку помалку финансиски поддржани од оние што се однесуваат на РДР. Едно истражување наведува податоци за големиот контраст меѓу нив: во 2005 година, во дваесетте држави во кои се презеле РДР-проекти ниту една не обезбедила програма за репарации за жртвите. Ова соодветствува со приоритетите на меѓународните фактори: мирот/примирјето има поголема важност од правдата, па така бившите борци се предмет на поголема грижа отколку жртвите.[78]

Во ваквиот пристап има логика, особено во првата фаза по завршувањето на насилството, бидејќи бившите борци можат лесно да станат пречка за мировниот процес и да го обноват насилството ако се незадоволни, додека жртвите не се во состојба да влијаат врз текот на настаните. Ваквиот расчекор има практични аспекти, но создава морален ризик кој може да има

---

[77] United Nations Department of Peacekeeping Operations (DPKO). (2006). *Integrated Disarmament, Demobilization and Reintegration Standards (IDDRS),* стр. 6.

[78] Cutter P. A., de Greiff P. & Waldorf L. (2009). *Disarming the Past. Transitional Justice and Ex-combatants*. NY: Social Science Research Council, стр. 16.

ефект на подолг рок, особено ако жртвите останат запоставени и заборавени. Во операциите за постконфликтно градење на мирот неретко на механизмите на транзициската правда и на РДР се гледа како на одделни процеси што дури и не треба по секоја цена да се интегрираат. Но, некои познавачи мислат дека фазата на реинтеграција е токму точката во која се допира до важните елементи на транзициската правда кои можат да бидат од полза и за општеството и за бившите борци.

Прашањето за меѓусебните ефекти меѓу РДР и транзициската правда содржи многу тензии, но и нејаснотии затоа што во практиката нема доволно искуства и истражувања.[79] Познавачите сметаат дека координираноста и синергијата меѓу двата процеса може да доведе до позитивни резултати за општеството. Од аспект на првиот процес, транзициската правда може да помогне во реинтеграцијата на бившите борци, додека РДР на транзициската правда може да ѝ обезбеди безбедно опкружување и услови за работа. РДР може да биде и извор на информации за текот на настаните и за некои важни сознанија за динамиката на конфликтот (на пример, како биле регрутирани борците и зошто).

### *8.5.3. Извинувања и барање прошка*

Најпознатиот чин на изразување жалење за злосторствата во минатото е, секако, чинот на тогашниот канцелар на Сојузна Република Германија, Вили Брант, од 1970 година при посетата на Полска.[80] Тој неочекуван чин на клекнување, минута молчење пред споменикот на жртвите од Варшавското гето, е сцена која секогаш се памети кога станува збор за јавното извинување за

[79] Исто, стр. 25.
[80] Фотографиите од овој чин се достапни на следниов линк: https://rarehistoricalphotos.com/warschauer-kniefall-1970/ .

злодела од минатото. Во своите мемоари, Брант ќе напише дека чинот не бил испланиран однапред, туку спонтан: „Додека стоев на работ на историскиот амбис на Германија, чувствувајќи го товарот од милиони убиства, го сторив она што луѓето го прават кога ќе останат без зборови.‟ Чинот познат како „Kniefall‟, бил различно дочекан од германската јавност. Според истражувањето на магазинот Шпигел, 48 отсто од Германците (во Западна Германија) сметале дека тоа било претерано, 41 отсто рекла дека било соодветно, а 11 отсто немале став. За време на Втората светска војна, Брант се борел против нацизмот како норвешки државјанин, немал никаква лична морална причина да се извинува во име на Германците, но го сторил тоа во вид на гест од големо политичко значење. На 30-тата годишнина од чинот, во 2000-та година, во Варшава му е подигнат споменик на Брант на плоштадот кој го носи неговото име и се наоѓа во близина на споменикот.

Извинувањето, кога доаѓа од највисоки државни претставници, има своја симболичка тежина, а некои таквите чинови ги гледаат и како историски или како можност за историски пресвртници во односите меѓу поранешните непријатели. Некои активисти и познавачи сметаат дека и изразот „извинување‟ е несоодветен, бидејќи човек може да се извини за дело што е сторено не сакајќи, па и несвесно, но дека за постконфликтните ситуации е посоодветно изразување жалење за стореното, дури и кога тој што го презема чинот ниту генерациски ниту на друг начин не можел да биде инволвиран во тие настани од минатото.

Меѓутоа, останува прашањето за тоа колку со зборови може да се ублажат неправдата и траумата, особено ако не е проследена со конкретни чекори во насока на репарации, потрага по исчезнатите, размена на документација за случувањата и казнување на сторителите. Прашањето на искреноста на извинувањето е релативно неважно, бидејќи многу поважно е дали по извинувањето следуваат конкретни политички чекори кои водат во иста насока, кон помирување и одговарање на потребите на

жртвите и на општествата за траен мир. Ниту една власт, без оглед на легитимитетот што го има, не може да наметне емпатија со декрет. Најмногу што може да се стори е да се создаде клима која ќе ги охрабри сите мали и поголеми иницијативи што водат до помирување.

Во контекстот на објективната оценка на чинот на извинување многу е важен контекстот, но и речникот кој се употребува, а кој може да е доволно „дипломатски" да не каже нешто што домашната јавност би го примила со огорчување. Проблемот со политичарите е што тие водат повеќе сметка за дневнополитичките придобивки или загуби отколку за иднината и за општото добро, особено на регионален план. До чин на јавно извинување, особено на местото на злосторството и страдањето може да дојде само откако ќе протече извесно време, односите ќе се нормализираат, а политичарите кои ги водат бившите страни во судир имаат доволно висок рејтинг за да не се грижат за политичките ефекти од ваквата симболика.

Кај извинувањата/изразите на жалење можно е тие да се даваат „условно", односно да се изречат зборовите но истовремено да се побара и другата страна да го стори истото. Објаснувањето за ваквиот, во основа неморален гест (бидејќи вистинското жалење е морален и длабоко интимен чин), лежи во фактот што најчесто станува збор за политички чекори, а не за морални, па и лични. Пуховски на тоа гледа како на нешто сосема разбирливо бидејќи моралните извинувања содржат, според него, колективистичка, националистичка конотација, според која секој Хрват/Србин итн. е одговорен за делата на сите свои сограѓани, што е бесмислено (и спротивно на тезата за колективни злосторства и колективна одговорност). А кога станува збор за политички акти, тогаш е разбирливо и со нив да се прави своевидна „трговија".[81]

---

[81]„Srebrenica čeka svoga Branta". *Radio Slobodna Evropa*, 21 novembar 2010, радио дебата со Жарко Пуховски и Александар Попов, достапно на:

Јавните извинувања, иако доста популарни и бројни во последно време, сепак се предмет на спротивставени мислења. Некои мислат дека станува збор за евтин и лесен начин за олеснување на лошата совест, или дека е бесмислен чин затоа што ретко е проследен со мерки за обесштетување на жртвите. Третиот став е дека чинот може да има ефект под услов да ги исполни следниве услови:

• Искреноста на гестот мора да се манифестира недвосмислено;

• Треба да постои целосно и безусловно прифаќање на одговорноста;

• Мора да се избегне секој вид на оправдување на случувањата;

• Доколку настаните од минатото и натаму продуцираат тага или нееднаквости, тие што се извинуваат во име на своите предци, мора да изразат и јасна посветеност за реални промени.[82]

На просторот на бивша Југославија, досега се познати неколку примери на јавни извинувања за конфликтите и за злосторствата од 90-тите години. Така, во 2000 година, црногорскиот претседател Мило Ѓукановиќ им се извини на Хрватите за агресијата врз дубровничкиот регион. Во ноември 2010 година, при официјалната посета на Хрватска, тогашниот српски претседател Борис Тадиќ го посети Вуковар и изрази жалење за сторените злосторства врз хрватското цивилно население и заробениците за време на офанзивата од 1991 година. Неговиот домаќин, хрватскиот претседател Иво Јосиповиќ, пак, при истата посета изрази жалење во местото на страдање на српското население, во Паулин Двор. Изјавите на жалење, поклонување пред жртвите и изразувањето сочувство беа

---

https://www.slobodnaevropa.org/a/most_srebrenica_ceka_svog_branta/2225757.html .

[82] *Reconciliation after Violent Conflict*, исто, стр. 31.

проследени и со силна полициска заштита и од протести на ветераните и од дел од локалното население. Во 2013 година, и српскиот претседател Томислав Николиќ, во ТВ-интервју, изрече своевидно извинување за „сите злосторства што ги извршиле поединци над Бошњаците во име на Србија и на српскиот народ.‟ Чинот предизвика многу негативни реакции од сите страни: босанската сметаше дека е тоа релативизирање на злосторствата и сведување на поединечни ексцеси.

Простувањето како чин во практиката на процесот на помирување е, можеби, и најсензитивно и најлично. Всушност, простувањето е верска, метафизичка категорија, која нема никакво пошироко политичко значење за заедницата која се закрепнува од конфликтните трауми. Опрост може да даде само жртвата и никој друг во нејзино име, што значи дека мртвите не можат да простат, ниту, пак, нивните семејства се овластени да одлучуваат дали ќе го прифатат барањето прошка од сторителот. Затоа, простувањето не може да биде колективен чин, освен во некакви верски рамки.

### 8.5.4. *Дијалог на заедниците/ иницијативи на заедниците*

Честите забелешки на сметка на транзициската правда и процесот на помирување е дека не водат доволно сметка за партиципативниот аспект, т.е. за слушањето на гласовите одоздола, од локалните заедници. Се смета дека проектите неретко се наметнуваат низ модели со „една големина за сите‟, на различни општествени и културни контексти, без водење сметка за традициите итн. Во овој контекст, дијалогот на и во заедниците, односно комуналните иницијативи (иницијативите на заедниците) се нагласуваат како методи и практики кои треба да се вградат во

агендата на транзициската правда како неразделен дел.[83] Некои општества имаат традиционални механизми на соочување со минатото, кои можат да се покажат како поефикасни од „увезените".

Пристапот кој се потпира врз иницијативите на локалните заедници во поглед на „кажувањето на вистината" се дефинира како пристап во кој одлуките за целиот процес, вклучително и за очекуваните резултати, ги носат членовите на конкретната заедница која е засегната. Најголемите искуства од примената на овој пристап доаѓаат од Ирска, но и од земјите на Централна и Јужна Америка и Африка. Така, на пример, во Централна и Јужна Америка бил спроведен партиципативен проект познат како „Фотовојс" ( PhotoVoice), кој им дал можност на заедниците, на групите и на поединците да креираат своевидно „јавно сведочење" за своитеискуства. Кажувањето на вистината било дефинирано со две цели: да поттикне соодветен „контекст за тагување/жалење", и второ, да им дозволи на жртвите на државното насилство да „креираат споделена приказна" во врска со настаните за кои претходно биле замолчувани.[84]

Најпознат модел во овој контекст се т.н. обичајни судови во Руанда (Gacaca). По ужасните последици од геноцидот во 1994 година, со околу милион мртви, земјата се соочува со огромни предизвици. Во масовните злосторства, како што се сметало, некакво учество земала една третина од возрасната популација, што ја направило судската правда тешко достижна. Идејата за воспоставување локални судови била презентирана како алтернатива на западните модели на (казнена) правда, односно како „африкански одговор на африканските проблеми". Од 2005 година биле воспоставени над 12 000 комунални судови, чие име

---

[83] Lundy P. and McGovern M. (2008). „Whose Justice? Rethinking Transitional Justice from the Bottom Up", *Journal of Law and Society*, 35(2).
[84] Lykes M.B. (2001). "Creative arts and photography in Participatory Action Research". In: Reason P. and Bradbury H. (eds.). *Handbook ofAction Research: Participative Inquiry and Practice*. Sage Publishing.

извира од локалниот збор за трева (т.е. местото каде што заедниците се собирале традиционално за да ги решат меѓусебните спорови на членовите). Настојувањето било да се решат околу 1,2 милиони случаи. Во најдобар случај, тие зад себе ќе оставаат мешано искуство.

За некои посматрачи, овој механизам донесол доста придобивки и корисни научени лекции за други случаи.[85] Шабас забележува дека овие судови, инспирирани од традиционалните механизми за решавање спорови, се обиделе да ја надминат долгата култура на неказнивост, со заложба ниту едно тешко дело да не остане неказнето. Но, станува збор за децентрализиран систем на правда воден од непрофесионалци на локално ниво. Меѓутоа, овој систем доживува и големи критики. Меѓународната организација за човекови права Хјуман рајтс воч (Human Rights Watch) забележува дека дел од населението ќе ја поздрави работата на овие судови и вклучувањето на локалните заедници, а во насока на подобро разбирање на историските корени на судирот меѓу мнозинството Хути и малцинството Тутси. Другите се скептични, укажувајќи дека не сите сторители во геноцидот биле уапсени или соодветно казнети; некои осуденици сметаат дека постапката не била правична, а дека моќни поединци и властите манипулирале со текот на постапките; дека гачача-судовите биле политизирани, а етничките тензии несмирени. Накусо, двете страни се сомничави во однос на исходот од судовите, кои ќе престанат со работа во 2010 година.[86]

Во зависност од спецификите на конфликтот и наследството што го оставил, но и во зависност од националната/локалната култура, ваквите модели можат да се разликуваат многу едни од

---

[85] Schabas W. (2005). "Genocide Trials and Gacaca Courts" *Journal of International Criminal Justice*, 3(4).

[86] Human Rights Watch (2011), *Justice Compromised. The Legacy of Rwanda's Community-Based Gacaca Courts*, достапно на: https://www.hrw.org/report/2011/05/31/justice-compromised/legacy-rwandas-community-based-gacaca-courts.

други. Во тоа се гледа и добрата страна на ваквите иницијативи, кои можат да бидат креативни и самите да ги детерминираат средствата, методите, целите и сл. Генерално, локалните иницијативи треба да овозможат поединци и групи да се вклучуваат во разни облици на дијалог за минатото ама и за иднината, охрабрувајќи ги луѓето да ја преземаат сопственоста на процесот на договарање на иднината и да развиваат поголемо разбирање на често спротивставените позиции за минатото. Се цени дека без едно такво разбирање една договорена иднина е невозможна.

Дијалогот на заедниците како модел за соочување со минатото најмногу дошол до израз во долгогодишниот мировен процес во Северна Ирска, каде што впрочем и ги има своите корени.[87] Како што кажува и името, процесот на дијалог меѓу луѓето со спротивставени политички, општествени и верски убедувања е централната алатка за градење доверба и меѓусебно разбирање. Дијалогот почива на три принципи: а) преиспитување на себеси; б) слушање на другите, и в) обид нештата да се видат низ поинаква призма. Тоа се реализира со организирање на еднодневни семинари, вечерни собири и утрински работилници, конференции во хотели, сесии на работни места, цркви, центри на заедниците и училишта. Луѓе од сите сфери од животот учествуваат во Дијалогот на заедниците: работници и луѓе од средна класа, од урбани и од рурални зони, млади и стари, вработени и невработени, католици и протестанти, националисти и унионисти, лојалисти и републиканци, припадници од етнички заедници и малцинства, работници од заедницата, бизнисмени итн. Дијалогот на заедниците оперира во поделените општества. Неговиот тим и членовите ги рефлектираат овие поделби.

---

[87] Повеќе за проектот на интернет-страницата: https://www.communitydialogue.org/.

Комплементарниот проект „Заздравување преку сеќавање"[88] се состои од процес на консултации за тоа како Северна Ирска, и оние што биле погодени од конфликтот подеднакво во и надвор од Северна Ирска, би можеле да се сеќаваат и да се справат со минатото, и чинејќи го тоа – да се движат напред кон заздравување. Целта на консултациите е да продуцира еден документ кој би посочил серија на опции за справување со минатото и откривање на вистината, со цел тие да бидат поднесени пред британската и пред ирската влада, и пред јавноста.

Во регионот на поранешна Југославија, најзначајна иницијатива е Иницијативата за РЕКОМ, односно за воспоставување Регионална комисија за утврдување на фактите за сите жртви на воени злосторства и тешки повреди на човековите права во периодот од 1991 – 2001 година.[89] Иницијативата е создадена од импресивен број на мрежи и поединечни невладини организации, професионални здруженија, здруженија на семејствата на жртвите и исчезнатите, здруженија на ветерани итн. Евидентно ова е еден вид на регионална иницијатива која треба да послужи во вид на своевидна комисија на вистината и на помирувањето (иако Иницијативата го избегнува поимот „вистина" како контроверзен и пресложен за да се употреби во ваков контекст). Основната идеја е поврзување на различните претставници на локалните заедници и на организациите на цивилното општество за да се направи „попис" на жртвите, страдањата, исчезнатите, местата на заточеништво итн. од периодот на 90-тите години. Списокот треба да го направи официјално меѓудржавно/регионално тело на владите од регионот кои ќе ги верификуваат фактите низ посебна регулирана постапка, за подоцна да не доаѓа до проблематизирање и до оспорување на доказите. Иницијативата, сè уште, функционира во сферата на

---

[88] Повеќе на: https://healingthroughremembering.org/.
[89] Повеќе на: https://www.recom.link/ .

цивилното општество, но оди многу потешко со нејзиното пренесување во рацете и во одговорноста на политичките фактори. И покрај ветената меѓународна помош, главно, преку т.н. Берлински процес поттикнат од државите членки на ЕУ, застојот е евидентен. Затоа, Иницијативата за РЕКОМ функционира и работи на алтернативни начини. Досега, членката на РЕКОМ, Фондот за хуманитарно право од Белград има објавено „Книга на сеќавањето", попис на жртвите од војната на Косово, а во Босна и Херцеговина е објавена „Книгата на смртта". Невладината организација Документа (*Documenta*) работи на попис на жртвите од Хрватска.[90] Во Македонија, Иницијативата беше формално поддржана и од политичката и од интелектуалната јавност, но не се преземени никакви чекори за утврдување на бројот и идентитетот на жртвите од конфликтот од 2001 година. Покрај оваа иницијатива која има регионален пристап, одделните држави се обидуваа да формираат свои национални комисии на вистината, но тие или не се ни реализираа целосно или однапред ги покажаа своите ограничени цели и капацитети.

## 8.6. Институционални реформи

Институционалните реформи, во контекст на транзициската правда, се од системско значење. Тие треба да го заокружат и да го комплетираат целиот сет механизми, за да воспостават структурални и институционални основи на новото општество кое не само што ќе расчисти со тешкото минато туку ќе воспостави регулација на односите врз основа на највисоки демократски и правни принципи. Само таквото општество може да биде гаранција за неповторување на злосторствата од минатото.

Се разбира, и овде станува збор за долготраен и сложен процес, кој не може да даде резултати преку ноќ. Притоа, мора да

[90] Види повеќе на https://documenta.hr/ .

е сеопфатен, односно да се зафати со реконструкција на општествената структура во различните сфери. Зависно од состојбата во конкретната држава, институционалните реформи, како и приоритетната листа по која ќе се реализираат – се разликуваат. За најчести зафати во оваа сфера се сметаат следниве: промена на уставот или донесување нов устав; реформа на безбедносниот сектор; реформа на правосудството; реформи во парламентарниот систем и изборниот систем; образованието; медиумски реформи; контролни механизми и механизми на надзор над институциите од страна на општеството; контрола врз системот на располагање со земјиштето и другите природни ресурси итн.

Сепак, на прво место, секогаш се спомнува постапката на прочистување на кадровската и на професионална структура со која располагало општеството, односно за лицата кои во рамките на институциите биле одговорни за масовното кршење на човековите права: лустрацијата и ветингот се постапките преку кои се врши селекција и се гарантира дека на вистинското место ќе дојдат луѓе кои немаат товар од минатото ниту биле инволвирани во случувањата од тоа време. Во продолжение, накусо, ќе се осврнеме и на овие постапки, имајќи предвид дека секоја од овие области била или е предмет на изучување во рамките на студиската програма.

### *8.6.1. Лустрација и ветинг*

Лустрацијата и ветингот се мерки на транзициската правда што се преземаат во поставторитарните и постконфликтните општества, а со цел да се подготват и да се олеснат кадровските и институционалните реформи кои следуваат. Во суштинска смисла, тие вклучуваат т.н. скрининг (проверка) на вработените и на носителите на раководни функции во државните и во јавните институции, односно во институциите кои треба да уживаат јавна

доверба. Целта на проверката е утврдување дали овие лица имаат интегритет и способност (капацитет) да ги вршат задачите што им се доверени во насока на остварувањето на вредностите на новиот систем.[91] Според прирачникот на ОН, под интегритет се подразбираат поседување квалитети кои овозможуваат вршење на должноста во согласност со стандардите поврзани со фундаменталните човекови права, професионализмот и владеењето на правото. Под способност (капацитет) се подразбираат квалитети кои гарантираат исполнување на техничките аспекти од институционалниот мандат.

Кај оние поединци кај кои ќе се утврди дека не ги исполнуваат овие два критериума доаѓа до последици по нивниот работен однос, односно може да бидат задолжително отстранети од нивните должности, да им биде забрането вршење други слични должности во иднина, да бидат поттикнати самите да си дадат оставка и да се повлечат или да се соочат со јавно обелоденување на нивното минато, како и евентуално да се побара да ја признаат својата инволвираност во случувањата од минатото како еден вид преземање одговорност.[92] Сите овие мерки се должат на нивното претходно дејствување, припадност или начин на однесување за време на претходниот режим во кој дошло до масовно кршење на човековите права.

Во истражувањата на практиката од повеќе земји во кои се преземени овие мерки, се издвојуваат следниве придобивки: а) воспоставуваат начин на прекин со минатото и создаваат услови за

---

[91] United Nations (2006), *Rule-of-Law Tools for Post-Conflict States: Vetting: An Operational Handbook*, достапно на: http://www.concernedhistorians.org/content_files/file/TO/260.pdf; Mayer-Rieckh A. and de Greiff P. (eds.) (2007). *Justice as Prevention: Vetting Public Employees in Transitional Societies*. SSRC; Nalepa M. (2013) "Lustration". In: Stan L. and Nedelsky N. (eds). *Encyclopedia of Transitional Justice.* Cambridge: Cambridge University Press.

[92] Horne C. M. (2017) "Transitional Justice: Vetting and Lustration". In: Lawther C., Moffett L. and Jacobs D. (eds.). *Research Handbook on Transitional Justice.* Edward Elgar Publishing.

општествена реконструкција и помирување; б) се зајакнува довербата во јавните институции; в) се демонстрира посветеноста на новиот режим дека ќе бара одговорност од сите што се огрешиле во минатото, така покажувајќи раскин со поранешната култура на неказнивост; г) се превенираат повреди на човековите права во иднина со раскинување на формалните и на неформалните мрежи на влијание што постоеле во старите институции; д) се јакне демократскиот капацитет на новите институции.

Иако слични, ветингот и лустрацијата се разликуваат меѓу себе. Според упатството на ОН, процесот на ветинг има цел да ги отстрани од јавните позиции оние лица за кои ќе се утврди дека имаат дефицит во поглед на интегритетот. Ветингот претставува еден вид административна правда, односно станува збор за процес кој се потпира врз основите на управното право. Тоа значи дека процесот се одвива врз основа на законски акти во кои се утврдени параметрите на процедурите, а кои се во согласност со принципот на владеење на правото. Тоа значи дека процесот се одвива во законски рамки, процедури пропишани и ограничени со законски норми, кои се транспарентни и засновани на докази. Проценките на личностите кои се прават се фокусирани на однесувањето и постапките на поединци, односно станува збор за утврдување на индивидуална одговорност кај вршителите на одредени функции. Покрај тоа, обезбедено е и правото на жалба, со што се оневозможува заштита против неосновани отпуштања од работа. Опфатот на ветингот се разликува од држава до држава, односно во поглед на професионалните кругови на кои се однесува, но не постои случај на ветинг на целокупниот јавен сектор, бидејќи тоа би ја парализирало државата. Сепак, практиката покажува дека најзасегнати се правосудниот и безбедносниот сектор, односно лицата вработени во нив.

Ваквата селекција на категории вработени потсетува на постапки видени во многу авторитарни системи кои масовно се справувале со оние што ги гледале како нелојални или како

приврзаници на некоја ривалска страна или идеологија. Тоа се постапки наречени „чистки". Кај ветингот се инсистира дека не станува збор за арбитрарно одлучување без законска основа и процедура, туку за мерка заснована врз принципите на владеење на правото што значи дека секој засегнат има законска можност да бара заштита на своите права ако смета дека е оштетен.

Иако, вообичаено за ветингот се зборува како за мерка на транзициската правда и помирувањето, сепак искуството покажува дека по оваа постапка понекогаш посегнуваат и земји кои покажуваат стагнација во демократските процеси и особено висока корупција, за што се пример Албанија и Македонија.

Лустрацијата е специфична форма на ветинг. Таа е карактеристична за процесот на „декомунизација" во земјите на поранешниот социјалистички блок, во кој доаѓа до раскинување со бившиот режим, на патот кон либералната демократија. Во поширока смисла на зборот, таа може да се дефинира како „вид на ветинг, односно воспоставување на збир на закони со кои на припадниците и на соработниците со поранешниот репресивен режим им се ограничува правото да бидат носители на разни јавни функции или да вршат професии кои имаат силно влијание врз јавноста (на пример, во медиумската или во академската сфера)".[93] Во поконкретна смисла, лустрацијата може да се дефинира како забрана за заземање позиции на влијание и моќ од страна на комунистичките функционери и припадниците на нивните тајни служби. Поради потпирањето на комунистичкиот режим врз тајните служби, кои користеле информанти (поткажувачи) регрутирани од различни сфери (т.е. кои не биле нужно вработени во службите), во контекст на лустрацијата од посебно значење е постапката за отворање на тајните досиеја на соработниците. Тоа е дел на постапката на соочување со темното минато, а која може да биде многу болна за општеството, бидејќи ја разоткрива улогата во која и блиски луѓе биле инволвирани во следењето и

---

[93] Nalepa, исто, стр. 46.

поткажувањето на роднини, пријатели, колеги итн. Земјите од поранешниот Источен блок (Полска, Чешка, Словачка, Источна Германија по спојувањето со западниот дел на земјата итн.) минуваат низ лустрација доста рано во процесот на транзиција. Резултатите се сметаат за релативно позитивни, иако неретко болни, но останаа опомените за потребата од внимателно водење на постапката која не е обичен ветинг, туку отворање на болните рани на општеството во различни сфери. Во една прилика, чешкиот претседател и поранешен дисидент Вацлав Хавел ќе каже дека отворањето на тајните досиеја и лустрацијата, ако не се спроведат со внимание, можат да создадат исто ефекти како кога бомба ќе се фрли во септичка јама – никој не останува чист, а поделбите во општеството можат и да се продлабочат и да се влошат.

Земјите кои по раскинот со комунизмот (поточно, социјалистичкиот систем) влегуваат во внатрешни оружени судири оваа постапка ја одложуваат до завршувањето на насилството, што потоа ги доведува до ситуација на соочување со двоен предизвик: соочување со комунистичкото минато и соочување со минатото од конфликтот. Македонската лустрација, започната со задоцнување, ги покажа лошите страни на процесот изведен без почитување на елементарните стандарди на човековите права. Најнапред, во еден кус период по 2000 година, врз основа на Законот за постапување со досиејата за лица водени од Службата за државна безбедност, на граѓаните им беше дозволено да извршат увид во досиејата кои за нив ги воделе тајните служби во комунизмот. До крајот на годината, само неколку стотици граѓани вршат увид во своите досиеја, а некои од нив почнуваат да објавуваат делови во медиумите. Потоа, со законите од 2008 и од 2012 година (Закон за определување дополнителен услов за вршење јавна функција), се премина кон воспоставување Комисија за верификација на фактите, која фактички ја политизираше постапката до мера во која пресметката беше не со сторителите на повреди на човековите права во времето на

комунизмот (пред 1991 година), туку со посткомунистичкиот политички/партиски опонент.[94] Дури и најголемите заговорници на лустрацијата, се разочаруваат. Професорката Јасна Котеска, ќерка на поетот Јован Котески, последниот следен и репресиран поединец од комунистичкиот систем, предлага затворање на работата на Комисијата, и наместо тоа правење онлајн база на информации за следените и репресираните од тоа време за да послужи за соочување со минатото и за научноистражувачки и слични цели. Во нејзината книга посветена на татко ѝ, таа пишува:

> „Татко ми, во ретките моменти на хумор, го нарекуваше своето досие „биографија на пријателите". Тоа е донкихотовски хумор. Прво ќе се насмееш, потоа ќе наместиш сложена насмевка, за на крајот да сфатиш дека се смееш во лицето на чистата тага… Сепак, татко ми навистина си замина со прошка за сите. Човекот што минал низ 40-годишен политички прогон, гради стратегии за опстанок. Кога ѕвончето ѕвони, помислува: кој е следниот што ќе биде мачен? Ако ѕвони некој на вратата застанува и го ослушнува дишењето на тој што ѕвони. Едвај собира храброст да ѕирне низ клучалката. Дури и кога добро го познава тој што ѕвони, долго го набљудува.
>
> …
>
> Кога излегов од музејот на Штази, тајната источногерманска комунистичка полиција, во Берлин врнеше. Не можев да се мрднам од место. Не од шокот што го видов, туку затоа што не видов ништо. Смртта лебди во воздухот, на секој од тие застарени телефони им се пресудувало на десетици и на стотици контрареволуционери во низи. Но денес таму мириса на доместос и има црвени конопи зад секоја излитена фотелја. Пред портата на дождот ми пријде еден Германец: „Нема ништо, нели?" „Ништо" – гледав во земја. „Чудно е тоа" –

---

[94] Повеќе во: *Македонската лустрација (1999 – 2012 година). Настани, изјави, наслови. Примена на лустрациските прописи*, Скопје: Фондација Отворено општество – Македонија, 2012, достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/01/kniga-makedonskata-lustracija-mk.pdf .

> продолжи – „ги изгубив сите што ги имав поради оваа зграда. Откако ја претворија во музеј доаѓам секој ден. Не можам да престанам да доаѓам. Нема ништо, нели? Баш затоа доаѓам. Морам секој ден да гледам баш во тоа ништото. Ме разбираш ли?"[95]

Процесот на лустрација завршува во 2015 година, а дел од лицата кои биле лустрирани правдата ја побараа пред Европскиот суд за човекови права, каде што ги добија случаите.

### *8.6.2. Реформа на безбедносниот сектор*

Проблематиката на реформата на безбедносниот систем стана исклучително популарна во истражувачките и во политичките кругови (каде што се спроведуваат мерките на европеизација, меѓународен стејтбилдинг, приближување кон НАТО и сл.). Меѓутоа, доведувањето на овој комплекс прашања со транзициската правда е многу помалку истражувано, иако е од централно значење за нормализацијата на односите во земјите кои излегле од насилен конфликт или од авторитарен систем.[96] Како што е познато, во безбедносниот сектор се опфатени војската, полицијата, разузнавачките служби, тајните служби, разните милиции, жандармеријата и сл. Пошироката дефиниција ги вклучува и државните институции задолжени за надзор над безбедносните служби.

Комплексот на прашања околу безбедносниот сектор е во срцевината на транзициската правда, па и помирувањето, бидејќи

---

[95] Котеска Ј. (2008). *Комунистичка интима.* Скопје: Темплум. Делови од оваа кига се достапни на: https://okno.mk/node/7572 .

[96] Davis L. (2009). *Transitional Justice and Security System Reform.* NY: ICTJ, достапно на: https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/0314A03F1053C7504925765000227122-Full_Report.pdf .

во случај на репресија од авторитарен режим, токму овие институции биле извршителите на злоделата врз популацијата. Во случај, пак, на внатрешни конфликти, поимот на актери на безбедносниот сектор се проширува со прашањето на паравоени и на параполициски структури, и на нивните припадници, кои по завршувањето на насилствата треба да се интегрираат во цивилниот сектор и во мирновремените услови, за да не бидат опасност од обновување на насилствата.

Како што веќе беше кажано погоре, во овој контекст општествата се соочуваат со потребата да спроведат процес на разоружување, демобилизација и реинтеграција на бившите борци/директни учесници во судирот, кои ненужно доаѓаат од параформациите на бунтовниците. Во време на масовни воени напори, и државните безбедносни структури се подложни на зголемена регрутација и зголемување на нивниот состав, што по завршувањето на воената или на вонредната состојба може да се трансформира со проблем на „ветераните", т.е. на лицата кои биле во служба на државата, а сега се вишок или се непотребни во мирновремени услови.

Реформирањето на безбедносниот сектор носи елемент на ургентност, бидејќи без пацификација, без запирање на насилствата, нема да има услови ниту за спроведување на другите системски, политички и други реформи во разурнатото општество.

Реформата која би била тесно фокусирана само на овие институции, без да се води сметка за поширокиот контекст и потребите на транзициската правда, особено во делот на нејзината ресторативна компонента, може да биде со краток здив и без поголеми ефекти. Не само што граѓаните во целина имаат потреба од добро уреден безбедносен сектор ограничен со закон, туку и жртвите имаат потреба да се соочат со своите мачители и со луѓето што се одговорни за нивните несреќи. Затоа, обично се препорачува ваквата реформа на безбедносниот сектор да е сместена во поширокиот контекст на мерките на транзициската

правда (кривичен прогон, откривање на фактите/вистината, репарации и сл.).[97]

Транзициската правда насочена кон обезбедување на правдата води сметка за тоа дека не само поединците, туку и институциите носат одговорност за масовните повреди на човековите права. Оттука, посеопфатните програми за реформа на безбедносниот сектор се нужни за да спречат насилството или злоделата да се повторат, и тоа со ставање акцент врз нивната институционална и правна одговорност. Реформите треба да посветат посебно внимание на зголемувањето на ефективноста во работата на институцијата, на нејзината демократска контрола, на дејствувањето во рамките на правото/законите, на зголемувањето на професионализмот на припадниците на институциите, но и на нивниот интегритет и капацитет.

И во овој случај станува збор за реформи кои бараат време, бидејќи професионалци од сферата на безбедноста не можат лесно да се продуцираат. Ова е исто така случај и кога акцентот се става врз правичната застапеност на припадниците на малцинските (и неретко дискриминирани) групи, бидејќи етничката квота може лесно да се исполни, но истовремено и да се намали професионалноста и компетентноста во вршењето на дејноста. Од друга страна, изговорите дека на државата ѝ требаат безбедносни професионалци може да послужат за избегнување на одговорноста на оние што ги кршеле човековите права, а тоа можат да го прават и во иднина.

Подигнувањето на легитимитетот и професионалноста на овие институции се прави со значителна меѓународна помош, тренинзи, промена на системот на образование, присуство на експертски тимови од странство и сл. Пристапот кон безбедносните реформи заснован врз идејата за правда е особено

[97] Mobekk E. (2006). *Transitional Justice and Security Sector Reform: Enabling Sustainable Peace.* DCAF Occasional Paper, no. 13, достапно на: https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/OP13_Mobekk.pdf.

важен таму каде што токму безбедносните структури биле инволвирани во злодела. Тоа подразбира целосна реформа на државните институции не избегнувајќи го нивниот ангажман во минатото, и барајќи одговорност за поединците сторители. Идејата на ваквиот пристап е во креирање одговорни институции пред јавноста, кои ќе станат заштитници, а не закана за сите граѓани без дискриминација. Заради остварување на оваа цел, реформата на безбедносниот сектор треба да се фокусира врз четири клучни прашања,[98] како:

- *Јакнење на интегритетот на безбедносните институции*: ова опфаќа мерки за почитување на владеењето на правото во вршењето на професијата, што ја надминува идејата за просто јакнење на капацитетите за вршење на безбедносната функција. Клучните елементи на изградбата на интегритетот на институциите се воспоставување бројни механизми и процеси кои се надополнуваат и се во согласност со најдобрите меѓународни стандарди и практики. Тоа опфаќа вклучување на професионални стандарди и кодекс на однесување, како и дисциплинска одговорност за нивно непочитување;

    - *Воспоставување механизми на ефективна одговорност*: Овој зафат е холистички, бидејќи не се однесува само на сегашноста, туку и на тешкото минато, а притоа се води сметка за неповторување на делата во иднината по пат на воспоставување на култура на казнивост;

    - *Јакнење на институционалниот легитимитет*: Одговорниот однос кон злоделата од минатото е првиот чекор кон воспоставување на нов демократски

[98] Исто, стр. 5.

легитимитет на институциите во сегашноста. Легитимитетот на безбедносните структури го одразува нивото на јавна доверба на граѓаните во институциите. Нерасчистувањето на минатото се одразува врз недовербата во сегашноста, особено кај институциите кои во очите на јавноста или кај некој нејзин дел биле најодговорни за репресијата и за кршењата на човековите права. За да се стекне изгубениот легитимитет и доверба потребно е време, но и дела – нов начин на вршење на дејноста без дискриминација и во рамките на законот. Понекогаш и некои симболички гестови можат да помогнат (како градење меморијали, изразување извинувања и жалења, промена на униформите кои асоцираат на минатиот режим и сл.);

- *Оснажување на улогата на граѓаните во контролата на безбедносниот сектор*: Основниот чекор во оваа насока е партиципативниот метод кој ќе ги изедначи граѓаните, кој ќе им даде влијание и глас, односно од репресирани поданици ќе ги направи еднакви граѓани. Во овој домен може да биде важно и вклучувањето на граѓански облици на надзор, преку работата на независни тела, сочинети од експерти и активисти за човекови права кои би можеле да вршат мониторинг врз работата на безбедносните институции.

Многу ретко, ако не и, воопшто, во светот нема ситуации во кои (амнестирани) припадници на паравоени и параполициски структури се (ре)интегрираат во државниот безбедносен систем. Но, тоа се случи во Македонија по конфликтот од 2001 година, кога дел од припадниците на ОНА станаа политички функционери (формирајќи претходно политичка партија), додека други беа

реинтегрирани во министерствата за одбрана и за внатрешни работи, како и во разузнавачките служби. Меѓу нив, имаше и лица кои претходно беа меѓу осомничените или обвинетите за сторени воени злосторства и злосторства против човечноста.

### *8.6.3. Промена на уставот, на парламентарниот и на изборниот систем*

Воспоставувањето, односно наметнувањето нови уставни рамки на општествата кои излегле од авторитарен или од тоталитарен систем, не е нова практика. Најдобар пример за тоа се случаите на Германија, Италија и Јапонија по поразот и завршувањето на Втората светска војна. На пример, во повоена Италија, уставот е напишан од оние општествени фактори кои биле исклучени од фашистичкиот режим, а неговите одредби експлицитно забраниле реорганизирање и регистрација на распуштената фашистичка партија. Освен тоа, темелните принципи на уставот ги опфатиле принципите за почитување на малцинските права; верскиот плурализам; независноста на судството и зајакнатата улога на уставниот суд.[99] Во случајот на Западна Германија, Уставот од 1949 година, наречен „Базичен закон" (Grundgesetz) стапил во сила откако бил одобрен од окупациските западни сојузнички сили. Името требало да индицира дека станува збор за провизорен акт, до обединувањето на земјата со источниот дел (кој бил воспоставен како Демократска Република Германија или Источна Германија како што е општо позната таа држава). Сепак, името останува и по обединувањето во 1990 година. Креаторите на Уставот го имале на

---

[99] Tanzarella P. (2017). "To Succeed, Constitutional Reforms Must Be Woven into the Social and Legal Fabric", *ICTJ*, 12 April, достапно на: https://www.ictj.org/news/constitutional-reforms-social-legal-fabric .

ум тешкото бреме на нацизмот, и настојувале да создадат „мировен устав". Во таа смисла, уште во преамбулата се вели дека Уставот е „инспириран од решителноста на Германија да се унапредува светскиот мир како еднаков партнер во обединета Европа." Потоа, пацифизмот е евидентен во членот 1 во кој се вели дека германскиот народ ја признава неповредливоста и неотуѓивоста на човековите права како основа на секоја заедница, на мирот и на правдата во светот." Уставот предвидува забрана на здруженија чии активности и цели се насочени против концептот на меѓународно разбирање, а германската влада е овластена да ги криминализира сите акти кои се насочени кон нарушување на мирољубивите односи меѓу народите, особено подготовките за агресивна војна. Меѓутоа, стриктните пацифистички елементи од Основниот закон наскоро ќе бидат потиснати со уставните амандмани од 1954 година, предложени од владата на Конрад Аденауер, со што ќе се отвори патот на зачленувањето во НАТО. Германија долго време ќе се придржува до толкувањето на уставните одредби на начин кој би значел самоодбрана во рамките на НАТО и неучество на германски трупи надвор од територијата на земјите-членки, но и тоа постепено ќе се смени со редефинирањето на интервенционистичките политики и операции за наметнување на мирот.[100]

Во случајот на поразената Јапонија, повоената уставна реформа се воведува во време на окупацијата од страна на САД во мај 1947 година, а под водство на генералот Даглас Мекартур. Поради славниот член 9, но и поради преамбулата, и овој устав се нарекува мировен устав.[101] Во Преамбулата пишува:

---

[100] Miller R. (2020). "Germany's Basic Law and the Use of Force", *Indiana Journal of Global Legal Studies*, 17(2), достапно на: https://www.repository.law.indiana.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1419&context=ijgls

[101] Види повеќе: *Japan: Article 9 of the Constitution*, Law Library of Congress, достапно на: https://www.loc.gov/law/help/japan-constitution/japan-constitution-article9.pdf .

> „Ние, јапонскиот народ, ... одлучни никогаш повеќе да не ги искусиме ужасите на војната преку дејствување на владата... Ние ... сакаме мир засекогаш ... и сме решени да ја зачуваме нашата безбедност, верувајќи во правдата и со верба во мирољубивите народи на светот."

Во членот 9 е содржана клаузула според која Јапонија ја отфрла војната како средство за решавање на споровите во кои е инволвирана државата. На тој начин, државата еднострано и формално се одрекува од сувереното право на војување и како свои цели го нагласува меѓународниот мир заснован на правда и поредок. Во остварувањето на овие цели, според уставната норма, земјата нема да се потпира врз стоечка војска. Сепак, таа поседува војска под називот сили за самоодбрана на Јапонија. Заобиколувајќи ја предвидената процедура за промена на Уставот, во 2014 година јапонската влада усвои толкување на уставните норми во насока на зголемување на мисиите на силите за самоодбрана, односно дозволувајќи нивно инволвирање во самоодбранбените напори на нивните сојузници. Таквиот потег предизвика несогласување кај јавноста, но и кај соседните држави, но САД го поздрави чинот. Сепак, веќе наредната година јапонскиот законодавен дом (Диет) ќе усвои серија закони со кои ќе овозможи меѓународен ангажман на јапонските вооружени сили, со тврдење дека непомагањето на сојузниците во време на потреба би ја ослабело и националната безбедност на Јапонија.

Падот на Берлинскиот ѕид ќе донесе серија уставни промени кај поранешните социјалистички држави, кои ќе се приспособат кон западниот либерален поредок, но и ќе создадат услови за внатрешни реформи за расчистување со комунистичкото минато. Меѓутоа, многу посложена е ситуацијата на воведување уставна реформа во земјите кои излегле од тешки внатрешни судири, тенденција која следуваше по крајот на Студената војна. Според Лакхдар Брахими, бившиот Специјален претставник на

Генералниот секретар на ОН во Јужна Африка, Хаити, Авганистан и Ирак,

> „Консолидацијата на мирот по војна е долгорочен процес; консолидирањето на демократијата е уште подолг процес. Нема брзи решенија. Во крајна линија, враќањето на мирот во секоја земја зависи од нејзиниот народ. Тој самостојно треба да го определи патот што води кон мир, меѓународната заедница може само да асистира. Раните придобивки може да се покажат како краткотрајни. За мирот да биде одржлив, тој мора да се потпира врз ефикасни и одговорни национални институции; меѓународната асистенција треба што поскоро да се конвертира/преобрати во системи кои се во национален посед и се одржливи." [102]

Постои мислење дека ова е ера на креирање устави: повеќе од половината држави во светот ги имаат донесено или изменето своите устави во период од 30-ина години. Просечно, по 20 уставни реформи се случуваат на годишно ниво и тоа како дел на процесот на градење на мирот во постконфликтните и во земјите разурнати од војна. Според експертите, воспоставувањето на уставни основи на новиот систем се разликува од нормалниот/редовниот во средените и демократски земји.[103] Поради процената дека во разурнатите општества тензиите се високи, а опасноста од повторување на насилствата реална, обично меѓународните фактори сметаат дека една од најургентните работи е донесувањето на нов устав кој ќе ги реши општествените конфликти кои довеле до насилството. Новиот устав е првиот чекор во политичката транзиција. Примерите за вакви „октроирани", подарени устави, во кои учествуваат

---

[102] Brahimi L. (2011). "Foreword". In: Brandt M., Cottrell J., Ghai Y. and Regan A., *Constitution –making and Reform Options for the Process*, Geneva: Interpeace стр. ii, достапно на https://constitutionmakingforpeace.org/wp-content/themes/cmp/assets/handbooks/Constitution-Making-Handbook-English.pdf.

[103] Weber S., исто, стр. iv.

меѓународни а понекогаш и домашни експерти, без поширока демократска расправа за новиот општествен договор (којашто се смета за невозможен услов), се бројни. Само во постјугословенскиот простор можат да се наведат уставните реформи во БиХ (Дејтонскиот устав), во Македонија по 2001 година (внесувањето на амандманите од Рамковниот договор) или косовскиот случај на креирање независна држава со нов устав, помогнат однадвор.

Препораките на надворешните помагачи, олеснувачи или стејтбилдрери, се фокусираат на неколку принципи кои се важни за овој процес, како: јавно учество, инклузивност (вклучувајќи ја и родовата димензија), транспарентноста и национална сопственост врз процесот. Очигледно, барем, на прв поглед, овие принципи соодветствуваат на оние што важат за креирање на уставите и во развиените и стабилни земји, но практиката покажува сосема поинаква слика на процес резервиран за елитите, зад затворени врати, и со имплементација потпомогната со странски посредници, медијатори, амбасадори и вонинституционални форми на договор кога ќе дојде до парализа на системот. Особено кога уставите вклучуваат одредби за консоцијациски систем (на споделување на власта, power-sharing) што е чест случај и модел на „институционално решавање на конфликтите‟, неретко доаѓа до наметнување на логиката на конфликтот и на поделбите (по етничка, верска, јазичка или друга линија) како спас и рецепт за мир. Таквите уставни решенија се добри за запирање на непријателствата и за одржување на примирјето, но не се добри на подолг рок за воспоставување нормален демократски систем кој нема да се заснова врз меѓуетнички или слични пазарења и уцени.

Согласно со уставните решенија се креираат и изборните модели кои треба да гарантираат дека нема да постои мајоризација (доминација и надгласување) на една група врз друга/други, па обично се избира пропорционалниот изборен модел. Тој навистина обезбедува репрезентативен парламент во кој се застапени претставниците на различните сегменти и групи

во општеството, но од друга страна создава услови за слаби влади и за непринципиелни пазарења.

Како што е познато, уставот ги поставува темелите на политичко-правниот поредок, но од него произлегуваат низа закони со кои се уредуваат специфичните сфери. Законодавната дејност е обично доста интензивна по донесувањето на уставот, но мора да се внимава на правичноста на законите и на тоа дали тие ги даваат одговорите на вистинските проблеми што ги оптоваруваат граѓаните, а особено дали ги адресираат постконфликтните последици и очекувања.

Промените на македонскиот Устав од 2001 година внесоа консоцијациски елементи во парламентарниот модел, а амандманите беа составен дел на Рамковниот договор. Иако се внесени значајни политички и институционални промени, поврзаност со евентуални мерки на транзициската правда, речиси, и да не постојат.

### *8.6.4. Реформа на судскиот систем*

Постконфликтната или поставторитарната реформа на правосудството е, речиси, еднакво важна како и онаа на безбедносниот сектор. Неретко, неправдите и злоделата сторени во минатото се должеле токму на инволвираноста на правосудниот систем во репресијата врз малцинските групи, опозицијата, и секој оној што се сметал за непријател. Од друга страна, веднаш по завршувањето на насилството, најургентно е прашањето за задоволувањето на правдата, обвинителствата и судовите можат да се најдат соочени со огромен наплив на предмети и баратели, а да не се способни или да немаат волја да постапуваат по нив. Понекогаш токму отсуството на владеењето на правото, и можноста да се задоволи правдата по судски пат, било и еден од предизвикувачките фактори за насилното однесување.

Според познавачите и експертите на Меѓународниот центар за транзициска правда, клучните елементи на една ефикасна и легитимна реформа на правосудството во транзициски контекст претпоставува почитување на следниве принципи[104]:

Независност на судството. Како и во контекст на стабилните општества, и овде е од огромно значење судството да биде одделено од извршната и од законодавната власт, односно да биде деполитизирано и да работи без надворешни притисоци;

Одговорност на судството и на судиите. Овој принцип е тесно поврзан со претходниот, бидејќи судство кое е зависно и политизирано мора да сноси одговорност за начинот на кој ја врши работата. Имајќи предвид дека најчесто општеството им гарантира посебна позиција на судиите (материјална, статусна и друга), тоа има право и да очекува од нив одговорно вршење на работата и почитување на висок морален кодекс на однесување;

Репрезентативност (застапеност на припадниците на различните групи). Имајќи го предвид контекстот за кој зборуваме во транзициската правда, може да се очекува дека општеството е поделено по разни основи и владее недоверба и кон институциите. Правосудство кое сака да ужива легитимитет и доверба не само што треба еднакво да ги третира сите што ќе се појават пред него, туку и кадровскиот состав треба да соодветствува на општествената разноликост. Впрочем, доминацијата на една група обично зборува за историска неправда и за дискриминација, односно за нешто што треба да се отстрани како состојба во сегашноста и во иднината;

---

[104] Ndulo M. B. and Duthie R. (2009). "The Role of Judicial Reform in Development and Transitional Justice", New York: ICTJ, достапно на: https://issat.dcaf.ch/download/2296/19964/The%20Role%20of%20Judicial%20Reform%20in%20Development%20and%20Transitional%20Justice%20ICTJ%20(2009).pdf.

Постоење на механизми на надзор. Како и кај другите институции, и во поглед на правосудството се потребни формални механизми на надзор, но и можности за мониторинг на нивната работа од страна на независни тела кои се занимаваат со човековите права и со правичното судење. Тука би можеле да зборуваме за постоење на антикорупциска комисија, за народен правобранител, комисии за човекови права и сл.;

Родова сензитивност. Во општества во кои постојат различни видови насилство или последици од насилство, родовата димензија е секогаш значајна. Ова е особено случај кога се знае за масовноста на виктимизацијата на жените во внатрешните судири, посебно преку видовите на сексуално насилство и експлоатација. Судовите мораат да бидат подготвени и обучени да се справуваат со ваквите случаи, но и да се сензитивизирани во однос на некои обичајни норми кои владеат во патријархалните општества кои го деградираат достоинството и слободата на жената;

Еднаков пристап кон правдата. Пристапот до институциите кои се задолжени за гарантирање на правдата и заштитата на човековите права мора да се достапни за сите без оглед на социјалната, етничката, верската или друга припадност. Пристапот зависи не само од материјалните претпоставки за барање правда (разни давачки и такси кои би ја направиле правдата недостапна за мнозина), туку и за таква организација на судскиот систем кој би бил на физичка локација блиска до граѓаните, и кој би им обезбедил бесплатна правна и друга помош на неписмените и на сиромашните.

Поврзаноста на транзициската правда и судските реформи се манифестира на три нивоа: прво, судската реформа може да претставува интегрален елемент на транзициската правда; второ, судската реформа може да го олесни текот на транзициската

правда, а во некои случаи да биде предуслов за некои мерки како што е кривичниот прогон за повреди на човековите права; трето, транзициската правда може да ги помогне и да ги забрза судските реформи. Како што веќе наспоменавме, ветингот е една од институционалните мерки што обично се преземаат при воспоставувањето на новиот систем и при нормализацијата на општеството, затоа што на тој начин се отстрануваат лицата кои биле директно одговорни и учествувале во неправдите од претходниот режим.

Заради процесирање на одредени судења на сторителите најчесто се потребни и подготвителни мерки, кои можат да се однесуваат на: инфраструктурата, објектите, заштитата, третманот на заштитените сведоци итн. На овој начин јакне судскиот систем и за идни случаи, особено ако реформата вклучува и меѓународна помош.

### *8.6.5. Реформа на медиумскиот простор*

Прашањето за улогата на медиумите во процесот на помирување и транзициска правда е едно од најмалку истражуваните. Нешто повеќе внимание ѝ е посветено на негативната улога на медиумите во поттикнувањето омраза, па и насилство. Најчесто споменувани случаи во оваа смисла се конфликтите во Руанда, Бурунди, но и оние на просторите на поранешна Југославија. Медиумите можат да бидат алатка во рацете на страните во конфликт со која ќе се поттикнува омраза кон спротивната страна или ќе се мобилизира јавното мислење во поддршка на сопствената страна.

Во периодот на нормализација и реконструкција на општествата зафатени од насилство, улогата на медиумите не е за

занемарување.[105] Широкото сфаќање на помирувањето – како процес кој не треба да ги помири елитите/водачите на спротивставените страни, туку да донесе комуникација и разбирање, па и позитивен мир за населението, – ја нагласува важноста на медиумите како механизам кој пренесува не само вести и информации, туку и ги шири сведочењата за случувањата од минатото, кога или постоела цензура или медиумите биле ставени во функција на вршење пропаганда во полза на режимот или дури и за демонизирање на „другите" во општеството.

Медиумите имаат моќ да станат и позитивна алатка во процесот на помирување, но до тоа не доаѓа преку ноќ. Токму затоа и зборуваме за реформа на овој важен општествен сектор. ОБСЕ смета дека слободните и независни медиуми се од големо значење за создавање на отворено граѓанско општество како и за негување на мирот и на помирувањето.[106]

За да можат да извршат позитивно влијание врз општеството, и особено да помогнат да се чуе гласот на жртвите и да се споделат сториите за нивните страдања што би предизвикало емпатија кај пошироката јавност, на новинарите им е потребно знаење кое ги надминува тесните граници на професионалното новинарство (кои најчесто дури и не се исполнети). Од друга страна, и самите медиуми треба да минат низ процес на закрепнување поради изложеноста на директните атаци врз нивната независност за време на конфликтот и по него.

Во меѓународни рамки, новинарите неретко се жртви во конфликтите и во војните од кои известуваат. Некои од нив стануваат дел на воената (и на меѓународната) пропаганда, и вестите што ги пренесуваат се само трансмисија на воените и на

---

[105] Yamshon E. & Yamshon D. (2006). "Comics Media in Conflict Resolution Programs: Are They Effective in Promoting and Sustaining Peace?", *Harvard Negotiation Law Review*, vol. 11.

[106] Цитирано според Laplante L. and Phenicie K. (2009). "Mediating Post-Conflict Dialogue: The Media's Role in Transitional Justice Processes", *Marquette Law Review*, 93(1).

политичките центри на моќ (феноменот доби има embedded journalists, новинари вградени во структурите). Независните новинари, и особено оние што се обидуваат да ја прикажат сета сложеност на конфликтите, па и да се вклучат во т.н. мировно новинарство, се малцинство. Еден од најголемите воени известувачи на модерното време беше Роберт Фиск, познат, меѓу другото, и поради првото непосредно интервју со Осама бин Ладен.

Имајќи ја предвид целта на процесот на нормализација и помирување, а особено во процесите на трагање по вистината и кажувањето на вистината, новинарите можат да помогнат многу во презентирањето на форензичката, личната и социјалната вистина за конфликтите. Анализата на конкретните случаи на примена на механизмите на транзициската правда покажува дека во многу мал број случаи, воопшто, и се размислувало за употребата на медиумите во функција на промоцијата на овие проекти и постапки.

Меѓутоа, дури и при професионално известување, ефектите врз јавното мислење некогаш можат да бидат обратни од посакуваните. На пример, за време на судењето на Слободан Милошевиќ и на Војислав Шешељ во Хашкиот трибунал за бивша Југославија, ТВ преносите во Србија беа прво прикажувани срамежливо, за потоа да дојде до пресврт, па поголемиот дел од јавноста да се заинтересира и секојдневно да ги следи сведочењата. Наместо соочување со вистината и будење емпатија за жртвите, дојде до зголемување на популарноста на поранешниот српски лидер (кој не го дочека крајот на судењето бидејќи почина во неговиот тек).

Проблемот со употребата на медиумите е во тоа што тие функционираат по комерцијални принципи, водени од битка за профит и поголема читаност/гледаност, па и тука насилството повеќе се исплатува од мирот. Правните процеси или работата пред комисиите на вистината можат да бидат здодевни или сложени за публиката, односно приказните тешко да се

„продаваат". Од друга страна, ефектите од механизмите на транзициската правда врз општеството ќе бидат минимални ако пошироката јавност не е ни свесна што се случува или што се случувало во минатото. Освен тоа, дури и кога медиумите покажуваат интерес, на пример, за сториите на жртвите, нивниот третман мора да биде многу внимателен за да не се наруши нивниот интегритет, приватноста или да не се виктимизираат по вторпат. Посебен предизвик е известувањето во поделени општества, кои по насилството живеат уште подалеку едни од други, а секој дел има свои медиуми (на сопствен јазик), па така и верзиите на еден ист настан можат дијаметрално да се разликуваат и да предизвикуваат сосема различни ефекти. Тоа на крајот само го продлабочува конфликтот. Воспоставувањето на строги и однапред наметнати стандарди за известување во вакви ситуации, пак, може да доведе до цензура или до самоцензура, односно до избегнување да се прикажуваат вознемирувачки нешта.

Како и во другите сфери и професии, и во новинарската, крајот на насилството не значи и промена на целокупниот професионален (уреднички или новинарски) состав: дел од тие новинари можно е да учествувале симболички во конфликтот, презентирајќи ја едната страна на вистината. По склучувањето на примирје, луѓето тешко се менуваат. Во многу општества се заговараат и постапки на ветинг и/или лустрација и на новинарите.

Развојот на информатичката технологија, и особено на социјалните мрежи, создава уникатна состојба на наплив на „граѓани-новинари" – секој што има мобилен телефон в рака може да известува од бојните полиња, од акции на полициска бруталност, или да изложува на хајка луѓе кои се сметаат за неподобни. Медиумите, дури и меѓународните, и оние што дејствуваат во мирновремени услови, најчесто презентираат чувствителни теми (за кои некогаш не знаат доволно или постапуваат по наредба) на поедноставен начин, па така секогаш

едната страна е добрата, а другата лошата – што во вистинските конфликти никогаш не е вистина.

Постапката на „врамување/фрејминг" е прикажување на една верзија на настаните со внимателно избрани фрази, зборови, фотографии и слично кои умешно прикажуваат еден избран агол на случувањата, но не и сложеноста на целата ситуација. Една од најтипичните примери за тоа е претставувањето на „терористите" во т.н. глобална војна против тероризмот или на мигрантите во мигрантските крици, што, всушност, стана расадник на исламофобија.

### *8.6.6. Реформа на образовниот систем*

Како што забележавме и во претходните заглавја поврзани со институционалните реформски аспекти на транзициската правда, и прашањето на образованието и помирувањето е малку истражувана тема. Поголемо внимание му се посветува во последниве две децении, во обид да се расветлат врските меѓу образованието и корените на конфликтот, а потоа и на образованието во постконфликтниот период како алатка која може да поттикне нов бран насилство или да обезбеди услови за траен мир.[107]

Образованието има две најзначајни цели: прво, да придонесе за развојот на способностите и вештините на децата за да станат активни учесници во производната и во социополитичката сфера на земјата, и второ, во поствоеното општество, на образованието му се доделува задача да ги зајакне капацитетите на граѓаните (не само на адолесцентите и на децата)

---

[107] Повеќе во: Bush D. K. and Saltarelli D. (2002). *The Two Faces of Education in Ethnic Conflict: Towards a Peacebuilding Education for Children.* Florence: UNICEF Innocenti Research Center; Buckland P. (2004). *Reshaping the Future: Education and Post-conflict Reconstruction.* Washington: World Bank.

да размислуваат критички за сегашноста и за минатото, за да бидат способни да осмислат и да создадат подобра иднина.[108]

Во фазата на насилен конфликт или државна репресија, кршењето на човековите права се гледа и во образовната сфера каде што дел од популацијата нема еднаков пристап кон образованието и е осудена на сиромаштија и експлоатација. Образовниот систем може да биде дел на системот на структурално насилство кое или дискриминира или наметнува такви општествени норми на однесување и вредности кои почиваат врз легитимирање на насилство, дискриминација и ексклузија на дел од популацијата. Особено преку учебниците по историја може да се втемелуваат националистички и милитантни ставови, легитимирање на насилното минато и дискриминацијата на „различните/другите". Во време на акутната фаза на конфликтот цели генерации може да останат без елементарно образование, а страните во конфликт може намерно да целат на уништување на училишната инфраструктура, што станува средство за војување со силен одраз врз идните генерации во дадена заедница. Поради тоа Советот за безбедност на ОН ја донесе Резолуцијата 1612 од 2005 година, која предвидува воспоставување посебен мониторинг за известување, а нападите врз училиштата ги вклучи меѓу шесте тешки повреди врз децата. Одговорноста за ваквите дела претпоставува кривичен прогон.[109]

Авторитарните системи ги користат образовните политики во насока на продлабочување на социјалните, на етничките, на верските и на други поделби во општеството, интолеранција и нееднаквост во сите сфери на живеење. Пример за тоа е системот на апартхејд во Јужна Африка, кој не само што им

[108] Ramírez-Barat C. and Duthie R. (2005). *Education and Transitional Justice. Opportunities and Challenges for Peacebuilding.* New York: ICTJ, достапно на: https://ecdpeace.org/sites/default/files/pdf/01-24_Education_and_Transitional_Justice._Opportunities_and_Challenges_for_PB.pdf.

[109] Повеќе за ова, види: *Global Coalition to Protect Education from Attack*, www.protectingeducation.org.

оневозможуваше право на еднакво образование на небелите деца, туку и ја промовираше идеологијата на белечката суприматија. Слични постапки примени и воената хунта на генералот Пиноче во Чиле, каде што цел на репресија беа студентите, наставниците и родителите кои се сметаа за непријатели на системот.

Историската наука, како и сѐ попопуларните студии на сеќавањата (memory studies), како и целиот образовен па и научен ангажман, претставуваат специфична форма на моќ во општеството. Тие што сакаат да научат нешто за минатото, најнапред треба да ги постават следните прашања: за чија историја зборуваме? За државната историја, националната или за историјата на народот/луѓето што живееле во одредено време на одредена територија? За историјата на целата популација или за таа на малцинските групи? Во оваа смисла, еден од најизвонредните примери за поинаков пристап кон историјата е книгата на Хауард Зин, „Народната историја на Соединетите Држави".[110] Во неа тој нуди нова перспектива, т.е. историјата онака како што е видена низ призмата на социјално експлоатираните и маргинализирани групи кои дејствувале но останале без глас во доминантниот наратив што го креирала државата. Тој се обидува да понуди канал за изразување на доказите за нивното страдање, но и борба во градењето на американското општество.

Злоупотребите во образовната сфера имаат далекосежни последици бидејќи влијаат врз формирањето на личноста од најрана возраст, а на тој начин и врз заедниците и врз општеството во целина. Наследството на злоупотребата кое се одразува врз негување на културата на насилство и на неказнивост директно се отсликува врз долгорочното формирање на општествените модели на трансмисија на посебните модели на историска меморија. Гејл Велдон вели дека конфликтното

---

[110] Zinn H. (2005). *People's History of the United States.* NY: Harper Perennial Modern Classics.

наследство не само што го обликува начинот на кој се разбира новиот општествен поредок, туку влијае и врз начините на кои трауматичното минато се пренесува од една генерација на друга. На тој начин се одржува семето на раздорот и омразата во идните генерации.[111]

По завршувањето на насилната фаза на конфликтот или на репресивниот режим, образованието може да стане моќна алатка за помнење на тешкото минато, но во насока на негово неповторување и промоција на мирот. Образованието има моќен формативен потенцијал, па така ако е поставено врз добри темели и помага во креирање на нови вредности и норми, може да посредува меѓу спротивставените наративи за минатото и кој бил виновен (што обично го има кај бившите спротивставени страни), а најважно од сè е промоцијата на човековите права. За разлика од поголемиот број механизми на транзициската правда кои имаат ограничен век на траење, образованието може да обезбеди безбеден премин од првите генерации по конфликтот до многу идни генерации за кои конфликтното минато ќе биде навистина само минато.

Во таа смисла, образованието има значајна улога во севкупниот контекст на транзициската правда и постконфликтното градење на мирот. Целите на транзициската правда и на образованието кореспондираат и се потпомагаат. Преку образовниот процес може да се ангажираат помладите генерации во дијалог за минатото, за причините и значењето од соочувањето со трауматичното минато, и за механизмите за спречување насилството да се повтори.

Иако, во идеална смисла, образованието навистина може да помогне во градењето на ново, демократско и мироубиво општество, фактите зборуваат дека образовната сфера е една од најоспоруваните и најконтроверзните, дури и во општества кои

[111] Weldon G. (2014). "Conflict, Identity and Intergenerational Transmission of Memory," New York: ICTJ, стр. 2.

одамна ги надминале насилните фази од своето минато. Во образовниот процес и учебничката литература се втемелуваат принципите на општествениот поредок, вклучително и принципите на социјална неправда, класна експлоатација, милитантност, дискриминација и сл. Затоа, дури и развиените општества неретко отвораат дебати за содржината на образовните алатки и методи на пренесување на знаењето, ама и на општествениот вредносен систем.

Проектите на соочување со минатото и помирувањето, повеќе или помалку, ставаат акцент врз значењето на образованието за идните генерации. Најважниот чекор е детектирањето на дефицитот и проблематичните точки на начинот на кој се изучуваат историјата и минатото, воопшто, а потоа откривање најдобри начини за надминување на тие болни точки. Лин Дејвис, со право, заклучува дека пристапот кон образованието низ призма на транзициската правда треба да ја има за своја цел контекстуализацијата на настаните, но и признанието каква била улогата на образованието во времето на конфликтот или репресијата, односно признание дека образовните политики не биле неутрални во тој тежок период што треба да се надмине.[112] Проблемот е во тоа што новите генерации се образуваат не само во училишниот систем, туку и преку семејните истории и наративите на своите локални заедници, што може да создаде конфликтни верзии и конфузија околу тоа што е вистина, а што историска приказна.

Обично се смета дека првиот чекор во постконфликтната реформа на образованието е ревизија на постојниот образовен систем, политиките и образованите материјали, кои треба да се преиспитаат низ критичка призма. Тоа подразбира елиминирање на реториката и начинот на претставување на

---

[112] Davies L. (2015). "Post-conflict Education Reconstruction and Transitional Justice", NY: ICTJ Research Project *Transitional Justice, Education and Peacebuilding*, достапно на: https://www.ictj.org/sites/default/files/Transitional_justice_edudcation_Davies.pdf.

„другите"/непријателите. Тоа е навидум едноставна задача, но во практиката, може да создаде многу недоразбирања и да доведе до половични решенија кои нема да ги адресираат неправдите од минатото, туку ќе завршат со фабрикување на вистината и со историски ревизионизам.

Во регионот на Балканот, кој бил сцена на бројни судири низ историјата, историските книги најчесто се фокусирани врз политичката, националната и воената страна на историјата, односно врз докажување кој бил на добрата, а кој на погрешната страна на историјата.[113] Притоа, страдањата нанесени од „сопствената страна" се минимизираат, а тие на противничката се зголемуваат. Место за емпатија и гледање на поширокиот и човечкиот контекст, речиси, и да нема. Според српската историчарка Дубравка Стојановиќ, учебниците по историја неретко наликуваат на прирачници за предвојничка обука, а не на алатки за разбирање на страдањата од војните и извлекување поуки во духот на тезата „никогаш повеќе да не се повтори".

По повеќегодишна работа, во регионот (од Хрватска до Турција) беше спроведен големиот проект за *Заедничката историја* (*Joint History Project*, JHP), фокусиран врз учебниците по историја. Со поддршка на фондовите на ЕУ, проектот го реализираше Центарот за демократизација и за реконцилијација од Солун. Во текот на повеќегодишна работа на историчари, наставници, интелектуалци и професори, беа изготвени учебници за балканската историја видена низ различни призми, за на учениците да им се покаже како на исти настани или периоди гледаат различните историографии, за да ги видат контрастите, но и заедничките точки на поврзување на регионалната историја. Книгите беа преведени на осумте јазици на земјите опфатени со проектот, во кои историјата беше прикажана низ различни

---

[113] Vankovska, B. (2013) "(Im)possibility of reconciliation in the Balkans", *PECOB's Paper Series no. 39*, достапно на: http://www.pecob.net/Impossibility-reconciliation-Balkans.

перспективи и со извадоци на оригиналните документи кои ги доведуваат во прашање произволните историски наративи. Идејата беше да се создадат не само поквалитетни наставни материјали, туку и да се воведе нов начин на изучување на историјата во сиве овие држави. Тоа подразбираше поттикнување критичко размислување кај учениците преку анализа на минатото од различни извори, а со цел да се хуманизираат групите и народите кои, обично, се претставуваат како непријателски. Материјалите беа дистрибуирани до министерствата за образование, кои најчесто ги прифаќаа и ги поддржуваа, но тој наставен материјал никогаш не влезе во официјалниот образовен систем. Оттука, стереотипите и судирот на историските верзии е и натаму присутен на Балканот и натаму создава конфликтни перцепции.

Во последните години, македонската држава се најде во специфична ситуација да го преиспитува сопствениот образовен систем, а особено историската наука, на невообичаен начин, со формирање на т.н. историски комисии со соседните држави, Грција и Бугарија. Комисиите произлегуваат од меѓудржавните договори (Преспанскиот договор од 2018 година и Договорот за добрососедски односи и пријателство со Бугарија од 2017 година). Станува збор за тела формирани од државите, во кои седат историчари, ама и лица со политички бекграунд, а предмет е ревизија само на македонската историја (иако, политичарите тврдат дека има реципроцитет). Имено, ревизијата на македонското гледање на историјата се прикажува како услов за продолжување на интеграцискиот процес кон ЕУ, но во суштина наместо да затвора стари рани, тој ги отвора и го јакне национализмот на сите страни. Една од одликите на овој процес е асиметричноста, што значи дека едната страна е принудена да ја ревидира својата историја во полза на императивите на другите страни, без притоа да има можност да интервенира во националистичкото прикажување на историјата на страната на помоќните соседи. Најчесто, овој процес се претставува како

пандан на европската практика, односно заедничката работа на Франција и Германија во сферата на образованието, поконкретно во сферата на историјата. Идеалистичката верзија вели дека тоа е патот кој довел до помирување на двата традиционално европски непријатела, кои војувале низ историјата, но сега се носители на европската интеграција. Оваа поедноставена верзија не укажува дека во тој процес двете страни биле еднакви и немало уцени од никаков вид, а во процесот не биле вклучени државни/политички фактори. Освен тоа, европската интеграција почнува со економската сфера, во која се создаваат функционални врски на идната безбедносна заедница и унија.

Што се однесува до конфликтот од 2001 година, за цели дваесет години, во земјава генерално, но и во образовниот процес повеќе се промовираат молкот и заборавот, отколку обид за елаборација на настаните преку образованието. И во оваа сфера, поголем е ангажманот на невладините организации и поединци (со свои авторски и аналитички видувања на конфликтот) отколку на државните образовни институции. Тоа значи дека генерациите родени пред конфликтот и по него се сега веќе возрасни луѓе кои биле препуштени на произволни толкувања на историскиот период кој несомнено остави силни траги во македонското општество, но и болни прашања за кои нема одговор.

# 9. ПРИЛОЗИ

## 9.1. Рамковен договор[1]

13.08.2001

Точките во наредниов текст даваат усогласена рамка за обезбедување на иднината на демократијата во Македонија и овозможување на развојот на поблиски и поинтегрирани односи помеѓу Република Македонија и Евро-атлантската заедница. Овој Рамковен договор ќе го промовира мирниот и хармоничен развој на граѓанското општество, истовремено почитувајќи го етничкиот идентитет и интересите на сите македонски граѓани.

1. Основни принципи

1.1. Целосно и безусловно се отфрла употребата на насилство за остварување политички цели. Само мирни политички решенија можат да ја загарантираат стабилната и демократска иднина на Македонија.

1.2. Суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија, и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат. Не постојат територијални решенија за етничките прашања.

1.3. Мултиетничкиот карактер на македонското општество мора да се сочува и да најде свој одраз во јавниот живот.

---

[1]Интегралниот текст на Рамковниот договор може да се најде на следниов линк: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/ramkoven_dogovor-3.pdf. Овде се изложени само оние делови кои се релевантни за материјата на транзициската правда и помирувањето.

1.4. Една современа демократска држава, во природниот тек на својот развој и созревање, мора постојано да обезбеди нејзиниот Устав целосно да ги исполнува потребите на сите нејзини граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди, коишто и самите постојано се развиваат.

1.5. Развојот на локалната самоуправа е од суштествено значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот, и за унапредување на почитувањето на идентитетот на заедниците.

2. Прекин на непријателствата

2.1. Страните го истакнуваат значењето на заложбите од 5 јули 2001 година. Ќе има целосен прекин на непријателствата, целосно доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи, и нивно целосно доброволно распуштање. Тие го прифаќаат фактот дека за донесување Одлука од страна на НАТО да помогне во овој контекст, ќе биде потребно воспоставување општ, безусловен и неограничен прекин на огнот, согласност за политичко решение за проблемите на оваа земја, јасна заложба на вооружените групи доброволно да се разоружаат, и прифаќање од сите договорни страни на условите и ограничувањата во рамките на кои ќе делуваат силите на НАТО.

3. Развој на децентрализирана власт

3.1. Ќе биде усвоен ревидиран Закон за локална самоуправа со кој ќе се зајакнат овластувањата на избраните локални претставници, и значително ќе се зголемат нивните надлежности во согласност со Уставот (како што се измените во согласност со Анекс А) и Европската повелба за локална самоуправа, при што ќе

се одрази принципот на вертикална организираност којшто во моментов важи во Европската унија. Зголемените надлежности, пред сè, ќе се однесуваат на областите на јавните услуги, урбаното и руралното планирање, заштитата на животната средина, локалниот економски развој, културата, локалните финансии, образованието, социјалната заштита и здравствената заштита. Ќе се усвои Закон за финансирање на локалната самоуправа за да се обезбеди соодветен систем на финансирање, за на локалните власти да им се овозможи да ги исполнуваат сите свои надлежности.

3.2. Во рок од една година по завршувањето на новиот попис, кој под меѓународен надзор ќе биде спроведен до крајот на 2001 година, ќе бидат ревидирани општинските граници. Ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти, со меѓународно учество.

3.3. Со цел да се обезбеди дека полицијата е свесна за и одговора на потребите и интересите на локалното население, локалните началници на полицијата ќе ги избираат советите на општините од листи на кандидати предложени од страна на Министерството за внатрешни работи и истите редовно ќе комуницираат со советите. Министерството за внатрешни работи ќе го задржи овластувањето за разрешување на локалните началници на полицијата во согласност со законот.

4. Недискриминација и правична застапеност

4.1. Целосно ќе се почитува принципот на недискриминација и рамноправен третман на сите лица пред законот. Овој принцип особено ќе се применува во однос на вработувањата во јавната администрација и јавните претпријатија, како и кај пристапот до јавното финансирање за развојот на деловните активности.

4.2. Во законите со кои се регулираат вработувањата во јавната администрација, ќе бидат содржани мерки со кои ќе се обезбеди правична застапеност на заедниците во сите централни и локални јавни тела и на сите нивоа на вработување во тие тела, истовремено почитувајќи ги правилата за компетентност и интегритет според кој се раководи јавната администрација. Властите ќе преземат активности за да ја коригираат постоечката неврамнотеженост во составот на јавната администрација, особено преку вработување припадници на заедниците со недоволна застапеност. Особено внимание ќе се посвети на тоа да се обезбеди, колку е можно побрзо, полициските служби генерално да го одразат составот и распределбата на населението во Македонија, како што е специфицирано во Анекс Ц.

4.3 За Уставниот суд, една третина од судиите ќе се избира од страна на Собранието, со мнозинство од вкупниот број пратеници, која ќе содржи мнозинство од вкупниот број пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија. Оваа постапка ќе се применува и при изборот на Народниот правобранител и на тројца членови на Судскиот совет.

5. Посебни собраниски процедури

5.1. На централно ниво, уставните амандмани и Законот за локална самоуправа, нема да можат да се усвојат без квалификувано мнозинство на две третини од гласовите, во рамките на што ќе мора да има мнозинство од гласовите на пратениците кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија.

5.2. За донесување на законите кои директно ги засегаат културата, употребата на јазикот, образованието, личните

документи и употребата на симболи, како и на законите за локално финансирање, локални избори, градот Скопје и за општинските граници, ќе мора да постои мнозинство од гласови, во рамките на што ќе мора да има мнозинство од гласови на пратениците кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија.

6. Образование и употреба на јазиците

6.1. Во однос на основното и средното образование, наставата ќе се изведува на мајчините јазици на учениците, а истовремено во цела Македонија ќе се применуваат унифицирани стандарди за академските програми.

6.2. Финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високо образование на јазиците на коишто зборуваат најмалку 20 проценти од населението во Македонија, а врз основа на посебни спогодби.

6.3. При уписот на државните универзитети на нови студенти, кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинско население во Македонија, ќе се применува принципот на позитивна дискриминација сè додека уписот правично не го одрази составот на населението во Македонија.

6.4. Низ цела Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик.

6.5. Кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението, исто така, е службен јазик, како што е овде образложено. Во органите на Република Македонија, кој било службен јазик различен од македонскиот може да се употребува во согласност со законот, како што понатаму е елаборирано во Анекс

Б. Кое било лице што живее во единица на локална самоуправа во која најмалку 20% од населението зборуваат службен јазик различен од македонскиот, може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со регионалната канцеларија на централната влада, надлежна за таа општина; таквата канцеларија, ќе одговори на тој јазик, дополнително на македонскиот. Кое било лице може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со главната канцеларија на централната влада, која ќе му одговори на тој јазик, дополнително на македонскиот.

6.6. Во однос на локалната самоуправа, во општините каде што одредена заедница сочинува најмалку 20% од населението на општината, јазикот на таа заедница ќе се употребува како службен јазик, дополнително на македонскиот. Во однос на јазиците на кои зборуваат помалку од 20% од населението во општината, локалните власти демократски ќе одлучат за нивна употреба во јавните тела.

6.7. Во кривични и граѓански судски постапки на кое било ниво, обвинетото лице или која било страна ќе има право на превод на државен трошок на сите постапки, како и на документи во согласност со соодветни документи на Советот на Европа.

6.8. Кои било лични документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот, исто така, ќе бидат издадени на тој јазик, дополнително на македонскиот јазик, во согласност со законот.

7. Изразување на идентитетот

7.1. Во однос на симболите, непосредно до симболот на Република Македонија, локалните власти ќе ја имаат слободата на

предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата којашто е во мнозинство во општината, со почитување на меѓународните правила и примени.

8. Имплементација

8.1. Уставните амандмани приложени во Анекс А, веднаш ќе бидат презентирани пред Собранието. Страните ќе ги преземат сите мерки за да го обезбедат усвојувањето на овие амандмани во период од 45 дена по потпишувањето на овој Рамковен договор.

8.2. Усвојувањето на измените во законодавството утврдени во Анекс Б ќе биде во согласност со динамиката специфицирана таму.

8.3. Страните ја поканувaат меѓународната заедница, што е можно поскоро да свика донаторска конференција, на која особено ќе се разговара за макрофинансиската помош; за поддршката за финансирање на мерките кои ќе се преземаат за потребата од имплементирање на овој Рамковен договор, вклучувајќи ги и мерките за зајакнување на локалната самоуправа; и ревитализација и обнова во подрачјата погодени од борбите.

9. Анекси

Следниве анекси се составен дел од овој Рамковен договор.

А. Уставни амандмани
Б. Измени во законодавството
Ц. Имплементација и мерки за градење доверба

10. Завршни одредби

10.1. Овој Договор стапува во сила со неговото потпишување.

10.2. Верзијата на англиски јазик на овој Договор е единствената автентична верзија.

10.3. Овој Договор се водеше под покровителство на претседателот Борис Трајковски. Потпишан во Скопје, Македонија, на 13 август 2001 на англиски јазик.

........

АНЕКС Ц
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И МЕРКИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ДОВЕРБАТА

1. Меѓународна поддршка

1.1. Страните ја поканувaат меѓународната заедница да го олесни, набљудува и помогне имплементирањето на одредбите од Рамковниот договор и Анексите кон истиот, и бараат таквите напори да се координираат од страна на ЕУ, во соработка со Советот за стабилизација и асоцијација.

2. Попис и избори

2.1. Страните го потврдуваат барањето за меѓународно надгледување од страна на Советот на Европа и Европската комисија на пописот кој ќе се спроведе во октомври 2001 година.

2.2. Парламентарните избори ќе се одржат до 27 јануари 2002 година. Меѓународните организации, вклучувајќи го и ОБСЕ, ќе бидат поканети да ги набљудуваат овие избори.

3. Враќање на бегалците, ревитализација и обнова

3.1. Сите страни ќе работат да обезбедат враќање на бегалците кои се граѓани или имаат законски престој во Македонија и на раселените лица, во нивните домови, во што е можно покус временски период, и ја повикуваат меѓународната заедница, а особено УНХЦР, да помогне во овие напори.

3.2. Владата со учество на страните, 30 дена по потпишувањето на Рамковниот договор, ќе утврди акциски план за ревитализација и обнова на областите погодени од непријателствата. Страните ја повикуваат меѓународната заедница да помогне во формулирањето и имплементацијата на овој план.

3.3. Страните ја повикуваат Европската комисија и Светската банка, откога Собранието ќе ги усвои уставните амандмани наведени во Анекс А и ревидираниот Закон за локална самоуправа, брзо да свикаат состанок со меѓународните донатори за поддршка на финансирањето на мерките кои треба да се преземат со цел да се имплементира Рамковниот договор и Анексите кон истиот, вклучувајќи ги и мерките за јакнење на локалната самоуправа и реформа на полициските служби, потоа за макрофинансиска помош за Република Македонија и за поддршка на мерките за ревитализација и обнова, утврдени во акцискиот план од ставот 3.2.

4. Развој на децентрализирана власт

4.1. Страните ја повикуваат меѓународната заедница да помогне во процесот на јакнење на локалната самоуправа. Меѓународната заедница особено треба да помогне во подготвувањето на неопходните законодавни измени поврзани со механизмите за

финансирање со цел јакнење на финансиската основа на општините и создавање способности за финансиски менаџмент, и во измената на законот за општинските граници.

5. Недискриминација и правична застапеност

5.1. Земајќи ги , меѓу другото, предвид препораките на веќе формираната владина комисија, страните ќе преземат конкретни активности за зголемување на застапеноста на припадниците на заедниците кои не претставуваат мнозинство во Македонија, во државната администрација, војската и јавните претпријатија, како и за подобрување на нивниот пристап кон јавното финансирање за развој на деловните активности.

5.2. Страните се обврзуваат да обезбедат дека до 2004, полициските служби, генерално, ќе го одразат составот и распределбата на населението во Македонија. Како почетен чекор за постигнување на ова, страните се обврзуваат да осигурат дека 500 нови полицајци од заедниците кои не се мнозинско население во Македонија ќе се ангажираат и обучат до јули 2002, и дека тие полицајци ќе се распоредат во областите каде што живеат такви заедници. Страните, исто така, се обврзуваат дека други 500 такви полицајци ќе се ангажираат и обучат до јули 2003 и дека тие полицајци ќе се распоредат, на приоритетна основа, во областите низ цела Македонија каде што живеат такви заедници. Страните ја покануваат меѓународната заедница да даде поддршка и помош во имплементирањето на овие обврски, особено преку проверка и селекција на кандидати и нивна обука. Страните ги покануваат ОБСЕ, Европската унија и САД да испратат експертски тим што е можно побрзо со цел да се оцени како е најдобро да се постигнат овие цели.

5.3. Страните, исто така, ги покануваат ОБСЕ, Европската унија и САД да ја зголемат обуката и програмите за помош на полицијата, вклучувајќи:

– професионална обука, обука за човекови права и друга обука;
– техничка помош за реформа во полицијата, вклучувајќи помош во проверката, селекцијата и унапредувањето на процесите;
– развивање кодекс за однесување на полицијата;
– соработка во поглед на планирање на транзицијата за ангажирање и распоредување полицајци од заедници кои не се во мнозинство во Македонија; и
– распоредување, колку што е можно побрзо, меѓународни набљудувачи и полициски советници во чувствителните области, преку соодветни аранжмани со релевантните власти.

5.4. Страните ја покануваат меѓународната заедница да помогне во обуката на адвокати, судии и обвинители од припадници на заедниците кои не претставуваат мнозинско население на Македонија со цел да се зголеми нивната застапеност во судскиот систем.

6. Култура, образование и употреба на јазиците

6.1. Страните ја покануваат меѓународната заедница, вклучувајќи го и ОБСЕ, да ја зголеми помошта за проекти во областа на медиумите, со цел натамошно зајакнување на радио, ТВ и печатените медиуми, вклучувајќи ги и медиумите на албански јазик и мултиетничките медиуми. Страните, исто така, ја покануваат меѓународната заедница да ги зголеми програмите за професионална обука за медиумите за припадниците на заедниците кои не претставуваат мнозинско население на Македонија. Страните, исто така, го покануваат ОБСЕ да ги

продолжи напорите за проекти наменети за подобрување на меѓуетничките односи.

6.2. Страните ја поканувaат меѓународната заедница да обезбеди помош за имплементација на Рамковниот договор во областа на високото образование.

## 9.2. **Транзициона правда во Република Македонија**: **извештај за 2010 – 2011 година**[1]

*Судења за воени злосторства*

За разлика од Република Македонија, која е исклучок во оваа смисла, во другите постјугословенски држави се завршени или се во тек судски процеси за воени злосторства извршени во текот на вооружените судири на овие простори (јануари 1991 – јуни 1999 година). За сите судења е карактеристично што траат долго и дека жртвите не се доволно информирани за напредокот на постапката во која сведочеле.

Во Република Македонија нема судења за воени злосторства. Законот за амнестија кој беше донесен во 2002 година овозможи амнестија на сите припадници на вооружени формации за кои постоеше сомнение дека направиле кривични дела во периодот на конфликтот, заклучно со 26 септември 2001 година. Според тој закон, амнестијата не се однесуваше на дела за кои е покрената постапка пред МКСЈ. На 19 јули 2011 година, по иницијатива на албанските политички партии (Демократска партија на Албанците – ДПА и Демократската унија за интеграција – ДУИ) се покрена постапка за автентичното толкување на Законот за амнестија од страна на Собранието на Република Македонија. Истиот ден, иницијативата беше усвоена со 63 гласа ЗА и 29 ПРОТИВ, со што практично се откажа кривичната правда за тешки повреди на човековите права во текот на вооружениот судир во Македонија.

Автентичното толкување на Законот за амнестија овозможи амнестијата да се примени и на осомничените и на обвинетите во

---

[1] Извадоци од: Станоески О. (ур.) (2013). *Транзициона правда во Република Македонија: извештај за 2010-2011*, Скопје: Центар за истражување и креирање политики.

предметите кои МКСЈ претходно ги врати на постапување во Република Македонија.

Злосторствата над Албанците, сѐ уште, не се процесирани. Предметот *Јама* со години се наоѓа во Основното јавно обвинителство и согласно со автентичното толкување на Законот за амнестија, тој ќе биде затворен. Имено, во областа *Јама*, меѓу Кичево и Дебар, беше пронајденагробница со посмртни останки на лица кои исчезнале во текот на конфликтот во 2001 година: Радослав Гинов, бугарски државјанин и тројца Албанци од Македонија – Ислам Велиу, Хајредин Халими и Ибраим Велиу. Обвинителството не покрена обвинение поради недостаток на докази. Осомничени за убиството на овие жртви се неименувани припадници на безбедносните органи.

Во македонскиот Кривичен законик на Република Македонија од 1996 година се третираат и воените злосторства.

По потпишувањето на Охридскиот рамковен договор на 13 август 2001 година, со кој официјално заврши вооружениот судир, во текот на 2002 година се покренати четири постапки за воени злосторства.[2] Во сите тие постапки Обвинителството ги третираше припадниците на Ослободителната народна армија на Албанците (ОНА).

Предметот *Градежни работници* се однесува на киднапирањето на пет работници на градежното претпријатие Маврово на 7 август 2001 година, кои биле измачувани осум часови од страна на припадниците на ОНА. Предметот *Липковска брана* се однесува на четириесетдневното запирање на дотекот на вода за пиење во градот Куманово, со затворање на вентилите на кумановскиот водовод кај Липковското Езеро, кое во тој период беше под контрола на ОНА. Предметот *Непроштено* е, исто така, случај на киднапирање, и тоа на 12 цивили во јули 2001 година,

[2] Фонд за хуманитарно право, БИРН и Документа, *Транзициската правда во постјугословенските земји: Извештај за 2009 година*, стр. 17.

кои припадниците на ОНА ги грабнале од повеќе локации во подрачјето на Тетово. Во предметот *Водството на ОНА* применет е принципот на командна одговорност, и тоа со обединето обвинение за повеќе воени злосторства, обвинет е комплетниот врв на ОНА (10 – 20 лица). Тука спаѓаат предметот *Вејце* – убиството на припадници на македонските безбедносни сили; предметот *Бриони* – минирање на хотелот заедно со двајца врзани чувари, и предметот *Челопек* – убиство на два цивила.

Во септември 2002 година, обвинителството на МКСЈ ја презеде надлежноста за водење на четирите предмети. Освен преземените предмети од 2002 година, во текот на 2004 година Обвинителството на МКСЈ отвори истрага и против некогашниот министер за внатрешни работи, Љубе Бошковски, и тогашниот припадник на МВР, Јохан Тарчуловски, за воени злосторства во селото Љуботен, извршени во август 2001. По тој повод, во јануари 2005 година тогашниот премиер Владо Бучковски изјави дека „недамнешната македонска историја ќе биде искривена доколку МКСЈ покрене истрага само за еден предмет." Али Ахмети, претседателот на Демократската унија за интеграција (ДУИ), изјави дека би било добро МКСЈ да ги затвори тие предмети, но напомена дека, всушност, само еден случај „заслужува истрага" (реферирајќи на предметот со мавровските работници), додека останатите три наводно потпаѓаат под Законот за амнестија. Три години подоцна МКСЈ ја запре истрагата и во февруари 2008 година четирите предмети во кои се товареа припадниците на ОНА, повторно ги врати на постапување пред македонското правосудство. Тогашната главна обвинителка на МКСЈ, Карла дел Понте (Karla Del Ponte), изјави дека Трибуналот немал друг избор бидејќи Советот за безбедност при ОН барал сите истражни постапки да бидат завршени до крајот на 2007 година.

Вратените предмети најнапред беа преведени од англиски и македонски на албански јазик, а потоа Министерството за правда предметите му ги достави на Обвинителството (јуни/јули 2008).

Основното јавно обвинителство, по завршената процедура и заведување на предметите, материјалот го проследи до истражното одделение на Основниот суд Скопје 1. Основниот суд Скопје 1 изјави дека од Основното обвинителство му се доставени само три предмети (Градежни работници, Липковска брана и Непроштено), но дека никогаш не им е доставен предметот Водството на ОНА. Од друга страна, Обвинителството тврди дека предметот Водството на ОНА се наоѓа во истражна постапка во Основниот суд Скопје 1. Обвинителството покрена обвинение само во предметот Градежни работници. Другите два предмета останаа во истражна постапка, додека предметот Водството на ОНА се „загуби" на патот меѓу Обвинителството и истражните органи. На крајот, со усвојувањето на автентичното толкување на Законот за амнестија во јули 2011 година, правната постапка се прекина за сите четири случаи.

*Амнестија на воените злосторства*

По иницијатива на албанските политички партии (Демократската партија на Албанците – ДПА и Демократската унија за интеграција – ДУИ) на 19 јули 2011 година во Собранието на Република Македонија беше покрената постапка за мнозинска поддршка на барањето за автентично толкување на Законот за амнестија. Истиот ден, иницијативата е усвоена со 63 гласови ЗА и 29 ПРОТИВ, со што, практично, се запреа сите судски дејствија и потрагата по кривичната правда за тешки повреди на човековите права во текот на вооружениот судир во Македонија.

Законот за амнестија беше донесен во 2002 година, седум месеци по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, со што беше овозможена амнестија на припадници на вооружените формации за кои постоело сомневање дека направиле кривични дела во конфликтот, заклучно со 26 септември 2001 година. Според овој закон, амнестијата не се однесуваше на обвинетите

против кои имаше поведено постапка пред МКСЈ. ДПА во 2009 година поднесе барање до Владата на Република Македонија за автентично толкување на Законот за амнестија, но во тој момент Владата не го прифати предлогот. Истото барање во 2011 година го поднесе ДУИ и доби позитивен одговор, најпрвин од Владата, а потоа и во Собранието. Автентичното толкување на Законот за амнестија овозможи амнестијата да се примени и на осомничените во предметите кои МКСЈ за постапување ги врати во Македонија.

Амнести Интернешенал (Amnesty International) остро го осуди таквото толкување и примена на Законот за амнестија како кршење на меѓународното хуманитарно право. Правото на жртвата да ја дознае вистината и да добие правда не смее да биде предмет на политички договор, а роднините на сите исчезнати лица мораат да ја дознаат судбината на нивните најблиски.

Меѓу оние што се ослободени од кривична одговорност врз основа на примената на автентичното толкување на Законот за амнестија има и високи политички функционери. Али Ахмети, претседателот на ДУИ, политичката партија која ја покрена иницијативата за примена на амнестијата и врз сторителите на злосторства во т.н. Хашки предмети, беше меѓу осомничените во предметот Водството на ОНА. ДУИ партиципира во владејачка коалиција во подолг период – најнапред, во коалиција со Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) по изборите од 2002 година, а подоцна од 2008 година е во коалиција со другата македонска партија, ВМРО-ДПМНЕ. Ахмети беше политички лидер на ОНА. Висок функционер од истата партија е и Садула Дураку, поранешен министер за земјоделство и пратеник во Парламентот, кој, пак, беше меѓу осомничените во предметот Липковска брана, а денес е градоначалник на Липково. Амнестиран е и Даут Рецепи, осомничен за злосторствата опфатени со предметот Непроштено, кој е активен политичар.

*Институционални реформи*

Во текот на 2011 година, со Законот за изменување и дополнување на Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција (Закон за лустрација), Комисијата за верификација на фактите во Република Македонија ја прошири листата на категории за соработка со тајните служби, вклучувајќи и свештеници, новинари, активисти на невладини организации, адвокати и научни работници. Кон крајот на 2011 година е покрената постапка пред Уставниот суд за преиспитување на уставноста на одредбите кои се однесуваат на проширување на истрагата. Универзитетскиот професор и долгогодишен активист за човекови права, Владимир Милчин, е прогласен за соработник на комунистичката тајна служба, што предизвика сомнеж за независноста на работењето на оваа Комисија во однос на политичките притисоци.

Во земјите во регионот и натаму постои силна политичка и јавна поддршка за обвинетите за воени злосторства, величање на нивната улога во текот на вооружените судири и истакнување на страдањето на жртвите само на сопствениот народ.

Темите во врска со воените злосторства мошне ретко се застапени во медиумите, додека во поголемиот дел од постјугословенските држави, сè уште, е присутно „патриотското новинарство", односно доминацијата на националистичката идеологија.

*Утврдување на фактите и кажување на вистината*

Во текот на 2010 – 2011 година во регионот на постјугословенските држави не е претставена ниту една официјална иницијатива за формирање на државна (национална) комисија за вистина.

По повеќегодишен, интензивен консултативен процес во рамките на регионалната Иницијатива за РЕКОМ, во март 2011 година е усвоен Предлог-статутот на РЕКОМ, кој заедно со повеќе од половина милион собрани потписи од граѓаните низ регионот, им е предаден на претседателите на државите создадени на територијата на некогашна Југославија. Кон крајот на 2011 година процесот РЕКОМ влезе во фаза на институционализација, односно, пренос од невладино на институционално/политичко ниво.

Регионалната координација на здруженијата на семејствата на настраданите од подрачјето на поранешна Југославија е покрената во 2011 година под покровителство на Меѓународната комисија за исчезнати лица (ICMP), а со цел за поврзување на здруженијата и зајакнување на притисокот врз владите од регионот за поефикасна работа на решавањето на судбините на исчезнатите лица. До крајот на 2011 година, според податоците на Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК), судбината на околу 13 500 лица кои исчезнале во текот на вооружените судири од 1991 – 2001 година на подрачјето на поранешна Југославија, сѐ уште, не е решена. Активности за пронаоѓање и за идентификација на посмртните останки на исчезнатите лица спроведуваа државните комисии за исчезнати лица во Хрватска, Србија, Црна Гора, како и Институтот за исчезнати лица на БиХ. На Косово со решавањето на судбината на исчезнатите лица се занимава владината Комисија за исчезнати лица, Канцеларијата за судска медицина во рамките на косовското Министерство за правда и Одделението за форензичка медицина на ЕУЛЕКС.

Во содржината на најголемиот број учебници, употребувани во 2010 – 2011 година во основните и во средните училишта во: БиХ, Хрватска, Србија, Косово, Црна Гора и Словенија, е забележлива етничката пристрасност. Одговорноста и вината за воените злосторства, или за распадот на Југославија, претежно ѝ се припишува на другата страна, додека се премолчува или се минимизира улогата на својата страна во злосторствата. Во нету

еден учебник кој се употребува во основните и во средните училишта во Македонија не се застапени содржини кои се однесуваат на судирот од 2001 година.

*Репарации*

Законите кои ги регулираат статусот и правата на цивилните жртви на војната во поголемиот дел од постјугословенските држави останаа непроменети во однос на претходниот период, па бројните недостатоци и натаму се видливи во оваа област на транзициската правда. Во поголемиот број држави право на административни репарации и натаму имаат само цивилите и војниците кои доживеале телесно оштетување, а последиците од малтретирање мораат да се докажуваат за да се стекнат овие права. Жртвите кои не ги исполнуваат овие услови, односно немаат телесно оштетување како последица од малтретирање во текот на вооружените судири, во поголемиот број постјугословенски држави немаат статус на цивилни жртви на војната. Исклучок претставува БиХ, каде што законот пропишува дека жртвите на силување и на сексуална злоупотреба имаат право на надомест, без услов за докажување на телесно оштетување.

Во сите постјугословенски држави и натаму во сила се дискриминирачки одредби во законите што ги регулираат статусот, правата и бенефициите на жртвите од војната, а кои се понеповолни за цивилите во однос на борците, гледано од аспект на условите за стекнување статус на инвалид од војната, висината на надоместокот и вклучените бенефиции.

И покрај огромниот број тужбени барања за надомест на штетата кои се поднесени пред судовите низ регионот, и натаму е мошне мал бројот на жртвите кои успеале, по судски пат, да остварат надомест за штетата која им е нанесена во текот на вооружените судири. Ова се должи на долгото траење на

постапките, толкувањето на законските одредби кои ја регулираат застареноста на побарувањето на штета од жртвата, воспоставувањето на исклучително високи стандарди на докажување, непримерен однос кон жртвите, како и прогласувањето на судовите за ненадлежни. Оттаму, жртвите сè почесто бараат заштита на своите права пред меѓународните институции. Европскиот суд за човекови права во 2010 година донесе првостепена пресуда во случајот на десеттемина „избришани" граѓани против Словенија, во која беше констатирано дека државата во овој случај ја прекршила Европската конвенција за човекови права, со што се отвори можност за регулирање на статусот на овие лица во Словенија во наредниот период.

И понатаму нема достапни податоци во однос на згрижувањето на цивилните жртви од конфликтот во Македонија, ниту постојат законски решенија кои ја регулираат оваа област. Бројот на жртвите и повредените, кој се однесува на македонските безбедносни сили во конфликтот во 2001 година е следниов: 43 загинати и 119 повредени припадници на Армијата на Република Македонија (АРМ); 15 загинати и 150 повредени припадници на Министерството за внатрешни работи.

Процесот на исплата на обесштетувањата на повредените припадници на АРМ и на семејствата на оние припадници кои смртно настрадале во конфликтот, влезе во завршна фаза во текот на 2010 – 2011 година. Според Законот за посебни права за припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, кој стапи во сила во 2002 година, сите припадници на безбедносните сили и членовите на нивните семејства стануваат носители на одредени права од социјалната, здравствената и образовната сфера. Припадниците на АРМ кои биле повредени се обесштетени во однос на процентот на инвалидитет, додека семејствата на загинатите се обесштетени со по 250 000 денари (околу 4 000 евра) по член на најтесно семејство. Унијата на бранители на Македонија ја критикуваше

процедурата на обесштетување на семејствата на загинатите, затоа што договорите за надомест на штета меѓу семејствата и АРМ се потпишувани непосредно по загинувањето на припадниците на Армијата. Поради таквиот начин на обесштетување, неколку семејства се обидоа судски да ги преиспитаат тие одлуки, но немаше резултат. Одреден број ранети припадници на АРМ никогаш не побараа обесштетување од државата.

Процесот на обесштетување на припадниците на полицијата не беше систематски организиран како кај припадниците на АРМ. Припадниците на полицијата кои беа повредени, како и семејствата на загинатите, беа присилени да бараат обесштетување по судски пат. Сѐ уште, има нерешени и спорни барања за обесштетување на припадниците на полицијата, и тоа во однос на 9 загинати и 46 повредени полицајци.

Едно од отворените прашања за кое не постојат точни податоци е бројот на жртви кај припадниците на Ослободителната народна армија на Албанците (ОНА), како и цивилните жртви и материјалните штети кај граѓаните од албанска националност. Од друга страна, ветераните на ОНА и понатаму настојуваат да добијат државна пензија и други социјални поволности, но нивниот проблем се решава со механизмите на социјалната политика, но не и низ системот на пензионирање.

Како и во претходниот период, во, речиси, сите постјугословенски држави се градат спомен-обележја исклучиво во знак на сеќавање на жртвите-припадници на мнозинскиот народ. Единствено во Црна Гора е изграден споменик посветен на сите цивилни жртви настрадани во вооружените судири 1991 – 2001 година. Мал број вакви споменици се резултат на приватни иницијативи или на напорите на самите семејства на жртвите, без какво било учество на властите, а често и без неопходните дозволи. Во неколку случаи, властите ги забрануваа или ги отстрануваа овие спомен-обележја.

И понатаму не постојат заеднички меморијали посветени на македонските и на албанските жртви и/или борци од 2001 година. Меморијалите кои ги изгради албанската заедница во Македонија (повеќето без одобрение од надлежните органи) се значително побројни во однос на меморијалите посветени на припадниците на безбедносните сили. Не постојат прецизни податоци за вкупниот број на дивоизградените меморијали во Македонија.

Одбележувајќи една декада од конфликтот во 2001 година, се изградени неколку спомен-обележја во чест на загинатите припадници на македонските безбедносни структури. Меѓу другите, во октомври 2011 година во централниот дел на Скопје е откриено спомен-обележје во чест на сите паднати македонски бранители од 2001 година, спомен-обележје откриено во Битола во април 2011 годна, наречено„Ангел", а посветено на седуммина загинати бранители од градот, и спомен-обележје „Карпалак" во Прилеп, посветено на десеттемина загинати бранители од овој град, кое е откриено во мај 2011 година. Чести се случаите на оштетување на спомен-обележјата. Спомен-плочата за загинатите бранители кај местото Карпалак, која е лоцирана на местото каде што се случи трагичниот настан, на патот Скопје – Тетово, неколкупати е уништувана и повторно возобновена.

„Музејот на слободата", попознат како „Музејот на ОНА" работи од ноември 2008 година во Скопје, но до крајот на 2011 година, сè уште, не беше регистриран на официјалната листа на музеи во Македонија. Музејот опфаќа два периода, едниот посветен на 1878 година (Призренската лига), а вториот посветен на борбата на ОНА и на настаните од 2001 година.

## 9. 3. ***Пресуда на  Меѓународниот трибунал за воени злосторства за бивша Југославија (Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски)***[1]

*БОШКОСКИ И ТАРЧУЛОВСКИ (IT-04-82)*

Податоци за обвинетите

Љубе Бошкоски: Поранешен министер за внатрешни работи на поранешна Југословенска Република Македонија (ПЈРМ) – Прогласен невин

Јохан Тарчуловски: Полицаец кој работел како инспектор за придружба во Единицата за обезбедување на Претседателот во Министерството за внатрешни работи; бил задолжен за личното обезбедување на Претседателот на Републиката. – Осуден на 12 години затвор.

Податоци за предметот

ОБВИНЕНИЕ И НАВОДИ

Првобитното обвинение беше потврдено на 9 март 2005, а обелоденето на 15 март 2005. Изменетите обвиненија беа поднесени на 2 ноември 2005 и на 4 април 2006. Второто изменето и дополнето обвинение беше потврдено на 26 мај 2006.

Бошкоски беше обвинет за одговорност од позиција на претпоставен (член 7 став 3 од Статутот) за:

---

[1] Изводи од предметот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски. Види повеќе за судењето пред Хашкиот трибунал на следниов линк: https://www.icty.org/bcs/case/boskoski_tarculovski

– Убиство, безобѕирно уништување на градови, гратчиња и села, и сурово постапување (кршење на законите или обичаите на војување, член 3);

Тарчуловски беше обвинет за лична кривична одговорност (член 7 став 1 од Статутот) за:

– Убиство, безобѕирно уништување на градови, гратчиња и села, и сурово постапување (кршење на законите или обичаите на војување, член 3).

СУДСКА ПОСТАПКА

Судењето на Бошкоски и Тарчуловски започна на 16 април 2007 година. Обвинителството го заврши своето изведување на докази на 6 декември 2007 година. Изведувањето докази на Одбраната започна на 30 јануари 2008 година, а заврши на 18 март 2008 година. Завршните излагања се одржаа од 6 до 8 мај 2008 година.

ПРВОСТЕПЕНА ПРЕСУДА

Судскиот совет ја изрече својата пресуда на 10 јули 2008 година.

Судскиот совет утврди дека во утринските часови на 12 август 2001 година, група од најмалку 60 – 70, а, можеби, и повеќе од 100 луѓе, составена од добро вооружени резервни полицајци, вклучувајќи и вработени во приватната агенција за обезбедување „Комета", влегле во село Љуботен. Со себе носеле значително количество запаливи материјали. За поддршка имале и еден полициски оклопен транспортер. Групата полицајци ја предводел Тарчуловски. Единиците на македонската армија кои биле

позиционирани во планинската област над селото обезбедиле поддршка со минофрлачки и друг вид оган, особено кога групата била подготвена и подготвена да влезе во селото. Меѓутоа, во врска со овие настани, против припадниците на Армијата не беше покренато обвинение.

Во врска со обвинетиот Бошкоски, главниот противаргумент на неговата Одбрана беше дека Бошкоски не бил ниту de jure ниту de facto претпоставен на полицајците што влегле во Љуботен утрото на 12 август 2001 година, ниту на Тарчуловски, ниту на полицајците на полициските контролни пунктови, во полициските станици, во судот или во болницата, каде што наводно биле извршени кривичните дела. Понатаму се тврдеше дека Бошкоски немал овластувања да го казни кое било од овие лица во смисла на значењето на член 7 став 3. Сепак, Судскиот совет заклучи дека Бошкоски, како министер за внатрешни работи во периодот на настаните, имал моќ да ја контролира и да ги управува полицијата и сите други активно вработени лица во Министерството за внатрешни работи (МВР), вклучувајќи ги припадниците на резервниот состав. Оваа моќ, исто така, се протегала на обезбедување дека оние полицајци што биле одговорни за испитување на можните кривични дела, вклучувајќи ги и оние од кои се барало да дејствуваат по упатствата на судските власти или да му помагаат на јавниот обвинител, односно криминалната полиција на МВР, ќе ги извршат своите функции ефикасно и законски. Поконкретно, оваа моќ за контрола и управување се протегала и врз обвинетиот Тарчуловски, којшто тогаш бил вработен во МВР.

Судскиот совет заклучи дека Бошкоски не раководел со полициската акција во Љуботен на 12 август. Кога се проширила веста за акцијата, Претседателот на ПЈРМ му побарал на Бошкоски да оди во Љуботен. Бошкоски пристигнал во Љуботен во

завршната фаза на акцијата, и од куќата на Браца на влезот на селото, тој можел да набљудува само дел од настаните што се случувале во селото. На кратко, од она што можело да се види и од она за што го известила полицијата, тој немал причина да помисли дека било извршено убиство, сурово постапување или безобѕирно уништување. Меѓутоа, два дена подоцна, тој добил полициски извештаи дека биле убиени терористи. Покрај тоа, преку информации од дипломатски претставници, организации за човекови права и други кругови, како и од медиумите, Бошкоски дознал за сериозните тврдења во врска со однесувањето на полицијата во Љуботен и други локации на 12 август и следниот ден. Сѐ поголемиот број информации што ги добивал требало да бидат доволни за да му укажат на Бошкоски на веројатноста од извршени кривични дела од страна на полицијата. Како нивен претпоставен, Бошкоски бил обврзан да го иследи случајот, или, пак, да го пријави до надлежните органи на ПЈРМ, за да може тоа целосно да се испита и престапниците да бидат казнети доколку е тоа оправдано. За целите на член 7 став 3 од Статутот, неговата обврска како претпоставен да ги казни прекршителите што биле негови подредени би била исполнета, доколку известувањето до соодветните власти би предизвикало истрага на наводите за кривични постапки. Впрочем, полицијата на Министерството за внатрешни работи испрати два извештаја, како дел од своите редовни должности, до надлежните органи, односно до istражните судски органи и до јавниот обвинител. Бошкоски бил информиран дека судските власти биле известени и дека бил направен обид за истрага. Иако извештаите подготвени од страна на неговите службеници не биле целосни ниту точни, и не ги опишувале подробно сите можни кривични постапки, тие, сепак, можеле да поттикнат истрага. Всушност, според законот, тие требало да предизвикаат судска истрага, поддржана од јавниот обвинител, по секој од смртните случаи во текот на којашто

истражниот судија и јавниот обвинител би требало официјално да станат свесни за наводите за тесно поврзаното непрописно однесување на полицајците, што вклучувало сурово постапување и безобѕирно однесување, при што би можеле да утврдат дали кривичните обвиненија би биле оправдани.

Всушност, немало соодветна истрага од страна на одговорните власти. Никаква кривична постапка не била покрената против ниту еден полицаец. Постојат повеќе причини за тоа, но пропустите на полицајците на ОВР „Чаир" да ги извршат своите должности правилно на 12 август и следните денови, како и очигледниот недостиг на желба од страна на одговорните власти за утврдување на нивната одговорност, се примарни фактори. Бошкоски немал ниту надлежност, ниту овластувања во однос на одговорните власти, односно истражниот судија и јавниот обвинител, кои не биле под Министерството за внатрешни работи. Не беше докажано дека пропустот на полицајците да ги извршат своите должности произлегувал од неговите наредби, ниту, пак, дека Љубе Бошкоски знаел за тоа во релевантниот период, или дека тој требало да го предвиди тоа. Според тоа, не беше утврдено дека било потребно дополнително известување или друга постапка од страна на Љубе Бошкоски за да биде задоволена неговата обврска според член 7 став 3 од Статутот. Иако околностите што ги обелоденија доказите откриваат сериозни пропусти во функционирањето на полицијата и на надлежните органи на ПЈРМ во тоа време, не беше утврдено дека Бошкоски не ги презел неопходните и разумни мерки за казнување на припадниците на полицијата коишто тој бил должен да ги преземе според член 7 став 3 од Статутот.

Според тоа, Љубе Бошкоски беше ослободен од сите обвиненија.

Во врска со Тарчуловски, врз основа на изнесените докази, Судскиот совет заклучи дека тој имал значајна улога во настаните од 12 август 2001 година во Љуботен. На 10 и 11 август, тој бил одговорен за логистичката подготовка на акцијата. Била обезбедена поддршка и од полицијата и од армијата. Тој самиот ја координирал поддршката, вклучувајќи и поддршка од минофрлачки оган од друг тип оружје од страна на армијата. На 12 август, Тарчуловски лично ја предводел полициската акција и бил со полициските сили додека се движеле низ селото. Иако не бил формално назначен, тој ја вршел лидерската функција и имал контрола врз полициските сили во селото тој ден. Активностите на полицијата во селото се одвивале под негово раководство. Затоа, Судскиот совет заклучи дека Тарчуловски е кривично одговорен за наредување, за планирање и за поттикнување на кривичните дела извршени од страна на полицијата во селото.

Доказите не укажаа дека Тарчуловски учествувал во здружен злосторнички потфат, како што се наведува во Обвинението. Резервните полицајци кои биле со него во селото, дејствувале по негова наредба, а не како учесници во здружен злосторнички потфат. Исто така, како што е детално опишано во Пресудата, *Судскиот совет заклучи дека при извршувањето на полициската акција во Љуботен, Тарчуловски дејствувал по наредба. Според доказите, не можело да се утврди идентитетот на лицето или лицата под чии наредби дејствувал Тарчуловски. Околностите утврдиле дека се работело за лице или лица на позиција на надреден.*

Судскиот совет заклучи дека таквото однесување на полицијата во селото укажува на намерен и неселективен напад врз жителите на Љуботен од албанско етничко потекло, вклучувајќи дела на убиства и сурово постапување, како и неселективно и безобѕирно уништување на куќи и друг имот на етнички Албанци, жители на Љуботен. Тоа не било полициска

акција за откривање и апсење на припадници на Ослободителната национална армија (ОНА) на етничките Албанци. Главна цел на оваа полициска акција била одмазда врз лица од албанско етничко потекло во селото поради акциите на ОНА, за која се сметало дека селото ја засолнувало и ја поддржувало при убивањето на македонските војници, особено во поглед на нападот со противпешадиска мина во близината на Љуботен на 10 август 2001. Во овој напад загинале осум војници и други биле ранети. Акцијата не била само средство за одмазда, туку требало да послужи и како предупредување за последиците од поддршката на ОНА во селото.

На 10 јули 2008 година, Судскиот совет ја изрече својата пресуда, прогласувајќи го Тарчуловски за виновен врз основа на индивидуална кривична одговорност (член 7 став 1 од Статутот на Меѓународниот суд) за:

- убиство (кршење на законите или обичаите на војување, член 3);
- безобѕирно уништување на градови, гратчиња и села (кршење на законите или обичаите на војување, член 3); и
- сурово постапување (кршење на законите и обичаите на војување, член 3).

Казна: затворска казна од 12 години.

На 7 јули, Тарчуловски беше префрлен во Германија за издржување на казната. На 8 април 2013 му беше одобрено предвремено ослободување.

## 9.4. Алкибијад во Сребреница[1]

Пред септемвриските избори во 2000-та, на интернет страницата на Радио Б92 беше отворен дискусиски форум. Учесниците, од земјата и од дијаспората, расправаа најнапред за изгледите за смена на власта во Србија, а кога старата власт, конечно, беше соборена, а новата се најде пред реализација на предизборните ветувања, расправата се пренасочи на прашањето дали Србија може да се трансформира и како би требало да изгледа таа трансформација.

Проблемот на воените злосторства, на српската вина, барање прошка и катарза спаѓаше меѓу најчесто споменуваните, па во јануари 2001-та учесниците отворија тема за дискусија која директно се однесуваше на злосторството во Сребреница. Еден учесник со форумски прекар „Кондор", Белграѓанин во канадски егзил, деклариран космополит и поддржувач на глобализацијата, напиша: „За Србија, единствениот пат во светот води преку Сребреница." Еден белградски „Алкибијад", кој поради својата српско-национална пречувствителност во претходните дискусии веќе беше наречен националист, одговори: „Не се сложувам дека за Србите (а не за Србија) единствениот пат во светот води преку Сребреница. Преку Сребреница Србите можат и мораат да си дојдат на себе." Зошто е тоа така, „Алкибијад" објасни во една реплика на „Марк", босански бегалец во Канада, кој – nota bene: единствен – тврдеше дека „... бројот на жртвите од Сребреница и причините за нивната смрт се дел од медиумската пропаганда против српскиот народ и неговите тогашни водачи!" Реплицирајќи му на Марко, Алкибијад напиша еден од најинтересните и најважни коментари во целокупната форумска дискусија:

---

[1] Извадок од поглавјето: Гојковиќ Д. (2006). „Политика на минатото", во: Б. Ванковска (ур.), *Справување со конфликтното минато: Зошто и како да се стори тоа?*, Скопје: Евро Балкан Пресс, стр. 102-106.

*Марко, би сакал да е точно сето тоа што го напиша... И знам дека има и такви на кои Србинот им е крив само затоа што е жив. На некои постојано, а на други по потреба... Јас воопшто и не мислев на нив. И не покажував со прст кон Караџиќ и Младиќ. Јас би сакал тие да се сосема невини во тој дел.*

*И се сомневам дека пред Хашкиот трибунал ним би им се судело непристрасно – тие сега му судат на Крајишник, на човекот кој претседаваше со Собранието на Република Српска, за да го осудат правото на српскиот народ сам да одлучува за својата судбина.*

*Ништо од тоа не ме мачи, мој Марко. Мене ме мачи мислата за оние кои се предале, а потоа исчезнале. Мене ме мачи она четиринаесетгодишно момченце чија мајка минатата година отиде во Хаг да сведочи во судењето против генерал Крстиќ. Таа, која на прелиминарното судење по повод испитувањето на обвинението беше означена како еден од доказите. Навистина не знам дали беше доказ А, Б или Ц, или како ли уште тие се одбележуваат пред Трибуналот. Таа, која раскажува на јазик кој јас сосема убаво го разбирам, а го разбира и генералот Крстиќ.*

*Тоа е јазикот со кој зборуваме и јас и генералот Крстиќ, а и таа жена. И тогаш, сето тоа што таа жена го кажува им се преведува на некои испиени фаци, со перики на главите, кои седат на некаква маса, облечени во црни тоги, па тогаш испиените фаци го прашуваат нешто генералот Крстиќ, па тоа го преведува преведувач, па генерал Крстиќ нешто одговара или не одговара, па тоа повторно се преведува ... Таа, која кажа дека во нејзината куќа во Сребреница влегол српски војник, кој проверил кој сѐ е дома, и кој по кратката нерешителност, го повел со себе нејзиниот четиринаесетгодишен син. Тоа е, веројатно, единственото нешто релевантно за записникот. Обвинителот нема прашања. Одбраната – нема прашања. Па тогаш, оние со периките, ѝ се заблагодарија и ѝ рекоа дека може да си оди.*

*Но, таа жена сака уште нешто, кажува нешто, не им се дава на чуварите, не сака да го напушти местото за сведочење. Преведувачот нешто преведува, овие со периките ги вадат очилата... што сега, ја имаат тие нејзината изјава, внесена е веќе во записникот... што зборува сега таа жена, на јазик кој тие не го разбираат? И додека преведувачот успева да им преведе на оние со периките и тогите дека жената од нив, од периките и тогите, бара нешто да го праша генералот Крстиќ, таа и пред да ѝ дозволат, го прашува. Неа и на генералот Крстиќ не им треба преведувач – се разбираат тие двајцата и без преведувач. Имаат ист мајчин јазик и таа и тој. Таа не прашува за воена отштета... ни за обнова... не прашува таа за хамбургери и за подземни гаражи... до неа, воопшто, не допираат пактовите за обнова на Југоисточна Европа (слушаш ли, Југоисточна Европа?!)... Неа не ја интересира разликата меѓу политичката принципиелност и политичката крутост... не ѝ е гајле за интеграциите... ниту за босанското знаме... Господине Крстиќ... господине генерале... кажете ми, ако случајно знаете... каде е мојот син? Дали тој... би можел... да биде некаде... жив? А генералот Крстиќ молчи...*

*Месечината плаче, ѕвездите плачат, а сонцето крвави... А јас се распаѓам во милион парченца... Би сакал, барем, да не ја видев видеоснимката на Ратко Младиќ на ТВ, како го милува по главата она детенце и им зборува на жените зад него дека сè ќе биде в ред... Мајката од Сребреница не бараше извинување. Ниту од мене ниту од некој друг.*

*А што има јас да се извинувам кога јас лично не сум протерал, силувал, убил, запалил куќа, изорал гробје, урнал храм? Не знам, но не би сакал да се извинувам, туку не знам што не би сторил само кога би можел да го вратам тоа мало момченце некако... Но, не можам. Ништо не можам да сторам. Немоќен сум... И што ќе ѝ е тогаш моето извинување или чие било? Повеќе би сакал да ми се урне небото врз глава отколку што ја слушнав таа приказна за тој малечок и неговата мајка.*

Во форумскиот „пост“ на Алкибијад – кој, секако, ги потресе неговите интернетски соговорници – српското соочување се открива на начин кој, застапниците на тезата за српското одрекување, домашните и странските, не се кадри да го забележат. Алкибијад спаѓа меѓу оние што обично со презир ги нарекуваме 'српски патриоти'. Тој и самиот не би го одрекол тоа (иако на презирот би одговорил со презир). Отворено напиша како верува дека „има такви на кои Србинот им е крив што е жив“ и ја изрази својата, навидум, безрезервна идентификација со водачите на босанските Срби. Тој верува дека во Хаг му се суди на „правото на српскиот народ сам да одлучи за својата судбина“ и во хашките судии гледа гротескни ликови, „испиени фаци“, „тоги и перики“. Тој општ фон, меѓутоа, целосно се релативизира со главната приказна, искажана со едноставен израз за „оние што се предале, а сега ги нема“. Алкибијад не зборува за тоа кои се „тие“, бидејќи подразбира дека се знае дека станува збор за сребреничките Муслимани и дека објаснување не е потребно, но нагласува дека токму нивното исчезнување е она што го „мачи“. Таа своја мака, тој понатаму ја конкретизира низ приказната за четиринаесетгодишното момченце чија мајка минатата година сведочела на судењето на генерал Крстиќ. Уште пред да ги наведе причините заради кои мајката се појавила како сведок, Алкибијад ја воведува темата на јазикот. Хашкиот обвинет за злосторството во Сребреница, генералот Крстиќ, хашкиот сведок на злосторот, мајката на исчезнатото момченце, и самиот Алкибијад, српскиот посматрач на хашката драма, говорат, за разлика од хашките судии, ист јазик: „Тоа е јазикот со кој говориме и јас, и генералот Крстиќ, а и таа жена.“ Јазикот тука претставува некаква интеграциска метафора: и војната, и ужасите на злосторството за кое станува збор, се одиграле во еден простор на заеднички јазик, значи на простор на иницијална блискост и првобитно можно разбирање, и тоа безмерно ја зголемува нивната грозоморност. Тој заеднички јазик, исто така, ги поврзува нив тројца, како три лика

на нова драма, која произлегува од драмата во хашката судница, во посебен круг на значења.

Од тој момент Хашкиот суд веќе не е од пресудно значење, престанува да функционира како место на дејството, туку се претвора во преносител на приказната за вистинското дејство. Вистинското дејство е претставено крајно поедноставено, описот е минималистички: војникот влегува дома, бара, и не наоѓа, но одведува – кого? непријателот? – дете од четиринаесет години. „Српскиот војник" е тука и збирна, и лична одредница: тој е, секако, конкретен иако анонимен поединец; но тој е и некој што, во тој момент, нужно е олицетворение на војската на која ѝ припаѓа, како и на сите нејзини заповедници: Караџиќи, Младиќи и Крајишници. Одведувањето на детето од домот е тематското средиште на текстот. Тоа води кон средиштето на значењата, чиј носител е повторно заедничкиот јазик. Сведокот го дала својот исказ, но таа „сака уште нешто." Додека преведувачот се обидува да посредува меѓу неа и хашките судии, таа му се обраќа – „на јазикот кој тие не го разбираат" – на оној кој е одговорен за одведувањето на нејзиниот син, на генералот Крстиќ. На јазик, уште еднаш, кој е „мајчин и за неа и за Крстиќ", таа, како што прикажува Алкибијад, му поставува на српскиот командант на Сребреница, со тон во кој – дури – и нема обвинение, едно сосема лично и воедно важно прашање: дали, можеби, наспроти сè, постои можност на нејзиното четиринаесетгодишно дете, сепак, животот да му бил поштеден? На тоа прашање одговорот веќе го имаат сите, и хашките учесници и хашките посматрачи. Го има – иако не може а да не го постави прашањето – и мајката на одведеното дете. Го има, секако, и српскиот командант на Сребреница, генералот Крстиќ, непосредно подреден на главниот заповедник на војската на босанските Срби, генералот Младиќ. Тој одговор, кој на сите им е добро познат, Крстиќ не се осмелува да го изговори гласно и затоа молчи. Неговото молчење е темелно признание на вината. „Посакувам барем да не ја видев

видеоснимката на Ратко Младиќ на ТВ, како го милува по главата она детенце и како им зборува на жените зад него дека сè ќе биде в ред...", – го изрекува своето обвинение Алкибијад. Од него, имплицитно, не е изземен ниту еден од водачите на кои тој им го доверил „правото на српскиот народ да одлучува за својата судбина". Алкибијад не признава колективна вина и не верува во смислата на извинувањето. Меѓутоа, високата афективност на неговите зборови – зборови, кои притоа, јасно ги именуваат воените злосторства: „А што има јас да се извинувам кога јас лично не сум протерал, силувал, убил, запалил куќа, изорал гробје, урнал храм?" – скоро сугерира дека ги изговара некој што – на најдлабоко, елементарно човечко ниво, –и самиот се чувствува за виновен. Со тие зборови Алкибијад, исто така, повлекува силна линија на разграничување меѓу себе и нив, до крајност заострувајќи ја со контрастното „не знам што не би сторил само кога би можел да го вратам тоа мало момченце некако".

## 9.5. Закон за амнестија на Република Македонија

*(Службен весник на Република Македонија, бр. 18/2002)*

Член 1

Со овој закон се ослободуваат од гонење, се запираат кривичните постапки и потполно се ослободуваат од извршувањето на казната затвор (во натамошниот текст: амнестија), граѓани на Република Македонија, лица со законски престој, како и лица кои имаат имот или семејство во Република Македонија (во натамошниот текст: лица), за кои постои основано сомневање дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот во 2001 година, заклучно со 26 септември 2001 година.

Амнестијата се однесува и на лица кои и пред 1 јануари 2001 година, подготвувале или сториле кривични дела во врска со конфликтот во 2001 година.

Со амнестијата од ставовите 1 и 2 на овој член:

– се ослободуваат од гонење за кривично дело според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија лицата за кои постои основано сомнение дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот до 26 септември 2001 година;
– се запираат кривичните постапки за кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија против лицата за кои постои основано сомнение дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот до 26 септември 2001 година;
– потполно се ослободуваат од извршување на казната затвор за кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија лицата кои подготвувале или извршиле

кривични дела поврзани со конфликтот до 26 септември 2001 година и
– се определува бришење на осудата и се укинува правната последица на осудата заклучно со 26 септември 2001 година.

Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член не се однесуваат на лицата кои извршиле кривични дела поврзани и во врска со конфликтот во 2001 година, кои се во надлежност и за кои Меѓународниот трибунал за гонење на лица одговорни за тешко кршење на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година ќе поведе постапка.

Член 2

Одредбата од член 1 освен ставот 4 на овој закон се однесува и на лицата кои во периодот додека траел конфликтот не се одзвале на поканата и ја одбегнале воената служба и воената вежба, како и на лицата кои самоволно се оддалечиле од вооружените сили.

Член 3

Се ослободуваат од извршување на казната затвор за 25% од неиздржаниот дел од казната лицата осудени со правосилна пресуда за кривични дела пропишани со Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија, а кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со издржувањето на казната затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија.

Одредбата од став 1 на овој член не се однесува на лицата осудени за кривични дела против човечноста и меѓународното право, неовластеното производство и пуштање во промет

наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, овозможувањето на употреба наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, како и на лицата осудени на казна доживотен затвор.

Член 4

Ако против лицата од членовите 1 и 2 на овој закон не е поднесена кривична пријава, таа нема да се поднесе.

Член 5

Постапката за примена на овој закон за лицата од член 1 став 3 алинеи 1 и 2 и член 2 на овој закон, против кои е во тек кривична постапка, ја поведува по службена должност надлежниот јавен обвинител, односно надлежниот првостепен суд или лицето на кое се однесува амнестијата, односно лице кое во корист на обвинетиот може да изјави жалба.

Постапката за примена на овој закон за лицата од член 1 став 3 алинеја 3 и членовите 2 и 3 на овој закон, за кои кривичната постапка правосилно е завршена ја поведува по службена должност казнено-поправната установа во која осуденото лице ја издржува казната затвор, а за лицата кои не отпочнале со издржување на казната затвор, постапката ја поведува по службена должност судот што ја донел првостепената пресуда или по барање на јавниот обвинител или осуденото лице.

Решението за амнестија за лицата од ставовите 1 и 2 на овој член, го донесува надлежниот орган согласно со Законот за кривична постапка, односно Законот за извршување на санкциите во рок од три дена од денот на донесувањето на овој закон.

9.5. Закон за амнестија на Република Македонија *(Службен весник на Република Македонија, бр. 18/2002)*

---

Член 6

Против решенијата од член 5 став 3 на овој закон, жалба можат да поднесат јавниот обвинител, лицата на кои се однесува амнестијата и лицата кои во нивна корист можат да изјават жалба.

Јавниот обвинител не може да поднесе жалба против решението со кое лицето е амнестирано.

По жалбата против решението на првостепениот суд одлучува непосредно повисокиот суд, а против решението на казнено-поправната установа одлучува Министерството за правда.

Жалбата од став 1 на овој член не го задржува правото на извршување на решението.

Член 7

Во постапката за спроведување на овој закон се применуваат и одредбите на Законот за кривичната постапка и Законот за извршување на санкциите, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 8

Упатство за спроведување на овој закон може да донесе министерот за правда наредниот ден од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## 9.6. Автентично толкување на Законот за амнестија *(Службен весник на Република Македонија, бр. 99/2011)*

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јули 2011 година, даде

АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НАЧЛЕНОТ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА АМНЕСТИЈА (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БРОЈ 18/2002)

Членот 1 од Законот за амнестија (Службен весник на Република Македонија број 18/2002) гласи:

„Со овој закон се ослободуваат од гонење, се запираат кривичните постапки и потполно се ослободуваат од извршувањето на казната затвор (во натамошниот текст: амнестија), граѓани на Република Македонија, лица со законски престој, како и лица кои имаат имот или семејство во Република Македонија (во натамошниот текст: лица), за кои постои основано сомневање дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот во 2001 година, заклучно со 26 септември 2001 година.

Амнестијата се однесува и на лица кои и пред 1 јануари 2001 година, подготвувале или сториле кривични дела во врска со конфликтот во 2001 година.

Со амнестијата од ставовите 1 и 2 на овој член:

– се ослободуваат од гонење за кривично дело според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија лицата за кои

постои основано сомнение дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот до 26 септември 2001 година;

– се запираат кривичните постапки за кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија против, лицата за кои постои основано сомнение дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот до 26 септември 2001 година;

– потполно се ослободуваат од извршување на казната затвор за кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија лицата кои подготвувале или извршиле кривични дела поврзани со конфликтот до 26 септември 2001 година и

– се определува бришење на осудата и се укинува правната последица на осудата заклучно со 26 септември 2001 година.

Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член не се однесуваат на лицата кои извршиле кривични дела поврзани и во врска со конфликтот во 2001 година, кои се во надлежност и за кои Меѓународниот трибунал за гонење на лица одговорни за тешко кршење на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година ќе поведе постапка.‟

***Членот 1 од Законот за амнестија (Службен весник на Република Македонија број 18/2002), треба да се толкува така што амнестијата се применува на сите сторители на кривични дела поврзани со конфликтот во 2001 година, заклучно со 26 септември 2001 година, освен за лицата кои извршиле кривични дела поврзани и во врска со конфликтот во 2001 година, а против кои Меѓународниот***

***трибунал за гонење на лица одговорни за тешко кршење на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година, повел постапка***.

## 9.7. Политичка форензика[1]

Кога пред неколку дена беше изречена пресудата за Ратко Младиќ, ми се јави новинар да се пожали дека не може да најде соговорник кој би ја искоментирал, а во контекст и на Иницијативата за РЕКОМ (за регионалната комисија за утврдување на фактите за злосторствата од 1991 – 2001 година). Тоа што јавниот заговарач за Иницијативата во Македонија бил во странство не може да го поништи фактот дека во оваа земја има 20-30 правни факултети, огромен број правници, меѓу кои и кривичари – луѓе кои би морале компетентно да зборуваат на темата за ретрибутивната правда и соочувањето со минатото. Но, исто така, факт е дека добар дел од оние кои професионално се бават со кривично право првенствено се експонираат како квазиконституционалисти и како припадници на своите етнички заедници, па прашањето на одговорноста и вината за злосторствата од минатото ја гледаат или селективно – или сосема ја превидуваат. Другата работа е уште позначајна кога станува збор за македонската позиција во однос на овие прашања: овде не само што прашањето за војните од бивша СФРЈ и нашата мала „војна" се турнати под чергиче, и нерадо се предмет на јавна дебата, туку прашањата за соочувањето со минатото последниве години се трансформирало во прашање на односот кон „режимот" и неговите „злодела". Накусо, жртвите и исчезнатите од 2001 година, воопшто, не се од интерес за цивилното општество и академската заедница, ниту за медиумите, а уште помалку за политичарите. Да биде иронијата поголема, владејачката елита се зафатила со средување на добрососедските односи со помош на рециклирање на едно малку поодамнешно минато, па и со вистински орвелијански историски ревизионизам, а со цел

[1] Билјана Ванковска, колумна објавена во „Нова Македонија" на 27 ноември 2017 година.

интегрирање во НАТО и ЕУ и/или „решавање" на Македонското и/или Албанското прашање. Мислите некому му е грижа за тоа дали доживотната казна затвор за Младиќ, по пресуда за геноцид и еден куп злосторства против човечноста, значи некаква правда за жртвите од Сребреница, Сараево итн.? Каква тажна правда е тоа кога злосторникот, вака или онака, си го проживеал животот (најголем дел на слобода), а остатокот ќе му биде во некој удобен затвор на западот, како да е во старечки дом?

Македонија, традиционално, се однесува како ова, воопшто, да не ја засега. Дури и Хашкиот трибунал, кој веќе извесно се приближува до своето конечно затворање, е за нашата јавност одамна завршена приказна, без никаква поука, без каење, без жалење. Тарчуловски е не само рехабилитиран, туку и награден како народен пратеник. Обвинетите и осомничените од т.н. Хашки случаи се со уште посилна „морална" позиција – тие се недопирливи и чисти како солза, откако во 2011 година Собранието донесе автентично толкување на законот за амнестија (условот на ДУИ за формирање влада). Тие се веќе одамна добро интегрирани во општествениот „крем" и никој не смее ни да го постави прашањето за нивната вина – инаку ќе падне владата, сега новата! Интересен пресврт, сепак, прави новата владејачка коалиција, чии лидери – секој во својот домен – се зафаќа со фабрикување на историјата. Заев веќе го избриша бугарскиот фашизам и неговите последици во Втората светска војна, со надеж дека тоа било рамно на свртување кон иднината и европските интеграции. Бугарија, пак, од своја страна, никогаш и не помислила на справување со сопственото црно петно од историјата, ни порано, сега уште помалку – зошто би го правела тоа земја членка на НАТО и ЕУ, која од инфериорните како Македонија, дури може и да им дава непристојни предлози, кои тие со насмевка ќе ги прифатат?

Албанскиот дел од циркусот наречен соочување со минатото го води Ахмети, додека Заев ги шармира соседите со своите

јазични есперанто акробации. Чудно е што никој не писна по повод свеченото погребување на останките од пред сто години во меморијална гробница, кои наводно Ахмети ги нашол при копањето темели на својата куќа. Се разбира, ова е дел од т.н. Тиранска/Скопска платформа, ставката за геноцидот врз Албанците, но изведена на малку поинаков начин од оригиналната замисла. Се поставува прашањето како е можно во држава, која претпоставува институции, протоколи и постапки, некој да врши откопување, а потоа и закопување на (наводни) човечки останки, и од тоа да прави свечен чин? И лаик би се прашал: имало ли вештачење? Како е утврдено потеклото и староста на останките? Имаат ли право евентуалните живи членови на семејствата да знаат нешто за нив и да си ги одбележат надвор од политичко-етничкиот спектакл, за да ги оплакуваат и чествуваат? Или можеби, му го предале тоа право на лидерот на етничката заедница за некоја виша цел? Има ли оваа држава судска медицина, форензичари, или Ахмети е прв човек на Си-ес-ај (CSI) тимот (од ТВ-серијата)? Груби побрза да порача дека, ете, се смилувале и немале да бараат репарации за жртвите од пред сто години (од кого, „побогу"!?), ама ќе инсистирале на собраниска резолуција! Човек треба да е од камен (или да е политичар од владина коалиција која зависи од ликови како Груби и компанија) за да не почувствува емпатија и гнев за неправдата кон жртвите од пред 16 години! Во ниту едни преговори за владино коалицирање, кога ДУИ изнесувала нај(не)возможни барања, другата страна не излегла со еден скромен предлог: најнапред да се откријат останките на исчезнатите од 2001 година! Барем тоа, ако немаат доблест да се извинат за оруженото насилство! Како тоа Ахмети е сигурен дека останките во неговиот двор се албански коски (ДНК- анализа ли им правел „вештаков")? А како (бивш) командант на УЧК не знае во чиј двор се скриени останките на цивилите киднапирани и убиени од неговите војници! На крајот на краиштата, и по завршувањето на работата на Хашкиот трибунал,

ќе остане тажната вистина дека секој рони солзи само над своите гробови, со таа разлика што за некои дури ни гробови нема; нема места за сеќавање и среќавање!

И покрај достигнувањата, Хашкиот трибунал не успеа ни да ја наметне агендата на помирувањето меѓу завојуваните страни. Голем број од неговите осуденици станаа маченици и/или херои кои влегоа (или ќе влезат) во историските читанки, ќе инспирираат нови генерации; голем број осомничени си останаа „чесни граѓани" на новите држави изградени на крвави темели, а богами се и преговарачи за евроинтеграциските процеси.

Додека во Македонија се брише идентификацијата на оние што пролеале крв и се гледа настрана додека се фабрикуваат меморијали заради опстанок на владина коалиција (која непречено ужива во привилегиите воведени од „режимот"), една регионална иницијатива (РЕКОМ) се обидува да го спречи токму она што деновиве го направи Ахмети со погребувањето на „жртвите на геноцидот". Нашата влада (и претседателот) само декларативно ја поддржуваат иницијативата, но какви што се покажаа „флексибилни" кон историските факти, не е чудо она што го градат дење, да го уриваат ноќе – или поточно, она што, божем, се спремни да го поддржат како регионална иницијатива, да го уриваат во други регионални констелации (со Софија, Атина и Тирана), на штета на фактите и на жртвите. Како да се нарече оваа „болештина" и лицемерие, ако не кифосколиоза – сколиоза по една оска, и кифоза по друга, иако оската се вика – соочување со минатото.

## 9.8. Феноменологија на кодошот[1]

Од грубата анализа на досието на татко ми, станува јасно е дека системот на контрола на кој почивало нашето општество била базирана на еден претпоставен субјект- носител на претпоставената „вистина" – а тоа е кодошот лично.

Кодошот е оној што знае. Кодошот станува Големиот Друг, носител на интерпретацијата и на вистината. Тој станува најширокиот субјект за кој се претпоставува дека знае – тој станува бог, мал, локален, политички, но сепак Бог. Кодошениот од друга страна, не е битие кое зборува, иако е цело време набљудуван во својот говор, тој е битие кое е предмет на експеримент, и како таков мора да одмолчи. Експериментот во него ќе предизвика редица нереди, секаков тип пореметување, но бидејќи не е битие кое говори не е повикано да ја доведе во прашање желбата на експериментаторот, желбата на кодошот да знае сѐ до талогот!

Веќе од првиот документ од досието на татко ми, може да се прочитаат важните одредници што го осликуваат профилот на кодошите кои скриено и опскурно работеле на моделирање на идеолошкиот и културниот хоризонт на нашето (не така одамна завршено) македонско минато. Тоа е документ од пет страници во кои, чкртнатиот информатор на 18 април 1961 пред службата на СВР (а препратено и до: Книгата за информација, Отсекот за ДБ - Охрид и папката за легална врска) „со свои зборови" го прераскажал разговорот што со татко ми го водел во хотелот „Македонија".

Тој разговор содржи неколку важни и сосема неочекувани пресврти, а како што ќе видиме подолу, тие пресврти се клучни за

---

[1] Извадок од: Котеска Јасна, *Комунистичка интима*, Скопје: Темплум, 2008. Ова и други делови на книгата се достапни на личниот блог на Котеска, на: https://jasnakoteska.blogspot.com/2008/06/5622-2006-114.html.

воспоставувањето на логиката на жртва. Затоа што тие пресврти се вишок во системот на кодошот. Значи, се сретнале во хотелот „Македонија" за да ручаат. Јонче дошол на асталот. Се пофалил дека сега е новинар во радио, му кажал на Х за која рубрика пишувал, само Х не запаметил. Откако татко ми се пофалил дека има постојани приходи, тој ненајдено „нервозно" изјавил дека сето тоа лично добро не вреди ништо, затоа што (цитирам од извештајот на информаторот, според досието): сака наполно (да) се повлече во некое најзабачено село за да не гледа ништо што се збивало во денешново друштво и околу него. Татко ми, според изјавата на непознатиот информатор, продолжува со идејата дека нешто не е во ред, затоа што онамо каде што фактички живееле македонци (малата буква е во досието, моја заб.) во селата во забачените краишта за тамо ништо не се пишувало ниту се водела сметка за тој народ. Х му контрира на татко ми дека тој како единка не можел ништо да направи со реагирањето.

Наидувајќи на вакво неразбирање на суштината на неговата поплака, татко ми ненадејно на Х му вели дека тој немогол него да го сфати и разбере што сакал да му каже а тоа ништо не го чудело бидејќи неговите интелектуални способности толку му дозволувале. Откако ја дал оваа констатација за интелектуалните капацитети на информаторот, татко ми се обидува за последен пат да му објасни на Х што е она околу што се мачи: „Зарем Македонија 500 години била под турско ропство, а денеска да била под српско ропство", „На секаде се викало Македонија, а Македонија седела распарчена на неколку делови и од неа ништо не постоело".

Според досието, Х одново решава да го „вразуми" татко ми. Тој му повторува дека Македонија и македонскиот народ си го добил своето право и е решено националното прашање. Татко ми не ја слуша оваа сугестија и продолжува да се жали пред својот „пријател" (според неговите забелешки) дека: (В)о Скопје се сипале голема сума пари, само како Скопје треба да живее, селото

нека умира наполно е запоставено, намерно тоа се правело од страна на факторите бидејќи во селата и забачените краеви живеело чисто македонско население. И кога за последен пат, Х решава уште еднаш „добронамерно" да го потсети татко ми дека барем нему лично му е добро, во овој разговор на глуви уши се случува нов пресврт, за којшто пишувавме порано. Јонче изненада излегол надвор од кафаната пошто некое лице врвело отишол со него да разговара.

Во оперативната забелешка што го анализира профилот на информаторот, пишува дека лицето немал особина да придодава ствари и ги увеличува, реално изнесувал. Тие двајца, информаторот и неговиот контролор се луѓе што имаат експертиза. Тоа значи дека тие се проценети како луѓе кои можат да го измерат нештото што е така немерливо како што се човечките мотиви. Информаторот е најмен да ги одреди мотивите на однесувањето на сомнителниот поет, а контролорот е најмен да ги одреди мотивите и степенот на доверливост на информаторот.
Но, гледате, од почеток до крај вие имате една картезијанска постапка, која со ништо не води суштински до знаење, туку само до извесност. Информаторот не е некој кој знае, тој е некој кој е извесен за системот. Нема ништо од онаа страна што го гарантира ополномоштувањето на овој информатор дека точно ќе го пренесе разговорот. Нема ништо од онаа страна што ќе гарантира дека овој контролор знае да проценува кој е доверлив. Точно од овој тип парадокси произлегуваат сите трагикомични места во досието.

Татко ми вели дека пишувал книги, а сега имал напишано некоја книга за македонски печалбари, му била отпечатена во Загреб и од тоа земел доста добра пара. Но, гледате, татко ми нема напишано ваква книга, а бидејќи не знаеме кој е информаторот може да шпекулираме со разни можности. Еве една можност. Татко ми е растен по интернати и домови. Немал ништо, се' што имал е талентот за поезија. Можеби информаторот живеел угодно, можеби на лето одел во Хрватска, можеби го презирал

татко ми, можеби неговата сиромаштија му раѓала садистички импулси. Татко ми успеал да обезбеди некаква егзистенција за себе и сега решил да измисли книга во Хрватска. Како поет, можеби навистина во глава имал книга што замислувал еден ден да ја објави во Хрватска. Секој поет е помалку Минхаузен. Тоа што не ја зборува објективната вистина, не значи дека неа ја нема. Кога Дон Кихот во една ветерница гледа зол џин, не значи дека џинот го нема.

Но, разврската е таква што во оперативната белешка, инспекторот бара: поопширно да се проучат врските на татко ми со Хрватска. Тој и самиот „сумља на неговите вези со Загреб и воопшто Хрватска". Гледаме како Загреб станува Хрватска, како отпечатената (непостоечка) книга станува веза, итн. И двете страни продуцираат поезија, со таа (минимална?) разлика дека едната поезија (на поетите) е наменета да ја поттикнува фантазијата на слушателите и читателите. Другата „поезија", на ДБК, е, во најмала рака, сомнителна.

Она што станува јасно од овој краток извештај од досието на татко ми од 1961 е дека македонскиот културен простор бил поклопен од еден систем на контрола кој суштински верувал во извесноста на субјектот, во извесноста на нешто така комплицирано како однесувањето на субјектот. Информаторот и контролорот се однесуваат како да имаат капацитет да го сознаат другиот. Тие имаат бескрајна верба дека имаат способност да продрат, да проникнат во другиот. Каква е оваа семожна компетенција предадена во рацете на информаторите? Кој им ја дава?

Па, им ја дава само тој што може да им ја даде - системот на контрола. Не е важно што субјектот на следење, како и секој друг субјект по себе, е всушност, бескрајно комплициран. Важно е дека кодошите, што ја придвижуваат машинерија на контрола, веруваат во такво нешто како извесноста на субјектот.

Субјектот на следење, како и секој еден субјект на овој свет, во своето моментално однесување, може да биде воден од желба за фалење, од желба за жалење, од потреба да се претстави дека е подобар одошто е, дека е полош одошто е, дека е различен одошто е. Всушност, тој субјект е секогаш веќе толку компликуван, што нема такво нешто што ќе гарантира дека објаснувањето за однесувањето на еден човек, ќе биде објективно. Но, оваа вистина не е важна за невидливите структури на моќта.

Кодошот, со други зборови, е субјектот за кој се претпоставува дека знае (sujet suppose savoir) на Лакан. Тој е носител на преносот. Кај него има недостатокот од критериуми, но тој недостаток кодошот убаво го заменува со церемонии, со симулации. Како што вели Кафка: „Одреден степен на вистина можеби може да се најде само во хор.‟ Кодошот е можен таму каде што има хор на кодоши. Нема ништо од онаа страна што го гарантира ополномоштувањето на овој кодош за да ги извршува задачите што му се поставени. Но, довербата не е потребна, таа се врти околу извесноста на системот, системот ја гарантира таа желба на кодошот да му служи на системот.

Од почеток до крај, овде ништо не води суштински до знаење (за овој кодошен, за нашиот „случај‟, за татко ми, за Јован Котески), ништо никогаш нема да ја „фати‟ вистината за него, туку само неговата извесност пред системот, а неговата извесност се вика – виновен е штом го набљудуваме!

Ние би биле глупави да губиме време. Не, ние ќе направиме сè за да ја оправдаме логиката од своето постоење. Затоа тој мора да настрада. Треба да заврши во Идризово. Треба да ја докажеме неговата исконска вина. Фактички не мора ниту да ја докажеме, доволно е што е веќе заведен како сомнителен во нашиот сложен систем на контрола и набљудување. Нашиот конечен доказ е нашето набљудување.

Точно затоа никогаш не смее да се случи ликвидација на набљудувањето – тоа треба да трае најмалку колку што ќе трае

нашиот систем! Набљудувањето и кодошот како негов носител се патерицата со која оди нашиот систем.

## 10. **КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Aguilar P. (2002). *Memory and Amnesia. The Role of the Spanish Civil War in the Transition to Democracy*, NY: Berghahn Books.

Ambos K., Large J. and Wierda M. (eds) (2009). *Building a Future on Peace and Justice*, Berlin: Springer.

Arbour L. (2006). "Economic and social justice for societies in transition", *Second Annual Transitional Justice Lecture* hosted by the New York University School of Law Center for Human Rights and Global Justice and by the International Center for Transitional Justice (New York, 25 October).

Archibugi D. and Pease A. (2018). *Crime and Global Justice: The Dynamics of International Punishment*, London: Polity Press.

Ash, G. T. (1998). "The Truth about Dictatorship", *NY Review of Books*, 19 February.

Бандовић И. (2007), „Друга кривица или какав је терет бити Србин", *Политика*, 6 март.

Bar-Tal D., Chernyak-Hai L., Schori N. and Gundar A. (2009). "A sense of selfperceived collective victimhood in intractable conflicts", *International Review of Red Cross*, 91(874), достапно на: https://www.corteidh.or.cr/tablas/r23447.pdf.

Barkan E. (2000). *The Guilt of Nations: Restitution and Negotiating Historical Injustices,* New York: Norton.

Barnett M. et al. (2007). „Peacebuilding: What is in a Name?", *Global Governance*, 35(52).

---

Bass G. J. (2000). *Stay the Hand of Vengeance: The Politics of War Crimes Tribunals*, Princeton: Princeton University Press.

Bar-Siman-Tov, Y. (ed.), (2004). *From conflict resolution to reconciliation*, Oxford: Oxford University Press.

Bell C. (2009). "Transitional Justice, Interdisciplinarity and the State of the 'Field' or 'Non-Field' ", *International Journal of Transitional Justice*, 3(1).

Biggar N. (ed) (2001). *Burying the Past: Making Peace and Doing Justice after Civil Conflict*, Georgetown University Press: Washington, DC.

Boraine L. A. (2004). *Address on Transitional Justice as an Emerging Field* 2 (March 11), достапно на http://www.idrc.ca/uploads/user-S/10829975041revised-boraine-ottawa-2004.pdf.

Brandt M., Cottrell J., Ghai Y. and Regan A. (2011). *Constitution-making and Reform Options for the Process*, Geneva: Interpeace.

Brooks R. (2003). "The New Imperialism: Violence, Norms, and the 'Rule Of Law' ", *Michigan Law Review*, 101(7).

Brooks T. (2012). *Punishment*, NY: Routledge.

Buckland P. (2004). *Reshaping the Future: Education and Post-conflict Reconstruction,* Washington: World Bank.

Bush D. K. and Saltarelli D. (2002). *The Two Faces of Education in Ethnic Conflict: Towards a Peacebuilding Education for Children*, Florence: UNICEF Innocenti Research Center.

Cassette J. (2004). "Towards justice in the wake of conflicts? The evolution of war crimes tribunals", in: *Documentation, Truth, Accountability: Creating Conditions for Dealing with the Past in the Former Yugoslavia* (reading material), Humanitarian Law Center, Belgrade.

Cassin, B. (2006). "Removing the perpetuity of hatred": On South Africa as a model example", *International Review of the Red Cross*, 88(862).

Consedine J. (1995). *Restorative justice: healing the effects of crime*, Ploughshares Publications; 2nd revised edition.

Ćopić S. (2007), „Pojam i osnovni principi restorativne pravde", TEMIDA, достапно на: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/1450-6637/2007/1450-66370701025C.pdf .

Corradi E. J. (1992). "Toward Societies without Fear". In: Corradi E. J., Weiss Fagen P. and Garretón M. A. (eds.), *Fear at the Edge: State Terror and Resistance in Latin America*, Oakland: University of California Press.

Cottingham J. (1979). "Varieties of retribution", *Philosophical Quarterly*, 29(116).

Coulthard G. (2014). *Red Skin, White Masks: Rejecting the Colonial Politics of Recognition*, Minneapolis: University of Minnesota Press.

*Crime and Criminal Justice in Europe* (2000). #45, Strasbourg: Council of Europe, 2000.

Crocker D. A. (1999). "Reckoning with past wrongs: a normative framework", *Ethics Int Aff,* 13(43).

Cutter Patel A., de Greiff P. & Waldorf L. (2009). *Disarming the Past. Transitional Justice and Ex-combatants*, NY: Social Science Research Council.

Daly E. and Sarkin J. (2007). *Reconciliation in divided societies: finding common ground*, Philadelphia: University of Pennsylvania Press.

Davis L. (2009). *Transitional Justice and Security System Reform*, NY: ICTJ, достапно на: https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/0314A03F1053C7504925765000227122-Full_Report.pdf .

Davies L. (2015). "Post-conflict Education Reconstruction and Transitional Justice", NY: ICTJ Research Project *Transitional Justice, Education and Peacebuilding*, достапно на: https://www.ictj.org/sites/default/files/Transitional_justice_edudcation_Davies.pdf.

De Greiff P. (2006). *The Handbook of Reparations*, Oxford: Oxford University Press.

Dimitrijević N. (2006). "Moralna odgovornost za kolektivni zločin", *Peščanik*, 17 april, достапно на: https://pescanik.net/moralna-odgovornost-za-kolektivni-zlocin/.

Dimitrijevic N. (2011). *Duty to Respond: Mass Crime, Denial, and Collective Responsibility*, Budapest: CEU.

Duffett J. (ed.) (1968). *Against the Crime of Silence: of the International War Crimes Tribunal*, NY: Bertrand Russell Peace Foundation.

Dugard J. (1999). "Dealing with Crimes of a Past Regime. Is Amnesty Still an Option?", *Leiden Journal of International Law,* 12(4).

Elster J. (2004). *Closing the Books: Transitional Justice in Historical Perspective*, Cambridge: Cambridge University Press.

Fairclough, G., Harrison, R., Schofield, J. & Jameson, J. (eds.) (2008). *The heritage reader,* London and NY: Routledge.

Фонд за хуманитарно право, БИРН и Документа, *Транзицискатa правда во постјугословенските земји: Извештај за 2009 година.*

Forty, A. & Küchler, S. (eds.) (1999). *The art of forgetting*, Oxford: Berg Publishers.

Gardner A. B. (ed.) (2009). *Blacks Law Dictionary* (9th ed.), St. Paul, MN: West.

Gegout C. (2013). "The International Criminal Court: limits, potential and conditions for the promotion of justice and peace", *Third World Quarterly*, 34(5).

Gourevitch P. (2000). *We Wish to Inform You that Tomorrow We Will be Killed with Our Families: Stories from Rwanda*, London: Picador.

Hayner P. (1994). "Fifteen Truth Commissions – 1974-1994: A Comparative Study", *Human Rights Quarterly*, 16(600).

Hayner P. (2010). *Unspeakable Truths: Transitional Justice and the Challenge of Truth Commissions*, London: Routledge.

Hilberg R. (1992). *Perpetrators, Victims, Bystanders: The Jewish Catastrophe 1933-1945*, London: Harper Perennial.

Hill J. (2000). *Becoming a Cosmopolitan: What it Means to Be a Human in the New Millennium,* Lanham, MD: Rowman & Littlefeeld.

Human Rights Watch (2007). *Looking for Justice. The War Crimes Chamber in Bosnia and Herzegovina*, достапно на: https://www.hrw.org/report/2006/02/07/looking-justice/war-crimes-chamber-bosnia-and-herzegovina.

Human Rights Watch (2011). *Justice Compromised. The Legacy of Rwanda's Community-Based Gacaca Courts*, достапно на: https://www.hrw.org/report/2011/05/31/justice-compromised/legacy-rwandas-community-based-gacaca-courts.

*International Center of Transitional Justice,* "What is Transitional Justice?", достапно на: https://www.ictj.org/about/transitional-justice .

Israel L. and Mouralis G. (eds.) (2014). Dealing with Wars and Dictatorships: Legal Concepts and Categories in Action. The Hague: Asser Press.

*Japan: Article 9 of the Constitution*, Law Library of Congress, достапно на: https://www.loc.gov/law/help/japan-constitution/japan-constitution-article9.pdf .

Jaspers K. (2017). *The Question of German Guilt*, Fordham University Press.

Jelin E. (2003). *State Repression and the Labors of Memory*, Minneapolis, University of Minnesota Press.

---

Jenkins, T. (2005). "Victims remembered", *Museums Journal,* 105(5).

Johnstone, G. (ed.) (2003). *A Restorative Justice Reader – texts, sources, context*, Devon: Willan Publisher.

Kelzen H. (1998). *Šta je pravda?*, Beograd: Filip Višnjić.

Котеска Ј. (2008). *Комунистичка интима*, Скопје: Темплум.

Kritz J. N. (ed.) (1995). *Transitional Justice: How Emerging Democracies Reckon with Former Regimes*, Washington D.C.: USIP.

Laplante L (2014). "Should the Media Actively Support Transitional Justice Efforts?", ICTJ Debate, достапно на: https://www.ictj.org/debate/article/media-and-transitional-justice-complex-understudied-relationship.

Laplante L. and Phenicie K. (2009). "Mediating Post-Conflict Dialogue: The Media's Role in Transitional Justice Processes", *Marquette Law Review*, 93(1).

Lawther C., Moffett L. and Jacobs D. (eds.) (2017). *Research Handbook on Transitional Justice*, Edward Elgar Publishing.

Lederach, J. (2017). *Building peace: sustainable reconciliation in divided societies*, Washington: USIP.

Logan, W. & Reeves, K. (eds.) (2009). *Places of pain and shame: dealing with 'difficult' heritage*, London: Routledge.

Lundström M. (2017). "The International Criminal Court and Its Shortcomings", *Uttryck Magazine*, 25 March.

---

Lundy P. and McGovern M. (2008). "Whose Justice? Rethinking Transitional Justice from the Bottom Up", *Journal of Law and Society*, 35(2).

*Македонската лустрација (1999-2012 година). Настани, изјави, наслови. Примена на лустрациските прописи* (2012). Скопје: Фондација Отворено општество – Македонија, достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/01/kniga-makedonskata-lustracija-mk.pdf.

Mamdani, M. (1996). "Reconciliation without Justice", *Southern African Review of Books*, #45.

Mayer-Rieckh A. and de Greiff P. (eds.) (2007). *Justice as Prevention: Vetting Public Employees in Transitional Societies*, SSRC.

McEvoy K. (2007). "Beyond Legalism: Towards a Thicker Understanding of Transitional Justice", *Journal of Law and Society*, 34(4).

McLaughlin, E., Fergusson, R., Hughes, G., Westmarland, L. (eds.) (2003). *Restorative Justice Critical Issues*, London: Sage Publications.

Miller R. (2010). "Germany's Basic Law and the Use of Force", *Indiana Journal of Global Legal Studies*, 17(2), достапно на: https://www.repository.law.indiana.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1419&context=ijgls.

Minow M. (1998). *Between Vengeance and Forgiveness: Facing History after Genocide and Mass Violence*, Boston: Beacon Press.

Misztal, B. (2004). "The sacralization of memory", *European Journal of Social Theory*, 7(1).

Mobekk E. (2006). *Transitional Justice and Security Sector Reform: Enabling Sustainable Peace*, DCAF Occasional Paper, # 13.

Morrow E. (2012). *How (Not) to Remember. War Crimes, Memorialisation and Reconciliation in Bosnia-Herzegovina*, doctoral dissertation, University of York.

Munck R. (1990). "Farewell to Socialism? A Comment on Recent Debates", *Latin American Perspectives*, 17(2).

Nadler A., Malloy E. T. and Fisher D. J. (eds.) (2008). *The social psychology of intergroup reconciliation*, Oxford: Oxford University Press.

Naidu E. (2004). "Symbolic Reparations: A fractured opportunity", Research report written for the Centre for the Study of Violence and Reconciliation, достапно на: https://www.files.ethz.ch/isn/104771/symbolicreparations.pdf

Ndulo M. B. and Duthie R. (2009). "The Role of Judicial Reform in Development and Transitional Justice", ICTJ, достапно на: https://issat.dcaf.ch/download/2296/19964/The%20Role%20of%20Judicial%20Reform%20in%20Development%20and%20Transitional%20Justice%20ICTJ%20(2009).pdf.

Nils C. (1977). "Conflicts as property", *The British Journal of Criminology*, 14(1).

Noor M., R.J. Brown and G. Prentice (2008). "Precursors and mediators of intergroup reconciliation in Northern Ireland: A new model", *British Journal of Social Psychology*, 47(3).

---

O'Donnell T. (2005). "Executioners, bystanders and victims: collective guilt, the legacy of denazification and the birth of twentieth-century transitional justice", *Legal Studies*, 25(4).

O'Donnell G. and Schmitter C. Ph. (1986). *Transitions from Authoritarian Rule: Tentative Conclusions about Uncertain Democracies*, Baltimore: Johns Hopkins University Press.

Olsen D. T., Payne A. L. and Reiter G. A. (2010). *Transitional Justice in Balance: Comparing Processes, Weighing Efficacy*, Washington D.C.: USIP Press Books.

Orentlicher F. D. (1991). "Settling Accounts: The Duty to Prosecute Human Rights Violations of a Prior Regime," *Yale Law Journal,* 100(8).

Paige A. (2009). "How Transitions Reshaped Human Rights: A Conceptual History of Transitional Justice", *Human Rights Quarterly*, 31(2).

Palmer W. A. (2018). "The Battle Over the Memory of the Spanish Civil War", *Smithsonian Magazine*, July/August, достапно на: https://www.smithsonianmag.com/history/battle-memory-spanish-civil-war-180969338/

Perelman C. (1980). *Justice, Law, and Argument: Essays on Moral and Legal Reasoning*, Dordrecht: D. Reidel Publishing Company.

Petersen R.G. (2002). Understanding Ethnic Violence: Fear, Hatred, and Resentment in Twentieth-Century Eastern Europe, Cambridge: Cambridge University Press.

Petritsch, W. & Džihić, V. (eds.) (2010). *Conflict and Memory: Bridging Past and Future in (South East) Europe.* Baden-Baden: Nomos.

Poggioli S. (2010). "In Spain, A Crusading Judge Opens Old Wounds", *NPR*, достапно на https://www.npr.org/templates/story/story.php?storyId=128929694 .

Puhovski Ž. (2007). "Zadovoljstvo žrtve?", *Večernji list*, достапно на: https://www.vecernji.hr/vijesti/zadovoljstvo-zrtve-828976.

Price M. (2001). "Personalizing Crime", *Dispute Resolution Magazine*, 7(1).

Radzik L. (2001). "Collective Responsibility and Duties to Respond", *Social Theory and Practice*, 27(3).

Ramírez-Barat C. and Duthie R. (2005). *Education and Transitional Justice. Opportunities and Challenges for Peacebuilding*, ICTJ, достапно на: https://ecdpeace.org/sites/default/files/pdf/01-24_Education_and_Transitional_Justice._Opportunities_and_Challenges_for_PB.pdf.

Ramose M.B. (2007). "The philosophy of the truth and reconciliation commission of South Africa", достапно на www.unam.na/centres/hrdc/ docs/truth and reconciliation.doc.

Rawls J. (1973). *A Theory of Justice*, Cambridge, Massachusetts: Harvard University Press.

Reason P. and Bradbury H. (eds.) (2001). *Handbook of Action Research: Participative Inquiry and Practice*, Sage Publishing.

*Reconciliation After Violent Conflict, A Handbook* (2003). Stockholm: IDEA.

Rigby A. (2000). "Amnesty and Amnesia in Spain", *Peace Review*, 12(1).

Roberts P. and McMillan N. (2003). "For Criminology in International Criminal Justice", *Journal of International Criminal Justice*, 1(2).

Rostow W. W. (1990). *The Stages of Economic Growth: A Non-Communist Manifesto*, 3rd edition, Cambridge: Cambridge University Press.

Rotberg I. R. and Thomson D. (eds.) (2000). *Truth v. Justice. The Morality of Truth Commissions*, Princeton: Princeton University Press.

Sadurski W. (1985). *Giving Desert Its Due: Social Justice and Legal Theory*, Dordrecht: D. Reidel Publishing Company.

Seoane S. S. (2004). "Spain during the Transition from Dictatorship to Democracy", *Contemporary European History*, 13(3).

Sharp N. D. (2012). "Addressing Economic Violence in Times of Transition: Toward a Positive-Peace Paradigm for Transitional Justice", *Fordham International Law Journal*, 35(3).

Smith, L. (2006). *Uses of heritage*, NY and London: Routledge.

„Srebrenica čeka svoga Branta" (2010). *Radio Slobodna Evropa*, 21.11, достапно на: https://www.slobodnaevropa.org/a/most_srebrenica_ceka_svog_branta/2225757.html.

Stan L. and Nedelsky N. (eds) (2013). *Encyclopedia of Transitional Justice,* Cambridge: Cambridge University Press.

Станоески О. (ур.) (2013). *Транзициона правда во Република Македонија: извештај за 2010-2011*, Скопје: Центар за истражување и креирање политики.

Subotić J. (2010). *Otimanje pravde. Suočavanje s prošlošću na Balkanu*, Beograd: Beogradski centar za ljudska prava.

Swisspeace (2016). *A Conceptual Framework for Dealing with the Past*, Bern.

Tanzarella P. (2017). "To Succeed, Constitutional Reforms Must Be Woven into the Social and Legal Fabric", ICTJ, достапно на: https://www.ictj.org/news/constitutional-reforms-social-legal-fabric.

Teitel G. R. (2003). "Genealogy of Transitional Justice", *Harvard Human Rights Journal*, 16(69).

*They Came for the Children: Canada, aboriginal peoples, and the residential schools* (2012), достапно на: http://publications.gc.ca/collections/collection_2012/cvrc-trcc/IR4-4-2012-eng.pdf .

Toma M. (2008). „Komisije za istinu – iskustva drugih zemalja", достапно на: http://www.hraction.org/wp-content/uploads/komisije_za_istinu-iskustva_drugih.pdf.

Torpey J. (2001). "Making Whole What Has Been Smashed: Reflections on Reparations", *Journal of Modern History*, 73(2).

*Truth and Reconciliation Commission Report* (1998), достапен на: https://www.justice.gov.za/trc/report/ .

Tunbridge, J. & Ashworth, G. (1996). *Dissonant heritage: the management of the past as a resource in conflict,* Chichester: John Wiley & Sons.

UNHCR, "Rule of Law and Transitional Justice", достапно на: https://www.unhcr.org/rule-law-transitional-justice.html.

United Nations (2006). *Rule-of-Law Tools for Post-Conflict States: Vetting: An Operational Handbook*, достапно на: http://www.concernedhistorians.org/content_files/file/TO/260.pdf.

United Nations (2004). *The Rule of Law and Transitional Justice in Conflict and Post Conflict Societies*, достапно на http://daccessdds.un.org/doc/UNDOC/GEN/N04/395/29/PDF/N0439529.pdf.

United Nations Department of Peacekeeping Operations (DPKO) (2006). *Integrated Disarmament, Demobilization and Reintegration Standards (IDDRS)*.

*UN Peacekeeping Operations: Principles and Guidelines,* DEPT OF PEACEKEEPING OPERATIONS, U.N., (2008), достапно на: http://pbpu.unlb.org/pbps/library/Capstone._Doctrine ENG.pdf .

UN Secretary-General, *An Agenda for Peace: Preventive Diplomacy, Peacemaking and Peace-Keeping: Rep. of the Secretary-General*, 21, U.N. Doc. A/47/277-S/24111 (June 17, 1992), достапно на: http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GENIN92/259/61/PDF/N9225961.pdfOpenElemenr.

Vankovska, B. (2013). "(Im)possibility of reconciliation in the Balkans", *PECOB's Paper Series,* # 39, достапно на: http://www.pecob.net/Impossibility-reconciliation-Balkans.

Ванковска, Б. (ур.) (2006). *Соочување со минатото: Како и зошто да се стори тоа?*, Скопје: Евро Балкан Пресс.

Van Ness D.W. and Strong, K.H. (2002). *Restoring Justice*, Cincinnati, OH: Anderson Publishing Co.

Večera M. (2012). „Law as a form of justice", *Advances in Economics, Risk Management, Political and Law Science*, достапно на: http://www.wseas.us/e-library/conferences/2012/Zlin/EPRI/EPRI-23.pdf

*Victim-offender mediation in Europe: Making restorative justice work* (2000). The European Forum for Victim-Offender Mediation and Restorative Justice, Leuven: Leuven University Press.

Walzer M. (ed.). (1992) Regicide and Revolution: Speeches at the Trial of Louis XVI. New York: Columbia University Press.

Wasco M. (2007). "Why regional mechanisms are under utilized by southern cone Human Rights victims", *Boletín mexicano de derecho comparado*, 40(119), достапно на http://www.scielo.org.mx/scielo.php?script=sci_arttext&pid=S0041-86332007000200009.

Weinberger O. (1991). *Law, Institution and Legal Politics*, Dordrecht: Kluwer Academic Publishers.

Weldon G. (2014). "Conflict, Identity and Intergenerational Transmission of Memory," New York: ICTJ.

Wenzel M. et al. (2008). „Retributive and Restorative Justice", *Law Hum Behavior,* 32(5).

Weschler L. (1990). *A Miracle, A Universe: Settling Accounts with Torturers*, Chicago: University of Chicago Press.

Williams, P. (2007). *Memorial museums: the global rush to commemorate atrocities*, Oxford: Berg Publishers.

Winter, J. (1995). *Sites of memory, sites of mourning: the Great War in European Cultural History,* Cambridge: Cambridge University Press.

Yamshon E. & Yamshon D. (1993). "Comics Media in Conflict Resolution Programs: AreYoung, J., *The texture of memory: holocaust memorials and meaning*, New Haven: Yale University Press.

Zehr, H. (1990). *Changing Lenses: A New Focus for Crime and Justice*, Scottsdale, Pennsylvania, Waterloo, Ontario: Herald Press.

Zinn H. (2005). *People's History of the United States*, NY: Harper Perennial Modern Classics.

**Интернет извори:**

XII Forum za tranzicionu pravdu: „Tranzicijska pravda i pomirenje na prostoru bivše Jugoslavije" – https://www.youtube.com/watch?v=Ma0NMvz7ocg

2001: Војната во Македонија (Необјавени видеа) – https://www.youtube.com/watch?v=pI-aGpMX-lc

Amnesty International. International Justice – https://www.amnesty.org/en/what-we-do/international-justice/

Breaking the Silence: Truth and Lies in the War on Terror | Real Stories – https://www.youtube.com/watch?v=UJZxir00xjA

Cambodia Full Documentary by John Pilger, 1990 – https://www.youtube.com/watch?v=R53AEQb7JG0

Cambodian Killing Fields – https://www.youtube.com/watch?v=U7XBH0pPecE

Chile Divided: Pinochet's Social Legacy (documentary) – https://www.youtube.com/watch?v=F6ibj2ZInLk

Council of Europe. Commissioner for Human Rights – Transitional Justice – https://www.coe.int/en/web/commissioner/thematic-work/transitional-justice .

The Death of Yugoslavia (BBC Documentary) – https://www.youtube.com/watch?v=vDADy9b2IBM&list=PLZw7eRgjJa_N-FlnqF0oYQKqrnshLRpKC

Documenta. Centar za suočavanje s prošlošću – https://documenta.hr/.

Education for Reconciliation (film) https://www.youtube.com/watch?v=MDPYhuPis5c&feature=emb_title

Фондација Отворено општество Македонија. Публикации за конфликтот од 2001 – https://fosm.mk/publikacii/?publication_key_word=%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%84%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D1%82&publication_type=63

Fond za humanitarno pravo – http://www.hlc-rdc.org/

Fond za humanitarno pravo. YouTube channel – https://www.youtube.com/channel/UCbFUKT7v8G2rVZKBdT4ElRA

Hearts and Minds (1974) HD (Vietnam War Documentary) – https://www.youtube.com/watch?v=v77z_ZZDUKc .

How Can History Help Us in the Future? Howard Zinn on *A People's History of the United States* (1999) – https://www.youtube.com/watch?v=EI907Tm11sc

Иницијативата за РЕКОМ – https://www.recom.link/ .

Institute for Justice and Reconciliation – https://www.ijr.org.za/

International Centar for Transitional Justice (ICTJ) – https://www.recom.link/

International Criminal Court (Academics and Researchers) – https://www.icc-cpi.int/get-involved/pages/academics-and-researchers.aspx

International Criminal Tribunal for the former Yugoslavia – https://www.icty.org/

Kigali Genocide Memorial – https://kgm.rw/

Let the Devil Sleep: Rwanda 20 Years After Genocide (documentary) – https://www.youtube.com/watch?v=Wl50BeeNLAQ

Мировна акција, Прилеп – https://mirovnaakcija.org/

Nazi Concentration Camps. Film shown at Nuremberg War Crimes Trials – https://www.youtube.com/watch?v=_pQJ42ONPDo

Paying the Price: The Killing of the Children of Iraq (John Pilger Documentary) | Real Stories – https://www.youtube.com/watch?v=KSe5QidAI3s

RECOM YouTUbe Channel – https://www.youtube.com/channel/UCLoPW7YCX6eyxmamUICBZqA

Role of Transitional Justice in Peace Processes (разговор со бившиот колумбиски претседател и носител на Нобелова награда за мир, Сантос) – https://www.youtube.com/watch?v=frr3XNRAfUw .

Robert Fisk & Jeremy Bowen – On War & The Role Of Media – https://www.youtube.com/watch?v=Gd7NNPshAGU

Rwandan Genocide – The slaughter of 800,000 people (documentary) – https://www.youtube.com/watch?v=SW4pNA0UNO4

*Srebrenica. A Cry from the Grave* – Full Documentary (1hr 44min) – https://www.youtube.com/watch?v=Fliw801iX84.

The Centre for the Study of Violence and Reconciliation – https://www.csvr.org.za/index.php .

The International Journal for Transitional Justice – https://academic.oup.com/ijtj

Transitional Justice in Germany after 1945 and after 1990 (предавање) – https://www.youtube.com/watch?v=CKSczMNHj1c

Transitional Justice in Post-Conflict Societies: What Works Best?_part 1 (предавање) – https://www.youtube.com/watch?v=1D2GE9u3p8k

Transitional Justice School – http://tj-school.org/

United States Institute for Peace. Truth Commission Digital Collection – https://www.usip.org/publications/2011/03/truth-commission-digital-collection .

University of Ulster Transititonal Justice Institute – https://www.ulster.ac.uk/transitional-justice-institute/home

Vukovar – Kronika jednog zločina (dokumentarni film, 1998.) – https://www.youtube.com/watch?v=HSJ_Tc-8Jc4

За што се бореше Македонија во 2001? (документарен филм) – https://www.youtube.com/watch?v=tX3uE8NTTf4

Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на било кој начин без претходна писмена согласност на авторот

Е-издание: http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=53&glavno=41